Собрание на Република Северна Македонија

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на
## Собранието на Република Северна Македонија
## за периодот
## 1.1.2022 - 31.12.2022

*Почитувани граѓани,*

*И оваа година продолжуваме со транспарентно претставување на работата на Собранието на Република Северна Македонија, со цел да ја испочитуваме нашата определба за целосно транспарентен и достапен законодавен дом за граѓаните, меѓутоа секако и за информирање на сите заинтересирани домашни и странски новинари, невладини организации, студенти, истражувачи и други заинтересирани страни.*

*Во извештајниот период кој изобилува со настани и активности, важно е да напоменам дека мерките за пандемиска криза беа редуцирани, иако со внимание, меѓутоа на радост на сите, сепак се нормализираа и Собранието и пратениците, во рамките на деловничките можности го дадоа својот придонес во демократскиот парламентаризам. Преку овој извештај и Вие можете да добиете јасна слика за таа активност на законодавниот дом во конкретниот период за што, изразувам благодарност до собраниската служба која редовно ги евидентира и сумира овие податоци. Традиционално, можете да најдете основни податоци кои се однесуваат на пратеничкиот состав и неговата структура по различни параметри, промени во мандати на пратеници, податоци за број на пленарни седници и податоци за работата на постојаните работни тела, посебните работни тела и неформалните тела.*

*Во политичкиот живот на земјава, секако и на Собранието, правењето на најзначајниот исчекор напред во нашиот евроинтеграциски пат беше одржувањето на првата меѓувладина конференција со ЕУ на што претходеше интензивна билатерална и мултилатерална активност со нашите меѓународни пријатели.*

*Драги пријатели, во 2023 година, законодавниот дом повторно ќе биде местото каде што ќе се соочуваме со тежок предизвик, меѓутоа верувам дека заедно ќе успееме да го направиме потребниот чекор за европската иднина на Република Северна Македонија.*

***Претседател***
***на Собранието на***
***Република Северна Македонија***
***Талат Џафери***

# СОДРЖИНА


**1. Вовед** **2**
**2. Пратенички состав** **4**
2.1.Промени во пратенички состав **5**
2.2.Промени во структура на пратенички состав 8
2.2.1 Етничка структура на пратениците по пратенички групи 8
2.2.2 Полова структура на пратениците по пратенички групи 8
2.2.3 Старосна структура на пратениците по пратенички групи 8
2.2.4 Образовна структура на пратениците по пратенички групи 8
**3. Пленарни седници на Собранието** **9**
3.1. Пленарни седници 10
3.1.1. Посебни седници 11
3.1.2 Времетраење на седниците 12
3.2 Разгледувани акти 14
3.2.1. Поставени акти на седница 14
3.2.2. Разгледани акти на седница 16
3.3. Закони 17
3.3.1. Донесени закони 22
3.3.2. Закони кои произлегуваат од НПАА и значат усогласување со право на ЕУ 29
3.3.3. Закони по редовна постапка 31
3.3.4. Донесени ратификации 35
3.3.5. Повлечени закони 36
3.3.6. Недонесении закони 37
3.4. Одлуки 38
3.5. Други акти 44
3.5.1. Усвоени акти 44
3.5.2 Само разгледани акти 46
3.5.3 Акти за усвојување 46
3.5.4. Неусвоени и повлечени акти 47
3.6. Амандмани 51
3.7. Пратенички прашања 56
**4. Работни тела на Собранието** **58**
4.1. Постојани работни тела 59
4.2. Посебни работни тела 128
4.2.1. Комитет за односи меѓу заедниците 128
4.3. Совети 132
4.3.1. Совет на Собранискиот канал 132
4.3.2. Буџетски совет на Собранието 136
4.3.3. Национален совет за евроинтеграции 140
4.4. Други тела 150
4.4.1. Клубови на пратеници 150
4.4.1.1. Клуб на жени пратеници 150
4.4.1.2. Клуб на младински прашања и политики 156
4.4.2. Интерпартиски групи на пратеници 166
4.4.2.1. ИПГ за лица со посебни потреби 166
4.4.2.2. ИПГ за правата на ромите 171
4.4.2.3. ИПГ за правата на ЛГБТИ лицата 174
**5. Претседател и потпретседатели** **177**
5.1. Претседател 178
5.2. Потпретседатели 201
**6. Меѓународна соработка** **205**
6.1. Мултилатерална соработка 209
6.2. Билатерална соработка 229
6.3. Друга меѓународна активност 233
**7. Одбележување на значајни настани во Собранието** **235**
7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби 236
7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари 236
7.3. Свечени изјави 238
7.4. Доделување на државни награди 239
**8. Јавност во работата на Собранието** **241**
8.1.Канцеларии за контакти на пратениците со граѓаните во изборните единици 242
8.2. Електронска комуникација 245
8.3. Собраниски ТВ канал 248
8.4. Средства за јавно информирање 253
**9. Поддршка на невладините и меѓународните организации на Собранието** **255**
9.1. Национален демократски институт НДИ 256
9.2. Вест Минстер 281
9.3. DCAF 289
**10. Служба на Собранието** **294**
10.1. Внатрешна организација 295
10.2 Посебни организациони единици 311
10.2.1. Одделение за внатрешна ревизија 311
10.2.2. Одделение - Парламентарна буџетска канцеларија 314
10.2.3. Парламентарен Институт 316
10.3.Системи за управување со квалитет 336
10.4. Податоци од стручно-административен карактер 338
**11. Прилози** **343**
Прилог 1 Преглед на одржани седници 344
Прилог 2 Дневни редови на седници 347
Прилог 3 Меѓународни активности 364

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

## 2.1.ПРОМЕНИ ВО ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

| реден број | име и презиме | политичка партија | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Адеми Вјолца | ДУИ | |
| 2. | Адеми Арбер | ДУИ | |
| 3. | Азири Елми | Алијанса | |
| 4. | Ајдари Берат | ДУИ | |
| 5. | Ајдари Рина | ДУИ | |
| 6. | Ангелевска Силвана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 7. | Ангелова Марија | СДСМ | |
| 8. | Апасиев Димитар | Левица | |
| 9. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 10. | Аџиоски Мирче | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 11. | Бајрами Басри | БЕСА | |
| 12. | Бакрачевска Грација | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 13. | Балковски Љупчо | ВМРО - Народна | |
| 14. | Бектеши Шаќири Фиснике | ДУИ | |
| 15. | Биљали Зендели Арта | ДУИ | |
| 16. | Ванчева Калеска Снежана | СДСМ | |
| 17. | Василевска Иванка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 18. | Вељановски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 19. | Велковски Диме | СДСМ | |
| 20. | Гаши Африм | Алтернатива | |
| 21. | Георгиевска Марија | СДСМ | |
| 22. | Даути Илире | Алијанса | |
| 23. | Димовски Љупчо | СПМ | |
| 24. | Ѓавочанова Драгица | СДСМ | |
| 25. | Ефтимов Дајанчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 26. | Зајкова Моника | СДСМ | |
| 27. | Зендели Фадил | БЕСА | |
| 28. | Зеќири Белкиса | СДСМ | |
| 29. | Зибери Арбен | ДУИ | |
| 30. | Здравковски Игор | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 31. | Ибраим Енес | ПДТ | |
| 32. | Иљас Бејџан | ДПТМ | |
| 33. | Исмаили Хусни | Алтернатива | |
| 34. | Јанушев Игор | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 35. | Јаревски Тони | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 36. | Јаулески Јован | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 37. | Јахоски Исмаил | ДУИ | |
| 38. | Јованчев Зоранчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 39. | Јовановиќ Мирослав | ССМ | |
| 40. | Кадриев Мухамед | СДСМ | |
| 41. | Каевски Дарко | СДСМ | |
| 42. | Кадрија Бајрам | ДУИ | |
| 43. | Ковачки Драган | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 44. | Колева Даниела | СДСМ | |
| 45. | Коџаџику Колчи Мерита | ДУИ | |
| 46. | Костадинова Марија | СДСМ | |
| 47. | Костадинова Стојчевска Бисера | СДСМ | 16. 1.2022, избрана за министер заменета со Кочовска Марија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **48.** | Костовски Мартин | СДСМ | |
| **49.** | Коцевски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **50.** | Коциќ Ненад | СДСМ | |
| **51.** | Крмов Борислав | Левица | |
| **52.** | Лазаревска Жаклина | СДСМ | |
| **53.** | Ласовска Благица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **54.** | Лашкоска Ане | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **55.** | Лефков Миле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **56.** | Лозановска Олга | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **57.** | Марковска Даниела | СДСМ | |
| **58.** | Меџити Изет | ДУИ | |
| **59.** | Мизрахи Рашела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **60.** | Миланов Стојан | СПМ | |
| **61.** | Милошоски Антонијо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **62.** | Минов Панчо | СДСМ | |
| **63.** | Мираковска Соња | НСДП | |
| **64.** | Мисајловски Владо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **65.** | Мисовски Горан | НСДП | |
| **66.** | Митревски Јован | СДСМ | |
| **67.** | Михаиловска Соња | СДСМ | |
| **68.** | Мицевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **69.** | Мојсовски Боби | ЛДП | |
| **70.** | Морачанин Маја | ДОМ | |
| **71.** | Незири Атнан | Алијанса | |
| **72.** | Николова Даниела | СДСМ | |
| **73.** | Николовски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **74.** | Николовски Илија | ПП | |
| **75.** | Николовска Фаница | СДСМ | |
| **76.** | Панова Ели | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **77.** | Пашоли Арбана | ДУИ | |
| **78.** | Пенков Златко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **79.** | Петкова Ангелинка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **80.** | Петковска Лидија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **81.** | Петрова Славјанка | СДСМ | 16. 1.2022, избрана за министер заменета со Шкријељ Санела |
| **82.** | Петрушевска Марија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **83.** | Петрушевски Бране | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **84.** | Пешевска Жаклина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **85.** | Поцкова Јадранка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **86.** | Пренџов Љупчо | ГРОМ | |
| **87.** | Рабаџиевска Наумовска Бети | СДСМ | |
| **88.** | Рамбабова Емилија | СДСМ | |
| **89.** | Рамчиловиќ Зеќир | независен | |
| **90.** | Рашити Сурија | Алијанса | |
| **91.** | Реџепи Кастриот | БЕСА | |
| **92.** | Реџепи Скендер | Алтернатива | |
| **93.** | Ристески Петар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **94.** | Ристова Лолита | СДСМ | |
| **95.** | Садики Шаини Садије | Алтернатива | |
| **96.** | Сајкоски Ѓорѓија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **97.** | Салиу Абдула | Алијанса | |
| **98.** | Села Зијадин | Алијанса | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **99.** | Силјановска Давкова Гордана | - | |
| **100.** | Снопче Халил | Алијанса | |
| **101.** | Спасова Љубица | СДСМ | |
| **102.** | Стаменковска Трајковска Бети | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **103.** | Стојановски Бојан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **104.** | Стојаноски Синиша | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **105.** | Стојаноска Дафина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **106.** | Стојкова Серафимовска Велика | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **107.** | Стоиљковиќ Иван | ДПСМ | |
| **108.** | Талевски Миле | СДСМ | |
| **109.** | Таневски Лазе | СДСМ | |
| **110.** | Тасевска Лидија | СДСМ | |
| **111.** | Тачи Мендух | ДПА | |
| **112.** | Трајанов Здравко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **113.** | Трајанов Павле | ДС | |
| **114.** | Ќазими Артина | Алијанса | |
| **115.** | Фазли Бедри | ДУИ | |
| **116.** | Филиповски Драгољуб | СДСМ | |
| **117.** | Христова Даниела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **118.** | Чаракчиев Коле | СДСМ | |
| **119.** | Џафери Талат | ДУИ | |
| **120.** | Шиковска Љатифе | СДСМ | |
| **121.** | Шкријељ Санела | СДСМ | 26. 1.2022, наместо Петровска Славјанка |
| **122.** | Кочовска Марија | СДСМ | 26. 1.2022, наместо Костадинова Стојчевска Бисера |

## 2.2. ПРОМЕНИ ВО СТРУКТУРА НА ПРАТЕНИЧКИОТ СОСТАВ

### 2.2.1. Етничка структура на пратеници

| година | македонци | | албанци | | турци | | роми | | срби | | бошњаци | | власи | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 01. 1.2022 | 79 | 65,8 | 31 | 25,8 | 3 | 2,5 | 1 | 0,83 | 2 | 1,66 | 1 | 0,83 | 1 | 0,83 | 2 | 1,66 |
| 31.12.2022 | 78 | 65 | 31 | 25,8 | 3 | 2,5 | 1 | 0,83 | 2 | 1,66 | 2 | 1,66 | 1 | 0,83 | 2 | 1,66 |

### 2.2.2. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % |
| 01. 1.2022 | 74 | 61,6 | 46 | 38,4 |
| 31.12.2022 | 74 | 61,6 | 46 | 38,4 |

### 2.2.3. Старосна структура на пратеници

| пратеници | под 30 | | 30-39 | | 40-49 | | 50-59 | | 60-69 | | Над 70 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 01. 1.2022 | 5 | 4,1 | 29 | 24,2 | 48 | 40 | 23 | 19,2 | 13 | 10,8 | 2 | 1,6 |
| 31.12.2022 | 5 | 4,1 | 29 | 24,2 | 48 | 40 | 23 | 19,2 | 13 | 10,8 | 2 | 1,6 |

### 2.2.4. Образовна структура на пратеници

| образование | средно | | високо | | постдипломско | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | д-р | м-р | спец |
| 01. 1.2022 | 1 | 0,83 | 68 | 56,6 | 16 | 31 | 4 |
| 31.12.2022 | 1 | 0,83 | 69 | 57,5 | 15 | 31 | 4 |

# 3. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

## 3.1.ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

Во овој период одржани се 39 нови седници од кои 17 останаа незавршени со 99 преостанати точки (52 закони, 9 одлуки, 22 извештаи, две декларации, две информации, 5 планови, 4 автентични толкувања, 2 интерпелации, и еден кодекс).

Истовремено во овој период беа завршени и три седници од 2021 година со 11 точки, како и 52 точки од други незавршени седници од истата година.




**вкупно седници - 39**

завршени - 21

незавршени - 17

неусвоен дн.ред - 1



### 3.1.1.ПОСЕБНИ СЕДНИЦИ

## Посебни седници во периодот 1.1.2021 – 31.12.2021

**Пратенички прашања -8**

- 70 седница одржана на 28.4.2022 година,
- 72 седница одржана на 26.5.2022 година,
- 76 седница одржана на 29.6.2022 година,
- 83 седница одржана на 28.7.2022 година,
- 87 седница одржана на 29.9.2022 година,
- 90 седница одржана на 27.10.2022 година,
- 93 седница одржана на 24.11.2022 година и
- 98 седница одржана на 29.12.2022 година.

**Обраќања - 5**

- Обраќање на претседателката на Европската комисија Урсула фон дер Лајен (80 седница, 14.7.2022 година),
- Обраќање на претседателот на Италијанската Република, Н.Е. господин Серџо Матарела (85 седница, 9.9.2022 година),
- Обраќање на Н.Е. Ирене Келин, претседател на Националниот совет на Федералниот парламент на Швајцарската конфедерација (89 седница, 13.10.2022 година),
- Обраќање на претседателот на Сојузна Република Германија Н.Е. господин Франк Валтер-Штајнмајер (94 седница, 29.11.2022 година) и
- Обраќање на претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски (56 седница, 22.12.2022 година)

**Времетраење на седниците**

- Според бројот на работните денови најдолги седници на Собранието на Република Северна Македонија се **седумдесет и првата и осумдесет и осмата седница** со **10** работни денови.
- Според вкупниот број на работни часови најдолга седница на Собранието на Република Северна Македонија е **осумдесет и осмата седница со 40 часа и 5 минути**.
- Според континуитетот најдолга седница на Собранието на Република Северна Македонија е по**четокот на седумдесет и третата седница** која имала 12 точки на дневен ред, која траела од **11 часот и 55 минути** на 7 јуни **до 3 часот по полноќ** на 8 јуни или во континуитет **15 часа и 5 минути.**
- Според вкупниот број на работни часови најкратка седница на Собранието на Република Северна Македонија е осумдесет и деветата седница која траела само **10** минути.

## 3.1.2.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| 30 седница | 2 | 21 минута |
| 34 седница | 1 | 7 минути |
| 39 седница | 2 | 1 час и 45 минути |
| 41 седница | 1 | 3 минути |
| 43 седница | 1 | 3 минути |
| 45 седница | 2 | 3 часа и 8 минути |
| 47 седница | 3 | 1 час и 57 минути |
| 50 седница | 7 | 8 часа и 52 минути |
| 51 седница | 4 | 1 час и 5 минути |
| 54 седница | 10 | 16 часа и 51 минута |
| 57 седница | 9 | 13 часа и 5 минути |
| 60 седница | 2 | 18 часа |
| 61 седница | 3 | 1 час и 2 минути |
| 62 седница | 5 | 25 часа и 22 минути |
| 63 седница | 1 | 6 часа и 50 минути |
| 64 седница | 9 | 30 часа и 8 минути |
| 65 седница | 1 | 3 часа и 5 минути |
| 66 седница | 4 | 2 часа и 41 минута |
| 67 седница | 1 | 7 часа и 15 минути |
| 68 седница | 4 | 8 часа и 19 минути |
| 69 седница | 4 | 9 часа и 40 минути |
| 70 седница | 1 | 5 часа и 30 минути |
| 71 седница | 10 | 36 часа и 25 минути |
| 72 седница | 1 | 7 часа и 15 минути |
| 73 седница | 4 | 16 часа и 5 минути |

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| 74 седница | 2 | 50 минути |
| 75 седница | 3 | 3 часа и 15 минути |
| 76 седница | 1 | 5 часа и 45 минути |
| 77 седница | 1 | 12 часа и 20 минути |
| 78 седница | 5 | 17 часа и 25 минути |
| 79 седница | 7 | 10 часа и 30 минути |
| 80 седница | 1 | 30 минути |
| 81 седница | 3 | 13 часа и 55 минути |
| 82 седница | 3 | 1 час и 5 минути |
| 83 седница | 1 | 5 часа и 20 минути |
| 84 седница | 4 | 6 часа и 30 минути |
| 85 седница | 1 | 25 минути |
| 86 седница | 2 | 3 часа и 20 минути |
| 87 седница | 1 | 5 часа и 10 минути |
| 88 седница | 10 | 40 часа и 5 минути |
| 89 седница | 1 | 10 минути |
| 90 седница | 1 | 6 часа и 25 минути |
| 91 седница | 2 | 5 часа и 15 минути |
| 92 седница | 2 | 4 часа |
| 93 седница | 1 | 5 часа и 50 минути |
| 94 седница | 1 | 20 минути |
| 95 седница | 3 | 3 часа и 20 минути |
| 96 седница | 1 | 25 минути |
| 97 седница | 6 | 27 часа и 55 минути |
| 98 седница | 1 | 6 часа и 30 минути |
| **вкупно: 39 нови и 11 стари** | **93 дена** | **401 час и 30 минути** |

# 3.2.РАЗГЛЕДУВАНИ АКТИ

## 3.2.1.ПОСТАВЕНИ АКТИ НА СЕДНИЦА

| СЕДНИЦА | број на точки | закони | одлуки | декларации | информации | извештаи | планови | автентични толкувања | интерпелации | стратегии | завршни сметки | заклучоци | кодекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30 | 2 | 2 | | | | | | | | | | | |
| 34 | 1 | | | | 1 | | | | | | | | |
| 39 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | |
| 41 | 4 | 2 | | | | | | | 2 | | | | |
| 43 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | |
| 45 | 6 | 3 | | | | 3 | | | | | | | |
| 47 | 3 | 3 | | | | | | | | | | | |
| 50 | 16 | 8 | | | | 6 | | | | 1 | 1 | | |
| 51 | 8 | 5 | | | | | | 3 | | | | | |
| 54 | 13 | 11 | 1 | | | | 1 | | | | | | |
| 57 | 8 | 4 | 3 | | | 1 | | | | | | | |
| 60 | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| 61 | 7 | | 6 | | | | 1 | | | | | | |
| 62 | 11 | 9 | 1 | 1 | | | | | | | | | |
| 63 | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| 64 | 11 | 8 | 1 | 1 | | | | 1 | | | | | |
| 65 | 1 | | | 1 | | | | | | | | | |
| 66 | 6 | 5 | 1 | | | | | | | | | | |
| 67 | 2 | 2 | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНО | 103 | 64 | 15 | 3 | 1 | 10 | 2 | 4 | 2 | 1 | 1 | - | - |

| СЕДНИЦА | број на точки | закони | одлуки | декларации | информации | извештаи | планови | автентични толкувања | интерпелации | стратегии | завршни сметки | заклучоци | кодекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **68** | **24** | 10 | 11 | | | | | 3 | | | | | |
| **69** | **10** | 8 | 1 | | | | 1 | | | | | | |
| **71** | **47** | 14 | 7 | | 1 | 11 | | 13 | 1 | | | | |
| **73** | **12** | 10 | 2 | | | | | | | | | | |
| **75** | **3** | 2 | 1 | | | | | | | | | | |
| **77** | **1** | | | | | | | | 1 | | | | |
| **78** | **1** | 1 | | | | | | | | | | | |
| **79** | **33** | 19 | | | | 8 | | 4 | | | 1 | | 1 |
| **81** | **1** | | | | | | | | | | | 1 | |
| **82** | **9** | 8 | 1 | | | | | | | | | | |
| **84** | **13** | 8 | 2 | | | | | 3 | | | | | |
| **86** | **5** | 1 | 2 | | | | 1 | 1 | | | | | |
| **88** | **29** | 18 | 4 | | | | 1 | 6 | | | | | |
| **91** | **29** | 14 | 9 | | 1 | 2 | 2 | | 1 | | | | |
| **92** | **2** | 2 | | | | | | | | | | | |
| **95** | **28** | 22 | 4 | | | 1 | 1 | | | | | | |
| **97** | **3** | 2 | 1 | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **250** | **139** | **45** | **-** | **2** | **22** | **6** | **30** | **3** | **-** | **1** | | **1** |
| **ВКУПНО** | **353** | **203** | **60** | **3** | **3** | **32** | **8** | **34** | **5** | **1** | **2** | **1** | **1** |

## 3.2.2. РАЗГЛЕДАНИ АКТИ НА СЕДНИЦА




| реден број | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | недонесени | прво читање | само разгледани | усвоени | неусвоени | неосновани | повлечени | безпредметни | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | закони | 203 | 109 | 1 | 25 | | | | | 17 | | 51 |
| 2. | одлуки | 60 | 49 | | | | | | | 2 | | 9 |
| 3. | декларации | 3 | | | | | 1 | | | | | 2 |
| 4. | информации | 3 | | | | | | | | 1 | | 2 |
| 5. | извештаи | 32 | | | | 4 | 6 | | | | | 22 |
| 6. | планови | 8 | | | | | 3 | | | | | 5 |
| 7. | автентични толкувања | 34 | 1 | | | | | | 29 | | | 4 |
| 8. | интерпелации | 5 | | | | | | 1 | | | 2 | 2 |
| 9. | стратегии | 1 | | | | | 1 | | | | | |
| 10. | завршни сметки | 2 | | | | | 2 | | | | | |
| 11. | заклучоци | 1 | | | | | 1 | | | | | |
| 12. | кодекс | 1 | | | | | | | | | | 1 |
| | ВКУПНО | 353 | 159 | 1 | 25 | 4 | 14 | 1 | 29 | 20 | 2 | 98 |

# 3.3.ЗАКОНИ

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

*Со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија на 18 јули 2008 година се усвои нова процедура во носењето на законите, односно сосема нова постапка, усогласена со правото на Европската Унија, а пред се, усогласена со постапката на носење на законите во земјите членки на ЕУ.*

*Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10.000 избирачи (овластен предлагач на закон). Ако предлагач не е Владата, предлогот на законот се доставува до Владата на Република Северна Македонија заради давање на мислење. Но, тоа не значи дека без мислење на Владата не се разгледува предлогот на законот.*

*Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.*

*Иницијативата упатена до Собранието се доставува до пратениците и за тоа се известува подносителот на иницијативата.*

*Предлогот на законот мора да биде подготвен во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија (член 135). Ако предлогот на законот не е подготвен согласно со одредбите на Деловникот на Собранието претседателот на Собранието, пред да го достави до пратениците, ќе побара од предлагачот да го усогласи во рок од 15 дена. Ако предлагачот не го усогласи во наведениот рок се смета дека предлогот на законот не е поднесен.*

*Согласно со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија законите по правило се донесуваат во редовна постапка, но предлагачот може на Собранието да му предложи предлогот на законот да се донесе во скратена постапка. По исклучок, во Деловникот на Собранието е предвидена и можноста предлогот на законот да се донесе по итна постапка.*

### 1. ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА

Законодавната постапка на донесување на законот започнува со доставување на предлогот на законот до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија кој веднаш, а најдоцна во рок од три работни дена од денот на поднесувањето го доставува до пратениците (во писмена или електронска форма).

Откако предлогот на законот ќе се достави до пратениците во Собранието, најмалку 15 пратеници имаат право да поднесат барање, Собранието да одржи општ претрес. Ако вакво барање не се поднесе завршува првото читање.

**Прво читање**

Пред предлогот на законот да се претресе на седницата на Собранието го разгледува матичното работно тело (од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои се заснова законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување) и Законодавно-правната комисија (од гледна точка на потребата од донесување на законот и неговата усогласеност со Уставот), во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

Ако предлогот на законот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлогот на законот го разгледува и надлежното работно тело во чиј делокруг на работа спаѓаат прашањата на буџетот и финансиите (Комисијата за финансирање и буџет). Оваа Комисија го разгледува предлогот на законот од гледна точка на влијанието на овие одредби врз средствата со кои располага и можните извори за финансирање на предложените решенија.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија подготвуваат извештаи во кои е содржано мислење дали предлогот на законот е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање.

Потоа, предлогот на законот се разгледува на седница на Собранието каде што се одржува општа расправа. Собранието по општата расправа одлучува дали предлогот на законот е прифатлив и дали може да се даде на натамошно читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот е прифатлив и дека може да се даде на натамошно читање, односно на второ читање, Собранието донесува заклучок со што започнува второто читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот не е прифатлив и дека не може да се даде на натамошно читање, законодавната постапка се прекинува и истиот предлог не може повторно да се поднесе во рок од три месеци.

**Второ читање**

Второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во рок од седум работни дена по одржаната седница на Собранието. Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија ги претресуваат одредбите од предлогот на законот поединечно и поднесените амандмани и гласаат по нив. Кога предлогот на законот се разгледува во второ читање можат да се поднесуваат амандмани.

Амандмани можат да поднесуваат пратениците, но и работните тела можат да поднесат свои амандмани. Амандманите до комисиите пратениците можат да ги поднесуваат најдоцна два дена пред денот определен за одржување на седниците на комисиите. За секој амандман се води претрес и се гласа одделно. Во случај кога со предлогот на законот се врши изменување или дополнување, амандмани можат да се поднесуваат само на членови кои со предлогот на законот се менуваат или дополнуваат.

Ако на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се усвои амандман, тогаш матичното работно тело и Законодавно-правната комисија по завршување на претресот, а најдоцна во рок од пет дена подготвуваат дополнет предлог на закон (текст на предлогот на законот во кој се вградуваат усвоените амандмани) и образложение.

Второто читање на седница на Собранието се води само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела исклучиво на тие членови може да се поднесуваат амандмани. Амандмани можат да поднесуваат пратениците и предлагачот најдоцна во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието. На седница на Собранието образложение на амандманот може да даде само подносителот на амандманот, односно еден од подносителите во времетраење од 3 минути.

Ако на седницата на Собранието се усвојат повеќе од 1/3 амандмани од членовите на дополнетиот предлог на закон, по завршување на второто читање се подготвува и правно-технички се уредува текстот на законот за трето читање. Ако пак се усвојат помалку од 1/3 од членовите на изменетиот предлог на закон, Собранието може да одлучи третото читање на предлогот на законот да се одржи на истата седница. Претседавачот на Собранието тогаш одлучува дали третото читање ќе се одржи веднаш по усвојувањето на одлуката. Но, ако на седницата на Собранието во текот на второто читање не се усвои ниту еден амандман, се преминува на гласање по предлогот на законот во целина.

**Трето читање**

Третото читање на предлогот на законот по правило се одржува по завршување на второто читање на првата наредна седница на Собранието. Во оваа фаза работните тела на Собранието не расправаат.

Во текот на третото читање Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнетиот предлог на закон за кои се поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина.

Амандмани може да поднесе предлагачот и пратеник најдоцна во рок од два работни дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието и тоа само на оние членови на кои биле усвоени амандмани во текот на второто читање на седницата на Собранието.

**Б) СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Предлагачот на предлогот на законот може да поднесе и на Собранието да му предложи, Собранието да расправа по предлогот на законот по скратена постапка во случај кога не е во прашање сложен и обемен закон кога со предлогот на законот се предлага престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон и кога не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на Европската Унија.

Собранието одлучува дали предлогот на законот треба да се рагледа по скратена постапка и ако одлучи да расправа, претседателот на Собранието веднаш го задолжува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрво во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до почетокот на седницата за второ читање на предлогот на законот. Додека амандмани на предлогот на законот за трето читање можат да се поднесуваат до почетокот на третото читање на предлогот на законот на седница на Собранието.

**В) ИТНА ПОСТАПКА**

По исклучок предлогот на законот може да се донесе и по итна постапка кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Предлогот на законот да се донесе по итна постапка, предлагачот е должен да го образложи. За оправданоста на предлогот, законот да се донесе по итна постапка одлучува Собранието без претрес. Ако Собранието одлучи да расправа по предлогот, законот да се донесе по итна постапка, се задолжуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по итна постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрво во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до завршување на претресот по предлогот на законот на седниците на комисиите и на седницата на Собранието.

**Г) ПОСТАПКА ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ**

Предлог на закон за ратификација на меѓународни договори поднесува Владата со поднесување на предлог на закон за ратификација.

Предлогот на законот за ратификација го содржи текстот на меѓународниот договор чија ратификација се предлага. На текстот на меѓународниот договор не се вршат изменувања и дополнувања.

Одредбите од Деловникот на Собранието што се однесуваат на постапката за претресување на предлогот на законот по итна постапка соодветно се применуваат и во постапката за претресување на предлогот на законот за ратификација на меѓународниот договор.

Законите за ратификација на меѓународните договори и изворниот текст на меѓународните договори се објавуваат во посебен дел на "Службен весник на Република Северна Македонија" - меѓународни договори.

**Д) ПРИМЕНА НА ЧЛЕНОТ 157 ОД ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО**

Ако по предлогот на законот не е одржан општ претрес, претставниците на пратеничките групи на седница на Собранието имаат право да го изнесат мислењето на својата пратеничка група во врска со предлогот на законот во траење од 10 минути.

**Ѓ) ПОТПИШУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ**

Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот. Ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува законот во фаза на трето читање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на законот. При повторното разгледување на законот, амандмани можат да се поднесуваат само во врска со укажувањата на претседателот на Републиката.

Законите пред да влезат во сила се објавуваат во "Службен весник на Република Северна Македонија".

## РАЗГЛЕДУВАНИ ЗАКОНИ ПО СЕДНИЦА



## ВКУПЕН БРОЈ НА РАЗГЛЕДУВАНИ ТОЧКИ ПО ЗАКОНИ 152




## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ 109



## 3.3.1. Донесени закони

По постапка




По предлагачи



ЛЕГЕНДА:

Закони донесени со двојно мнозинство (Бадентеров принцип)

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за изменување на Законот за Царинската тарифа | Влада | скратена | 62 21.2.2022 |
| 2. | Закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Северна Македонија за денационализација | Влада | скратена | 62 21.2.2022 |
| 3. | Закон за изменување на Законот за платниот промет | Влада | скратена | 62 21.2.2022 |
| 4. | Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија | Влада | скратена | 62 23.2.2022 |
| 5. | Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност | Влада | скратена | 67 11.3.2022 |
| 6. | Закон за дополнување на Законот за акцизите | Влада | скратена | 67 11.3.2022 |
| 7. | Закон за изменување на Законот за Собранието на Република Македонија | Т. Џафери Г.Мисовски Ј.Митрески А. Адеми | скратена | 66 16.3.2022 |
| 8. | Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување | Влада | скратена | 66 16.3.2022 |
| 9. | Закон за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај | Влада | скратена | 50 16.3.2022 |
| 10. | Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта | Влада | скратена | 54 16.3.2022 |
| 11. | Закон за дополнување на законот за матичен број | Влада | скратена | 54 16.3.2022 |
| 12. | Закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија | Влада | скратена | 54 16.3.2022 |
| 13. | Закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните | Влада | скратена | 54 16.3.2022 |
| 14. | Закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија | Влада | скратена | 54 16.3.2022 |
| 15. | Закон за изменување и дополнување на Законот за личното име | Влада | скратена | 54 16. 3.2022 |
| 16. | Закон за изменување и дополнување на Законот за државен пазарен инспекторат | Влада | редовна | 68 5.4.2022 |
| 17. | Закон за изменување и дополнување на законот за јавни претпријатија | Влада | редовна | 68 5.4.2022 |
| 18. | Закон за изменување и дополнување на Законот за концесиии и јавно приватно партнерство | Влада | скратена | 47 5.4.2022 |
| 19. | Закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина | Влада | редовна | 64 5.4.2022 |
| 20. | Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи | Влада | редовна | 64 5.4.2022 |
| 21. | Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција | Влада | редовна | 64 5.4.2022 |
| 22. | Закон за изменување на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки | Влада | скратена | 64 5.4.2022 |
| 23. | Закон за платежни услуги и платни системи | Влада | скратена | 66 5.4.2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **24.** | Закон за инспекциски надзор во животната средина | Влада | редовна | 69<br>19.4.2022 |
| **25.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини | Влада | редовна | 69<br>19.4.2022 |
| **26.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за установите | Влада | редовна | 69<br>19.4.2022 |
| **27.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва | Влада | редовна | 68<br>19.4.2022 |
| **28.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција | Влада | редовна | 68<br>19.4.2022 |
| **29.** | Закон за изменување на Законот за административни службеници | Влада | скратена | 68<br>19.4.2022 |
| **30.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита | Влада | скратена | 68<br>19.4.2022 |
| **31.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој | Д.Колева<br>Љ.Спасова<br>Д. Ѓавочанова<br>М.Костадинова<br>Б. Фазли<br>Л.Ристова<br>Б.Ајдари<br>Х. Исмаили<br>С.С. Шаини<br>П.Минов<br>М. Кочовска<br>М. Јовановиќ<br>М.Костовски<br>Б. Мојсоски<br>Д.Велковски | скратена | 64<br>31.5.2022 |
| **32.** | Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје | Влада | скратена | 54<br>27.6.2022 |
| **33.** | Закон за изменување на Законот за заштита на децата | Влада | скратена | 69<br>27.6.2022 |
| **34.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита | Влада | скратена | 69<br>27.6.2022 |
| **35.** | Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на ТЕН-Т проектот за автопат од Скопје до границата со Косово, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта | Влада | скратена | 73<br>27.6.2022 |
| **36.** | Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам | Влада | редовна | 71<br>27.6.2022 |
| **37.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија | Ж. Лазаревска<br>Д. Николова<br>М. Талевски<br>Б. Зеќири<br>М.Кочовска<br>М. Георгиева<br>Д. Филипоски<br>Д.Велковски<br>В. Адеми<br>Л. Ристова | скратена | 71<br>27.6.2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **38.** | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта | Влада | скратена | 39<br>27.6.2022 |
| **39.** | Закон за изменување на Законот за домување | Влада | скратена | 47<br>27.6.2022 |
| **40.** | **Изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година** | **Влада** | **редовна** | **78<br>19.7.2022** |
| **41.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година | Влада | скратена | 75<br>19.7.2022 |
| **42.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет „Мајка Тереза” во Скопје | Влада | скратена | 82<br>27.7.2022 |
| **43.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Влада | редовна | 82<br>27.7.2022 |
| **44.** | Закон за дополнување на Законот за животната средина | Н. Коциќ<br>М.Морачанин | редовна | 71<br>27.7.2022 |
| **45.** | Закон за финансиска стабилност | Влада | редовна | 71<br>27.7.2022 |
| **46.** | Закон за вршење сметководствени работи | Влада | редовна | 71<br>27.7.2022 |
| **47.** | Закон за изменување на Законот за финансиските друштва | Влада | редовна | 71<br>27.7.2022 |
| **48.** | Закон за изменување на Законот за фондот за осигурување на депозити | Влада | редовна | 71<br>27.7.2022 |
| **49.** | Закон за изменување на Законот за лизинг | Влада | редовна | 71<br>27.7.2022 |
| **50.** | Закон за изменување на Законот за меница | Влада | редовна | 71<br>27.7.2022 |
| **51.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија | Влада | скратена | 79<br>27.7.2022 |
| **52.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување | Влада | скратена | 79<br>27.7.2022 |
| **53.** | Закон за изменување на законот за детективската дејност | Влада | редовна | 79<br>27.7.2022 |
| **54.** | Закон за изменување на Законот за гранична контрола | Влада | редовна | 79<br>27.7.2022 |
| **55.** | Закон за изменување на Законот за оружјето | Влада | редовна | 79<br>27.7.2022 |
| **56.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир | Влада | редовна | 79<br>27.7.2022 |
| **57.** | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија | Влада | скратена | 84<br>15.9.2022 |
| **58.** | Закон за буџети | Влада | редовна | 84<br>15.9.2022 |
| **59.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за градење | Влада | скратена | 84<br>20.10.2022 |
| **60.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги | Влада | скратена | 69<br>20.10.2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **61.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации | Пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ | скратена | 88<br>2.11.2022 |
| **62.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за политичките партии | Ј. Митревски<br>Б. Иљаз<br>Д. Марковска<br>Д. Каевски<br>Ж. Лазаревска<br>И.Николовски<br>Љ.Шиковска<br>М.Ангелова<br>М.Зајкова<br>С.К. Ванчева<br>С.Мираковска | скратена | 88<br>2.11.2022 |
| **63.** | Закон за заштита на потрошувачите | Влада | скратена | 79<br>3.11.2022 |
| **64.** | Закон за дополнување на Законот за здравствената заштита | Б. Р. Наумовска<br>С.Михаиловска<br>Б. Зеќири<br>Е. Рамбабова<br>Н. Коциќ<br>Ж. Лазаревска<br>М.Морачанин<br>А. Зибери | скратена | 79<br>3.11.2022 |
| **65.** | Закон за изменување на Законот за земање и пресадување на делови на човечкото тело заради лекување | Влада | редовна | 88<br>3.11.2022 |
| **66.** | Закон за изменување на Законот за јавно здравје | Влада | редовна | 88<br>3.11.2022 |
| **67.** | Закон за изменување на Законот за безбедност на козметичките производи | Влада | редовна | 88<br>3.11.2022 |
| **68.** | Закон за изменување на Законот за хемикалии | Влада | редовна | 88<br>3.11.2022 |
| **69.** | Закон за дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја | Влада | редовна | 88<br>3.11.2022 |
| **70.** | Закон за изменување на Законот за заштита на децата | Влада | скратена | 88<br>3.11.2022 |
| **71.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност | Влада | скратена | 88<br>3.11.2022 |
| **72.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика | Влада | скратена | 88<br>3.11.2022 |
| **73.** | Закон за дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви | А.Адеми<br>Л.Ристова<br>В. Адеми<br>Б.Фазли<br>М. Георгиевска<br>М. Јовановиќ | скратена | 88<br>3.11.2022 |
| **74.** | Закон за изменување и дополнување на законот за социјалната заштита | Л.Тасевска<br>М.Костадинова<br>С.Михаиловска<br>М.Ангелова<br>Н.Коциќ<br>Л.Ристова<br>Е.Рамбабова<br>Ж. Лазаревска<br>М. Јовановиќ | скратена | 88<br>3.11.2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **75.** | Закон за изменување на законот за заштита на децата | Л.Тасевска<br>М.Костадинова<br>С. Михаиловска<br>М.Ангелова<br>Н. Коциќ<br>Л.Ристова<br>Е. Рамбабова<br>Ж. Лазаревска<br>М. Јовановиќ | скратена | 88<br>3.11.2022 |
| **76.** | Закон за изменување на Законот за судска служба | Влада | скратена | 82<br>3.11.2022 |
| **77.** | Закон за изменување на Законот за јавнообвинителска служба | Влада | скратена | 82<br>3.11.2022 |
| **78.** | Закон за изменување на Законот за извршување на санкциите | Влада | скратена | 82<br>3.11.2022 |
| **79.** | Закон за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународниот монетарен фонд со Кредитна линија за претпазливост и ликвидност | Влада | скратена | 92<br>15.11.2022 |
| **80.** | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии | Влада | скратена | 92<br>15.11.2022 |
| **81.** | Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза | Влада | скратена | 88<br>15.11.2022 |
| **82.** | Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство | Влада | редовна | 91<br>16.11.2022 |
| **83.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка | Влада | редовна | 91<br>16.11.2022 |
| **84.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања | Влада | редовна | 91<br>16.11.2022 |
| **85.** | Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета | Влада | редовна | 79<br>17.11.2022 |
| **86.** | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Регионалниот проект за цврст отпад | Влада | скратена | 73<br>18.11.2022 |
| **87.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување | Влада | редовна | 91<br>18.11.2022 |
| **88.** | Закон за изменување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри | Влада | редовна | 91<br>18.11.2022 |
| **89.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) | Влада | редовна | 91<br>18.11.2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **90.** | Закон за изменување на Законот за субвенциониран студентски оброк | Ж. Лазаревска<br>Д. Николова<br>Л. Тасевска<br>Е.Рамбабова<br>Д.Колева<br>Д. Ѓавочанова<br>З.Рамчиловиќ<br>Љ.Шиковска<br>М. Костадинова<br>М.Кочовска<br>М. Кадриов<br>С.Шкријељ<br>М. Зајкова<br>С.С.Шаини | скратена | 91<br>18.11.2022 |
| **91.** | Закон за техничките барања за производите и оцена на сообразност | Влада | редовна | 95<br>13.12.2022 |
| **92.** | Закон за изменување на законот за јавните претпријатија | Влада | редовна | 95<br>13.12.2022 |
| **93.** | Закон за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност | Влада | редовна | 95<br>13.12.2022 |
| **94.** | Закон за претворување на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитор во траен влог во Јавното претпријатие Колекторски систем | Влада | редовна | 95<br>13.12.2022 |
| **95.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход | Влада | скратена | 95<br>16.12.2022 |
| **96.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите | Влада | скратена | 95<br>16.12.2022 |
| **97.** | Закон за изменување на Законот за фитофармација | Влада | скратена | 95<br>16.12.2022 |
| **98.** | **Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година** | **Влада** | **редовна** | **97<br>23.12.2022** |
| **99.** | Закон за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година | Влада | скратена | 95<br>23.12.2022 |

## 3.3.2.Закони кои произлегуваат од НПАА и значат усогласување со правото на ЕУ

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта | Влада | скратена | 54<br>16.3.2022 |
| **2.** | Закон за дополнување на Законот за матичен број | Влада | скратена | 54<br>16. 3.2022 |
| **3.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија | Влада | скратена | 54<br>16. 3.2022 |
| **4.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните | Влада | скратена | 54<br>16.3.2022 |
| **5.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија | Влада | скратена | 54<br>16.3.2022 |
| **6.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за личното име | Влада | скратена | 54<br>16.3.2022 |
| **7.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина | Влада | редовна | 64<br>5.4.2022 |
| **8.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи | Влада | редовна | 64<br>5.4.2022 |
| **9.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција | Влада | редовна | 64<br>5.4.2022 |
| **10.** | Закон за изменување на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки | Влада | скратена | 64<br>5.4.2022 |
| **11.** | Закон за платежни услуги и платни системи | Влада | скратена | 66<br>5.4.2022 |
| **12.** | Закон за инспекциски надзор во животната средина | Влада | редовна | 69<br>19.4.2022 |
| **13.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини | Влада | редовна | 69<br>19.4.2022 |
| **14.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција | Влада | скратена | 68<br>19.4.2022 |
| **15.** | Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам | Влада | редовна | 71<br>27.6.2022 |
| **16.** | Закон за финансиска стабилност | Влада | редовна | 71<br>27.7.2022 |
| **17.** | Закон за вршење сметководствени работи | Влада | редовна | 71<br>27.7.2022 |
| **18.** | Закон за буџети | Влада | редовна | 84<br>15.9.2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **19.** | Закон за ратификација на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиска помош од Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) | Влада | итна | 88<br>1.11.2022 |
| **20.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика | Влада | скратена | 88<br>3.11.2022 |
| **21.** | Закон за заштита на потрошувачите | Влада | скратена | 79<br>3.11.2022 |
| **22.** | Закон за дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја | Влада | редовна | 88<br>3.11.2022 |
| **23.** | Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство | Влада | редовна | 91<br>16.11.2022 |
| **24.** | Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета | Влада | редовна | 79<br>17.11.2022 |
| **25.** | Закон за техничките барања за производите и оцена на сообразност | Влада | редовна | 95<br>13.12.2022 |
| **25.** | Закон за развој, производство и промет на воени стоки | Влада | редовна | 59<br>27.12.2021 |

## 3.3.3. ЗАКОНИ ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2022 година во редовна постапка беа разгледувани **35** нови закони, како и второ читање на **26** закони чиешто прво читање беше во 2020 година. Од вкупно **61** разгледувани, донесени се **41** од кои **2** се закони за буџет, **39** закони се донесени со второ и трето читање на иста седница, **13** се повлечени од предлагачите и **7** останаа за второ читање во 2023 година. (табела 1)




ТАБЕЛА 1

ЛЕГЕНДА:

- ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ (II и III ЧИТАЊЕ ЗАЕДНО)
- БУЏЕТИ
- ЗАКОНИ КОИ ОДАТ НА ВТОРО ЧИТАЊЕ
- ПОВЛЕЧЕНИ ЗАКОНИ

| реден број | З А К О Н И | предлагач | I читање | II читање | III читање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за остварување на јавниот интерес во културата | Влада | 22<br>3.3.2021<br>**(22.2.2022 повлечен со допис)** | | |
9. Предлог на закон за ратификација на изменувањето и дополнувањето на Анекс 4 на Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА 2006) утврдувајќи го Протоколот кој се однесува на дефинација на поимот Іпроизводи со потеклог и методите на административна соработка наведени во член 14 ставови 1 и 3 согласно Одлуката на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија бр.1/2021 усвоена на 21 јуни 2021 година за укинување и замена на Одлуката бр.3/2013 и Одлука 3/2015 на Мешовитиот комитет на Централно-европскиот договор за слободна трговија;

10. Предлог на закон за ратификација на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен балкан;

11. Предлог на закон за ратификација на Договорот за интерконекција на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен балкан;

12. Предлог на закон за ратификација на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Макендоија за посебните постапки за спроведување на финансиска помош од Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III).

- На една од седниците, министерот за надворешни работи, Бујар Османи даде извештај во врска со одговорите од планот 5+1 во однос на македонско-бугарските односи.

- На една од седниците се разгледа Предлог на декларација за осуда на воените напади кои го загрозуваат територијалниот интегритет и суверенитет на Украина.

Во однос на активностите поврзани со разгледувањето на платформи за дипломатски активности на амбасадори

**Комисијата ги разгледа следниве платформи:**

1. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С. Македонија во Соединетите американски држави, г. Зоран Попов;

2. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С. Македонија во Република Словачка, г-ѓа Евгенија Илиева;

3. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С. Македонија во Канада, г. Агрон Буџаку;

4. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С. Македонија во Кралството Норвешка, г. Дритон Куќи;

5. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С.Македонија во Република Турција, г. Јован Манасијевски, и

6. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С. Македонија и шеф на Мисијата на Република С. Македонија при Европската Унија во Брисел, г. Зулфи Исмаили.

**2. МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ НА КОМИСИЈАТА:**

- Комисијата оствари работна средба со Делегација на Комисијата за надворешна политика на Државниот збор на Република Словенија; (28 јануари 2022 година)
- Комисијата оствари работна средба со Делегација на Комисијата за надворешна политика на Собранието на Република Косово, предводена од претседавачот, г. Хаки Абази. (23 ноември 2022 година)

**2.3 Претседателот на Комисијата, г. Антонијо Милошоски оддржа одвоени средби со:**

-вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република Чешка, Н.Е. г. Јарослав Лудва,
-вонредниот и ополномоштен амбасадор на Финска, Н.Е. г. Кимо Лахдевирта, со седиште во Белград, Република Србија,
-г-ѓа Маријана Петир, пратеник во Хрватскиот собор и
- вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република Молдавија, Н.Е. г. Анатол Чебук, со седиште во Софија, Република Бугарија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 8 |
| Вкупно разгледани точки | | 20 |
| **Поднесени амандмани** | | **1** |
| Закони по области | политички систем | 12 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| ратификации | | 12 |
| декларации, резолуции | | 1 |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| прашања и предлози | | - |
| платформи на амбасадори | | 6 |
| **іслушување на амбасадори** | | **-** |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисија за европски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-следење на спроведувањето на Националната стратегија за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија и редовно го известува Собранието за нејзиното спроведување;

-следење на исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија и остварување на програмите и другите акти на институциите на Европската Унија, вклучувајќи ги програмите за финансиска помош;

-следење и поттикнување на процесот на усогласување на законодавството на Република Северна Македонија со законодавството на Европската Унија, како и на предлагање мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на другите работни тела на Собранието и го насочува нивното внимание на прашања сврзани со приемот на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија;

-следење на активностите на Владата и органите на државната управа во врска со приемот на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија и во врска со нив дава мислења и препораки;

-анализирање на последиците од пристапување на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија и подготвува извештаи во врска со истите;

-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција, вклучително и преку собирање информации, литература и други документи поврзани со Европската Унија;

-соработката со соодветните комисии на другите земји и

-разгледува други прашања во врска со европската интеграција и приемот на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АРБЕР АДЕМИ,** претседател | |
| | **АРТА БИЛАЛИ-ЗЕНДЕЛИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Моника Зајкова | |
| 2. | | |
| 3. | Снежана Калеска Ванчева | |
| 4. | Фаница Николоска | |
| 5. | Лидија Тасевска | |
| 6. | Лолита Ристова | |
| 7. | Жаклина Пешевска | |
| 8. | Благица Ласовска | |
| 9. | Марија Петрушевска | |
| 10. | Тони Јаревски | |
| 11. | Антонијо Милошоски | |
| 12. | Миле Лефков | |
| 13. | Мерита Колчи-Коџаџику | |
| 14. | Халил Снопче | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Илија Николовски | |
| 2. | Марија Кочовска | |
| 3. | Мартин Костовски | |
| 4. | Љубица Спасова | |
| 5. | Бети Рабаџиевска-Наумовска | |
| 6. | Санела Шкријељ | |
| 7. | Љупчо Димовски | |
| 8. | Мирче Аџиоски | |
| 9. | Гордана Сиљановска-Давкова | |
| 10. | Игор Здравковски | |
| 11. | Александар Николоски | |
| 12. | Лидија Петковска | |
| 13. | Вјолца Адеми | |
| 14. | Абдула Салиу | |

Комисијата во изминатиот извештаен период од **1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година**, одржа **21 седница**, на кои разгледа **47 точки** од вкупно предложени **48 точки.** (Предлог законот за исплата на паричен надоместок за жртви од кривични дела со насилство – I читање не се разгледа во Комисијата, бидејќи истиот беше повлечен од страна на Владата на Република Северна Македонија)

Во рамките на воспоставената практика за информирање на Собранието на Република Северна Македонија за ЕУ процесите Комисијата расправаше по:

- **Програмата и Приоритетите за работа на Чешкото претседателство со Советот на Европската Унија за периодот јули - декември 2022** година, претставени од страна на Амбасадорот на Република Чешка во Република Северна Македонија, Н.Е Јарослав Лудва. (5. 9.2022 година)
- **Годишниот извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2021 година.** (17.2.2022 година)
- **Годишниот извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2022 година.** (31.10.2022 година)

Комисијата одржа **една Јавна расправа** по Предлог на законот за вршење на сметководствени работи. (13.4.2022 година)

Во рамките на надлежноста за следење и поттикнување на процесот на усогласување на законодавството на Република Северна Македонија со законодавството на Европската Унија.

**Комисијата ги разгледа следниве точки на Дневен ред:**

- **во редовна постапка - 18 Предлог закони во прво читање:**

1. Предлог на закон за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции;

2. Предлог на закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета;

3. Предлог на закон за финансиска стабилност.;

4. Предлог на закон за дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја;

5. Предлог на закон за инспекциски надзор во животната средина;

6. Предлог на закон за вршење на сметководствени работи;

7. Предлогот на закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета;

8. Предлогот на закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам;

9. Предлог на закон за парничната постапка;

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик;

11. Предлог на закон за адвокатурата;

12. Предлог на закон за техничките барања за производите и оцена на сообразност;

13. Предлог на закон за финансиската инспекција во јавниот сектор;

14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола;

15. Предлог на закон за зоотехника;

16. Предлогот на закон за изменување на Законот за финансиска дисциплина;

17. Предлог закон за вештачење и

18 . Предлог на закон за Академија за судии и јавни обвинители. (*) (КЕП го разгледа како заинтересирано работно тело).

- **во редовна постапка - 13 Предлог закони во второ читање:**

1. Предлог на закон за инспекциски надзор во животната средина;
2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини;
3. Предлог на закон за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции;
4. Предлог на закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам;
5. Предлог на закон за финансиска стабилност;
6. Предлог на закон за вршење сметководствени работи;
7. Предлогот на законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета;
8. Предлог на закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство;
9. Предлог на закон за дополнување на законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја;
10. Предлог на закон за техничките барања за производите и оцена на сообразност;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на кривичниот законик;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола и
13. Предлог на закон за финансиската инспекција во јавниот сектор;

- **во скратена постапка - 12 Предлог закони**

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта;
2. Предлог на закон за дополнување на Законот за матичен број;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија;
4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија;
6. Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за личното име;

7. Предлог на закон за изменување на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки;

8. Предлог закон за платежни услуги и платежни системи;

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција;

10. Предлог на закон за дополнување на Законот за работните односи;

11. Предлог на закон за заштита на потрошувачите и

12. Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

**1.АКТИВНОСТИ НА КЕП ВО ЗЕМЈАВА:**

**1.1 Претседателот на Комисијата имаше одделни средби со:**

- **Бојан Маричиќ** заменик на претседател на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања. (7 февруари 2022 година)
- **Н.Е Хенрик Маркуш** амбасадор на Словачката Република во Република Северна Македонија. (13 април 2022 година)
- **Даглас Џонс** заменик помошен секретар за европска безбедност на Стејт департментот од САД. (28 април 2022 година)
- **Н.Е Хенрик Маркуш** амбасадор на Република Словачка во Република Северна и **Томас Стражај** директор на Асоцијацијата за надворешна политика на Словачка. (3 мај 2022 година)
- **Школа за јавни политики** на тема: Претставничко управување - Панел дискусија сопартици во Собранието на Северна Македонија. (7 мај 2022 година)
- **Селма Меховиќ** шеф на политичката канцеларија на Мисијата на ОБСЕ и Беар Граждани политички функционер. (13 јуни 2022 година)
- **Алекс Собел** и **Стивен Даути** Британски парламентарци од Лабуристичката партија. (15 јули 2022 година)
- **Џеф Голдстајн** - заменик на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. (6 септември 2022 година)
- **Кира Рудик** - пратеничка на Собранието на Република Украина. (9 септември 2022 година)
- **д-р Антон Хофрајтер** – претседател на Комисијата за европски прашања во Германскиот парламент (12 септември 2022 година)
- **Н.Е. Јарослав Лудва** – амбасадорот на Чешката Република во Република Северна Македонија. (13 септември 2022 година)
- **Милева Ѓуровска, Мухамед Халили и Трпе Стојановски** - претставници од Европското движење во Република Северна Македонија. (16 септември 2022)
- **Ермине Лекај Праласка** - пратеничка во Хрватскиот сабор. (13 октомври 2022 година)
- **Н.Е. Анатол Чебук** – Амбасадор на Република Молдавија. (22 ноември 2022 година)
- **Н.Е д-р Флориан** Ќехаја – Амбасадор на Република Косово во Република Северна Македонија. (30 ноември 2022 година)

**1.2 Претседателот на Комисијата учествувал на:**

- Работна средба во Собранието со **Делегација на Управувачка група за декократски развој на Шведскиот Риксдаг** на Тема: “Компонентата за

зајакнување на капацитетот на Парламентарната комисија за европски прашања" со поддршка на Шведската агенција за соработка и развој –SIDA, и на Владата на Норвешка (21 февруари 2022 година)

- Конференција на тема: **Независно Собрание: Предизвици и можности за парламентарен надзор.** (11-12 април 2022)

- **Школа за јавни политики на тема**: „Претставничко управување - Панел дискусија со пратеници во Собранието на Северна Македонија„ (7 мај 2022 година)

**1.3 Комисијата оддржа:**

- Заедно со Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за економски прашања заедничка средба на која беа презентирани **заедничките заклучоци од економскиот и финансискиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и ЕУ** од страна на Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија. (27 мај 2022 година)

- и беше домаќин на **18-тиот состанок** на Конференцијата на парламентарните комисии за европски прашања/интеграции на државите опфатени во **Процесот за стабилизација и асоцијација од Југоисточна Европа - КОСАП**, во рамките на нашето претседавање со Конференцијата, Охрид (3-5 јуни 2022 година)

- Заедничка работна средба со Националниот совет за евроинтеграции со **Работната група на Советот на ЕУ надлежна за проширувањето и земјите кои се во преговарачки процес за членство во ЕУ – COELA.** (14 септември 2022 година)

- Работна средба со Делегација на европратеници на Зелените/Европска слободна алијанса (ЕФА) од Европскиот парламент, во состав: **Тинеке Стрик**, европратеничка од Холандија, известителка во сенка и портпаролка за Република Северна Македонија и **Рајнхард Бутикофер**, европратеник од Сојузна Република Германија. (23 септември 2022 година)

- Работна средба со претседателката на Националниот совет на Федералниот парламент на Швајцарската Конфедерација**,** **Ирене Келин** (13 октомври 2022 година)

- Комисијата имаше работна средба со членовите на Државниот парламент на Хесен од Сојузна Република Германија: **Манфред Пентц, Оливер Стрибоцк, Сабине Вашке, Ерих Хеидкамп** и со замениик амбасадорот на Сојузна Република Германија **Ото Граф.** (2 ноември 2022 година)

- **Петтата пленарна сесија** во соработка со Националната конвенција за Европската Унија во Република Северна Македонија. Темите на двете панел дискусии, беа: „Основите на европската интеграција: владеење на правото и спроведени реформи и „Како да се справиме со климатксите промени и социјалните последици во земјоделството, шумарството и животна средина. (1 декември 2022 година)

## ***2. МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ НА КОМИСИЈАТА:***

### *2.1 Меѓународна активност на претседателот на Комисијата Арбер Адеми, кој учествувал на:*

-Конференција на Комисиите за европски прашања на земјите ЕУ членки-КОСАК. Париз Република Франција (4-5 март 2022 година)

- Студиска посета на германскиот Бундестаг со Претседателот на Собранието Талат Џафери, координатори на пратеничките групи, генералната секретарка на Собранието Цветанка Иванова, во рамките на Програмата за парламентарна поддршка на Собранието финансирана од Швајцарската агенција за развој и имплементирана од НДИ, а со цел продолжување на процесот за осамостојување на собраниското обезбедување, Берлин, Сојузна Република Германија. (17-19 мај 2022 година).

- Средби со претседателката на германскиот Бундестаг, Бербел Бас, Парламентарната група за соработка со државите од Југоисточна Европа, Комисијата за Европската Унија, специјалниот пратеник за Западен Балкан, Мануел Сараци, Берлин (17-19 мај 2022 година)

- Конференција на комисиите за европски прашања-КОСАК, која се оддржа во Прага, Република Чешка во рамки на шестмесечно претседавање на Чешка со Советот на ЕУ. (14-15 ноември 2022 година)

**2.2 Меѓународна активност на Комисијата:**

- Делегација на Комисијата во состав: **Арбер Адеми**, **Снежана Калева Ванчева**, **Жаклина Пешевска** и **Халил Снопче** беа во официјална работна посета на Парламентот во Република Хрватска. (4-6 април 2022 година)

-**Делегација** на Собранието на Република Северна Македонија во состав: **Арбер Адеми**, претседател, **Арта Биљали Зендели**, заменичката претседателка, **Љубица Спасова**, заменичката член на Комисијата за европски прашања и **Цветанка Иванова**, генерална секретарка на Собранието, учествуваа на **Регионална конференција** на тема: **„Анализа на парламентарната работа на полето на европската интеграција во Западен Балкан”**, Будва, Црна Гора. (8-9 ноември 2022 година)

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 21 |
| Вкупно разгледани точки | | 47 |
| **Поднесени амандмани** | | **41** |
| Закони по области | политички систем | 21 |
| | економски систем | 16 |
| | јавни дејности | 6 |
| Закони | 1 читање | 18 |
| | 2 читање | 13 |
| | скратена и итна | 12 |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 3 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **1** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата,

-поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање состав на постојаните и повремените работни тела на Собранието,

-предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти,

-предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието,

-предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членови на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието,

-предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди,

-давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи,

-разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување,

-донесување акти за кои е овластена од Собранието,

-донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието,

-донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело,

-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации,

-определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци,

-одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено,

-давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во "Службен весник на Република Северна Македонија",

-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на изборите и именувањата и

-разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија е постојано работно тело на Собранието основана со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 64/17, 73/17 и 33/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 207/2019), во која се утврдени бројот на членовите и на замениците членови на комисијата и нејзината надлежност. Комисијата има претседател, заменик претседател, 12 члена и нивни заменици.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МАРИЈА ГЕОРГИЕВСКА,** претседател | |
| | **ЈОВАН МИТРЕСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Горан Мисовски | |
| 2. | Диме Велковски | |
| 3. | Фаница Николоска | |
| 4. | Дарко Каевски | |
| 5. | Мерита Колчи Коџаџику | |
| 6. | Арбен Зибери | |
| 7. | Антонијо Милошоски | |
| 8. | Александар Николоски | |
| 9. | Дафина Стојаноска | |
| 10. | Игор Janушев | |
| 11. | Никола Мицевски | |
| 12. | Сурија Рашиди | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Моника Зајкова | |
| 2. | Павле Трајанов | |
| 3. | Хусни Исмаили | |
| 4. | Мартин Костовски | |
| 5. | Берат Ајдари | |
| 6. | Арта Билали Зендели | |
| 7. | Владо Мисајловски | |
| 8. | Благица Ласовска | |
| 9. | Ане Лашкоска | |
| 10. | Марија Петрушевска | |
| 11. | Елми Азири | |
| 12. | | |

Персоналниот состав на Комисијата за прашања на изборите и именувањата е избран во согласност со Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 205/20) и Одлуките за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 284/20 и 64/22).

*Во Извештајниот период од 1.1.2022 до 31.12.2022 година Комисијата за прашања на изборите и именувањата оддржа вкупно 5 седници (Седумнаесеттата, Осумнаесеттата, Деветнаесеттата, Дваесеттата и Дваесет и првата седница) и 21 Продолжение на Тринаесетатата седница (од Второ до Дваесет и второто продолжение).*

Во Извештајниот период, Комисијата ги утврди следниве Предлог на одлуки:

- Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ),
- Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во

Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација,

- Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Гоце Делчев",

- Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија,

- Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави,

- Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците,

- Предлог на одлука за изменување на Одлуката за утврдување на составотна Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Интер-парламентарната унија (ИПУ),

- Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ),

-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација,

-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за Црноморска економска соработка (ПАБСЕК),

- Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот,

- Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ),

- Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „8 Септември",

- Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „22 Ноември",

- Предлог на одлука за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и членовите на Националниот совет за високо образование и научно- истражувачка дејност и на претседателот и членовите на работните тела/комисии и

- Предлог на одлука за именување на член на Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Во Извештајниот период, Комисијата го утврди следниов Предлог:

- Предлог за избор на судии на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Во рамките на своите надлежности, Комисијата за прашања на изборите и именувањата донесе и поединечни акти - Решенија за плата на избрани и именувани лица, функционери.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | **5** |
| Вкупно разгледани точки | **20** |
| одлуки | 16 |
| листи | - |
| решенија | - |
| барања | - |
| предлози | 1 |
| разно | 3 |
| **јавни расправи** | - |

# Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот,

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите,

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните,

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ХАЛИЛ СНОПЧЕ,** претседател | |
| | **ЕЛМИ АЗИРИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Љубица Спасова | |
| 2. | Боби Мојсоски | |
| 3. | | |
| 4. | Маја Морачанин | |
| 5. | Бети Рабаџиевска - Наумовска | |
| 6. | Драгица Ѓавочанова | |
| 7. | Александар Велјановски | |
| 8. | Иванка Василевска | |
| 9. | Димитар Апасиев | |
| 10. | Рашела Мизрахи | |
| 11. | Ангелинка Петкова | |
| 12. | Рина Ајдари | |
| 13. | Исмаил Јахоски | |
| 14. | | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Лазе Таневски | |
| 2. | Белкиса Зеќири | |
| 3. | Марија Ангелова | |
| 4. | Даниела Маркоска | |
| 5. | Коле Чаракчиев | |
| 6. | Даниела Николова | |
| 7. | Синиша Стојаноски | |
| 8. | Фадил Зендели | |
| 9. | Ане Лашкоска | |
| 10. | Велика Стојкова Серафимовска | |
| 11. | Златко Пенков | |
| 12. | Фиснике Бектеши Шаќири | |
| 13. | Арбана Пашоли | |
| 14. | Петар Ристески | |

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија, основана со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија.

*Во периодот од 1 јануари 2022 до 31 декември 2022 година Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот* ***не одржа*** *седници.*

# Комисија за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и законите од страна на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање на граѓаните и други правни лица,
-законитоста во спроведување на овластувањата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата, преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон,
-методите и средствата што ги користат на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти,
-материјалната, кадровската и техничката опременост на на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и
-други прашања што се однесуваат на на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЉУПЧО ПРЕНЦОВ,** претседател | |
| | **ДРАГАН КОВАЧКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Мартин Костовски | |
| 2. | Павле Трајанов | |
| 3. | Мирослав Јовановиќ | |
| 4. | Драгољуб Филиповски | |
| 5. | Ане Лашкоска | |
| 6. | Александар Николоски | |
| 7. | Вјолца Адеми | |
| 8. | Елми Азири | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Јован Митрески | |
| 2. | Боби Мојсоски | |
| 3. | Марија Костадинова | |
| 4. | Соња Михаиловска | |
| 5. | Зоранчо Јованчев | |
| 6. | Петар Ристески | |
| 7. | Бајрам Кадрија | |
| 8. | Артина Ќазими | |

Комисијата за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и на Агенцијата за разузнавање е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Македонија'' број 64/17, 73/17 и 33/19 и Службен весник на Република Северна Македонија'' број 207/19).

Во 2022 година од тековниот мандатен период на Собранието на Република Северна Македонија, се оствари персонална промена на членовите и замениците членови на Комисијата со донесувањето на Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на

Собранието на Република Северна Македонија бр.08-1641/1 од 5 април 2022 година. “Службен весник на Република Северна Македонија’’ број 87/22).

*Комисијата за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и на Агенцијата за разузнавање во 2022 година имаше закажано 3 (три) седници, од кои 1 (една), Четвртата седница на Комисијата е одложена, 1 (една), Петтата седница е завршена и имаше три продолженија на истата, а 1 (една), Шестата седница на Комисијата е прекината.*

Комисијата за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и на Агенцијата за разузнавање во 2022 година реализираше и 2 (две) надзорни посети во Агенцијата за национална безбедност и во Агенцијата за разузнавање.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-вршење на надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите,
-утврдување на законитост во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на овластените органи (ОТА),
-утврдување на ефективноста на спроведувањето на посебните истражни мерки,
-изготвување извештај за извршениот надзор,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и
-други прашања што се однесуваат на овластените органи (ОТА) за спроведување на мерките за следење на комуникациите.

Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија'' број 64/17, 73/17 и 33/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија'' број 207/19)

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИГОР ЈАНУШЕВ,** претседател | |
| | **ПЕТАР РИСТЕСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Миле Талевски | |
| 2. | Бране Петрушевски | |
| 3. | Драган Ковачки | |
| 4. | Сафије Садики Шаини | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Горан Мисовски | |
| 2. | Басри Бајрами | |
| 3. | Бедри Фазли | |
| 4. | Мирче Аџиоски | |

Во 2022 година од тековниот мандатен период на Собранието на Република Северна Македонија, се оствари персонална промена на членовите и замениците членови на Комисијата со донесувањето на Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија бр.08-1641/1 од 5 април 2022 година ("Службен весник на Република Северна Македонија'' број 87/22).

*Комисијата има одржано **2** седници на кои се разгледаа **6** точки и во извештајниот период нема реализирано надзорни или работни посети.*

Комисијата поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија за претходната календарска година, најдоцна до крајот на февруари во тековната година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| Други акти | | 2 |
| Прашања, предлози | | - |

## Комисија за финансирање и буџет

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-системот на финансирање,
-Буџетот на Републиката,
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица,
-царинскиот систем,
-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем,
-платниот промет и ревизијата,
-заемите и кредитите,
-јавните набавки,
-системот на осигурување,
-сопственоста и други имотно-правни односи,
-стоковните резерви,
-игрите на среќа,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на финансиите и буџетот и
-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

Комисијата за финансирање и буџет е постојано работно тело основано со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

Со оваа Одлука се утврдени надлежностите на комисиите.

Согласно со оваа Одлука, Комисијата за финансирање и буџет ги разгледува прашањата што се однесуваат на:

*Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година има свикано* ***23*** *седници со вкупно* ***40*** *точки на дневен ред. Завршени се* ***20*** *седници на Комисијата,* ***две*** *седници не се завршени и една седница е* ***одложена****. Одржани се и* ***19*** *продолженија на седниците и* ***5*** *продолженија на седници кои се свикани во 2021 година. На седниците се разгледани вкупно* ***31*** *точка и тоа:* ***1*** *Предлог на закон во прво читање,* ***3*** *Предлози на закони во второ читање,* ***17*** *Предлози на закони по скратена постапка,* ***2*** *Предлог на Одлуки за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година,* ***5*** *Извештаи и Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.*

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **БОЈАН СТОЈАНОВСКИ,** претседател | |
| | **МАРИЈА ПЕТРУШЕВСКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Лолита Ристова | |
| 2. | Марија Кочовска | |
| 3. | Марија Георгиевска | |
| 4. | Панчо Минов | |
| 5. | Диме Велковски | |
| 6. | Даниела Марковска | |
| 7. | Тони Јаревски | |
| 8. | Зоранчо Јованчев | |
| 9. | Бојан Стојаноски | |
| 10. | Жаклина Пешевска | |
| 11. | Дафина Стојаноска | |
| 12. | Арта Билали Зендели | |
| 13. | Арбер Адеми | |
| 14. | Елми Азири | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Коле Чаракчиев | |
| 2. | Лазе Таневски | |
| 3. | Жаклина Лазаревска | |
| 4. | Даниела Колева | |
| 5. | Драгица Ѓавочанова | |
| 6. | Јован Митревски | |
| 7. | Бране Петрушевски | |
| 8. | Игор Здравковски | |
| 9. | Рашела Мизрахи | |
| 10. | Љупчо Пренџов | |
| 11. | Бети Стаменкоска Трајковска | |
| 12. | Исмаил Јахоски | |
| 13. | Бајрам Кадрија | |
| 14. | Илире Даути | |

На една од своите седници Комисијата го разгледа Предлогот на закон за буџети, (во второ читање). Со овој Закон се уредуваат постапката за изготвување, донесување и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје и известување за извршувањето на истите. Законот ги регулира и фискалните правила и фискалните принципи, воспоставувањето на Фискалниот совет, среднорочното буџетско планирање, управувањето со средствата на државата и општините, како и следењето на финансиските резултати на јавните претпријатијата и трговските друштва основани од државата и општините, како и од нив основани трговски друштва, како и фискалната одговорност и основите за воспоставување на интегриран информационен систем за управување со јавните финансии. Со законот за првпат се воспоставува регистар на јавни субјекти, кој ќе биде јавно достапен. Во овој регистар ќе бидат евидентирани сите правни субјекти основани директно или индиректно од страна на државата или на општините и на тој начин ќе се обезбеди сеопфатност и транспарентност за сите јавни субјекти, независно дали се на централно или на локално ниво. Во законот се предвидени одредби за воведување на нумерички фискални правила, дизајнирани на начин да бидат усогласени и конзистентни со фискалните правила на ЕУ и да ја направат фискалната политика попредвидлива и поодговорна. Во однос на Фискалниот совет се предвидува формирање на едно независно тело од 3 члена предложени од МАНУ, Државен завод за ревизија и Народната банка, а кои ќе бидат избрани од страна на Собранието. Членовите треба да бидат експерти од областа на јавните финансии, макроекономија или економија. Со ова законско решение продолжува определбата за стратешко планирање, давајќи среднорочна рамка на јавните финансии, односно среднорочно буџетско планирање. Со новиот закон се предвидува подобрување на квалитетот и квантитетот на известувањата. Современиот и модерен начин на управување на јавните финансии претпоставува високо ниво на дигитализирани процеси, коишто треба да се имплементираат преку новиот систем на ИФМИС. Интегрираниот информационен систем за управување со јавни финансии превидува повеќе модули и тоа за: буџетско планирање, Извршување на буџет, сметководство за потребите на трезорската главна книга и известување, управување со долг, воспоставување и управување со неопходни регистри, поврзување со други системи за автоматска размена на податоци и други потребни компоненти за поддршка за спроведување на законот. Преку овој систем ќе се обезбеди подобро спроведување на сите процеси, како и мониторинг и контрола на истите.

На Предлогот на законот беа поднесени 93 амандмани од овластени предлагачи. Комисијата за финансирање и буџет усвои 67 амандмани, 20 амандмани не беа усвоени, а 6 амандмани беа повлечени. Комисијата за финансирање и буџет поднесе и усвои 23 амандмани.

Во расправата беше посочено дека како резултат на заеднички консултации и соработка меѓу пратеничките групи во Собранието и Министерството за финансии значително се подобри текстот на предложеното законско решение. Овој начин на разгледување на предложените закони треба да биде пример и пракса во

носењето и на други законски решенија. Само на тој начин ќе се носат квалитетни закони кои се во интерес на граѓаните и државата.

Во извештајниот период Комисијата го разгледа и Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година. На Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година беа поднесени вкупно 204 амандмани. Комисијата за финансирање и буџет во рокот утврден со Деловникот на Собранието на Република Македонија водеше претрес по сите поднесени амандмани од овластени предлагачи. Комисијата за финансирање и буџет усвои 6 амандмани поднесени на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година. Комисијата поднесе и усвои 4 амандмани.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници ја разгледа Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година. Согласно со законската обврска утврдена во член 52 од Законот за буџетите, Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија по нејзиното утврдување од страна на Владата на Република Северна Македонија се доставува до Собранието на Република Северна Македонија за разгледување и донесување. Извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на буџетот, заедно со коментарите на Министерството за финансии се составен дел на Завршната сметка. Воедно, кон Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија се приложени и завршните сметки на буџетите на Единиците на локалната самоуправа. Завршната сметка, односно Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија ја рефлектира фискална политика реализирана во 2021 година и користењето на буџетските средства од страна на корисниците. Фискалната политика во 2021 година е реализирана во рамките на планираните износи со Буџетот, односно реализацијата на приходите е во согласност со очекувањата, додека расходите се извршувани редовно и навремено во услови на добар економски раст и низок буџетски дефицит. И покрај здравствено економската криза, приходите во 2021 година се реализирани во рамки на проектираното, додека расходите се извршувани редовно и навремено преку редовна исплата на платите, пензиите, социјалната заштита, а притоа обезбедувајќи средства за мерки за поддршка на економијата. Вкупните приходи во 2021 година се реализирани во износ од 218 милијарди денари што претставува 98% од проектираните приходи за 2021 година и се за 15% повисоки споредено со буџетските приходи минатата година. Вкупните расходи на Буџетот на Република Северна Македонија во 2021 година се реализирани во износ од 256,9 милијарди денари, што претставува 95,6 % во однос на проекцијата. Расходната страна во овој период од годината бележеше раст на годишно ниво, во најголем дел како резултат на преземените мерки во борбата против кризата предизвикана од ковид-19, кои беа прикажани во посебна програма во рамките на одделни буџетски корисници.

Согласно член 33 став 7 од Законот за буџетите за прераспределби помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите одлучува Собранието на

Република Северна Македонија. Комисијата за финансирање и буџет во согласност со своите надлежности ги разгледа двете Предлог на Одлуки за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите. Со првата предложена Одлука преку прераспределба на средства меѓу буџетските корисници и фондовите за 2022 година се обезбедија дополнителни средства за следниве намени:

-за ЕСМ, за домашно производство на енергија и надминување на последиците од енергетската криза,
-за редовно финансирање на политичките партии,
-за финансиска поддршка на МЖ Транспорт. за компензирање на трошоците при давање на услугата од јавен интерес во железничкиот превоз на патници,
-дообезбедување на средства за уредување на ТИР зоните и исплата на државна помош по основ на склучени договори,
-дополнителни средства за спроведување на мерки за контрола и искоренување на болеста Африканска чума кај свињите,
-средства за електрична енергија за хидросистемот на Дојранско езеро,
-набавка на технологија за управување со отпад, со цел оптимизирање на ефикасноста на складирање и транспорт на комунален отпад,
-дополнителни средства за дотации од приходите од ДДВ за општините, односно дополнителни 0,5% од наплатениот ДДВ во претходната година, распределен во два нови дополнителни дела, 0,25% за дел за перформанси и 0,25% за дел за воедначување, во согласност со последните измени на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Средствата за наведените намени се обезбедени по основ на заштеди од помалку реализираните расходи кај одредени буџетски корисници и дополнително обезбедени средства по основ на КАПЕФ механизмот заради слабата реализација на капиталните расходи (законски пропишан лимит до 65%).

Со втората Одлука преку прераспределба на средства меѓу буџетските корисници и фондовите за 2022 година се обезбедија средства за надминување на последиците од енергетската криза, подмирување на приоритетните обврски на буџетските корисници, првенствено по основ на електрична енергија, реализација на капиталните проекти во областа на културата, патната, водоводната и спортската инфраструктура, обезбедување на дополнителни средства за исплата на државна помош и инфраструктурно уредување во зоните, обезбедување на дополнителни средства во областа на здравството, социјалата и образованието за реализација на тековните програми, проекти и утврдени законски надлежности, дополнителни средства во областа на одбраната за модернизација и опремување на Армијата, исполнување на обврската за исплата на регрес за годишен одмор за вработените опфатени со Гранскиот колективен договор и др.

Имајќи ја предвид својата надлежност, Комисијата посебно внимание посвети на Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година. При неговото разгледување беа искажани многубројни мислења, ставови, забелешки и предлози по однос на вкупниот обем на Буџетот, изворите на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите.

На Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година беа поднесени вкупно 263 амандмани од овластени предлагачи. Во рокот утврден со Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за финансирање и буџет водеше претрес по сите поднесени амандмани. Комисијата за финансирање и буџет усвои 9 амандмани на Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година. Комисијата за финансирање и буџет поднесе и усвои 3 амандмани.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

Согласно со Законот за државната ревизија, Собранието го разгледува Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија. Имајќи ја предвид оваа законска одредба, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија во 2021 година.

Врз основа на расправата Комисијата за финансирање и буџет заклучи да му предложи на Собранието да ги усвои следните Заклучоци:

1. Собранието на Република Северна Македонија го разгледа и усвои Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија во 2021 година.
2. Собранието констатира дека Државниот завод за ревизија во 2021 година ја реализирал Годишната програма за работа и изготвил извештаи кои содржат јасни, реални, објективни и навремени информации за констатирани состојби во работењето на ревидираните субјекти и дал јасни и ефективни препораки за надминување на констатираните слабости, а со цел подобрување на финансиското управување и одговорно трошење на јавните средства од страна на субјектите на ревизија.
3. Собранието позитивно ги оценува активностите на Државниот завод за ревизија при подготовка на Годишната програма за работа да доставува известување за поднесување на барање за ревизија до засегнати страни за вршење на ревизија на одредени субјекти, а со цел да се зголеми транспарентноста, отчетноста и одговорноста во извршувањето на неговите законски утврдени надлежности.
4. Државниот завод за ревизија во 2021 година преку јасни, реални, објективни и навремени информации за констатирани состојби кај субјектите предмет на ревизија даде придонес во исполнување на уставната надлежност на Собранието на Република Северна Македонија за контрола и надзор над Владата и другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието.
5. Собранието го поддржува и активно учествува во Твининг проектот „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзорг, а пред се во реализацијата на третата Компонента која се однесува на зајакнување на соработката помеѓу Државниот завод за ревизија и Собранието на Република Северна Македонија, особено во насока на воспоставување на ефективен и ефикасен механизам за разгледување на конечните ревизорски извештаи во Собранието, а со цел да се зајакне парламентарниот надзор и контрола на трошењето на јавните средства.
6. Собранието позитивно ги оценува активностите на Државниот завод за ревизија за следење на спроведувањето на

дадените препораки во ревизорските извештаи од страна на субјектите на ревизија што придонесува да се обезбеди повисок степен на наменско и законско трошење на средствата од страна на корисниците на јавните средства.

7. Со оглед на тоа што Државниот завод за ревизија при ревизијата на финансиските извештаи, ревизијата на усогласеност и ревизијата на успешност констатирал одредени состојби, Собранието укажува дека е потребно субјектите кои се предмет на ревизија да постапуваат по препораките на Државниот завод за ревизија, со цел подобрување на финансиското управување и одговорно трошење на јавните средства, а Државниот завод за ревизија преку посебни ревизии да продолжи да го следи спроведувањето на дадените препораки.

8. Собранието укажува дека е потребно да се изготват изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти кај кои при ревизијата кај поодделни субјекти се констатирани одредени системски слабости.

9. Собранието констатира дека во согласност со Извештајот на независниот ревизор за извршена ревизија на Финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија –сметки на основен буџет и сметка на донации- Проект од Меѓународна организација ИНТОСАИ, Финансиските извештаи ја презентираат објективно од сите материјални аспекти финансиската состојба на Државниот завод за ревизија, како и неговите приходи и расходи заклучно со 31 декември 2021 година, во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

10. Овие заклучоци заедно со Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет да се достават до Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.

На една од своите седници Комисијата ги разгледа и Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2021 година, Финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2021 година и Годишниот извештај на Агенцијата за супервизија на осигурувањето за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Република Северна Македонија во 2021 година.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на ТЕН-Т проектот за автопат од Скопје до границата со Косово, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта. Целта на проектот е да се подобри патната инфраструктура во земјата, односно изградба на втората подделница која се однесува на останатиот дел од автопатот Блаце – Скопје, во должина од околу 10.5км со што, значително ќе се подобри мобилноста и трговската размена, ќе се подобри безбедноста на патот и ќе се скрати времето на патување, ќе се зголемат можностите за социоекономски развој, како на национално, така и на регионално ниво. Проектот кој ќе го имплементира Јавното претпријатие за државни патишта ќе се финансира од следните извори на средства: заем од ЕБОР во износ од 167,6 милиони

евра, инвестициски грант од ВБИФ во износ од 20,82 милиони евра и грант за техничка помош од ВБИФ (техничка поддршка за имплементација на проектот и надзор) во износ од 5,68 милиони евра.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија. Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија има за цел подобрување на условите и подигнување на квалитетот на животот на граѓаните на Република Северна Македонија. Проектот е дел од политиката за рамномерен регионален развој и се очекува преку овие инвестиции во комуналната инфраструктура да се стимулира развојот на општините во земјата. Овој проект ќе биде еден вид на продолжение на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води", кој го имплементира Министерството за транспорт и врски, а кој досега има дадено значајна поддршка на општините за финансирање и реализација на нивните инвестиции во водната инфраструктура. Заемот во износ од 50.000.000 евра ќе биде наменет за финансирање на следниве активности/мерки: рехабилитација, модернизација и проширување/изградба на инфраструктурата за водоснабдување, како што се довод за вода, станици за третман на вода, главни преносни мрежи на сурова или прочистена вода, мрежи за водоснабдување вклучувајќи пумпни станици и приклучоци на куќи, мерење на големо и на потрошувачи, мерки за енергетска ефикасност, рехабилитација, модернизација и проширување/изградба на инфраструктура за собирање и третман на отпадни води, како што се канализациони мрежи вклучувајќи приклучоци за куќи и пумпни станици, пречистителни станици, рехабилитација, модернизација и проширување/изградба на системи за атмосферска канализација и итни мерки за заштита од поплави, набавка на специјализирана опрема за одржување.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза. Целта на Предлог законот е обезбедување на финансиска поддршка на најранливите категории на граѓани во услови на енергетска криза. Мерките за финансиската поддршка за ранливи категории на граѓани, се обезбедуваат за лица: корисници на право на социјална сигурност на стари лица; корисници на посебен додаток; корисници на правото на надоместок заради попреченост, со попреченост и трајни промени во здравствената состојба, кои користат надоместок за помош и нега од друго лице, а не користат право на надоместок заради попреченост, без потреба од контролен преглед; самохрани родители кои се евидентирани корисници на гарантирана минимална помош; корисници на право на пензија во висина до 14.000 денари; корисници на право на надоместок за телесно оштетување и невработени лица-корисници на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финасирање на Регионалниот проект за цврст отпад. Основната цел на Регионалниот проект за цврст отпад е да и помогне на земјата во развојот на регионални системи за управување со отпад во одредени региони на Република Северна Македонија. Овој проект опфаќа воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Југоисточен, Вардарски, Пелагониски, Југозападен и Полошки регион. Вкупниот износ на заемот кој ќе го додели ЕБОР изнесува 55 милиони евра и истиот ќе ѝ биде доделен на Република Северна Македонија во две транши, односно: Транша А во износ од 47.500.000 евра (за финансирање на Дел 1 и Дел 2 од проектот) и Транша Б во износ од 7.500.000 евра (за финансирање на Дел 3 од проектот).

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии. Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии има за цел да се подобри ефикасноста, транспарентноста и одржливоста на јавните расходи и да се зголеми ефективноста на администрирањето на приходите. Вкупната вредност на проектот изнесува 24,9 милиони евра, од кои заем од Светска банка во износ од 20 милиони евра и 4,9 милиони евра грант од ЕУ кој ќе се администрира преку Светска банка.

Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународниот монетарен фонд со Кредитна линија за претпазливост и ликвидност. Кредитната линија за претпазливост и ликвидност е инструмент кој е воспоставен во 2010 година и е наменет за земјите членки на ММФ со здрави основи и политики и докажана практика за имплементација на политиките, кои всушност немаат потреба од финансирање, но се соочуваат со ризици што би можеле да доведат до таква потреба. Целта на оваа кредитна линија е да обезбеди ефективна заштита од криза за оние земји членки на ММФ кои имаат здрави економски основи, односно политики. Република Северна Македонија има здрави економски основи и практика на здрави политики и не се соочува со потребата за финансирање на билансот на плаќања. Сепак, и понатаму Република Северна Македонија се соочува со ризици кои произлегуваат од неизвесностите во глобалната економија.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за претворување на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитор во траен влог во Јавното претпријатие Колекторски систем. Со предложеното законско решение ќе се овозможи финансиска консолидација на Јавно претпријатие Колекторски систем Скопје по

пат на конверзија на доспеаните побарувања на Република Северна Македонија во траен влог во Јавно претпријатие Колекторски систем Скопје.

На една од своите седници Комисијата и буџет едногласно донесе Одлука за одржување на јавна расправа на тема: ‘’Транспарентност и отчетност во управувањето со јавниот долг - Стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2023-2025 година (со изгледи до 2027 година)’’.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 22 |
| Вкупно разгледани точки | | 31 |
| **Поднесени амандмани** | | **39** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 31 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | 3 |
| | скратена и итна | 17 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 5 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 2 |
| **јавни расправи** | | - |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-производство и трговија,
-минерални суровини и енергетика,
-туризам, угостителство и занаетчиство,
-надворешно-трговско работење,
-странски вложувања,
-сопственичка трансформација,
-мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот,
-заштита на потрошувачите,
-јавни претпријатија,
-концесии,
-побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја,
-статистика,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на економскиот систем и
-други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ДИМЕ ВЕЛКОВСКИ,** претседател | |
| | **ДАНИЕЛА НИКОЛОВА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Лазе Таневски | |
| 2. | Коле Чаракчиев | |
| 3. | Панчо Минов | |
| 4. | Љупчо Димовски | |
| 5. | Здравко Трајанов | |
| 6. | Тони Јаревски | |
| 7. | Зоранчо Јованчев | |
| 8. | Рина Ајдари | |
| 9. | Бедри Фазли | |
| 10. | Илире Даути | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Боби Мојсоски | |
| 2. | Марија Георгиевска | |
| 3. | Јован Митревски | |
| 4. | Ели Панова | |
| 5. | Стојан Миланов | |
| 6. | Петар Ристески | |
| 7. | Лидија Петкоска | |
| 8. | Мерита Колчи Коџаџику | |
| 9. | Вјолца Адеми | |
| 10. | Атнан Незири | |

*Комисијата за економски прашања во периодот од 1 јануари до 31 декември 2022 година има свикано и одржано 8 седници со вкупно 16 точки на дневен ред и 1 седница (број 8 со 4 точки на дневен ред) која беше свикана за 16 септември 2021 година и на која започна расправата само по првата точка и беше прекината. Расправата по првата точка продолжи и заврши на 3 март 2022 година како и расправата по останатите 3 точки од утврдениот дневен ред. На седниците на Комисијата беа разгледани:*

*8 Предлог закони во прво читање, 5 предлог закони во второ читање, 5 предлог закони по скратена постапка, 1 предлог финансиски план и 1 одлука.*

Комисијата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Со Предлог на законот по исклучок се дава можност за продолжување на рокот на договорот поради настан кој не е по вина на концесионерот и кој не можел да се предвиди со склучување на договорот и доколку тој настан влијае на предметот на договорот со последици на финансиското работење на концесионерот. Во ваков случај концесионерот може да бара продолжување на рокот на концесијата само доколку достави деталeн финансиски извештај до концедентот со кој ќе го оправда продолжувањето на рокот на договорот поради финансиска загуба предизвикана од таквиот настан. Концедентот може да даде согласност за склучување на анекс на договорот за

продолжување на рокот на концесијата, но не подолго од две години, доколку постои оправданост за тоа и доколку до истекот на концесијата има најмалку пет години од денот на влегувањето во сила на законот.

Исто така, Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија. Целта на измените на Законот за јавните претпријатија е да се воспостави мерит процедура за селекција и назначување на членови на управните и на надзорните одбори во јавните претпријатија. Се воведува транспарентност во постапката за пријавување и селекција. Дополнително законот пропишува и услови за разрешување на членовите на управните и надзорните одбори на јавните претпријатија, ги зајакнува критериумите за членови на управни и надзорни одбори, го намалува бројот на членови на управни и надзорни одбори, како и утврдува профил на лица кои можат да бидат членови на управни и на надзорни одбори.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за установите. Целта на овие измени на Законот за јавните установи е да се воспостави мерит процедура за селекција и назначување на членови на управните и на надзорните одбори во јавните установи. Се воведува транспарентност во постапката за пријавување и селекција. Дополнително со законот се намалува бројот на членови на управни и надзорни одбори, како и се утврдува профил на лица кои можат да бидат членови на управни и на надзорни одбори.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија поднесен од група пратеници. Целта на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија е да се допрецизираат одредбите од постојното законско решение со кои се уредува работното време во трговијата во недела и на празници, и со кои се утврдени исклучоците во трговијата на мало за кои е дозволено работа во ден недела и на празници. Со предлог измените им се дава можност на продавниците во туристичките места, на слободните царински продавници лоцирани на меѓународните аеродроми после царинските контролни точки, како и на цветните пазари, да работат во ден недела и на празници. Воедно, на предлог на Државниот пазарен инспекторат и на Државниот трудов инспекторат извршено е допрецизирање и на прекршочните одредби од Законот, со цел доследна примена на истите.

Комисијата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност, поднесен од група пратеници. Причината за предлагање на овој закон произлезе од досегашната имплементација на законот и потребата од уредување на начинот на водење на регистарот со подзаконски акт кој ќе го пропише министерот надлежен за работите од областа на угостителството и со кој ќе се уреди формата и содржината како и начинот на водење на регистарот што го води градоначалникот на општината, а во Градот Скопје кај градоначалникот на општината на подрачјето на Градот Скопје во кој се упишани физичките лица кои се регистрирани вршители на угостителска

дејност. Заради правилен надзор над работата на угостителите кои даваат угостителски услуги за сместување и угостителски услуги за исхрана, неопходно е во самиот закон како категорија да се вградат и хостелите кои реално постојат но истите не се предвидени во законската материја.

Со оглед на тоа што Законот за енергетска ефикасност е еден од позначајните закони од економската област, Комисијата водеше расправа по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност. Со предложеното законско решение се врши дополнување на Законот за енергетска ефикасност во членовите 17 и 39 со што ќе се овозможи на Комисијата за спроведување на испитот за енергетски контролори на големите трговци и комисијата за спроведување на испитот за енергетски контролори на згради да можат да остваруваат надоместок за извршената работа со цел стимулација за одговорно и ефикасно извршување на задачата, со што ќе се обезбеди квалитетно и објективно оценување на кандидатите. Дополнително во членовите 18 и 40 треба да се каже експлицитно дека надоместокот за полагање на испитите за енергетски контроли претставуваат приходи на Министерството за економија. Исто така, потребно е во најбрз можен рок да се направат законски измени во поглед на продолжување на роковите во членовите 58 од Законот за енергетска ефикасност, со цел да не настане правен вакум кога овластените енергетски контролори и лиценцирани правни лица за вршење на енергетски контроли нема да поседуваат овластување односно лиценца, како препознаен правен акт во правниот промет за вршење на енергетски контроли во зградите. Од тие причини се предлага рокот на издадените овластување за вршење на енергетска контрола и издадените лиценци за вршење на енергетска контрола да се продолжи до 31 март 2024 година, имајќи предвид дека по донесување на овој пакет подзаконски акти, потребно е да следат низа активности, односно лицата кои веќе поседуваат овластување да посетат обука за усовршување и да се стекнат со овластување за вршење на енергетска контрола според новиот закон.

Исто така, Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задругите. Со него се предлага уредување на условите, начинот и постапката за основање, регистрација, работење, надзор над работењето и престанокот на задругите. Потребата за донесување на нов текст на Законот за задругите се појави заради престанување со важност на Законот за земјоделски задруги. Дел од одредбите од Законот за земјоделски задруги се преточени во новиот Предлог на закон за задругите. Со овој Предлог на закон ќе бидат опфатени сите задруги, независно од видот на главниот предмет на дејствување и активности на секоја задруга. Новина во овој закон е што истиот е базиран на основните задружни принципи.

Согласно Законот за енергетика, Комисијата ги разгледа Предлог на Финансиски план на Регулаторната Комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2022 година и Предлог на одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на

работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2022 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 8 |
| Вкупно разгледани точки | | 20 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 18 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 8 |
| | 2 читање | 5 |
| | скратена и итна | 5 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили,
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата,
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството,
-ловот и риболовот,
-животинскиот и растителниот свет,
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата,
- премерот и катастарот на земјиштето,
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите,
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело, основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија. Со оваа одлука ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17 и 73/17) е определена надлежноста на комисијата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЉУПЧО ДИМОВСКИ,** - претседател |
| | **ДАЈАНЧО ЕФТИМОВ,** - заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Панчо Минов |
| 2. | Марија Костадинова |
| 3. | Боби Мојсоски |
| 4. | Љубица Спасова |
| 5. | Зоранчо Јованчев |
| 6. | Здравко Трајанов |
| 7. | Златко Пенков |
| 8. | Берат Ајдари |
| 9. | Бајрам Кадрија |
| 10. | Атнан Незири |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Даниела Колева |
| 2. | Драгица Ѓавочанова |
| 3. | Лолита Ристова |
| 4. | Диме Велковски |
| 5. | Петар Ристески |
| 6. | Јадранка Поцкова |
| 7. | Миле Лефков |
| 8. | Исмаил Јахоски |
| 9. | Бедри Фазли |
| 10. | Халил Снопче |

*Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Северна Македонија во период од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година има закажано* ***5*** *седници од кои една (тринаесеттата седница) е одложена,* ***4*** *седници се одржани. Вкупно се предложени* ***10*** *точки на дневниот ред, а разгледани се вкупно* ***6*** *точки кои комисијата ги разгледа како матично тело.*

Комисијата разгледа:

- 3 (три) предлог закони во редовна постапка (прво читање);
- 3 (три) предлог закон во скратена постапка кои се поднесени од пратеници;

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во овој период нема предложено амандмани.

Комисијата ги разгледа следниве точки на Дневен ред:

**во редовна постапка (прво читање):**

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој;

**во скратена постапка:**

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој (поднесен од пратениците: Лолита Ристова, Берат Ајдари, Драгица Ѓавочанова, Марија Костадинова, Боби Мојсовски,Панчо Минов, Бедри Фазли, Даниела Колева, Марија Кочовска, Сафије Садики Шаини, Љубица Спасова, Хусни Исмаили, Мартин Костовски, Диме Велковски и Мирослав Јовановиќ);
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите (поднесен од пратениците: Панчо Минов, Бајрам Кадрија, Љубица Спасова, Даниела Колева);
- Предлог на закон за изменување на Законот за фитофармација (поднесен од пратениците: Љупчо Димовски, Благица Ласовска, Никола Мицевски, Петар Ристески, Рашела Мизрахи, Олга Лозановска, Игор Здравковски, Здравко Трајанов, Миле лефков, Јадранка Поцкова, бојан Стојаноски, Зоранчо Јованчев, Тони Јаревски, Драган Ковачки и Бране Петрушевски);

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство од овластени предлагачи беа поднесени 2 (два) амандмана.

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство беа доставени и 3 (три) Предлог закони во редовна постапка кои на 15-та седница не беа разгледани од причина што не беше усвоен дневниот ред на Комисијата и тоа:

- Предлог на закон за изменување на Законот за шумите (прво читање);
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство (прво читање);
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција (прво читање).

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во овој период не одржа јавни и надзорни расправи, работни средби и вебинари.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 6 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 3 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 3 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско - телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот,
- жичарите и ски-лифтовите,
-системите на телекомуникации и радиодифузниот систем,
-изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите,
-просторното и урбанистичкото планирање,
- уредувањето на градежното земјиште,
- станбеното и комуналното стопанисување,
-заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување,
-обезбедување услови за здрава животна средина,
-спречување на штетната бучава,
-заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата и
-други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

Комисијата за транспорт, врски и екологија е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 91/08, 119/10, 23/13 и 66/17). Со оваа Одлука се определени надлежностите на комисиите.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ВЛАДО МИСАЈЛОВСКИ,** - претседател | |
| | **СТОЈАН МИЛАНОВ,** - заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ненад Коциќ | |
| 2. | Коле Чаракчиев | |
| 3. | Марија Георгиевска | |
| 4. | Љупчо Балкоски | |
| 5. | Ане Лашкоска | |
| 6. | Бојан Стојаноски | |
| 7. | Олга Лозановска | |
| 8. | Исмаил Јахоски | |
| 9. | Берат Ајдари | |
| 10. | Сурија Рашиди | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Диме Велковски | |
| 2. | Маја Морачанин | |
| 3. | Сафије Садики Шаини | |
| 4. | Мирослав Јовановиќ | |
| 5. | Бране Петрушевски | |
| 6. | Мирче Аџиоски | |
| 7. | Љупчо Пренџов | |
| 8. | Арбана Пашоли | |
| 9. | Арбен Зибери | |
| 10. | Атнан Незири | |

*Комисијата Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Северна Македонија во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година, има одржано* ***4*** *седници на кои се разгледани вкупно* ***8*** *точки на дневен ред кои Комисијата ги разгледа како матично работно тело.*

***Една точка*** *е симната од дневен ред на дваесет и првата седница од Комисијата: Предлог закон за регулирање на статус на бесправно изградени објекти (прво читање) и една седница е одложена.*

Комисијата во овој период не разгледувала точки како заинтересирано работно тело.

Комисијата разгледа:

- 1 (еден) предлог на закон во второ читање,

- 3 (три) предлог на закони во скратена постапка и
- 4 (четири) Годишни извештаи, годишни програми, финансиски извештаи, статутарни одлуки и информации.

До Комисијата за транспорт, врски и екологија од овластени предлагачи поднесени беа вкупно 16 (шеснаесет) амандмани од кои се усвоени 3 (три) амандмани, а 12 (дванаесет) амандмани се повлечени од овластените предлагачи и еден амандман не е усвоен. Комисијата за транспорт, врски и екологија предложи и усвои 5 (пет) амандмани.

Комисијата во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Комисијата ги разгледа следниве точки на дневен ред:

**во редовна постапка (второ читање):**

- Предлог на закон за дополнување на Законот за животната средина;

**во скратена постапка:**

- Предлог на закон за изменување на Законот за домување;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги;

**Други материјали**

- Предлог на годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година;
- Предлог на годишен финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година;
- Финансиски план за изменување на Финансискиот план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2022 година
- Годишен извештај за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2021 година.

Комисијата за транспорт, врски и екологија во овој период не одржа јавни и надзорни расправи, работни средби и вебинари.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 8 |
| **Поднесени амандмани** | | **6** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 4 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | 3 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за образование, наука и спорт

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование,
-правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието,
-системот и организацијата на научно-истражувачката дејност,
-создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво,
-информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура,
-организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката,
-образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард,
-поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите,
-едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА,
-развој и унапредување на физичката култура,
-развојот на врвниот спорт,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот и
-други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

** Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија, ("Службен весник на Република Северна Македонија" број: 219/20; 237/20 и 284/20)*

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЖАКЛИНА ЛАЗАРЕВСКА,** претседател | |
| | **ЛОЛИТА РИСТОВА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Санела Шкријељ | |
| 2. | Дарко Каевски | |
| 3. | Даниела Колева | |
| 4. | Драгица Ѓавочанова | |
| 5. | Даниела Николова | |
| 6. | Силвана Ангелеска | |
| 7. | Гордана Силјановска Давкова | |
| 8. | Иванка Василевска | |
| 9. | Благица Ласовска | |
| 10. | Игор Здравковски | |
| 11. | Здравко Трајанов | |
| 12. | Вјолца Адеми | |
| 13. | Мерита Колчи Коџаџику | |
| 14. | Халил Снопче | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ненад Коциќ | |
| 2. | Марија Костадинова | |
| 3. | Лидија Тасевска | |
| 4. | Љстифе Шиковска | |
| 5. | Емилија Рамбабова | |
| 6. | Зоран Коцевски | |
| 7. | Велика Стојкова Серафимовска | |
| 8. | Јован Јаулески | |
| 9. | Миле Лефков | |
| 10. | Бети Стаменкоска Трајкоска | |
| 11. | Даниела Христова | |
| 12. | Фисниќе Бектеши Шаќири | |
| 13. | Арбер Адеми | |
| 14. | Илире Даути | |

**Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија, ("Службен весник на Република Северна Македонија" број: 219/20, 237/20, 284/20, 173/21 и 87/22) за членови во Комисијата се избрани Санела Шкријељ и Даниела Николова а за заменик член е избран Зоран Коцевски.*

*Во мандатниот период од 1 јануари до 31 декември 2022 година беа закажани* ***четири*** *седници на Комисијата за образование, наука и спорт. Од нив* ***две*** *седници се завршени и две закажани седници не се започнати. Истовремено во оваа година се одржаа и* ***две продолженија*** *од деветата седница започната во 2021 година со две точки. Разгледани* ***се 4 точки*** *и тоа* ***3*** *закони и* ***една*** *консултативна дискусија.*

**Комисиска расправа по:**

Во скратена постапка на дневен ред на Комисијата е Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитетот Мајка Тереза (поднесен од пратеници),

Согласно со утврдената надлежност, Комисијата расправаше и по консултативната расправа на тема: Трансформирање на образованието - Консултативна дискусија за визијата до 2030 година.

Во извештајниот период Комисијата ја продолжи работата по Деветтата седница започната на 17 мај 2021 година, на чиј Дневен ред беше Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.

Истовремено од оваа седница беше повлечен Законот за изменување и дополнување на Законот за Биро за развој на образованието.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>4</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>3</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони</td><td>1 читање</td><td>2</td></tr>
<tr><td>2 читање</td><td>-</td></tr>
<tr><td>скратена и итна</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">одлуки</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">информации, извештаи, програми, планови</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">уставни измени</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">прашања и предлози</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">други акти</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">јавни расправи</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">надзорни расправи</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за култура

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-организацијата, развојот и унапредувањето на културата,
-заштита на природното и културното наследство во Република Северна Македонија,
-збогатување на историското и уметничкото творештво,
-афирмирање и заштита на врвни културни вредности,
-афирмација и заштита на авторството и авторското право,
-дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство,
-издавачка дејност и библиотекарство,
-споменично одбележување и заштита на спомениците на културата,
-употреба и заштита на македонскиот јазик,
-информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците,
-определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности,
-начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности,
-активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на културата и
-други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **КАСТРИОТ РЕЏЕПИ,** претседател | |
| | , заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Жаклина Лазаревска | |
| 2. | Љупчо Балкоски | |
| 3. | Енес Ибрахим | |
| 4. | Бети Стаменкоска-Трајкоска | |
| 5. | Ане Лашкоска | |
| 6. | Даниела Христова | |
| 7. | Велика Стојкова-Серафимовска | |
| 8. | Бајрам Кадрија | |
| 9. | Арбана Пашоли | |
| 10. | Сурија Рашиди | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Хусни Исмаили | |
| 2. | Љатифе Шиковска | |
| 3. | Соња Мираковска | |
| 4. | Иванка Василевска | |
| 5. | Ѓорѓија Сајкоски | |
| 6. | Игор Здравковски | |
| 7. | Стојан Миланов | |
| 8. | Арбен Зибери | |
| 9. | Мерита Колчи-Коџаџику | |
| 10. | Артина Ќазими | |

*Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2022 година Комисијата за култура одржа* ***една*** *седница на кој беше разгледана една точка на дневен ред:*

* Активности за подготовка на Предлог на програма за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности за 2023 година.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | 1 |
| Вкупно разгледани точки | 1 |
| **Поднесени амандмани** | **-** |
| декларации, резолуции | - |
| информации, извештаи, програми, планови | 1 |
| уставни измени | - |
| иницијативи, стратегии | - |
| други акти | - |
| **јавни расправи** | **-** |
| **надзорни расправи** | **-** |

# Комисија за здравство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-здравствената заштита на населението,
-здравственото осигурување,
-заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи,
-заштита од болестите на зависност и од СИДА,
-хигиенско-епидемиолошката состојба,
-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги,
-санитарниот и здравствениот надзор,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на здравството и
-други прашања што се однесуваат на здравството.

Комисијата за здравство како постојано работно тело на Собранието на Република Македонија е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 37/17).

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **АРБЕН ЗИБЕРИ,** претседател |
| | **БЕДРИ ФАЗЛИ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Маја Морачанин |
| 2. | Бети Рабаџиевска - Наумовска |
| 3. | Ненад Коциќ |
| 4. | Соња Михаиловска |
| 5. | Петар Ристески |
| 6. | Грација Бакраческа |
| 7. | Синиша Стојаноски |
| 8. | Рашела Мизрахи |
| 9. | Берат Ајдари |
| 10. | Артина Казими |
| | **ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Белкиса Зеќири |
| 2. | Бејџан Иљас |
| 3. | Хусни Исмаили |
| 4. | Емилија Рамбабова |
| 5. | Јадранка Поцкова |
| 6. | Дафина Стојаноска |
| 7. | Олга Лозановска |
| 8. | Александар Велјановски |
| 9. | Арта Билали - Зендели |
| 10. | Абдула Салиу |

Согласно со деловничките одредби Комисијата за здравство својата активност ја остварува преку одржување на седници.

*Комисијата за здравство во периодот од 1 јануари до 31 декември 2022 година, свика 4 седници, од кои се оддржаа 3 додека една седница се уште не е завршена и одредни точки не се разгледани.*

За овој период Комисијата одржа 3 седници. Комисијата има поднесено 1 амандман.

Беа разгледани следниве предлози на закони:

- Предлог на закон за изменување на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување;
- Предлог на закон за изменување на Законот за јавно здравје;

- Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност на козметичките производи;
- Предлог на закон за изменување на Законот за хемикалии;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита;
- Предлог на закон за дополнување на Законот за здравствената заштита;

На седниците на Комисијата за здравство се водат конструктивни дебати по прашањата, односно законите од здравствената дејност. Постојани соработници на Комисијата, покрај ресорното министерство, Министерството за здравство се: Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и коморите од областа на здравството: Лекарската комора, Стоматолошката и Фармацевтската комора на Република Северна Македонија.

До Комисијата за здравство се доставени повеќе дописи од невладини организации кои се заинтересирани за здравствената дејност. Секој допис, редовно се проследува, така што се одржуваат работни средби на претседателот на Комисијата, членовите/замениците членови на Комисијата заедно со подносителот на барањето, односно дописот со предлог мерки.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| **Поднесени амандмани** | | **1** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 6 |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | 4 |
| | скратена и итна | 2 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за труд и социјална политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-работните односи и за заштитата на работниците на работа,
- правото на штрајк,
-вработување и права во случај на невработеност,
-заштита на жената на работа и заштита на мајчинството,
-платите и животниот стандард,
-социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните,
-системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата,
-популационата политика, бракот и семејството,
-системот на пензиското и инвалидското осигурување,
-боречко-инвалидската заштита и зашти-тата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност,
- воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на трудот и социјалната политика и
-други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЕЛМИ АЗИРИ,** претседател | |
| | **РАШЕЛА МИЗРАХИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Жаклина Лазаревска | |
| 2. | Санела Шкријељ | |
| 3. | Емилија Рамбабова | |
| 4. | Љатифе Шиковска | |
| 5. | Илија Николовски | |
| 6. | Благица Ласовска | |
| 7. | Силвана Ангелевска | |
| 8. | Велика Стојкова Серафимовска | |
| 9. | Јадранка Поцкова | |
| 10. | Ангелинка Петкова | |
| 11. | Арбен Зибери | |
| 12. | Вјолца Адеми | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Марија Георгиевска | |
| 2. | Лолита Ристова | |
| 3. | Бејџан Иљас | |
| 4. | Соња Михаиловска | |
| 5. | Лидија Тасевска | |
| 6. | Златко Пенков | |
| 7. | Олга Лозановска | |
| 8. | Синиша Стојановски | |
| 9. | Даниела Христова | |
| 10. | Жаклина Пешевска | |
| 11. | Бајрам Кадрија | |
| 12. | Берат Ајдари | |

*Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2022 година Комисијата за труд и социјална политика одржа* ***7 седници*** *на кои беа разгледани* ***16 точки*** *на дневен ред, а една точка е неразгледана:*

**На деветнаесеттата седница на Комисијата разгледана е една точка**

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална

плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка.

**На дваесеттата седница на Комисијата разгледана е една точка**

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка.

**На дваесет и првата седница на Комисијата разгледана е една точка**

-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за социјалната заштита, по скратена постапка.

**На дваесет и втората седница на Комисијата разгледана е една точка**

-Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка.

**На дваесет и третата седница на Комисијата разгледани се две точки, а една не е разгледана**

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка.

-Предлог на закон за изменување на Законот за работните односи, прво читање, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов.

**(неразгледана)** Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, прво читање, поднесен од пратениците Илија Николовски, Белкиса Зеќири, Бети Рабаџиевска Наумовска, Вјолца Адеми, Даниела Николова, Дарко Каевски, Диме Велковски, Жаклина Лазаревска, Коле Чаракчиев, Лидија Тасевска, Лолита Ристова, Марија Костадинова, Марија Кочовска, Снежана Калеска Ванчева и Соња Михаиловска

**На двасесет и четвртата седница на Комисијата разгледани се седум точки,**

-Предлог на закон за изменување на законот за заштита на децата, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување на законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници;

-Предлог на закон за изменување на законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, прво читање;

-Годишен извештај за работењето на агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2021 година;

-Ревидирани финансиски извештаи на агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2021 година и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за семејството, прво читање, поднесен од група пратеници

**На дваесет и петтата седница на Комисијата разгледани се три точки**

-Предлог на закон за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, второ читање;

-Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување за 2023 година и

-Предлог на одлука за висината на месечниот надомест, што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2023 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 16 |
| **Поднесени амандмани** | | **1** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 16 |
| Закони | 1 читање | 3 |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | 8 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 3 |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за локална самоуправа

Комисијата за локална самоуправа е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија, основано со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Северна Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/14), со која се определени надлежностите на Комисијата.

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-локалната самоуправа,
-територијалната организација на локалната самоуправа во Република Северна Македонија,
-следење на развојот и мерките за унапредување на локалната самоуправа,
-следење на состојбата на територијалната организација и на стандардите за големина, населението и потребите на локалната самоуправа,
-следење на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување на порамномерен регионален развој,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа и
-следење на остварувањето и користењето на средствата наменети за рамномерен регионален развој

*Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2022 година Комисијата за локална самоуправа не оддржа седници.*

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АНЕ ЛАШКОСКА,** претседател | |
| | **ЃОРЃИЈА САЈКОСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ненад Коциќ | |
| 2. | Мартин Костовски | |
| 3. | Љупчо Балкоски | |
| 4. | Мирослав Јовановиќ | |
| 5. | Драгољуб Филиповски | |
| 6. | Миле Лефков | |
| 7. | Златко Пенков | |
| 8. | Зоран Коцевски | |
| 9. | Силвана Ангелевска | |
| 10. | Исмаил Јахоски | |
| 11. | Бајрам Кадрија | |
| 12. | Атнан Незири | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Миле Талевски | |
| 2. | Марија Костадинова | |
| 3. | Панчо Минов | |
| 4. | Фаница Николовска | |
| 5. | Мухамет Кадриов | |
| 6. | Александар Велjановски | |
| 7. | Грација акрачевска | |
| 8. | Здравко Трајанов | |
| 9. | Велика Стојкова-Серафимовска | |
| 10. | Фиснике Бектеши-Шаќири | |
| 11. | Мерита Колчи-Коџаџику | |
| 12. | Халил Снопче | |

Комисијата за локална самоуправа зема учество на тркалезната маса која беше организирана во рамките на **Проектот на УСАИД за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите. Експертската тркалезна маса: Асиметрична децентрализација на надлежностите на локалната самоуправа во Република Северна Македонија** се одржа на **15-ти јуни 2022 година.**

Во рамки на истиот проект на УСАИД на 22 јуни 2022 година во Скопје, Комисијата за локална самоуправа учествуваше на настанот: **„Мобилизација на општински приходи од сопствени извори"**.

На настанот беа претставени меѓународни и домашни успешни практики за ефективно мобилизирање на општинските приходи од сопствени извори, а беше споделен ставот на ЗЕЛС за администрирање на данокот на имот и потребата од подобрување на законската рамка во однос на ова прашање.

На **2 декември 2022 година Комисијата за локална самоуправа присуствуваше на** вториот годишен форум за локална самоуправа **“Партнерство за одржливи локални самоуправи”**, во организација на УСАИД, Министерството за финансии и Министерството за локална самоуправа.

Комисијата за локална самоуправа на 12 декември 2022 година зеде учество на Конференцијата за децентрализација и локална самоуправа во организација на УНДП.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив,

-разгледување на Предлогот на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите,

-следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите,

-поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите,

-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите,

-соработка со соодветните комисии на другите земји и

-други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА ДАВКОВА,** претседател | |
| | **БЕТИ СТАМЕНКОСКА ТРАЈКОСКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Моника Зајкова | |
| 2. | Маја Морачанин | |
| 3. | Даниела Колева | |
| 4. | Марија Ангелова | |
| 5. | Силвана Ангелевска | |
| 6. | Рашела Мизрахи | |
| 7. | Марија Петрушевска | |
| 8. | Арта Билали-Зендели | |
| 9. | Фисники Бектеши-Шаќири | |
| 10. | Илире Даути | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Сафије Садики Шаини | |
| 2. | Соња Михаиловска | |
| 3. | | |
| 4. | Панчо Минов | |
| 5. | Лидија Петкоска | |
| 6. | Ели Панова | |
| 7. | Синиша Стојаноски | |
| 8. | Мерита Колчи-Коџаџику | |
| 9. | Арбана Пашоли | |
| 10. | Артина Ќазими | |

Во периодот од 1 јануари 2022 до 31 декември 2022 година Комисијата за еднакви можности на жените и мажите одржа 3 (три) седници.

**Седмата седница** Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република С. Македонија ја одржа на 29 март 2022 година, со следниов дневен ред:

1. Предлог на стратегија за родова еднаквост 2021-2026

**Осмата седница** на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите се одржа на 13 март 2022 година со следниот дневен ред:

1. **Јавна расправа на тема:** Предлог план на активности за унапредување на родовата сензитивност на собранието на Република С. Македонија 2022-2024

**Деветтата седница** Комисија за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република С. Македонија ја одржа на 30 мај 2022 година, со следниов дневен ред:

1. Формирање на Работна група за реализација на Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република С. Македонија 2022-2024

Со работната група претседава претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, нејзина заменичка е претседателката на Клубот на пратенички, со поддршка на Генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија.

Во нејзиниот состав влегуваат:
*две пратенички и пратеници од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите;
*две пратенички од Клубот на пратенички
*пет (претставници на стручната служба вклучувајќи го и Парламентарниот Институт) и тоа Гордана Сиљановска Давкова, Лолита Ристова, Снежана Калеска Ванчева, Благица Ласовска, Илире Даути, Арбана Пашоли и дополнително на предлог на пратеници во работната група влегоа и пратеничките Марија Костадинова и Соња Михајлова, од службата Моника Стојаноска Здравковска, Симона Сарделиќ, Фани Коровешовска, Катерина Тасевска, Елена Коцева и три претставници од НВО од оваа област Даниела Димитриевска, Македонското женско лоби, Марија Савовска од Акција Здруженска, како претставничка на Платформата за родова еднаквост и Савка Тодоровска, National Council for Gender Equality(NCGE) – UWOM.

***

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Клубот на пратенички на Собранието на Република С. Македонија во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје организираа Работилница за финализација на Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република С. Македонија 2022-2023 и предлог измените на Деловникот од родов аспект, која се одржа од 17-19 март 2022 година во хотел “Радика” во Маврово.

Овој нацрт план, како и претходниот, се фокусира на мерките за зголемување на застапеноста на жените во Собранието, институционализирањето на мерките за родово сензитивно законодавство и надзор, продолжување на професионалниот развој на пратениците и пратеничките и собраниската служба и вклучување на родот во процедурите и политиките на Собранието. Овој план е зајакнат со посебен дел за активностите на Клубот на пратенички.

На 25 март 2022 година претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Гордана Сиљановска Давкова, заменик претседателката на Клубот на пратенички, Благица Ласовска и пратеничката Снежана Калеска Ванчева одржаа средба со Ина Џугуманова Тона Карева и Наташа Петковска од Хелсиншки комитет за човекови права, со посредство на Александра Крстеска од НДИ. На состанокот тие ја претставија законодавната иницијатива за воведување на делото на „сексуална изнуда” како кривично дело во Кривичниот законик и побараа поддршка од пратеничките за воведување на ова кривично дело како

облик на родово базирано насилство. Според нив доколку ова дело се предвиди како квалификаторен облик, државата меѓу другото ќе може да води и статистика на овие случаи.

**Меѓународни активности**

Вестминстерската фондација за демократија (WFD) и мрежата HUGEN (Мрежа на комисии за човекови права и родова еднаквост во Западен Балкан) ја одржа Трета годишна конференција на мрежата HUGEN во Скопје, хотел "Холидеј Ин", во текот на 15 и 16 март 2022 година.

Во рамки на студиска посета на делегација од парламентот на Република Таџикистан на 30 март 2022 година претседателката и членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, заедно со Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија и пратеничката група за соработка на Република Северна Македонија за соработка на Парламентите на Република Казахстан, Киргистанска Република, Република Таџикистан, Република Узбекистан и Турменистан одржаа средба со пратенички од Парламентот на Република Таџикистан на тема: Размена на добри практики за вклучување на родовата перспектива и зајакнување на улогата на жените во Парламентот на Северна Македонија. Ова беше можност жени лидерки и активистки да разменат добри практики за вклучување на родовата перспектива и зајакнување на улогата на жените во Парламентот, како и донесување законодавство поврзано со родот, предизвици и успеси во вклучувањето на родовите аспекти во главните политики.

Членовите на Комисијата, пратеничките Даниела Колева, Арта Билали Зендели, Маја Морачанин, Марија Петрушевска, Арбана Пашоли и Рашела Мизрахи учествуваа на Симоне Веил модулот за „Комуникација и преговарање со влијание" на 31 март 2022 година. Учеснички на овој модул беа 12-15 пратенички од Албанија, Северна Македонија и Косово.

На 15 и 16 декември 2022 година претседателката на комисијата Гордана Сиљановска Давкова заедно со претседателката на Клубот на пратенички Лолита Ристова и пратеничката Арта Билали Зендели учествуваше на регионалната конференција во организација на Сојузот на жените од парламентот на Тирана, Албанија со поддршка на ОБСЕ и ОДИХР. На конференцијата беше потпишана и заедничка Декларација за Регионална соработка за следниот период.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 3 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| иницијативи, стратегии | | 1 |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **1** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања,
-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела,
-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието,
-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот,
-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај,
-имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се од деловнички карактер и кои се однесуваат на мандатно-имунитетните прашања и
-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

***Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања** во период од 1 јануари 2022 до 31 декември 2022 година оддржа 2 седници на кои разгледа само една точка бидејќи на едната седница дневниот ред не се усвои.*

Комисијата во рамките на своите надлежности кои произлегуваат од Деловникот на Собранието на Република Македонија и Одлуката за основање на работни тела, ги разгледува извештаите на Државната изборна комисија за пратеници избрани од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ПАНЧО МИНОВ,** претседател | |
| | **ДАРКО КАЕВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Белкиса Зеќири | |
| 2. | Хусни Исмаили | |
| 3. | Мухамед Кадриов | |
| 4. | Игор Јанушев | |
| 5. | Дајанчо Ефтимов | |
| 6. | Јован Јаулески | |
| 7. | Арбана Пашоли | |
| 8. | Халил Снопче | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Горан Мисовски | |
| 2. | Соња Мираковска | |
| 3. | Даниела Маркоска | |
| 4. | Никола Мицевски | |
| 5. | Благица Ласовска | |
| 6. | Дафина Стојаноска | |
| 7. | Рина Ајдари | |
| 8. | Марија Kostadinova | |

Согласно со оваа надлежност Комисијата, на 26 јануари 2022 година го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, согласно со членот 153-а од Изборниот законик, и согласно со членот 17 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, му предложи на Собранието на Република Северна Македонија да го верифицира мандатот за пратеникот од листата на кандидати за остатокот од мандатот:

САНЕЛА ШКРИЈЕЉ, поднесена од овластениот подносител КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ (СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ, ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДВИЖЕЊЕ БЕСА – БЕСА, НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – НСДП, ЛИБЕРАЛНОДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА –

ЛДП, ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА – ПЕИ, ОБЕДИНЕТА ПАРТИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ НА РОМИТЕ – ОПЕР, ПАРТИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА – ПДТ, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА – ДСВМ, НОВА АЛТЕРНАТИВА – НА, „ПАРТИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ 21г – ПЕП 21, ПАРТИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕН И ЕКОНОМСКИ НАПРЕДОК – ПОЕН, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ – ДС, ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДОСТОИНСТВО ППД, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, СРПСКА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА – ССМ, БОШЊАЧКИ ДЕМОКРАТСКИ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОЈУЗ, ПАРТИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ – ПП, ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ НА РОМИТЕ – ПДПР, ВМРО-НАРОДНА ПАРТИЈА – ВМРО-НП, ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА – ДОМ, ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА – ОМ, ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ЦЕР ОД РСМ И СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА), во Изборната единица број 2.

МАРИЈА КОЧОВСКА, поднесена од овластениот подносител КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ (СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ, ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДВИЖЕЊЕ БЕСА – БЕСА, НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – НСДП, ЛИБЕРАЛНОДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – ЛДП, ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА – ПЕИ, ОБЕДИНЕТА ПАРТИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ НА РОМИТЕ – ОПЕР, ПАРТИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА – ПДТ, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА – ДСВМ, НОВА АЛТЕРНАТИВА – НА, „ПАРТИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ 21г – ПЕП 21, ПАРТИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕН И ЕКОНОМСКИ НАПРЕДОК – ПОЕН, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ – ДС, ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДОСТОИНСТВО ППД, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, СРПСКА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА – ССМ, БОШЊАЧКИ ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ, ПАРТИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ – ПП, ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ НА РОМИТЕ – ПДПР, ВМРО-НАРОДНА ПАРТИЈА – ВМРО-НП, ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА – ДОМ, ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА – ОМ, ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

На 6 јуни 2022 година, Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања ја оддржа Дванаесеттата седница со следниов дневен ред

-Пријава за повреда на Етичкиот кодекс од страна на пратеникот Талат Џафери, поднесена од пратениците Дафина Стојаноска, Антонијо Милошоски, Ели Панова, Рашела Мизрахи, Александар Николоски, Дајанчо Ефтимов, Александар Велјановски, Бети Стаменкоска Трајкоска, Зоран Коцевски, Драган Ковачки, Тони Јаревски, Лидија Петкоска, Бојан Стојаноски, Велика Стојкова Серафимовска, Даниела Христова, Иванка Василевска, Благица Ласовска и Љупчо Пренџов, под архивски број 30-2335/1 од 18 мај 2022 година. ( дневниот ред не беше усвоен).

***Меѓународна соработка и работилница***

Во рамките на активностите на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), а заедно со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и ОДИХР, а во соработка со Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања се спроведува процес на подобрување на системот на парламентарна етика и унапредување на актите кои ја регулираат оваа област на делувањето на пратениците.

Изминатиот период Комисијата интензивно работеше на оваа тема, што резултираше со подготовка на нов Етички кодекс за пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и ново Упатство за примена на етичкиот кодекс за пратениците во Собранието на Република Северна Македонија. Покрај овие документи, произлегоа и низа други документи кои се во насока на обезбедување на конзистентна основа за донесување на Кодексот и за негова примена, како и воспоставување на механизми за негово следење и механизми за превенција и постапување во случај на прекршување на Кодексот од страна на пратениците, вклучувајќи и соодветни мерки.

Предлог Етичкиот кодекс за пратениците и Предлог на упатството за примена на етичкиот кодекс беа доставени на мислење до ОДИХР со цел на обезбедување на највисока експертска поддршка од институција која е задолжена за развивање и следење на системите на парламентарната етика. Добиените коментари и сугестии за подобрување на текстот на двата споменати документи се инкорпорирани соодветно, во насока на обезбедување на сеопфатни и квалитетни акти кои ќе придонесат за унапредување на парламентарната етика во целина.

Со цел, финално разгледување и потврдување на конечниот текст на Етичкиот кодекс за пратениците и Упатството за примена на етичкиот кодекс за пратениците, но и пнатамошните чекори за развивање на системот за парламентарна етика, од страна на Програмата за парламентарна поддршка (ППП) беше организирана работилница за членовите на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања и други заинтересирани пратеници која се одржа на 14 и 15 февруари 2022 година во Кавадарци.

По завршувањето на работилницата со соодветно вградување на предлозите и забелешките кои произлегоа од настанот беа изготвени финалните верзии на предлог Етичкиот кодекс за пратениците и предлог Упатството за примена на етичкиот кодекс.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 1 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Буџет, ребаланс | Закони постапка: 1 читање | Закони постапка: 2 читање | Закони постапка: скратена, итна | Поднесени амандмани | ратификации | други акти | јавни расправи | надзорни расправи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| уставни прашања | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Законодавно-правна комисија | **57** | **180** | 2 | 25 | 33 | 53 | **2** | 12 | 55 | - | - |
| одбрана и безбедност | **14** | **27** | - | - | 6 | 1 | - | - | 20 | - | - |
| политички систем и односи меѓу заедниците | **10** | **23** | - | 7 | - | 2 | **9** | - | 14 | - | - |
| надворешна политика | **8** | **20** | - | - | - | - | **1** | 12 | 8 | - | - |
| европски прашања | **21** | **47** | - | 18 | 13 | 12 | **41** | - | 3 | **1** | - |
| прашања на изборите и именувањата | **5** | **20** | - | - | - | - | - | - | 20 | - | - |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | **1** | **2** | - | - | - | - | - | - | 2 | - | - |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и МО | **2** | **6** | - | - | - | - | - | - | 6 | - | - |
| финансирање и буџет | **22** | **31** | 3 | 1 | 3 | 17 | **39** | - | 7 | - | - |
| економски прашања | **8** | **20** | 8 | 5 | 5 | - | - | - | 2 | - | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | **4** | **6** | 3 | - | 3 | - | - | - | - | - | - |
| транспорт, врски и екологоја | **4** | **8** | - | 1 | 3 | - | **6** | | 4 | - | - |
| образование, наука и спорт | **2** | **4** | - | 2 | - | 1 | - | - | 1 | - | - |
| култура | **1** | **1** | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - |
| здравство | **3** | **6** | - | - | 4 | 2 | **1** | - | - | - | - |
| труд и социјална политика | **7** | **16** | - | 3 | 1 | 8 | **1** | - | 4 | - | - |
| локална самоуправа | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| еднакви можности на жените и мажите | **3** | **3** | - | - | - | - | - | - | 2 | **1** | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | **2** | **1** | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - |
| **Вкупно:** | **174** | **421** | **16** | **62** | **71** | **96** | **100** | **24** | **150** | **2** | **-** |

# 4.2 ПОСЕБНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.2.1. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, утврдено со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, утврдено со Уставот и закон;

разгледува прашања во врска со односите меѓу заедниците во Република Северна Македонија, дава предлози и мислења за решавање на прашањата во врска со односите меѓу заедниците во Република Северна Македонија и предлозите и мислењата ги доставува до Собранието и

-Комитетот донесува одлука за начинот на одлучување во Собранието при донесување на закони во случај на спор во врска со спроведувањето на постапката на гласање кои се однесуваат и особено ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АРБАНА ПАШОЛИ,** претседател | |
| | **ЕНЕС ИБРАИМ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| | **Од редот на пратениците Македонци** | |
| 1. | Лазе Таневски | |
| 2. | Марија Кочовска | |
| 3. | Марија Георгиевска | |
| 4. | Даниела Марковска | |
| 5. | Дафина Стојаноска | |
| 6. | Александар Велјановски | |
| 7. | Велика Стојкова-Серафимовска | |
| | **Од редот на пратениците Албанци** | |
| 8. | Мерита Колчи Коџаџику | |
| 9. | Берат Ајдари | |
| 10. | Бедри Фазли | |
| 11. | Кастриот Реџепи | |
| 12. | Скендер Реџепи | |
| 13. | Сурија Рашиди | |
| 14. | **Од редот на заедницата на Власите**, Љупчо Балкоски | |
| 15. | **Од редот на пратениците Роми**, Љатифе Шиковска | |
| 16. | **Од редот на пратениците Срби**, Иван Стоилковиќ | |
| 17. | **Од редот на пратениците Бошњаци**, Зеќир Рамчиловиќ | |

*Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на извештајниот период одржа* ***шест седници.***

**-Седмата седница** на Комитетот се одржа на 20 јануари 2022 година, со дневен ред:

* Обраќање на Високиот комесар за национални малцинства на ОБСЕ Н.Е. Кајрат Абдракхманов.

**-Осмата седница** на Комитетот се одржа на 3 февруари 2022 година, со дневен ред:

* Разгледување на Извештајот за работа на Комитетот за односи меѓу заедниците за 2021 година

-**Деветтата седница** на Комитетот се одржа на 28 февруари 2022 година, со дневен ред:
- Ревидирање на Програмата за работа на Комитетот за односи меѓу заедниците за 2021 година и координација на активности на Комитетот за 2022 година

-**Десеттата седница** на Комитетот се одржа на 24 март 2022 година, со дневен ред:
* Говорот на омраза како валута на национализмот: институционален одговор во Северна Македонија, со посебен акцент на амбивалентната улога на образованието и справување со говорот на омраза и национализам преку образованието

-**Единаесеттата седница** на Комитетот се одржа на 23 мај 2022 година, со дневен ред:
* Договор за меѓусебна соработка, координација и спроведување на активности, имплементација и реализација на проекти од заеднички интерес со Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија.

-**Дванаесеттата седница** на Комитетот се одржа на 07 јули 2022 година со дневен ред:
* Комеморативна седница за одбележување на 11 јули- Ден за сеќавање на геноцидот во Сребреница

***Работни средби и работни посети на Комитетот за односи меѓу заедниците и активности на претседателката на Комитетот.***

Комитетот за односи меѓу заедниците, во текот на Извештајниот период оствари работни средби со:

* претставници на Делегацијата на ЕУ во Скопје на 20 јануари 2022 година;

* меѓусебна средба на членовите на Комитетот во врска со Студијата за Говор на омраза како валута на национализмот: институционален одговор во Северна Македонија, на 10 февруари 2022 година. Работната средба е продолжение на соработката на Комитетот со Директоратот на Канцеларијата на Меѓународниот Републикански Институт (ИРИ) во Босна и Херцеговина, а со цел зајакнување на успешноста на институциите и нивната професионалност;

* работна посета на СУГС Гимназијата “Јосип Броз - Тито” Скопје, на 16 февруари 2022 година во рамките на реализацијата на активностите поврзани со меѓународниот проект Говор на омраза како валута на национализмот: институционален одговор во Северна Македонија, а во контекст на образованието како суштинска алатка за зголемување на интеркултурното разбирање;

* работна посета на ЈОУДГ “Фидани” - Чаир, Скопје на 10 март 2022 година во рамките на реализацијата на активностите поврзани со меѓународниот проект Говор на омраза како валута на национализмот: институционален одговор во Северна Македонија, а во контекст на образованието како суштинска алатка за зголемување на интеркултурното разбирање;

* работна посета на ООУ „Свети Кирил и Методиј” - Центар, Скопје, на 14 март 2022 година, во рамките на реализацијата на активностите поврзани со Меѓународниот проект „Говор на омраза како валута на

национализмот: институционален одговор во Северна Македонија", а во контекст на образованието како суштинска алатка за зголемување на интеркултурното разбирање;

* онлајн работна средба преку ЗООМ платформата со претставници на Меѓународниот Републикански Институт (ИРИ) во Босна и Херцеговина на 28 март 2022 година, во просториите на Парламентарниот институт;

* работна посета на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците на граѓаните на Шуто Оризари и на граѓаните на Гази Баба од населбата Кланица, заедно со Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, на 6 април 2022 година, со цел одблизу да се запознае животот на ромската заедница за поголемо разбирање и чувствителност, како и заедничка посветеност во решавањето на предизвиците со кои се соочуваат Ромите;

* во пресрет на Меѓународниот ден на Ромите - 8 април, членови на Комитетот за односи меѓу заедниците заедно со Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, на 7 април 2022 година во Собранието на РСМ беше одбележан овој ден;

* интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите при Собранието на РСМ заедно со членови на Комитетот за односи меѓу заедниците на 13 април 2022 година, организираше тематска средба со претставници на институции, граѓански здруженија и со поединци од ранливите категории, за запознавање со „Стратегијата за вклучување на Ромите 2022-2030" како и за зајакнување на придонесот во однос на нејзиното спроведување;

* присуство на претседателката на Комитетот, Арбана Пашоли на одбележување на 9 мај, Денот на Европа, во организација на Делегацијата на ЕУ во Скопје;

* со цел реализација на Програмата за работа на Комитетот за односи меѓу заедниците за 2022 година во делот за соработка со комисиите за односи меѓу заедниците на локално ниво, Комитетот на ден 20 мај 2022 година оствари работна посета и средба со Комисијата за односи меѓу заедниците на општина Струга, со градоначалникот на општината д-р Рамис Мерко и претседателката на Советот на општината Арбереша Влаши;

* присуство на претседателката на Комитетот, Арбана Пашоли на Самитот за демократија во Југоисточна Европа (СЕЕДЕМ) организирано од Меѓународниот Републикански Институт (ИРИ) во Црна Гора на 29-31 мај 2022 година;

* работна посета и средба со Комисијата за односи меѓу заедниците на општина Дебар, со градоначалникот на општината д-р Хекуран Дука и со претседателот на Советот на општината Фуат Спахиу на 10 и 11 јуни 2022 година;

* работна средба со Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција и со граѓанските организации во РСМ на 23 јуни 2022 година;

* интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите при Собранието на РСМ заедно со членови на Комитетот за односи меѓу заедниците, на 3 август 2022 година, беше на настанот организиран по повод Денот на холокаустот на Ромите и изложбата: „Низ лавиринтот на ромската историја -5 соби”;

* на покана на Мрежата за застапување на систематски и одржливи решенија на чело со г. Зоран Димов, Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите при Собранието на РСМ заедно со членови на Комитетот за односи меѓу заедниците на 4 ноември 2022 година, учествуваше на настанот организиран по повод одбележувањето на 5 ноември - Светски ден на ромскиот јазик;

* учество на 6-тиот глобален симпозиум за ниска плодност и стареењето на населението одржан на од 8 до 10 ноември 2022 година во Сеул, Република Јужна Кореа. Симпозиумот беше организиран од страна на Унитед Натионс Популатион Фунд (УНФПА) во соработка со Владата на Република Јужна Кореа;

* во својство на претседател на КМНБ и како член на Работната група за Западен Балкан за закани по демократијата, иницирана од Меѓународниот републикански институт (ИРИ), претседателката на Комитетот за односи меѓу заедниците учествуваше на форумот: „Промовирање транспарентност за регионална стабилност”, којшто се одржа во Белград од 13 до 15 ноември 2022 година.

* работна средба Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија заедно со Комитетот за односи меѓу заедниците со членови на Граѓанскиот сектор на 17 ноември 2022 година;

* работна средба со членовите на Комитетот со двајца надворешни оценувачи, Сорен Киел и Стефани Марсал на 24 ноември 2022 година;

* на покана на Коалицијата на ромски граѓански организации „Кетане”, Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите при Собранието на РСМ заедно со членови на Комитетот за односи меѓу заедниците, на 5 декември 2022 година присуствуваше на настанот: „Финансирање програми посветени на Ромите - очекувања на ромската заедница и граѓанските организации и покрај очекувањата на донаторската заедница” и

* учество на настанот по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на човековите права на 10 декември 2022 година, организирано од Агенцијата за остварување на правата на заедниците (АОПЗ) во просториите на Владата на Република Северна Македонија.

# 4.3 СОВЕТИ

## 4.3.1 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

**НАДЛЕЖНОСТИ**

- донесува годишна програма за содржината на програмите што се емитуваат на Собранискиот канал, а ги обезбедува Собранието согласно со членот 32-а од овој закон, најдоцна до 1 јуни во тековната година за наредната година,
-донесува годишен план за видот и содржината на програмите од работата на Собранието со учество на пратениците, едукативните програми и програмите од информативен карактер што Собранието ги изработува самостојно или копродукциски, најдоцна до 1 јуни во тековната година за наредната година,
- ја следи релизацијата на годишниот план за видот и содржината на програмите од работата на Собранието со учество на пратениците, едукативните програми и програмите од информативен карактер што Собранието ги изработува самостојно или копродукциски,
- дава насоки на Собранискиот канал за програмската шема и ја разгледува реализацијата на програмската шема најмалку на три месеци и дава забелешки и предлози во врска со програмската шема,
-донесува финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал, за програмските содржини од членот 32-а од Законот за Собранието на Република Македонија,
го разгледува и дава мислење на годишниот извештај за работа на јавниот радиодифузен сервис за претходната година во делот за Собранскиот канал,
- ја разгледува програмата за работа и финансискиот план на јавниот радиодифузен сервис за наредната година во делот за Собранскиот канал,
- донесува деловник за својата работа и
- врши други работи поврзани од работата на Собранискиот канал

- донесува финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал, за програмските содржини од членот 32-а од Законот за Собранието на Република Македонија

Ингеренциите на Советот на Собранискиот канал се содржани во Законот за Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија број 104/09) и Законот за изменување и дополнување на Законот за Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија број 174/21).

Унапредувањето на Собранискиот канал ја наметна потребата од измена и дополна на Законот за Собранието на Република Македонија во делот за Собранискиот канал и допрецизирање на одредбите што се однесуваат за емитување на програмите на Собранискиот канал, надлежностите на Советот на Собранисиот канал и неговото работење (Службен весник на Република Северна Македнија број 174/21), кој се донесе на седницата на Собранието одржана на 29 јули 2021 година.

На Собранискиот канал се емитуваат активности од работата на Собранието и други програмски содржини под услови и начин утврдени со закон.

Собранискиот канал ги информира и образува граѓаните за политичкиот живот, преку парламентарни, образовни и граѓански програми.

Собранискиот канал емитува програми од интерес за социјалната кохезија, меѓуетничкиот соживот, културните разлики и борбата против сите видови дискриминација и нуди програми кои ја одразуваат разноликоста на македонското општество.

Собранискиот канал се грижи за обезбедување на политичката рамноправност и соодветна јазична застапеност во емитуваните програми.

Собранието обезбедува услови за пренос на телевизиски сигнал до јавниот радиодифузен сервис, а јавниот радиодифузен сервис до крајните корисници. Собранието за Собранискиот канал може да обезбеди услови и за дополнителни услуги како електронски програмски водич, телопи и титлови.

На Собранискиот канал се емитуваат директни преноси од седниците на Собранието, директни преноси и снимки од седниците на работните тела и на другите тела на Собранието.

На Собранискиот канал може да се емитуваат:

-меѓународни активности, официјални државни посети и средби на претседателот на Собранието и на постојаните делегации во меѓународните парламентарни собранија, повремените делегации на Собранието и пратеничките групи за соработка со другите парламенти,

-свечени настани кои се одржуваат во Собранието и

-конференции, културни и други настани кои се одржуваат во Собранието или настани кои се под покровителство на Собранието.

На Собранискиот канал може да се емитуваат програми од работата на Собранието со учество на пратениците, едукативни програми и програми од информативен карактер кои Собранието ги изработува самостојно или копродукциски. Едукативните програми и програмите од информативен карактер особено се наменети за информирање на граѓаните за прашања од надлежност на Собранието. Содржините за Собранискиот канал ги обезбедува Собранието. Трошоците за создавање на овие програмски содржини се обезбедуваат од Буџетот на Собранието.

На Собранискиот канал може да се емитуваат седници на Европскиот парламент, Генералното собрание на Организацијата на Обединетите нации, како и седници, конференции и други активности на меѓународни организации.

Собранието склучува договор со јавниот радиодифузен сервис за емитувањето на активности на Собранието и на други програмски содржини на Собранискиот канал.

Собранието може да воспостави соработка за преземање програмски содржини, коишто ќе се емитуваат на Собранискиот канал, врз основа на одлука на Советот на Собранискиот канал.

Уредувачката одговорност на Собранискиот канал ја има јавниот радиодифузен сервис.

Јавниот радиодифузен сервис е должен да постапува согласно со годишната програма за содржините на програмите на Собранискиот канал.

Програмската шема на Собранискиот канал се усогласува со Советот на Собраниски канал на начин утврден со Законот за Собранието на Република Македонија и договорот кој Собранието го склучува со јавниот радиодифузен сервис за емитувањето на активности на Собранието и на други програмски содржини на Собранискиот канал.

Собранието основа Совет на Собранискиот канал кој е составен од претседател и 10 членови од кои шест пратеници од парламентарното мнозинство и четири пратеници од парламентарната опозиција.

На предлог на претседателот на Собранието, потпретседателот на Собранието од редот на опозицијата е претседател на Советот на Собранискиот канал.

Претседателот и членовите на Советот на Собранискиот канал ги избира Собранието.

До изборот на претседателот на Советот, седниците ги свикува и со Советот претседава претседателот на Собранието, со право на одлучување.

Членовите на Советот на Собранискиот канал имаат свои заменици предложени и избрани по истиот критериум како и членовите.

Советот на Собранискиот канал работи на седници.

Седница на Советот свикува претседателот на Советот. Претседателот свикува седница и ако тоа го побара претседателот на Собранието или најмалку една третина од членовите на Советот, кои треба да достават материјал за прашањето што предлагаат да се стави на дневен ред на седницата.

Ако претседателот на Советот не свика седница кога е должен тоа да го стори, седницата ја свикува претседателот на Собранието и со седницата претседава членот на Советот што ќе го определи претседателот на Собранието до завршувањето на седницата.

Во работата на Советот на Собранискиот канал, присуствуваат генералниот Секретар на Собранието и раководителот на организационата единица надлежна за поддршка на Советот на Собранискиот канал или лице кое тој ќе го определи, без право на одлучување.

Во работата на Советот на Собранискиот канал учествува главниот и одговорен уредник на Собранискиот канал, а во случај на негова спреченост присуствува овластен претставник на јавниот радиодифузен сервис без право на одлучување.

Во работата на Советот на Собранискиот канал по потреба учествуваат и надворешни членови-експерти од соодветна област, без право на одлучување.

Советот на Собранискиот канал одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, а најмалку со една третина од вкупниот број членови.

Годишната програма и годишниот план Советот на Собранискиот канал ги доставува до јавниот радиодифузен сервис и ги објавува на веб-страницата на Собранието во рок од три дена од денот на донесувањето.

Советот на Собраниски канал, финансискиот и инвестициски план го донесува најдоцна до 30 јуни во тековната за наредната година и го доставува на согласност до Буџетскиот совет на Собранието.

Буџетскиот совет е должен да ја донесе одлуката за давање на согласност на финансиски и инвестициски план на Собранискиот канал најдоцна до 15 јули во тековната за наредната година. Доколку Буџетскиот совет не донесе одлука за давање на согласност, се смета дека согласноста е дадена.

Доколку во Собранието не е основан Совет на Собраниски канал и не е донесен финансискиот и инвестициски план средствата за Собранискиот канал во Предлог-буџетот на Собранието за наредната година ќе бидат утврдени врз основа на последниот донесен финансиски и инвестициски план на Собранискиот канал.

Со реконструкцијата и доградбата на Собраниската зграда се создадени посебни просторни услови - ТВ студио за емитување на програма. Постапката за јавна набавка за опрема за работа на студиото на Собранискиот канал заврши на крајот на 2022 година, по што во 2023 година ќе следи нејзино испорачување и монтирање со што ќе се создадат технички претпоставки за продукција на програма.

Во Секторот за поддршка на Советот на Собранискиот канал се вработени 5 службеници (од кои 3 на крајот на првата третина на годинава, а еден на крајот на годината): раководител на сектор и негов заменик, раководител на одделение за поддршка на Советот на Собранискиот канал и подготовка на програма, советник и помлад соработник во ова одделение.

Советот на Собранискиот канал во овој мандат се уште не е формиран.

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Северна Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Северна Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,
-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,
-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Северна Македонија,
-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;
-донесува деловник за својата работа и
-врши и други работи утврдени со закон.
Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Северна Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на седницата на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008 година). Оваа одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија (''Службен весник на Република Македонија'' број 104/2009).

Буџетскиот совет има претседател, заменик на претседател и 9 членови од редот на пратениците на Собранието на Република Северна Македонија. Претседател на Буџетскиот совет е еден од потпретседателите на Собранието, а заменик на претседател е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет.

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување, присуствува генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и раководителот на организациската единица надлежна за финансиски прашања или лице кое тој ќе го определи.

Со седниците на Буџетскиот совет претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија и претседател на Буџетскиот совет, г. Горан Мисовски.

**Во извештајниот период Буџетскиот совет одржа 6 седници на кои беа разгледани 6 точки.**

На седницата одржана на 26 јануари 2022 година Буџетскиот совет врз основа на членот 40-њ став 1 од Законот за Собранието на Република Македонија (''Службен весник на Република Македонија број 104/09 и ''Службен весник на Република Северна Македонија'' број 14/20, 174/21, 298/21 и 67/22), ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на собраниските службеници за 2022 година. Согласно со оваа одлука вредноста на бодот за

пресметување на платите на собраниските службеници за 2022 година изнесува 81.6 денари.

На седницата одржана на 24 март 2022 година Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија, врз основа на членовите 27 и 40-е од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 104/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 14/20, 174/21, 298/21 и 67/22), членот 25 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија” број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 143/19 и 14/20), членовите 105 и 106 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/19 и 267/20) ја донесе Одлуката за начинот на утврдување на платите на вработените во Службата на Собранието на Република Северна Македонија кои вршат помошно-технички работи и немаат статус на административни службеници.

На седницата одржана на 6 мај 2022 година Буџетскиот совет согласно надлежностите утврдени во членот 31-а став 2 од Законот за Собранието на Република Македонија (‘’Службен весник на Република Македонија” број 104/2009 и ‘’Службен весник на Република Северна Македонија’’ 14/20, 174/21, 298/21 и 67/22) донесе Одлука за давање на согласност за изменување и дополнување на Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија за 2022 година. Во членот 31-а став 1 од Законот за Собранието на Република Македонија, Собранието самостојно одлучува за користењето, распределбата, намената и прераспределбите на средствата обезбедени во Републичкиот буџет, во разделот наменет за Собранието согласно со закон. Во ставот 2 е утврдено дека во постапката на подготвување на изменувањето и дополнувањето на Републичкиот буџет, средствата во Буџетот на Собранието не може да се намалуваат без согласност на Буџетскиот совет.

На седницата одржана на 31 август 2022 година Буџетскиот совет го разгледа Предлог-стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2023-2027 година и врз основа на расправата едногласно ги усвои следниве Заклучоци:

1. Буџетскиот совет согласно со членот 27 од Законот за Собранието на Република Македонија, го разгледа и донесе Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2023-2027 година.

2. Буџетскиот Совет констатира дека Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2023-2027 година и утврдените стратешки приоритети имаат за цел зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на Собранието како базичен предуслов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на надлежностите на Собранието.

3.Овие заклучоци заедно со Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија да се доставaт до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија.

На истата седница Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија го разгледа Предлогот на буџетот на Собранието на Република Северна Македонија за 2023 година и врз основа на расправата едногласно ги усвои следниве Заклучоци:

Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија го разгледа и утврди Предлогот на буџетот на Собранието за 2023 година.

2. Буџетскиот совет цени дека финансиските средства кои се планирани во Предлогот на буџетот на Собранието на Република Северна Македонија за 2023 година се во согласност со реалните потреби на Собранието, а со цел навремено, квалитетно и континуирано извршување на надлежностите на Собранието на Република Северна Македонија.

3. Финансиската проекција на средства во Предлогот на буџетот на Собранието на Република Северна Македонија за 2023 година е во функција на реализација на целите и приоритетите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2023-2027 година.

4. Овие заклучоци на Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија да се доставaт до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и Секторот за финансиски прашања во Собранието на Република Северна Македонија.

На оваа седница Буџетскиот совет согласно со надлежностите утврдени во член 40-љ од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 104/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/20, 174/21, 298/21 и 67/22), донесе Одлука за давање на финансиска согласност на Годишниот план за вработување во Службата на Собранието за 2023 година.

На седницата одржана на 29 ноември 2022 година Буџетскиот совет согласно со надлежностите утврдени во членот 31-а став 2 од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 104/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/20, 174/21, 298/21 и 67/22) донесе Одлука за давање на согласност за изменување на Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија за 2022 година.

На седницата одржана на 19 декември 2022 година Буџетскиот совет го разгледа Известувањето за реализација на расходите во Буџетот на Собранието за 2022 година, поднесено под архивски број 32-

5229/1 и врз основа на расправата ги усвои следните Заклучоци:

1. Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија го разгледа Известувањето за реализација на расходите во Буџетот на Собранието за 2022 година, поднесено под архивски број 32-5229/1 и заклучи средствата во Буџетот на Собранието за 2022 година во Програма 2, Потпрограма 20, ставка 464 да се искористат и за исплата на регрес за користење на годишен одмор за 2020 година за вработените во Службата на Собранието на Република Северна Македонија.

2. Регрес за користење на годишен одмор за 2020 година ќе се исплати и на отстапените работници во Службата на Собранието на Република Северна Македонија ангажирани преку приватна агенција за вработување, (надворешни соработници во пратеничките групи во Собранието и други вработени ангажирани преку приватна агенција за вработување во Службата на Собранието.

3. Овие заклучоци на Буџетскиот совет да се доставaт до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и Секторот за финансиски прашања во Собранието на Република Северна Македонија.

# 4.3.3.НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции претставува широка платформа која овозможува инклузивност на сите општествени фактори во креирањето, дебатата и следењето на европската интеграција на државата.

**ПРАВНА РАМКА ЗА ОСНОВАЊЕ, СОСТАВ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

* Одлука за основање на Национален совет за евроинтеграции (“Службен весник” на Република Македонија бр.140/2007) донесена на седницата на Собранието на 19 ноември 2007 година.
* Одлука за изменување на Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции (“Службен весник” на Република Македонија бр.91/2011), донесена на седница на Собранието одржана на 6 јули 2011 година. Со оваа одлука во составот на Советот, за членовите од редот на пратениците во Собранието се предвидоа заменици-членови.
* Одлука за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на седница на Собранието на 23.12.2020 година. (“Службен весник” на Република Македонија бр.310/2020);
* Одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател потпретседател, членови и заменици на членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на седница на Собрание на 21.4.2021 година (“Службен весник” на Република Македонија бр. 88/2021);
* Одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на седница на Собрание на 29.7.2021 год. (“Службен весник” бр.173/2021);
* Деловник на Националниот совет за евроинтеграции консензуално донесен на седница одржана на 25.10.2011 година.

**Надлежности** согласно Одлуката за основање на Национален совет за евроинтеграции:

- го следи и оценува текот на активностите за добивање членство во ЕУ;
- дава мислења и насоки во врска со подготовките за започнување на преговорите за добивање членство во ЕУ;
- дава мислења и насоки за преговарачките позиции на државата;
- разгледува информации за процесот на преговарањето;
- дава мислења за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговарањето;
- ги разгледува и оценува активностите на одделни членови вклучени во преговарачките тимови;
- одржува, преку претседателот на Советот постојани консултации и размена на информации со претседателот на Републиката, претседателот на Владата и претседателот на Собранието;
- одржува постојани консултации со шефот на преговарачкиот тим и министерот за надворешни работи;

- по потреба дава мислења за усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ и
- најмалку двапати годишно го известува Собранието за својата работа.

Начинот на работа на Советот, одлучувањето, правата и обврските на претседателот, потпретседателот, членовите на Советот, замениците членови како и претставниците, нивното присуство и учество во работата на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот, се уредени со **Деловник** донесен консензуално на седница одржана на 25.10.2011 година. Согласно со членот 7 став 2 од Деловникот, Националниот Совет одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.

**Составот на Националниот совет за евроинтеграции** ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество обединети во заедничката цел – членството во Европската Унија. Во работата на Националниот совет за евроинтеграции учествуваат претставници на законодавната и извршната власт, претставници на локалната власт, МАНУ, на граѓанското општество претставено преку членови или претставници од: Здружението на новинарите на Македонија, стопанските комори, синдикатите и верските заедници.

Согласно со Одлуката за основање на НСЕИ (“Службен весник” на Република Македонија број 140/2007), претседателот на Советот се именува од редот на пратениците кои се во опозиција, а потпретседателот од редот на пратениците кои се во позиција. Во членот 3 од Одлуката за основање на НСЕИ, утврден е составот на Советот: претседател и потпретседател, 15 члена и тоа: девет члена од редот на пратениците во Собранието и шест члена од други институции: заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, претставник од Кабинетот на претседателот на државата, претставник од Кабинетот на претседателот на Владата, претставник од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и од Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ). Овие шест членови учествуваат во работата на Советот без право на одлучување.

Согласно со членот 5 од Одлуката за основање на Национален совет за евроинтеграции, и во текот на 2022 година во работата на НСЕИ учествува 8 претставници номинирани од: Стопанската комора на Северна Македонија, Сојузот на стопанските комори на Македонија, Сојузот на синдикати на Македонија, Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, Македонската православна црква-Охридска Архиепископија, Исламската верска заедница, Католичката црква и Евангелско-методистичката црква. Претседателот на НСЕИ, согласно со членот 5 од Одлуката за основање на НСЕИ, на 14.1.2020 година достави дописи до 11 организации со цел да номинираат претставник за учество во работата на НСЕИ.

**СОСТАВ НА НСЕИ И ПРИСУСТВО И УЧЕСТВО ВО ДИСКУСИЈА НА СЕДНИЦИТЕ ВО 2022 ГОДИНА**

| Активности / член / претставник | седници / 3 | | седници / 3 | |
|---|---|---|---|---|
| | присуство | % | учество/ дискусија | % |
| Александар Николоски | 3 | 100% | 2 | 67% |
| Соња Мираковска | 2 | 67% | 2 | 67% |
| Дарко Каевски[1] | 3 | 100% | 1 | 33 % |
| Заќир Рамчиловиќ[2] | 3 | 100% | 1 | 33% |
| Рина Ајдари[3] | 3 | 100% | 2 | 67% |
| Гордана Силјановска Давкова[4] | 3 | 100% | 2 | 67% |
| Љупчо Пренџов | 1 | 33% | 1 | 33% |
| Сурија Рашиди | 3 | 100% | / | / |
| Арбер Адеми[5] | 3 | 100% | 2 | 67% |
| Антонијо Милошоски | 2 | 67% | 1 | 33% |
| Никола Димитров/ Бојан Маричиќ [6] | 2 | 67% | 2 | 67% |
| Александар Љ. Спасов | 1 | 33% | / | / |
| Адеми Едмонд | / | / | / | / |
| Живко Попов | / | / | / | / |
| Младен Чадиковски | / | / | / | / |
| Бранко Азески[7] | 2 | 67% | 1 | 33% |
| Трајан Ангелоски | 1 | 33% | / | / |
| Неби Хоџа | 1 | 33% | 1 | 33% |
| Марјан Кицев[8] | 2 | 67% | / | / |
| Благоја Ралповски | 1 | 33% | / | / |
| Бобан Митевски[9] | 2 | 67% | / | / |
| Ислам Ислами[10] | 1 | 33% | / | / |
| Драган Георгиевски[11] | 1 | 33% | / | / |

[1] на VI и VII седница присуствува Маја Морачанин, заменик член на Советот
[2] на V, VI и VII седница присуствува Моника Зајкова, заменик член на Советот. На V седница учествува во дискусија.
[3] на VI и VII седница присуствува Фисникe Бектеши Шаќири, заменик член на Советот. На V седница учествува во дискусија.
[4] на VI седница присуствува Здравко Трајанов, заменик член на Советот.
[5] На VI и VII седница присуствува Арта Биљали Зендели, заменик член на Советот. На VI седница учествува во дискусија.
[6] Бојан Маричиќ, од 16.01.2022 е заменик претседател на Владата задолжен за европски интеграции. Присуствува и учествува на VII седница на Советот. Сеуште не е поминатата одлуката за негово именување за член на НСЕИ по функција.
[7] на VI и VII седница присуствува Антони Пешев, заменик претставник на Советот. На VII седница учествува во дискусија.
[8] на VI и VII седница присуствува Миќо Стојановски, заменик претставник на Советот.
[9] на VI и VII седница присуствува Дејан Страчкоски, заменик претставник на Советот.
[10] на VI седница присуствува Ислам Ислами, нов претставник на ИВЗ номиниран од 12.01.2022 год.
[11] на VII седница присуствува Ена Чаусидис, заменик претставник на Советот.

**СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

Националниот совет за евроинтеграции во текот на 2022 година одржа 3 седници.

**Петтата седница на НСЕИ во актуелниот Собраниски состав** се одржа на 4 јануари 2022 година на која присуствуваа само членовите на Советот од редот на пратениците. На седницата беше остварена координација за активностите на Националниот совет во текот на месец јануари 2022 година. Во расправата на седницата со свои дискусии и сугестии учествуваа: Александар Николоски, претседател на Советот; Гордана Силјановска-Давкова, Зеќир Рамчиловиќ, Љупчо Пренџов и Дарко Каевски - членови на Советот и Моника Зајкова, заменик-член на Советот. Врз основа на дискусијата, членовите на Националниот совет со консензус усвоија *заклучоци* за следните активности: во јануари 2022 година да се одржи седница на Советот на која ќе се презентира Програмата и приоритетите на актуелното Француското претседателство со Советот на Европската Унија, како и да се одржи посебна седница со цел да се отвори поширока стратешка дискусија за состојбите со европската интеграција во државата, која би се одржала по изборот на новата Влада. На седницата со консензус се усвои предлогот да се ревидира Планот на активности на Националниот совет за евроинтеграции (јуни 2021-јуни 2022) со нови предлози што ќе ги достават членовите на Советот. Пратениците со консензус се согласија Планот на активности на НСЕИ да се дополни со Анекс - во следните шест месеци да се остварат средби со претставници од Европскиот парламент, Европската комисија, Националното собрание и Владата на Француската Република, како и посета на Чешката Република како претседавач со Советот на ЕУ во втората половина од 2022 година. На седницата беше постигнат консензус Националниот совет за евроинтеграции да испрати покана до универзитетите во државата со цел на студентите да им се даде можност да присуствуваат на седници на Советот и да ги следат дебатите посветени на европската интеграција на државата.

**Шестата седница на Националниот совет за евроинтеграции** се одржа на 13 јануари 2022 година на која беа презентирани Програмата и приоритетите на Француското претседателство со Советот на ЕУ за периодот јануари - јуни 2022 година, од страна на амбасадорот на Француската Република, Н.Е. Сирил Бомгартнер. На седницата беа поканети и присуствуваа Н.Е. Дејвид Гир, амбасадор и шеф на Делегацијата на ЕУ и Н.Е. Милан Предан, амбасадор на Република Словенија. Во претставувањето на Програмата и приоритетите на Француското претседателство со ЕУ, амбасадорот Бомгартнер информираше дека Претседателството ќе работи според девизата „Обнова, моќ и припадност" кои претставуваат столбови каде се утврдени главните предизвици за следните шест месеци. На агендата на Француското претседателство со ЕУ останува Западен Балкан и во оваа насока амбасадорот Бомгартнер информираше за плановите за организација на тематска конференција на крајот од претседателството, во јуни 2022 година, како и за планираните цели и активности на Француското претседателство на ниво на ЕУ, како и локално и во соработка со Делегацијата на ЕУ, со планирани активности во Битола, Прилеп и Тетово, со конференции на теми поврзани со европската сувереност, дигитализацијата, климатски промени и социјална Европа, како и голем

културен настан во Скопје. На седницата свои обраќања имаа Н.Е. Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на ЕУ; Александар Николоски претседател на Советот; Соња Мираковска потпретседателка на Советот и Никола Димитров заменик-претседател на Владата задолжен за европски интеграции. Со свои дискусии учествуваа: Арбер Адеми претседател на Комисијата за европски прашања; Рина Ајдари член на Советот; Арта Биљали-Зендели и Фиснике Бектеши-Шаќири заменици-членови на Советот и Снежана Калевска-Ванчевска пратеничка. Учесниците во расправата се осврнаа на состојбите во државата и особено предизвиците во евроинтегративниот пат, очекувањата за надминување на спорот со Република Бугарија, за владеењето на правото, за борбата против корупцијата, справувањето со здравствената, економската и енергетската криза. Беа дискутирани прашања за потребата за заедничка соработка во процесот на евроинтеграција, парламентарната дипломатија, продуктивна комуникација со граѓаните како и за потребата за справување со транснационалните предизвици како тероризмот, миграцијата и климатските промени.

**Седмата седница на Националниот совет за евроинтеграции, која беше заедничка со Комисијата за европски прашања,** се одржа на 31 октомври 2022 година. Седницата беше посветена на Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2022 година. На седницата присуствуваа Н.Е. Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на Европската Унија; Н.Е. Биби Грамсон, заменик-амбасадорка на Кралството Шведска; Н.Е. Давид Чернохорски, конзул од Чешката Република и Феручио Бого, Марина Курте, Марк Грејдон од Делегацијата на ЕУ. Клучните наоди од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2022 година ги презентираше амбасадорот Дејвид Гир, кој истакна дека Извештајот е еден вид упатство за спроведување на реформите кои ѝ претстојат на земјата. Владејачката коалиција и опозицијата треба конструктивно да соработуваат во Собранието и да се фокусираат на конкретни чекори во преговарачкиот процес, вклучително и преку унапредување на реформите поврзани со ЕУ во интерес на граѓаните. Седницата на НСЕИ и КЕП како и заедничкото усвојување на одредени законски акти во Собранието е добар пример за соработка на позицијата и опозицијата во законодавниот дом. Сепак, остануваат предизвиците во однос на поефикасно планирање на процесот на донесување на законите, а потребно е правилно планирање и консултации за да се ограничи употребата на скратени постапки и да се овозможи ефективна контрола и разгледување на законодавството. Собранието треба да ги спроведе предлозите за внатрешни реформи договорени во рамки на Дијалогот Жан Моне без натамошно одложување за да се обезбеди подобро функционирање на Собранието. Амбасадорот Гир укажа дека започнувањето на скрининг процесот, состаноците на Мешовитиот парламентарен комитет РСМ - ЕУ, посетата на Собранието, на COELA групата, како и потпишувањето на Договорот со ФРОНТЕКС, се позитивни сигнали и важни чекори за врската на земјата со ЕУ. Следен чекор со кој таа врска ќе се зајакне, е започнување на билатералниот скрининг на 11 ноември 2022 година, кој ќе го опфати севкупниот спектар на политиките на ЕУ. Заменик-претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Бојан Маричиќ, оцени дека Извештајот на ЕК за 2022 година е позитивен, објективен и недвосмислено укажува на успешните реформи во идентификуваните области. Извештајот нотира напредок во 23 области, а во останатите 20 области утврдува ограничен напредок. Со оглед дека пристапниот процес е долг и макотрпен,

вицепремиерот Маричиќ побара инпут во процесот и од Собранието, граѓанското општество, бизнис заедницата и останатите општествени фактори, во насока на создавање консензус за остварување на целта. Рамка за соработка меѓу Владата и Собранието е неопходен акт кој треба да се усвои во насока на остварување на европската перспектива на земјата. На заедничката седница на двете тела, со свои дискусии и сугестии учествуваа Арбер Адеми, претседател на Комисијата за европски прашања; Рина Ајдари, Гордана Силјановска-Давкова и Антонијо Милошоски, членови на Советот; Халил Снопче, Жаклина Пешевска, Снежана Калевска-Ванчева, членови на Комисијата за европски прашања; Антони Пешев, претставник од Стопанската комора на Северна Македонија; Неби Хоџа, претставник од Стопанската комора на Северозападна Македонија и Соња Мираковска потпретседателка на Советот. Учесниците во дискусијата со свои мислења, укажувања и предлози се осврнаа на постигнатиот напредок во клучните реформи, на наодите и препораките од Извештајот на ЕК за 2022 година, на потребата за надминување на посочените слабости во Извештајот. Во дебатата беа покренати прашања во однос на предизвиците во борбата против организираниот криминал и корупција, реформите во правосудството, јавната администрација и тајните служби, потребата за Собраниски календар на активности, за економските состојби и предизвиците со енергетската криза, слободата на изразување, слободата на медиумите и реформите во образованието.

**СРЕДБИ ОД МЕЃУНАРОДЕН КАРАКТЕР НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

Националниот совет за евроинтеграции во текот на 2022 година одржа 2 средби од меѓународен карактер.

Националниот совет за евроинтеграции на 16 септември 2022 година оствари **средба, со Работната група на Советот на ЕУ надлежна за проширувањето и земјите кои се во преговарачкиот процес за членство во Унијата (COELA).** Со средбата заеднички копретседаваа: претседателот на Националниот совет за евроинтеграции Александар Николоски, претседателот на Комисијата за европски прашања Арбер Адеми и претседавачот на Работната група на Советот на ЕУ (COELA) Леош Јавурек (Чешка). На средбата од Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања присуствуваа: Александар Николоски претседател на Советот, Соња Мираковска потпретседател на Советот, Арбер Адеми претседател на Комисијата за европски прашања и член на Советот, Арта Билали Зендели заменик-претседател на Комисијата и заменик-член на Советот, Дарко Каевски, Зеќир Рамчиловиќ, Рина Ајдари и Сурија Рашиди членови на Советот, Александар Љ.Спасов член на Советот од кабинетот на Претседателот на државата, Моника Зајкова, Феснике Бектеши Шаќири и Арбена Биљали заменици-членови на Советот, Снежана Калеска Ванчева, Фаница Николоска, Лидија Тасевска, Жаклина Пешевска, Благица Ласовска, Марија Петрушевска, Тони Јаревски, Миле Лефков, Мерита Колчи-Коџаџику и Халил Снопче членови на Комисијата за европски прашања и Мирче Аџиоски заменик член на Комисијата. Од Делегацијата на ЕУ на средбата присуствуваа Н.Е. Дејвид Гир, амбасадор и Шеф на Делегацијата на ЕУ, Н.Е. Џулијан Васало заменик-шеф на Делегацијата, Феручио Боно заменик-шеф за политички прашања, Марина Курте советник за европска интеграција и правни прашања и Марк Грејдон.

претседателот на НСЕИ Александар Николоски информираше дека овој Совет ги рефлектира различните верски, етнички и интересни групи во македонското општество обединети околу единствената цел – членството на земјата во ЕУ. Николоски укажа дека НСЕИ, како и од самите почетоци на неговото формирање, и во наредната етапа од интеграцискиот процес ќе продолжи да работи во насока на остварување на членството во ЕУ. Арбер Адеми, претседател на Комисијата за европски прашања, истакна дека летото 2022 година, Република Северна Македонија ги започна преговорите со ЕУ, исто така го почнува скрининг-процесот за кој очекува да донесе значајни резултати. Собранието е меѓу клучните актери во овој процес и нагласи дека надворешната политика на Република Северна Македонија е во согласност со надворешната политика на ЕУ.

Амбасадорот на ЕУ во Република Северна Македонија, Дејвид Гир, потенцираше дека присуството на работната група на Советот на ЕУ во земјава го одразува трансферот на надлежност од Унијата кон Република Северна Македонија и Албанија, во процесот кој немаше да се случи ако двете земји не ги отпочнаа пристапните преговори. Преговарачкиот процес, според амбасадорот Гир, значи мобилизација на целото општество и сите членови на Собранието треба да работат заеднички затоа што евентуалното спречување на реформите ќе ја забави земјата на патот кон Унијата. Претседавачот на Работната група на Советот на ЕУ (COELA) надлежна за проширувањето Леош Јавурек (Чешка) укажа дека посетата значи поддршка за земјата во процесот на преговорите со ЕУ и скринингот и дека ова е нова фаза и нов момент од евроинтеграцискиот процес на земјата, која веќе не чека на почеток на преговорите.

На средбата со свои дискусии учествуваа пратениците Дарко Каевски, Рина Ајдари, Сурија Рашиди, Марија Петрушевска, Снежана Калеска Ванчева. Членот на Работната група COELA Габор Де Загон (Италија), нагласи дека Италија дава целосна и постојана поддршка за европските интеграции на нашата држава. Патот кон целосно членство во ЕУ ќе биде долг, но треба заеднички да се изнајдат начини за подобро и поефикасно завршување на процесот. Членот на работната група COELA Гоурдин Севениер Аликс (Франција) ги поздрави напорите за компромисите што беа направени со цел идните генерации да живеат во попросперитетно општество. Членот на работната група COELA Кијаракополус Евангелос (Грција) оцени дека средбата е пример како добрососедските односи може да не водат заедно на европскиот пат. Треба да се работи заеднички за граѓаните да ги почувствуваат реформите кои се за нивно добро. Членот на Работната група COELA Линден Јана Ван Дер (Холандија) изрази поддршка за земјата во процесот на приклучување кон ЕУ, истакнувајќи две поенти: првата е дека амбасадите на земјите членки во ЕУ работат да и помогнат на земјата во евроинтегративниот процес и втората - дека законодавниот дом треба да ги донесе сите потребни закони усогласени со европското законодавство. Членот на Работната група COELA Разменаите Едита (Литванија) посака успех на државата во европската интеграција и изрази безрезервна поддршка на процесот. Информираше дека Литванскиот парламент е подготвен да ги сподели искуствата за неговата улога во процесот на европската интеграција, како и дека е формирана парламентарна група за пријателство со земјите од Западен Балкан.

Членовите на Националниот совет за евроинтеграции на 16 ноември 2022 година остварија **средба со Лоранс Бун, државна секретарка надлежна за Европа при Министерството за Европа и за надворешни работи на Француската Република**. На средбата присуствуваа Александар Николоски претседател на Советот, Соња Мираковска потпретседател на Советот, Антонијо Милошоски, Дарко Каевски, Зеќир Рамчиловиќ, Љупчо Пренџов, Рина Ајдари, Сурија Рашиди и Гордана Силјановска Давкова, пратеници и членови на Советот, и Живко Попов член на Советот од МАНУ. Од Делегацијата на Француската Република покрај Лоранс Бун државната секретарка надлежна за Европа при Министерството за Европа и за надворешни работи, присуствуваа и Лилиана Танги пратеничка од Националното собрание на Франција, Мари-Пјер Ведрен европратеничка, Францускиот амбасадор Сирил Бомгартнер, Матие де Безенак Шеф на кабинет, Ан-Лиз Багрел, советничка за општи и институционални прашања, Стефани Верон советничка за комуникација, печат и граѓанско општество, Никола Фај, заменик-директор за Балкан. Во обраќањето Лоранс Бун ја пренесе пораката на пријателство и почит на францускиот народ и претседателот на Француската Република истакнувајќи дека 17 години по добивањето на кандидатскиот статус на државата, сега постои историска можност со отворањето на првата Меѓувладина конференција организирана во месец јули 2022г. Франција одамна ја поддржува земја на евроинтегративниот пат, преку учеството на Роберт Бадентер во пишувањето на Уставот, преку француската дипломатија и администрација и преку личната посветеност на францускиот претседател. Тоа е доказ за традицијата на блиски односи меѓу двете земји, а посетата на оваа Делегација на земјата е во знакот на поддршка на францускиот претседател.

Претседателот на НСЕИ, Александар Николоски информираше за Националниот совет како клучно тело во процесот на пристапување кон ЕУ кое ги обединува и власта и опозицијата, претставниците на извршната власт, заменик премиерот задолжен за европски прашања, претставниците од кабинетот на претседателот на државата и кабинетот на премиерот, граѓанскиот сектор, стопанските комори, синдикатите и верските заедници. Особено значајно е што клучните политички фактори во државата недвојбено поддржуваат членство во ЕУ и за тоа постои севкупен консензус. Предизвиците, пред се во делот на воведување на функционален систем на владеење на правото и борба со организираниот криминал и корупција остануваат - државата треба силно да се посвети на истите. Потпретседателката на НСЕИ, Соња Мираковска, истакна дека по 17 години чекање земјата успеа да обезбеди историска шанса за отворање на последната фаза од пристапниот процес со којашто уште подлабоко се влегува во процесот на реформи и вградување на европското законодавство во нашиот правен систем. Миракоска нагласи дека Собранието ги уважува забелешките во Извештајот на ЕК за напредокот на земјата за 2022 година кои секогаш балансирано ги отсликуваат состојбите и дека соодветно ќе се постапи по истите во периодот што следи. Собранието треба да претставува форум за конструктивна политичка агенда во текот на преговорите, особено Националниот совет како тело кои го води опозицијата. Потребна е целосна политичка одговорност од сите парламентарни актери вклучително и на претставниците на опозицијата. Во дебатата на средбата учествуваа и членовите на НСЕИ Рина Ајдари, Антонио Милошоски, Сурија Рашиди, Гордана Силјановска Давкова и академикот Живко Попов од МАНУ, како и Лилиана Танги,

пратеничка во Националното собрание на Француската Република и Француската европратеничка Мари-Пјер Ведрен.

**Активности на претседателот на НСЕИ:**

Остварени билатерални средби**:**

- на 25 јануари 2022 година со претставници на мрежата Млади европски амбасадори;
- на 16 февруари 2022 година со претставници на МНР на Република Словенија, Јернеј Милер, политички директор и генерален директор на Директоратот за заедничка надворешна и безбедносна политика и Алеша Совинц, директорка на Директоратот за проширување и за ЈИЕ;
- на 18 март 2022 година со Н.Е. Ласло Иштван Дукс, амбасадор на Република Унгарија,
- на 12 и 13 мај 2022 година во Загреб, Република Хрватска, средби со пратениците од Хрватскиот сабор - Гари Капели претседател на Комисијата за надворешни работи; Маријана Петир претседателка на Комисијата за земјоделство и член на Комисијата за европски прашања и со Горан Грлиќ Радман, министер за надворешни и европски работи на Република Хрватска;
- на 20 мај 2022 година во Француската резиденција во Скопје, работен доручек со амбасадорот на Француската Република, Н.Е. Сирил Бомгартнер и заменици директори на Директоратот за ЕУ и Директоратот за Континентална Европа од Француското МНР;
- на 25 ноември 2022 година со Н.Е. Ами Ларсон Џеин, амбасадорка на Кралството Шведска.

Други активности на претседателот на НСЕИ:

- на 19 мај 2022 година учество во дискусија „Демократијата во Европа - 30 години по Договорот од Мастрихт: Нови дилеми за европската иднина и проширувањето го оддржа во Скопје, во организација на Европското движење, канцеларијата на Фондацијата Конрад-Аденауер и Центарот за европски студии Вилфрид Мартенс од Брисел.
- на 1 декември 2022 година учество на 5-та пленарна сесија организирана од Комисијата за европски прашања и Национална конвенција за ЕУ во Република Северна Македонија.

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО - ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОДОБАР ПРИСТАП НА ПРАТЕНИЦИТЕ ДО ИНФОРМАЦИИ ПОВРЗАНИ СО ПРАШАЊА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Во рамки на ИПА Проектот за "Техничка помош за Парламентот", спроведен во Собранието од јануари 2011 до јуни 2012 година, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.

Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата, да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.

ЕУ Центарот организациски е во рамки на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и за следење на евроинтеграциите.

ЕУ центарот во текот на 2022 година подготви и издаде 10 месечни публикации - *ЕУ вести* во кои беа обработени околу 160 актуелни теми од областа на актуелни политики и законодавство на ЕУ со кои беа информирани пратениците во Собранието. Публикацијата *ЕУ вести* беше доставена во печатена форма до пратениците и дел од Собраниската служба која работи во областа на евроинтеграциите. Публикацијата редовно по електронски пат се доставува и до членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции.

Првата публикација *ЕУ вести* беше издадена во јуни 2014 година, заклучно со декември 2022 година издадени се вкупно 78 месечни електронски изданија. Електронската публикација од мај 2018 година започна да се издава и во печатена форма, со што се овозможи поголема видливост на информативната услуга на ЕУ Центарот, за информирање на пратениците за актуелни теми поврзани со европските политики и законодавството. До декември 2022 година, во печатена форма беа издадени 38 броеви на ЕУ вестите.

Електронската публикација ЕУ вести редовно се објавува и на Собраниската веб-страница.

ЕУ Центарот располага со мала библиотека која заклучно со декември 2022 година содржи 187 наслови на книги, речници, збирки, прирачници, препораки, брошури и друго за кои се води Регистар.

# 4.4 ДРУГИ ТЕЛА

## 4.4.1 КЛУБОВИ НА ПРАТЕНИЦИ

### 4.4.1.1 КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

**Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија во период од 1 јануари 2022 до 31 декември 2022 година реализираше неколку работни состаноци, учествуваше на средби, работилници, настани, а се вклучи и во одбележување на кампањата „16 дена активизам против родово базирано насилство''.**

- **На 21 јануари 2022 година** Претседателството на Клубот на пратенички одржа средба со студенти од Универзитетското училиште за напредни меѓународни студии Џон Хопкинс. На средбата присуствуваа професорот Шнеебаум и 12 студенти со цел да обезбедат практично искуство од областа на човековите права. Имено, тие секоја година одбираат прашање и земја за истражување во период од два семестра, што резултираше со сеопфатен извештај и заклучоци кој беше онлајн презентиран за пратениците. Средбата ја модерираше пратеничката Снежана Калеска-Ванчева

- На **8 март 2022 година** - Организиран е Осмомартовски марш со учество на Клубот на пратенички. По повод 8 Март, пратенички од Клубот на пратенички одговорија на повикот од Платформата за родова еднаквост и маршираа заедно со претставниците на граѓанскиот сектор, од пред Влада по предвидената рута до паркот Жена Борец и го проследија нивното обраќање до јавноста и институциите. Оваа година маршот беше под слоганот „Сиромаштијата има женско лице”.

-На **9 март 2022 година**, Клубот на пратенички одржа средба во Центарот за социјални претпријатија на тема: ЕКОНОМСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА. Оваа заедничка активност на Клубот на пратенички во соработка со НДИ се организираше по повод 19 години постоење на Клубот на пратенички. За време на посетата на Националниот центар за социјално претприемништво се запознавме со функционирањето и улогата на истиот. Слушнавме 4 успешни приказни на неколку организации кои се со намера да прераснат во социјални претпријатија за што се очекува и соодветно законско решение кое е во подготовка да влезе и во Собраниска процедура.

- На **10 март 2022 година** Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија одржа средба со пратенички од Парламентот на Република Косово за споделување парламентарни практики: „Патот од ратификација до имплементација на Истанбулската конвенција”. Преку Законот за заштита и спречување на семејно насилство и насилство врз жените претставници од МТСП заедно со министерката Јована Тренчевска како и пратеничките Снежана Калеска-Ванчева, Арта Билали Зендели и Гордана Сиљановска Давкова беа споделени нашите искуства во процесот на носење и спроведување на законот досега.

Делегацијата на Косово пројави огромен интерес, а истовремено беше договорена натамошна заедничка соработка.

-Од **17 до 19 март 2022 година** Клубот на пратенички учествуваше на дводневна работилница во Маврово. Работилницата беше наменета за финализирање на Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието 2022-2024 и предлог измените на деловникот од родов аспект. Работилницата беше во организација на ОБСЕ и ОДИХР. Воведни излагања имаа: Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Северна Македонија, Амбасадорот Клеменс Која, шеф на Мисија на ОБСЕ во Скопје, Гордана Сиљановска Давкова, претседателка на Комисија за еднакви можности на жените и мажите, Лолита Ристова, претседателка на Клубот на пратенички.За време на работилницата суштински подобрувања и предлози беа дадени во прилог на планот.

- На **30 март 2022 година** - Клубот на пратенички на Собранието, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Пратеничката група за соработка на Република Северна Македонија за соработка на Парламентите на Република Казахстан, Киргистанска Република, Република Таџикистан, Република Узбекистан и Туркменистан, одржаа средба со пратенички од Парламентот на Република Таџикистан во рамки на студиска посета: Размена на добри практики за вклучување на родовата перспектива и зајакнување на улогата на жените во Парламентот на Северна Македонија.

- На **13 мај 2022 година** - Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, во соработка со Клубот на пратенички и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше Јавна расправа на тема: Предлог-план на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2022 - 2024. По дискусијата, во која учествуваше Сузана Мусли од ДЕРЈА и пратеничките Санела Шкријељ, Маја Морачанин, Марија Петрушевска и пратеникот Љупчо Пренџов. Комисијата го усвои Предлог на извештајот за имплементација на Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2020 – 2021.

Комисијата, исто така, одлучи да формира работна група за реализација на Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2022 - 2024.

- На **18 мај 2022 година** - Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија по повод деновите на занаетчиството ја посети изложбата на жени-занаетчики на платото во резиденцијата на претседателот на државата, на покана на Центарот за управување со промени (ЦУП), а домаќинка на настанот беше првата дама, Елизабета Ѓоргиевска-Пендаровска. Средбата беше одлична можност пратеничките да се запознаат со претприемничките идеи на жените занаетчии, но истовремо и можност директно да се слушнат потребите за одредени законски измени кои ќе значат олеснување во процесот на вршење на дејноста и олеснет пристап на пазарот на трудот.

- На **30 мај 2022 година**, По повод 28 Мај, Меѓународниот ден за акција за женското здравје, Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија организираше јавна расправа на тема: ,,Кон промени на законската регулатива за поголема поддршка на пациенти кои се соочуваат со неплодност,,. Јавната расправа беше организирана во соработка и на иницијатива на Здружението за хумана репродукција и биопотпомогнато оплодување - До бебе по патот на ИВФ. На истата со свои излагања учествуваа претставници од ФЗОСМ и претставници од Министерството за здравство. Заклучоците од јавната расправа се препратени до ФЗОСМ и Министерството за здравство со цел да иницираме промени во законските решенија околу зголемување на бројот на ваучери и поголем дел од терапијата да помине на позитивна листа со цел да излеземе во пресрет за побезболно минување на патот до бебе и желбата за родителство.

- На ден **13 јули 2022 година**, Клубот на пратенички одржа средба со Здружението за рурален развој Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР. ЛАГ Агро Лидер во рамки на програмата на НДИ, WoMen Lead, работат на законодавна иницијатива за измени на Законот за заштита од вознемирување на работното место. На средбата пратеничките сугерираа во новите законски измени добро да се дефинираат основите и видовите на вознемирување на работно место, да се направи мрежа на НВО кои работат на оваа тема и освен во институциите да се посвети посебно внимание и на вработените во приватниот сектор.

- На **28 јули 2022 година**, претставнички на Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија учествуваа на Работилница за политичко јакнење на жените на тема „Улогата на жените во сегашните и новите изборни процеси" во организација на Националниот совет за родова рамноправност. Пратеничките, на оваа работилница, имаа можност да дискутираат за процесите на донесување одлуки на локално и национално ниво, потоа за градење на личните капацитети на жените во политиката, како и за методите за вклучување на жените во политичките партии, политичкиот живот и процесите на одлучување.

- На **21 септември 2022 година**, под покровителство на сопругата на претседателот на Република Северна Македонија, Елизабета Ѓоргиевска, се одржа Конференција „Родовата еднаквост на работното место" во организација на Центарот за управување со промени. На конференцијата земаа учество претседателката на Клубот на пратенички, Лолита Ристова и пратеничките Даниела Колева, Соња Мраковска и Рина Ајдари. Посебно внимание предизвика панелот ,,Градење на подобри работни места преку обезбедување на родова еднаквост" на кој претставници од компаниите Пивара, ТИРЗ, Филип Морис и ГЕА говореа за нивните искуства, услови и состојби во однос на третманот на вработените и родовата еднаквост во компаниите.

-На **30 септември 2022 година** претседателката на Клубот на пратенички заедно со неколку пратенички од пратеничката група на ДУИ, оствари средба со заменик претседателката на Алијансата на пратенички од албанскиот парламент Етилда Ѓонај придружувана од неколку пратенички од парламентот на Албанија. Низ разговорите заеднички беше заклучено дека соработката ќе продолжи бидејќи и на агендата на Клубот на пратенички и на агендата на

Алијансата на пратеничките од Албанија главно место е продлабочување на Регионалната соработка преку теми и активности кои ќе водат кон унапредување на родовата еднаквост.

- На **5 октомври 2022 година,** Претседателката на Клубот на пратенички, Лолита Ристова, заменик-претседателката Благица Ласовска и пратеничката Арбан Пашоли се обратија на Форумот „Политички мобинг - дел од Законот за мобинг", во организација на ЛАГ Агро Лидер, а со поддршка на НДИ Македонија, во рамките на Проектот „Жените и мажите водат". Пратеничките говореа на неколку теми. Претседателката Ристова се обрати на сесијата „Жената во политиката и нејзиното влијание". Пратеничката Арбана Пашоли говореше за ,,Жените во политиката со осврт на жените пратенички од Албанска националност и Муслиманска вероисповед" заменик-претседателката Благица Ласовска ја претстави работата на Комисијата за еднакви можности (КЕМ) во Собранието и се осврна на клучните поенти од подготвената публикација. Од страна на организаторите беше презентирана законодавната иницијатива во поглед на Законот за мобинг, а претставничката од МТСП ги пренесе основните на Законот и ставовите на ресорното Министерство.

- На **13 октомври 2022 година** Претседателката на Клубот на пратенички, Лолита Ристова и Претседателството на Клубот, во присуство на генералниот секретар на Собранието, Цветанка Иванова, остварија средба со Ирене Келин, претседателка на Националниот совет на Федералниот парламент на Швајцарската конфедерација, во рамките на нејзината официјална посета на Скопје. На средбата претседателката Ристова, посебно ја истакна поддршката која Швајцарската Влада ја дава на Република Северна Македонија пособено во делот на поддршката на Оперативниот план за вработување, преку кој во голема мера се зголемува вработливоста на жените на пазарот на трудот.

- На **25 ноември 2022 година**, како продолжение на средбата на Клубот на пратенички од март 2022 во рамките на одбележувањето на 19 годишнината на Клубот на пратенички од Собранието на Република Северна Македонија и Меѓународниот ден на жените 8 Март, Клубот на пратенички присуствуваше на презентација на Законот за социјални претпријатија-ЕУ Проект ,,Поддршка на социјалните претпријатија". Законот е во работна верзија. Здружението „ЕПТИСА" кое работи на подготовката на овој закон е во координација со МТСП до финализирање на законот кој треба понатаму да стигне во Собрание.

- **На 28 ноември 2022 година,** Претседателка на Клубот на пратенички Лолита Ристова, се обрати на тркалезната маса во рамките на одбележувањето на Денот на даночните работници, кој Управата за јавни приходи го организираше на тема „Женското претприемништво во Република Северна Македонија и неговата улога во даночниот систем". На средбата учествуваше и пратеничката Даниела Николова.

- На **1 декември 2022 година**, Пратеничките од Клубот на пратенички од Собранието на Република Северна Македонија и генералната секретарка учествуваа на тркалезна маса на тема: „Измена и дополнување на изборниот законик за зголемено учество од 40% на 50% на

помалку застапениот пол на избирачките листи", организирана од Националниот совет за родова рамноправност. На тркалезната маса се дискутираше за зголемување на застапеноста на жените во Парламентот и во извршната власт и започнување на иницијатива за зголемување на бројот на жени градоначалнички во локалната власт.

- На **12 декември 2022 година,** претседателството на Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија со претставнички на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, членови на Законодавно-правната комисија, членови и заменици од Комисијата за европски прашања и генералната секретарка, одржаа работен состанок на кој се дискутираше за Предлогот на законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик. Пратеничките ги дискутираа законските измени кои се во насока на имплементација на Истанбулската конвенција и европските закони, со цел подобрување на предложеното законско решение и постигнување на посеопфатна и поефективна заштита на жените жртви на родово базирано и семејно насилство, по што беа изготвени заеднички амандмани и пуштени во процедура. Сите амандмани во правец на усогласување со Истанбулската конвенција, кои ги договоривме и подготвивме заеднички во Клубот на пратенички од сите жени пратенички беа прифатени од министерот за правда и инкорпорирани во измените на Кривичниот законик

- На **12 декември 2022 година**, во 12 часот неколку пратенички од Клубот на пратенички земаа учество во кампањата СТОП на семејното насилство! Животот е мој! Женскиот активизам е секој ден! Женскиот активизам продолжува и по 16 дена борба против родово базираното насилство! Кампањата беше во организација на сопругата на Амбасадорот на Република Бугарија во РСМ, г-ѓа Билиана Ангелова и се одржа на плоштадот Македонија во Скопје со давање на поддршка за повикување на ПОМОШ со примена на знаковниот јазик.

-Од **15-17 декември 2022 година** претседателката на Клубот на пратенички Лолита Ристова, претседателката на КЕМ Гордана Сиљановска Давкова и пратеничката Арта Биљали Зендели учествуваа на Регионалната конференција во организација на Сојузот-Алијанса на жените од парламентот на Тирана, Албанија со поддршка на ОБСЕ и ОДИХР. Втората сесија од конференцијата беше модерирана од пратеничката Арта Билали Зендели, а на истата претседателката Лолита Ристова говореше на тема ,,Јакнење на надпартиската соработка на жените парламентарки" со осврт за актуелните состојби во нашиот парламент и заедничките постигнувања на Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности во носењето и подобрување на неколку законски решенија и стратешки документи во периодот 2020-2022, но и за нашите предизвици за периодот 2022-2024 кои што треба да бидат адресирани во правец на солидарноста и ефективноста на женските парламентарни тела и во согласност со Планот за родово сензитивно Собрание. Регионалната соработка е еден од нашите предизвици за што во третата сесија говореше и претседателката на КЕМ Гордана Силјановска Давкова. На настанот беше потпишана и заедничка Декларација за Регионална соработка за следниот период. Истовремено на средбата беше договорено следен домаќин на Регионална конференција да биде Парламентот на Република Северна Македонија.

-На **30 декември 2022** година до Собранието на РСМ и до Клубот на пратенички поднесена е иницијатива од Националниот Совет за родова еднаквост за предлог-измена и дополна на Изборниот законик, члеот 64 за зголемување на учеството на помалку застапениот пол од 40% на 50% на изборните листи по зип систем. Иницијативата ќе биде разгледана од Клубот на пратенички и по истата ќе се предложи да се постапи согласно со собраниските и деловничките процедури.

Во текот на 2022 година беа остварени неколку протоколарни средби и присуство на настани во организација на Германската Амбасадорка, Швајцарската ААмбасадорка и други меѓународни претставници.

## 4.4.1.2 КЛУБ НА МЛАДИНСКИ ПРАШАЊА И ПОЛИТИКИ

**ВОВЕД**

Клубот за младински прашања и политики во текот на 2022 година соработуваше во голема мера со граѓанскиот сектор и здруженијата на граѓани, организирајќи голем број на работни средби, настани и состаноци на кои се дискутираше за актуелните прашања и политики.

**СОРАБОТКА СО ФОНДАЦИЈАТА ЗА ДЕМОКРАТИЈА НА ВЕСТМИНСТЕР**

Фондацијата за демократија на Вестминстер и Собранието на Република Северна Македонија, со поддршка на Британската амбасада во Скопје и во 2022 година ја продолжија соработката започната во 2017 година.

Фондацијата продолжи да соработува со Собранието врз база на Меморандумот за разбирање потпишан од страна на Претседателот на Собранието, г. Талат Џафери; Британската амбасадорка во Скопје, г-а Рејчел Галовеј и директорот на ВФД за Западен Балкан г. Емил Атанасовски на 14 декември 2018 година. Соработката во овој период беше во рамки на програмата “Иницијатива за демократија за Западен Балкан” поддржана од Британската Влада.

Целта на активностите во 2022 година беше зајакнување на вршењето на надзорната улога на Собранието. Поддршката на Собранието беше насочена кон адресирање на проблемите на младите како маргинализирана група, преку давање на поддршка на Клубот за младински прашања и политики.

**I. ПОДДРШКА НА ПАРЛАМЕНТАРЕН КЛУБ ЗА МЛАДИНСКИ ПРАШАЊА И ПОЛИТИКИ**

Клубот за младински прашања и политики во 2022 година беше посветен на остварување средби со младите на локално ниво, дефинирање и реализација на годишна програма за работа и воспоставување меѓународна соработка. Клубот оваа година, со поддршка од Фондацијата за демократија на Вестминстер одржа: 4 посети на младински центри, средби со млади и средби со градоначалници на локално ниво, 2 јавни дискусии за политики за млади (попис и ученичко учество), оствари студиска посета на Клубот за млади пратеници во Парламентот на Република Албанија, организираше координација на институциите кои работат во областа на младински политики, организираше средба со младински организации и активисти кои работат на правата на лицата со попреченост, формираше работна група за регулирање на средношколското организирање и одржа 2 работни координации за програмско планирање.

**1. Стратешко планирање на Клубот за младински прашања и политики**

Во јануари 2022 ВФД го поддржа процесот на планирање на годишна програма за работа на парламентарниот Клуб за младински прашања и политики. Средбата се одржа на 27 и 28 јануари во Велес. На оваа средба, членовите на клубот избраа нов претседавач согласно правилникот за ротациско претседавање на клубот - пратеничката Моника Зајкова, која ја

презема оваа позиција од пратеникот Јован Јаулески кој ја вршеше оваа улога во 2020-2021 година. На работната средбата пратениците ги утврдија приоритетите за работа во 2022 година и ја дефинираа Програмата за работа на Клубот за младински прашања и политики за 2022. На средбата присуствуваа пратениците: Јован Јаулески, Моника Зајкова, Артина Ќазими, Бојан Стојановски, Дарко Каевски, Сафије Садики Шаини и Марија Петрушевска.

**2. Теренски посети и средби со млади и локални самоуправи во 4 (четири) локални самоуправи - Куманово, Гостивар, Босилово, Струмица**

Пратеничкиот Клуб за младински прашања и политики во рамки на својата годишна програма за работа за 2022 година, предвиде нова активност со цел доближување со потребите и проблемите на младите и увид во степенот на имплементација на Законот за младинско учество и младински политики на локално ниво, преку спроведување на теренски посети на локални ниво, средби со млади и средби со градоначалници и претставници на локалната самоуправа. Во рамки на соработката со ВФД и програмата за работа, успешно беше пилотиран овој модел на консултација со младите и локалните самоуправи преку локални посети. Беа реализирани вакви средби во 4 (четири) локални самоуправи на кои присуствува 10 пратеници од Клубот.

**Теренска посета на младински центар и локалната самоуправа во Куманово**

Контактот со младите на локално ниво и средбите со локалната самоуправа и граѓанските организации, претставува еден од приоритетите во планот за работа на Клубот. Првата теренска посета се одржа на 25 февруари 2022, во Куманово. Пратеничките Сафије Садики Шаини и Фисникe Бектиши Шаќири го посетија младинскиот центар МултиКулти каде разговараа со младите за нивните перцепции и предноста од имањето младински центар во нивната заедница. Оваа посета овозможи пратениците да се сретнат со млади и организации кои работат со ранливи групи како Центар за интеркултурен дијалог Куманово, ДРОМ - Куманово и Инклузива. Пратеничките остварија средба со градоначалникот на Куманово, Максим Димитриевски - со кого разговараа за локалните младински политики и предизвиците во нивната имплементација.

**Теренска посета на Клубот за младински прашања и политики во општина Гостивар**

Втората теренска посета на Клубот беше организирана во Гостивар на 31 март 2022 година. Пратениците Јован Јаулески, Артина Ќазими и Марија Петрушевска се сретнаа со градоначалникот на Гостивар, Арбен Таравари. Пратениците ги посетија и во младинскиот ресурсен хаб ICan и во Youth Community Centre, со кои се запознаа со добри модели на простори за млади, а со младите од Гостивар разговараа за можностите во градот, нивните проекти, менталното здравје и активизмот.

**Теренска посета на Клубот за младински прашања и политики во општина Струмица**

Моника Зајкова, Дарко Каевски, Марија Петрушевска, Марија Кочовска и Јован Јаулески, за време на посетата во Струмичкиот регион на 7 октомври 2022 година, се сретнаа со градоначалникот на Струмица, Коста Костадинов, кој беше еден од членовите на Клубот за младински прашања и политики при неговиот пратенички мандат. На средбата пратениците имаа можност да слушнат повеќе за локалните политики за унапредување на животот на младите во регионот, но и за предизвикот со „одлив на мозоциг со кој Струмица и околните општини се соочуваат.

**Теренска поста на Клубот за младински прашања и политики во општина Босилово**

Младинскиот центар во Босилово, отворен во текот на 2022 година, беше една од локациите на која пратениците од Клубот за младински прашања и политики направија теренска на 7 октомври 2022 година. Во просториите на локалниот младински центар пратениците Марија Петрушевска и Јован Јаулески се сретнаа со млади луѓе од општина Босилово и градоначалникот Ристо Манчев. Начинот на кој се имплементира Законот за младинско учество и младински политики, предизвиците со кои се соочуваат младите во оваа рурална општина но и добрите практики кои општината ги воспоставува за да им помогне на младите, беа на дневниот ред на дискусијата во оваа општина.

**3. Јавна дебата во Собранието посветена на младите и податоците од пописот на население 2021**

Трендовите кои се забележуваат кај младите како посебна социо-демографска група и причините за овие состојби кај младите беа во фокусот на јавната дебата која Клубот за младински прашања и политики ја одржа во Собранието на 18 април 2022 година. На дебатата се дискутираше за наодите од пописот и подобрување на младинските можности врз база на постоечки податоци и трендовите забележани преку податоците од пописот на населението. Еден од заклучоците на оваа јавна дебата беше потребата од креирање на посебна анализа за младинските состојби која Клубот ќе ја користи во својата работа и креирање на политики.

**4. Средба на Клубот за младински прашања и политики со млади со попреченост**

Целта на средбата на младите пратеници со млади лица со попреченост и граѓански организации кои работат во оваа област, одржана на 20 април 2022 година, беше пратениците директно да разговараат со овие млади и да се запознаат со предизвиците кои ги имаат на секојдневно, како и да се информираат за начините на кои може да се застапуваат за интересите на оваа група. Во таа насока, девет пратеници (Моника Зајкова, Дарко Каевски, Фиснике Бектиши Шаќири, Сафије Садики Шаини, Марија Кочовска, Марија Петрушевска, Бојан Стојаноски и Јован Јаулески како членови на клубот, и пратеничката Ангелинка Петрова како дел од групата која изучува знаковен јазик во Собранието), како и претставници од

Парламентарниот институт разговараа со петнаесет млади лица со попреченост, на теми поврзани со пристап до образование на младите со попреченост, здравствена заштита и социјална заштита и пристап до институциите. Како резултат беше изработена листа на препораки за подобрување на јавни политики во насока на поголема еднаквост на лицата со попреченост.

**5. Меѓусекторска координативна средба на институции кои работат на младински прашања**

Клубот за младински прашања и политики со поддршка на ВФД организираше координативна средба на институциите кои работат на политики за млади во Собранието, која се случи на 4 јули 2022 година. На средбата се обратија пратениците Моника Зајкова и Јован Јаулески. Присутни беа претставници на Агенцијата за млади и спорт, Владата на Република Северна Македонија, Министерство за труд и социјална политика, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Заедницата на единиците на локалните самоуправи и претставници на повеќе младински организации. Ова беше прва средба од ваков тип, која овозможи информирање и координација помеѓу институциите и простор за фидбек од граѓанските организации кога се во прашање младинските политики. Присутните на средбата истакнаа дека вакви координации треба да преминат во пракса и препорачаа Клубот за младински прашања и политики да продолжи да организира вакви координативни средби, затоа што се исклучиво корисна можност за олеснување на работата на институциите и нивно информирање за политиките кои ја засегаат нивната работа.

**6. Студиска посета на Клубот за младински прашања и политики во парламентот на Република Албанија**

Од 5 до 7 септември 2022 година се одржа студиска посета на Клубот за младински прашања и политики при Собранието на Република Северна Македонија на новоформираниот пратенички Клуб за млади при Собранието на Република Албанија. Пратениците Моника Зајкова, Јован Јаулески, Марија Петрушевска, Сафије Садики Шаини и Мухамет Кадриов учествуваа на оваа студиска посета. Покрај можноста да ги пренесат своите искуства од успешното работење и активности на пратеничкиот Клуб за младински прашања и политики во Северна Македонија кон колегите во Албанија, пратениците се запознаа и со главните предизвици на младите во Албанија. За време на студиската посета, пратениците разменија искуства со нивните колеги пратеници, се сретнаа со градоначалникот на Тирана Ерион Велиај, државната министерка за соработка со парламентот Елиса Спиропали, министерката за млади Бора Музхаќи, тимот на Регионалната канцеларија за младинска соработка (РИКО) и канцеларијата на Фондот за соработка на Западен Балкан. Пратениците имаа свои обраќања на дискусијата организирана во Албанскиот парламент, а во текот на работните средби разговараа и со британскиот амбасадор во Албанија Аластаир Кинг - Смит и неговата заменичка Миа Мазроук, како и македонскиот амбасадор во Албанија - Данчо Марковски.

**7. Работна средба за планирање и координација Клубот за младински прашања и политики**

Работната средба за планирање и координација на Клубот за младински прашања и политики за периодот октомври 2022 - јануари 2023 се одржа на 8 октомври 2022 година. Присутни беа пратениците: Моника Зајкова, Дарко Каевски, Марија Петрушевска, Марија Кочовска и Јован Јаулески. На работната средба пратениците дискутираа за моменталната состојба со имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики, земајќи ги предвид искуствата од општините кои дотогаш ги имаа посетено, како и за нивната улога во унапредувањето на имплементацијата на овој закон. Во планирањето на активностите кои следат, пратениците договорија чекори за организирање на јавна дебата во Собранието посветена на законското регулирање на средношколското организирање и учество, со цел да се отвори прашањето преку широки консултации и вклучување на сите засегнати страни.

**8. Јавна дебата во Собранието за Средношколско организирање и учество**

Клубот за младински прашања и политики на 20 октомври 2022 година организираше јавна дебата посветена на законското уредување за средношколското организирање и учество. Клубот за младински прашања и политики, со поддршка на ВФД и во соработка со Сојузот на Средношколци и Институтот за добро управување и Евроатлантска перспектива (ИДУЕП) организираше дебата која вклучи повеќе од 70 претставници на младите, младинските организации и образовните институции во Собранието и обезбеди дискусија на оваа тема. Дебатата беше организирана во координација со Комисијата за образование, наука и спорт.

Настанот го отворија пратениците Моника Зајкова, Јован Јаулески и Жаклина Лазаревска. Присутните имаа можност да ги споделат своите ставови и препораки, а средбата заврши со препораки за отворање на консултативен процес за доставување на конкретни предлози за новото законско решение и формирање на работна група во Собранието која ќе го изработи предлог-законскиот текст. Јавната дебата резултираше со два заклучоци, дека е важно законски да се гарантира правото на ученичко организирање на средношколците и дека ќе се формира работна група од пратеници која ќе ги разгледа добиените предлог-законски решенија и ќе креира препораки за законско уредување на прашањето.

9. **Работна група за регулирање на средношколското организирање и учество**

Како заклучок од јавната дебата за средношколското организирање и учество, се формираше работна група на пратеници која ги разгледува пристигнатите предлози за законско уредување на оваа тема. Во работната група се приклучија пратеници од Клубот за младински прашања и политики и пратеници од Комисијата за образование, наука и спорт. Работната група ја одржа својата прва средба на 27 декември 2022 година, на која го разгледа пристигнатиот предлог на закон за средношколско организирање како и коментарите добиени при консултациите отворени од Клубот за младински прашања и политики на оваа тема. Пратениците заклучија дека ќе бидат разгледани документите и ќе се продолжи со работа од следната година.

Работната група продолжи со својата работа и на 31 јануари 2023 година (вторник) од 11:00 часот во Уставната сала ја одржа втората средба. Целта на средбата беше работната група составена од претставници од Клубот за младински прашања и младински политики и Комисијата за образование, наука и спорт, да го креираат предлог законското решение кое ќе го гарантира средношколското организирање и учество. На оваа средба пратениците дискутираа за предлог-законски текст доставен од пратениците и коментари по истиот, и следните чекори во врска со донесувањето на ова законско решение.

**СОРАБОТКА СО ИДУЕП**

Во 2022 година ИДУЕП активно работеше на проекти и иницијативи од општествен значај со цел да се покрене свеста и да се актуелизираат како теми кои неминовно мора да се решат ако сакаме да го подобриме квалитетот на живот на сите граѓани. Дополнително во текот на 2022г во фокусот на работењето остана подигнувањето на јавната свест за придобивките од дигитализацијата како неминовен процес на сите општествени сфери како и младински активизам и младинско организирање  што претставуваше и основа за одржување на првата средба помеѓу ИДУЕП и Клубот за младински прашања и политики на Собранието.

На првата официјална средба со Клубот за младински прашања и политики при Собранието која се одржа на 4 мај 2022 година, ИДУЕП, меѓу другото ги презентираше иницијативите за дигитализација на општеството кои се преземаат од двете страни, Клубот и ИДУЕП, со фокус на важноста на дигиталната трансформација за младите и особено за процесите на brain gain наспроти brain drain меѓу кои Иницијатива на ИДУЕП за граѓанска и натпартиска платформа за дигитализација, иницијатива за креирање платформа за ефикасна двонасочна комуникација на граѓаните со локалните власти, како и иницијатива за водење на дебата за осовременување и дигитализација на образованието.  На средбата насловена како „Дигитализацијата како алатка на младите за воведување нови практики на добро управување" беше договорено ИДУЕП и Клубот да работат заедно на имплементација на младински, како и иницијативи за дигитална трансформација на општеството кои ќе придонесат да им се обезбеди полесен и подобар живот на младите во земјава како и да се мотивираат иднината да ја гледаат во својата земја.

**Како заеднички активности и иницијативи кои произлегоа од средбата во текот на 2022 година се реализираа следните:**

1. **Јавна дебата во Собранието на тема законско регулирање на средношколското организирање и учество**

На ден 20 октомври 2022 година (четврток), со почеток од 12:30 часот, во салата „Борис Трајковски" во Собранието се одржа  јавна дебата посветена на законското регулирање на средношколското организирање и учество. Целта на оваа јавна дебата беше средношколците, претставниците на младинските здруженија, институциите и организациите кои работат на полето на образование и младинско учество да дискутираат за можни законски решенија кои ќе го регулираат и гарантираат средношколското учество. Учесниците во јавната дебата

споделуваа ставови, искуства и потреби за идно законско решение, а се очекува да дадат и свои коментари по однос на предлог-законското решение изработено од Сојузот на средношколци. Јавната дебата беше организирана од Клубот за младински прашања и политики во соработка со Сојузот на средношколци (ССРСМ) и Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи (ИДУЕП), а со поддршка од Фондацијата за демократија на Вестминстер.

2. **Посети на општини во соработка со Клубот за младински прашања при собранието во рамки на иницијативата: „Младите во фокусотг**

Целта на оваа активност е зајакнување на соработката помеѓу Собранието и единиците на локалната самоуправа, со вклученост и на граѓанскиот сектор, а првенствено во интерес на подобрување на положбата на младите луѓе во општеството, како и процесот на дигитална трансформација кој е од интерес на сите граѓани.

**Инцијативата започна со посета на општина Охрид** во текот на месец септември со главна цел барање за брзо опремување на просториите на локалниот младински совет, иницијатива за поместување на почетокот на училишната година и второто полугодие со цел заштеда на електрична енергија, дигитално поврзување на локалната самоуправа со централните бази на податоци, како и зајакнување на соработката помеѓу Собранието и општина Охрид со вклученост на граѓанскиот сектор.

**Втората посета беше во месец октомври во општина Валандово** каде во рамки на иницијативата „Младите во фокусот", беа остварени средби и со советници од Советот на општина Валандово од различни политички партии, одговорните лица од општината за млади и дигитализација, како и претставници и претставнички на младински организации кои се активни во Општината. Главни заклучоци кои беа во фокусот на оваа посета беа Конкретни младински иницијативи и заложба за нивно финансирање, амандмански предлози и други законодавни иницијативи, како и симулации на собраниски активности како практична настава за учениците се само дел од идните активности кои Локалниот младински совет ќе ги достави до Општина Валандово од каде ќе бидат упатени за реализација до законодавниот дом.

3. **Дебата: Каков изборен модел е потребен за посилна демократија?**

Младите сакаат изборен модел кој ќе ги рефлектира нивните потреби и интереси и ќе ги мотивира да излезат на гласање, како и да гласаат за кандидат чиј успех ќе се мери според сработеното. Сите учесници на дебатата на тема „Каков изборен модел ни треба за посилна демократија?" се согласни дека се потребни реформи согласно потребите на општеството и по мерка на граѓаните. На дебатата во организација на Клубот за младински прашања и политики и Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи (ИДУЕП), која се одржа во Собранието, учествуваа пратениците Моника Зајкова од ЛДП и Јован Јаулески и Бојан Стојаноски од ВМРО ДПМНЕ, а со свои предлози и идеи во дебатата се вклучија и повеќе од 35 млади алумнисти од НДИ, ИРИ, ИФЕС, Младински европски амбасадори, како и младински активисти на Евроатлантскиот совет, Младинскиот сојуз, Сојузот на средношколци и ИДУЕП.

**4. Одржана дебата на тема „Како до подобар младински стандард во 2023 година?"**

Во декември 2022 година млади, претставници на младински организации и политичари отворено разговараа за дел од најважните прашања, предизвици и проблеми поврзани со младинскиот стандард како спроведувањето на законите што ги засегаат нив, за лошите услови во образованието и државната поддршка за студентите и учениците, но и за конкретни мерки за справување со партизација на општеството и корупцијата, како и потребата од дигитализација за да се намали истата. Целта на настанот беше поголемо вмрежување на различни граѓански организации кои застапуваат и работат со млади и собранискиот Клуб за младински политики, односно дефинирање и преземање на конкретни активности и чекори со цел заедничка работа, мерки и активности во текот на 2023 година.

Идејата на ваквите дискусии, е да се води отворен дијалог на различни нивоа, јавно да се зборува за проблемите кои ги мачат младите, но и заеднички да се дојде до решенија кои може да ги преземат креаторите на политики, а со кои ќе се подобри младинскиот стандард.

За таа цел, од овој настан се изработува документ со политики и предолг активности со цел да стане составен дел од Акцискиот план за работа на собранискиот Клуб за младински прашања и политики во периодот 2023/24 година.

Очекуваме ваквиот пристап да ја зајакне улогата на младите луѓе во процесите на одлучување на сите нивоа на власт, а тоа директно да се придонесе за намалувањето на процентот на млади кои сакаат да се иселат од земјата.

Учесници на овој завршен настан за 2022 година беа пратениците Моника Зајкова, Бојан Стојаноски, Фиснике Бектеши Шаќири, градоначалниците Перо Костадинов и Тимчо Муцунски, како и повеќе од 25 претставници на ГО кои работат во делот на младински политики.

**ПОСЕТА НА СТУДЕНТСКИОТ ДОМ „СТИВ НАУМОВ"**

По барање на студентите од Универзитетското студентско собрание, на 12 декември 2022 година, користејќи ја надзорната функција која ја има Собранието, пратеничките од Клубот за младински прашања и политики, Моника Зајкова и Фиснике Бектеши, претседателот на Универзитетското собрание при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Славчо Темелковски и директорот Виктор Велевски извршија увид на просториите во студентскиот дом „Стив Наумов", односно во 3-тата зграда алинеа 1, 2 и 3 со цел да се оцени дали поправките се одвиваат согласно предложениот Акциски план за реализација на активности во студентските домови побарани од студентите, а предложен од Министерството за образование и наука.

Институциите треба да ја преземат работата во свои раце со цел обезбедување на подобри услови, далеку подобри од досегашните.

На посетата пратениците се информираа дека во тек е завршната фаза на проектот за реконструкција на студентските домови „Стив Наумов" и „Кузман Јосифовски Питу" и дека се очекува во март 2023 година да почнат темелни градежни активности.

Во овој проект предвидено е реновирање и на мензата во студентскиот дом „Гоце Делчев". Со реновирање ќе почнат зградите 1 и 2 во „Стив Наумов" коишто иако се обновени во 2009 година, тие не се во функција. Целосно ќе се реновира и зградата 3, но и мензата во домот.

Целта на посетата е да се изврши увид во просториите и да се оцени дали поправките и реновирањето се одвиваат согласно предложениот **Акциски план за реализација во студентските домови на активности побарани од студентите** на Министерството за образование и наука.

## КООРДИНАТИВНА СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

На 20 декември 2022 година (вторник) во Уставната сала на Собранието на Република Северна Македонија, пратениците од Клубот за младински прашања и политики и Комисијата за образование, наука и спорт присуствуваа на заедничка координативна средба со претставниците на Министерството за образование и наука.

Целта на средбата е претставување на системскиот модел кој што треба да се имплементира за спроведување на Законот за субвенциониран студентски оброк како и презентирање на измените кои што треба да се направат за системот да се стави во употреба.

## СРЕДБА СО ПОЛИТИЧКИ ПОДМЛАДОЦИ

Клубот за младински прашања и политики на Собранието на Република Северна Македонија во соработка со Агенцијата за млади и спорт, со поддршка од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), на 7- ми ноември (понеделник) 2022 година, одржа средба со претставници на политичките подмладоци во Парк Хотел и Спа.

Целта на оваа средба е обезбедување на поширок консултативен процес во процесот на креирање на новата Национална стратегија за млади 23-27.

Имено, процесот започна на 17 октомври 2022 година, со претходно организирани низа на настани со претставници на органите на државна управа и службениците за млади.

Во моментот се одвиваат работните средби со тематски области, кој се опфатени во НСМ, со учесници пријавени на јавен повик, претставници на органите на државна управа како и со претставници на организации за млади и младински организации.

## КООРДИНАТИВЕН СОСТАНОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ МЕЃУ ИНСТИТУЦИИ И МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗЦИИ

На 4 јули 2022 година (понеделник) во Уставната Сала на Собранието на Република Северна Македонија, Клубот за младински прашања и политики организираше координативен состанок за спроведување на младински политики меѓу институции и младински организции.

Состанокот беше организиран со поддршка од Фондацијата за демократија на Вестминстер и на истиот присуствуваа пратениците членови на Клубот за младински прашања и политики, претставници на владини институции, ЗЕЛС и младински организации.

Состанокот се организираше со цел да се обезбеди простор за известување и координација во поглед на планираното спроведување и подготовка на политики на национално ниво посветени на младите.

## СРЕДБА СО ШЕФОТ НА МИСИЈАТА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ, АМБАСАДОРОТ КЛЕМЕНС КОЈА

Клубот за младински прашања и политики на 15 јуни 2022 година (среда) во 10 часот во Уставната сала на Собранието на Република Северна Македонија, одржа средба со Шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, амбасадорот Клеменс Која.

На средбата присуствуваа пратениците од Клубот за младински прашања и политики и се дискутираше за претседавањето со ОБСЕ, вклученоста на младите во процесот на претседавање, зголемување на инклузивноста и нивното влијание во процесот на донесување на одлуки.

## 4.4.2 ИНТЕРПАРТИСКИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ГРУПИ

### 4.4.2.1 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

**Вовед**

Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со хендикеп (понатаму ИППГ) е неформална група во Собранието на Република Северна Македонија, составена од пратеници од сите претставени политички партии. Нејзината главна улога е да ги активира потребите на лицата со посебни способности во законодавниот дом, пред претставници на извршната власт, како и да го издигне прашањето на хендикепот во законодавните решенија.

ИППГ е воспоставена на 19 мај 2003 година на иницијатива на Полио Плус – движење против хендикеп. Од тогаш Полио Плус ја има улогата на Технички Комитет на групата и е суштинскиот линк помеѓу останатите организации на лица со посебни способности во Република Северна Македонија и ИППГ. Со својата работа, ИППГ стана препознатлив синоним за промовирање и унапредување на правата на лицата со посебни способности.

Визијата за формирање и постоење на ваква група беше таа да претставува спрега меѓу организациите на лица со посебни способности и власта; да биде гласноговорник кој ќе ги артикулира потребите на лицата со посебни способности пред народните избраници; како и да помогне тие потреби да се преточат во конкретни законски решенија кои ќе гарантираат остварување права и ќе креираат еднакви можности.

Мотивите за вклучување на пратениците во ИППГ се различни, но се водени од желбата и согледаната потреба за унапредување на состојбата на лицата со посебни способности. Без оглед дали се работи за филантропија, лична засегнатост или обид за самопромоција, основниот постулат на кој почива оваа група е тие да не бидат нечесни и да не ја претворат групата во инструмент за надмудрување и меѓупартиска борба во која прашањето на хендикеп би било искористено и злоупотребено.

**Визија и мисија**

**Визија**

Визијата за формирање на оваа група - Општество во кое сите лица со посебни способности ќе учествуваат целосно како еднакви граѓани.

**Мисија**

Остварување и уживање на човековите права на лицата со посебни способности, создавајќи еднакви можности за сите и овозможувајќи инклузија на овие лица во сите општествени текови. Вклучување на прашањето на хендикеп во сите законодавни процеси ќе го поддржи процесот на еволуција на целокупното општество и ќе биде двигател кон неопходни промени.

**Структура и работа на ИППГ**

**Пратеници**

Јадрото на ИППГ го сочинуваат членовите-пратеници во Собранието. Членовите на ИППГ се претставници на сите политички партии кои се претставени во Собранието, но заедно придонесуваат кон остварување на визијата и мисијата на групата. ИППГ не поседува строга и ригидна формална структура, ниту таква работна агенда. Тоа е така бидејќи истата мора да е флексибилна и способна за брзи реакции.

Сепак, ИППГ има минимална организациска структура – претседавач со ИППГ, негов/нејзин заменик/ци, координатор и Технички Комитет. Бројот на останатите членови не е фиксен и варира во зависност од составот на Собранието во секој мандат – пратениците доброволно и самостојно одлучуваат да се придружат на ИППГ согласно со личните убедувања и интереси.

**Технички Комитет**

Сочинет од мала, професионална и ефективна група индивидуи, Техничкиот комитет има главна задача да овозможи практична поддршка на јадрото на ИППГ, примарно во легислативните аспекти од работата на ИППГ, како и во промоција и подигнување на свеста за човековите права на лицата со спосебни способности. Техничкиот Комитет е сместен во Полио Плус – движење против хендикеп. Комитетот е во постојана комуникација со координаторот на ИППГ во Собранието на Република Северна Македонија со кого заеднички ги имплементираат активностите на групата како целина.

Исто така, Комитетот ја фацилитира работата на пратениците овозможувајќи работни материјали; спроведувајќи анализи и истражувања; изготвувајќи законодавни иницијативи; овозможувајќи различни настани за градење на капацитетите на членовите на групата; како и останата техничка поддршка.

Советодавен Комитет

Советодавниот Комитет претставува функционален форум кој ги координира и канализира напорите на членовите на Надворешната Група. Во суштина, овој Комитет е алката која ја поврзува Надворешната Група, од една страна, со Техничкиот Комитет и јадрото на ИППГ, од друга страна. Комитетот е составен од претставници од секој сегмент на Надворешната Група.

Граѓанското општество ги номинира своите најважни чинители за членови на овој Комитет. Организациите на лица со посебни способности, пак, водени од мотот „Ништо за нас без нас!" даваат најголем придонес, посебно имајќи предвид дека лицата со посебни способности се тие кои директно ги чувствуваат последиците од нарушувањето и негирањето на нивните права.

**Надворешна група**

Надворешната група е составена од претставници на сите чинители во општеството, вклучувајќи: централна и локална власт, бизнис заедница, безбедноста, граѓанското општество, медиумите, како и меѓународната заедница. Оваа група овозможува поддршка и експертиза за прашања поврзани со хендикепот и човековите права во сите општествени сфери.

**Преглед на активности на ИППГ**

1. Редовни месечни состаноци;
2. Семинари – обуки за членовите на ИППГ, како и обуки имплементирани од членови на ИППГ;
3. Подигнување на свест – работа на терен, кампањи, јавни појавувања и прес конференции;
4. Студиски посети – трансфер на знаења и добри практики;
5. Работни групи и јавни дебати – унапредување на правата на лицата со посебни способности;
6. Истражување – студии, анализи, мапирања, анкети и
7. Документација – архивирање и креирање дата бази.

**Оправданост**

Феноменот на хендикеп во Република Северна Македонија сеуште се доживува едно димензионално и во рамките на медицинскиот и/или религиозниот пристап кон истиот. Токму ова е и најголемиот предизвик: менување на парадигмата од овие два пристапи кон социјалниот пристап и човековите права на лицата со хендикеп, прокламирани со Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп на ООН.

Република Северна Македонија е земја во која силно се чувствуваат последиците кои ги оставија (и сеуште оставаат) медицинскиот и религиозниот пристап кон хендикепот. Овие последици се видливи во сите полиња и сфери на живеење – сеуште постои законска и институционална сегрегација на децата со хендикеп во „специјални училишта", како и на лицата со хендикеп вработени во „заштитни компании". Образованието и вработувањето се клучните области за лична реализација и придонес кон општеството и токму овие две сфери треба да се тие кои ќе овозможат еднакви можности за сите лица, без разлика на тоа дали лицето има хендикеп или не. Во рамки на социјалната заштита, на лицата со хендикеп им се овозможени само финансиски бенефиции, без ниту еден сервис за поддршка на нивното независно живеење. Дури постојат и институции во кои се сместуваат лица со хендикеп, сегрегирани од општеството во целина и целосно невидливи – дури и пристапот до овие институции е екстремно ограничен или забранет за јавноста. Пристапноста на архитектонската околината е на неверојатно ниско ниво – дури и новоизградените објекти многу често се непристапни и недостапни за лицата со хендикеп. Пристапот до добра и услуги е уште поограничен, оневозможувајќи ги лицата со хендикеп под еднакви услови да ги користат и уживаат. Дискриминацијата врз основа на хендикеп е третиот најзастапен вид на дискриминација во Република Македонија, веднаш зад политичката и етничката дискриминација. Уште повеќе, во случаи на повеќекратна дискриминација, хендикепот е водечка основа за дискриминација. Целокупната поставеност на

системот за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување е во многу наврати дискриминаторски поставен, наметнувајќи непотребни барања и услови за лицата со хендикеп да остварат одредени права – услови кои на лицата без хендикеп не им се поставуваат.

Од друга страна, после предвремените парламентарни избори во 2014 година, за прв пат се ангажираше и лице од Собранието на Република Македонија како точка за поврзување помеѓу јадрото и Техничкиот комитет на ИППГ. Ефектот од овој пристап е многу видлив, придонесувајќи кон повеќекратно зголемување на активностите и успесите на ИППГ. Сепак, потенцијалот кој постои во ваквиот пристап е уште поголем – негово потполно искористување значително ќе придонесе кон подигнување на прашањето на хендикеп во целокупното законодавство, како и во подобрена координација кон подигнување на јавната свест. Имено, пратениците-членови на ИППГ по сопствена волја и убедување пристапуваат кон оваа пратеничка група која се бори за промоција и унапредување на правата на лицата со хендикеп.

**СОСТАВ НА ИППГ во периодот 2020-2024**

**Претседателство**

г. Јован Митрески – претседавач со ИППГ

г-ѓа Мерита Колчи Коџаџику – потпретседавач со ИППГ

г-ѓа Ели Панова – потпретседавач со ИППГ

г. Никола Мицевски – потпретседавач со ИППГ

г. Халил Снопче – потпретседавач со ИППГ

**Членови**

45 пратеници од пратенички состав 2020-2024 година

**Технички комитет на ИППГ**

Полио Плус – движење против хендикеп

Марија Вељовска-Кондовска – Собрание на Република Северна Македонија

**Широка лоби група**

Претседател на Комисијата за образование,

Претседател на Комисијата за труд и социјална политика,

Претседател на Комисијата за здравство,

Претседател на Комисија за еднакви можности на жените и мажите,

Претседател на Комисијата за транспорт врски и екологија,

Претседател на Комисија за финансирање и буџет,

Потпретседатели на Собранието на Република Северна Македонија,

Координатори на пратеничка група,

Организации кои работат за правата на лицата со хендикеп,

Претставници на медиуми,

Претставници од Завод за социјални дејности,

Претставници од Делегацијата на Европската Унија,

Претставници од НДИ.

Говорниците на настанот ги споделија своите искуства, погледи и сугестии за тоа како да се зголеми учеството и влијанието на лицата со попреченост во изборните процеси во земјата.

**Активности на ИППГ во текот на 2022-та**

- На 24 февруари 2022 година, во организација на Здружението за промоција и развој на инклузивно општество *Инклузива*, се реализираше јавна дебата, на која беа презентирани наоди од анализата на тема: „Етика  и Интегритет на изборен процес за лицата со попреченост", изработена од Институт за Човекови Права. На настанот свои обраќања имаа Благица Димитровска,  Здружение за промоција и развој на инклузивно општество *Инклузива*, Јоана Козма, директорка на Меѓународна фондација за изборни системи (IFES MK.)  и претставници од Институт за Човекови Права. Низ дијалог и дискусија меѓу релевантните чинители, како пратеници, претставници од политички партии, канцеларијата на Народениот правобранител, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, претставници од општини, сојузи и зруженија кои ги застапуваат лицата со попреченост и голем број на лица со попреченост, се претстави сликата за правото на учество на лицата со попреченост во политичкиот живот. Говорниците на настанот ги споделија своите искуства, погледи и сугестии за тоа како да се зголеми учеството и влијанието на лицата со попреченост во изборните процеси во земјата.

- На 4 март 2022 година членови на ИППГ учествуваа на онлајн конференција на тема: „Предизвиците во вклучувањето на лицата со попреченост на пазарот на трудот: европски практики и национални можности", во организација на Националната конвенција за Европската Унија во Северна Македонија (НКЕУ-МК). На настанот учествуваа членови на Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со посебни способности, македонски и словачки експерти, универзитетски професори, претставници на Организацијата на работодавачи на Северна Македонија и на Агенцијата за вработување, како и претставници на граѓанскиот сектор. На конференцијата се дискутираше за позитивните и негативните страни на Законот за вработување на инвалидни лица, како и за искуствата низ годините на оваа тема, пред се во насока на што е можно поефикасно вклучувањето на лицата со попреченост на пазарот на трудот. На конференцијата се истана и потребата од законски измени во Законот за работните односи во делот на посебната заштита на лицата со попреченост, особено во однос на правата на професионалната рехабилитација согласно со европските искуства, но имајќи ги во предвид македонските можности.

## 4.4.2.2 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА РОМИТЕ

Иницијативата за формирање на неформална Интерпартиска парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија, произлезе од група пратеници од различни политички партии застапени во Собранието на Република Северна Македонија. Формирањето на Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија е израз за безрезервна поддршка за иницирање на активности во Собранието на Република Северна Македонија кој ќе придонесат за забрзување на процесите на инклузија и интеграција во Република Северна Македонија за заштитата и унапредувањето на правата на Ромите во земјава.

Низ работни седници и други активности членовите на оваа група ќе застапуваат носење на препораки, декларации и законски решенија кои ќе влијаат за интеграцијата на Ромската заедница.

Интерпартиска парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија на **11 февруари 2021 година**, одржа конститутивна седница. За координаторка едногласно беше избрана пратеничката Љатифе Шиковска, а за заменици координатори пратениците Љупчо Балковски и Игор Здравковски.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЉАТИФЕ ШИКОСКА,** координатоор | |
| | **ИГОР ЗДРАВКОВКСИ ЉУПЧО БАЛКОВСКИ,** заменици на координатор | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Арбана Пашоли | |
| 2. | Санела Шкријељ | |
| 3. | Дафина Стојаноска | |
| 4. | Мерита Колџу Коџаџику | |
| 5. | Јадранка Поцкова | |
| 6. | Велика Стојкова Серафимова | |
| 7. | Бедри Фазли | |
| 8. | Ангелинка Петкова | |
| 9. | Даниела Николова | |
| 10. | Лидија Тасевска | |

**Активности:**

На **17 март 2022 година** Средба во Собранието на Република Северна Македонија, на барање на Мрежата за заштита од дискриминација и Коалиција Маргини Презентација на истражувањето: „Секојдневниот и емоционалниот живот на неправдата: дискриминација, здравје и релации”

На **6 април 2022 година** членови на ИППГ група реализираше посета во Општина Шуто Оризари и оствари средба со граѓаните на терен.

На **7 април 2022 година** Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција, во салата Борис Трајковски во Собрание на Република Северна Македонија го оддбележа 8-ми Април ,,Меѓународниот ден на Ромите”.

На **8 април 2022 година** членови на Интерпартиската група присуствуваа во Владата на Република Северна Македонија по повод оддбележувањето на ,,Меѓународниот ден на Ромите”.

На **13 април 2022 година** со поддршка на NDI се оддржа средба со релевантни преставници на министерства, институции и НВО. Средба имаше за цел да ги претстави предизвиците во имплементацијата на стратегијата за Роми, како и да се создаде спрега на соработка, меѓу законодавната и извршната власт. ИППГ за правата на Ромите со централната власт, со релевантните мнистерства и институции како и Комисијата за заштита и спречување на дискриминација.

На **17 мај 2022 година** координаторката Љатифе Шиковска присуствуваше на дебата, што ја организираше Делегацијата на Европската Унија и Амбасадата на Соединетите Американски Држави, по повод Меѓународниот ден против хомофобијата, трансфобијата и бифобијата (ИДАХОТ).

.

На **20 мај 2022 година** координаторката Љатифе Шиковска и членови на ИППГ заедно со Комитетот за односи меѓу Заедниците оствари еднодневна работна средба со Градоначалникот на општина Струга.

На **10 и 11 јуни 2022 година** координаторката Љатифе Шиковска и членови на ИППГ заедно со Комитетот за Односи Меѓу Заедниците оствари дводневна посета на Општина Дебар. Оствариja средби со Градоначалникот, членовите на Советот на општина Дебар, средба со директорот на средно училиште и учениците, како и средби со граѓаните на терен.

На **23 јуни 2022 година** Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија заедно со Комитетот за односи меѓу заедниците, оддржа работна средба со Граѓанскиот сектор во Република Северна Македонија.

На **25 јуни 2022 година** на покана на Националната мрежа против хомофобија, координаторката Љатифе Шиковска присуствуваше на парада на гордоста, оддржана под мотото „Излези за љубов! Достоинство, Еднаквост, Правда”

**На 2 август 2022 година** на покана на пратеникот на Саборот на Република Хрватска, Вељко Кајтази, координаторката Љатифе Шиковска присуствуваше на комеморација по повод Меѓународниот ден на сеќавање на жртвите Роми, кои настрадаа за време во Втората светска војна, која се одржа на ромските гробишта во село Уштица, до Јасеновац.

На **3 август 2022 година** присуство на координаторката Љатифе Шиковска и членовите во Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје, се оддбележи холокаустот врз Ромите, Изложбен перформанс – „Низ лавиринтот на Ромската историја – 5-те Соби”.

На **14 август 2022 година** во хотел “Мериот”, координаторката Љатифе Шиковска учествуваше на јавна презентација, организирана од

Канцеларијата на Совет на Европа во Скопје. Настанот имаше за цел да ја претстави анализата и истовремено да поттикне дискусија за улогата на институциите и граѓанското општество во борбата против говорот на омраза.

**На 29 септември 2022 година** На покана на NDI во хотел "Панорамика" координаторката Љатифе Шиковска учествуваше на презентација на Пилот студија за корупција и квалитет на јавни услуги, со фокус на Здравство и Управа за водење матични книги на родени.

На **14 октомври 2022 година** Интерпартиските групи за унапредување на правата на Ромите и на ЛГБТИ луѓето во Собранието на Република Северна Македонија, во соработка со Маргини организираше и реализираше настан, кој во фокусот ги има Ромите припадници на ЛГБТИ заедницата. Низ дијалог се дискутираше какви се можностите за подобрувања, и што пратениците како креатори на закони и политики би можеле да придонесат за оваа ранлива категорија граѓани со оглед на исклучително високата хомофобија и трансофбија во ромските заедници и општо во државата.

На **26 октомври 2022 година** на покана на NDI се реализираше работна средба со Кристен Семпл (Kristen Sample), директорка на NDI Програма за демократско управување, Мојра Вилан (Moira Whelan), директорка на NDI Програмата за демократија и технологија и Сандра Пепера (Sandra Pepera), директорка на NDI Програма за род, жени и демократија за реализација на новиот Стратешки план на Собрание 2023-2027.

На **4 ноември 2022 година** по повод 5-ти Ноември ,,Меѓународниот ден на Ромскиот јазик", координаторката Љатифе Шиковска во Владата на Република Северна Македонија присуствуваше на оддбележување на денот на Ромскиот јазик.

На **17 ноември 2022 година** ИППГ заедно со Комитетот за односи меѓу заедниците оствари средба со група на жени Ромки, на тема: „Предизвиците со кои се соочуваат жените Ромки во Република Северна Македонија".

Од **30 ноември до 3 декември 2022 година** координаторката Љатифе Шиковска оствари студиска посета во Република Полска, Република Чешка и Република Словачка, на покана на Социјално претприемништво ,,Барка" од Република Полска.

**На 10 декември 2022 година** присуство на ИППГ во Влада на Република Северна Македонија по повод оддбележување на Меѓународниот ден на Човекови права.

## 4.4.2.3 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА ЛГБТИ ЛИЦАТА

Во “Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата” во Собранието на Република Северна Македонија членуваат пратеници од постоечкиот собраниски состав од различни политички партии.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МАЈА МОРАЧАНИН,** координатоор | |
| | , заменик на координатор | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Снежана Калеска Ванчева | |
| 2. | Драгица Ѓавочанова | |
| 3. | Љупчо Пренџов | |
| 4. | Гордана Силјановска Давкова | |
| 5. | Љатифе Шикоска | |
| 6. | Марија Костадинова | |
| 7. | Санела Шкријељ | |
| 8. | Моника Зајкова | |
| 9. | Велика Стојкова Серафимова | |
| 10. | Рашела Мизрахи | |
| 11. | Марија Петрушевска | |
| 12. | Даниела Николова | |
| 13. | Арта Биљали Зендели | |
| 14. | Мерита Колџу Коџаџику | |

Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата оствари повеќе средби, учествуваше на дебати и дискусии, организираше тркалезна маса, соработуваше со граѓанските организации, воспостави меѓународна соработка и одржуваше состаноци и се бореше против говорот на омраза во медиумите.

**3 февруари 2022 година,** Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето, одржа работна средба со претставниците на Коалицијата Маргини и Националната мрежа против хомофобија и трансфобија. Целта на оваа средба беше да се поразговара за проблемите и предизвиците со кои се соочува ЛГБТИ заедницата и негативните животни искуства поради несоодветната законска регулатива во повеќе области што директно придонесува кон уназадување во делот на обезбедување на еднаквост и еднаков третман за сите граѓани на државата и директно кршење на човековите права на оваа заедница.

Покрај членовите на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата, на средбата беа поканети и членовите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, Постојаната анкетна комисија за заштита на правата и слободите на граѓанинот и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

**24 март 2022 година**, Координаторката Маја Морачанин и членови на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата учествуваа на Конференција „Како до подобар пристап до правда за маргинализираните заедници”.

**8 април 2022 година,** на покана на Коалиција МАРГИНИ, ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување и Хелсиншкиот комитет за човекови права, Координаторката Маја Морачанин и членови на Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето, присуствуваше на тематска средба за

реформата започната со Концепцијата за основно образование.

**17 мај 2022 година,** членовите на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата учествуваа на панел дискусија организирана од Канцеларијата на Европска Унија во Република Северна Македонија по повод Интернационалниот ден против хомофобија, трансфобија и бифобија.

**14 јуни 2022 година**, на покана на ЕРА – ЛГБТИ Асоцијација за еднакви права за Западен Балкан и Турција во партнерство со Хелсиншкиот комитет за човекови права и Коалиција Маргини, а со поддршка на Советот на Европа / Европска Унија, преку програмата Horizontal Facility II, членовите на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата учествуваа на „Тркалезна маса: Пристап до правда за ЛГБТИК+ луѓетог.Тркалезната маса имаше за цел да придонесе за поголемо пријавување на делата од омраза и зголемување на довербата во системот, исто така, и промовирање на платформата You Are Heard. **You are Heard** е место каде што ЛГБТИК+ луѓето и партнерските организации можат безбедно да пријават дела и други инциденти од омраза и да добијат поддршка. Прибраните податоци ќе придонесат за застапување засновано на податоци со цел да се подобри отчетноста на актерите од целиот регион во спроведувањето на правдата, како и да развијат модели на поддршка за ЛГБТИК+ заедницата за справување со злосторствата/говорот од омраза, како што се психосоцијална поддршка, врсничко советување, групи за поддршка, едукативни работилници за препознавање на делата/говорот од омраза, каде може да пријават и слично.

За да се придонесе за зголемување на пријавувањето на инциденти од омраза, подобро собирање, разбирање и анализа на пријавените случаи и конечно зза подобро решавање на ваквите прашања од страна на државните институции и правосудниот систе, потребна е редовна комуникација и подобра координација меѓу граѓанските организации и другите засегнати страни.

**24 јуни 2022 година,** Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата на Собранието на Република Северна Македонија одржа работна средба на тема: **„Пристап до социјални и здравствени услуги за ЛГБТИ луѓето во Република Северна Македонија’’.** Оваа средба се одржа по повод ‘’Месецот на гордоста’’ (“Pride month”), во рамките на кој, секој јуни на глобално ниво се одржуваат низа настани коишто ја одбележуваат улогата и влијанието на ЛГБТИ лицата во општеството.

**25 јуни 2022 година,** Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата на Собранието на Република Северна Македонија, учествуваше на Скопје Прајд 2022 година.

**15 септември 2022 година**, учеството на Координаторката Маја Морачанин како панелист на Националната конференција “Со сексуално образование во училиштата до поздрава и побезбедна младина”, во организација на ХЕРА.

**12 септември 2022 година**, на Координаторката Маја Морачанин учество

како панелист на Конференцијата за човекови права која се одржа во рамките на ЕвроПрајд 2022 во Белград, во септември, на која зборував за активностите на ИППГ ЛГБТИ групата, постигнувањата за унапредувањето на правата на ЛГБТИК луѓето во Република Северна Македонија во изминатиот период и предизвиците кои претстојат.

**23 декември 2022 година**, учество на Координаторката Маја Морачанин како панелист на панел дискусијата за системско справување со дискриминацијата и говорот на омраза кон ЛГБТИ луѓето, организирана од граѓанското здружение КвирЦентар, во Скопје.

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

# 5.1.ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (62 пратеника). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и со Деловникот на Собранието.

Функцијата претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

За време на извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Северна Македонија г. Талат Џафери дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Северна Македонија и остварување на една од темелните вредности владеењето на правото во Република Северна Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската Унија.

Во остварувањето на неговите бројни со Уставот и со Деловникот утврдени надлежности, како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитувањето и оценувањето на уредноста на предлозите за донесување на закони и други акти, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали
- грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Република Северна Македонија и со Владата на Република Северна Македонија,
- продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието,
- грижата за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа,
- продолжување на практиката на одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на параламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство и
- прифаќање на бројни лични и покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определување претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење, со примена на современата информатичка технологија, за што се користени искуствата од парламентите на повеќе држави.

Собранието на Република Северна Македонија, покрај неговата примарна законодавна функција, продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието во овој период оствари динамична меѓународната соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

**ЈАНУАРИ 2022**

**Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Телефонски разговор** со претседателот на Државен Збор на Република Словенија, Н.Е Игор Зорчич (11 јануари 2022 година);
- **Работна средба** со претседателот на Република Албанија, Н.Е Илир Мета (11 јануари 2022 година);
- **Работна средба** со амбасадорот на САД, Н.Е. Кејт Мери Брнз (18 јануари 2022 година);
- **Средба** со премиерот на Република Бугарија, Н.Е. Кирил Петков, (18 јануари 2022 година).

Како пратеник учествува во работата на работните тела и тоа како член на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, а заменик-член во Комисијата за здравство, Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за култура. Член е на Делегацијта на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ)

Истовремено е член и на работната група за учество на дијалогот Жан Моне.

- Во овој краток период од неговиот мандат има остварено една средба и тоа со заменик - министерот за региоален развој на Република Косово г. Агон Добруна на 16 ноември 2022 година.

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6.МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна соработка на Собранието на Република Северна Македонија својата активност ја остварува преку работата на двете одделенија: Одделение за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и Одделение за билатерална соработка. Во Секторот се вработени девет државни службеници, од кои осум се со високо и еден е со средно образование.

Согласно со Правилникот за внатрешна организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Северна Македонија и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија (бр.01-565/1 од 29 јануари 2021 година), во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат следниве активности:

- професионално и навремено реализирање на активностите на пратениците-членови на делегациите на Собранието на Република Северна Македонија од аспект на претставувањето на Собранието во парламентарната димензија на меѓународните мултилатерални организации;
- стручна поддршка на работата на делегациите на Собранието во меѓународните парламентарни собранија, пратеничките групи на Собранието за билатерална парламентарна соработка и останатите ад-хок делегации, кои се реализираат во традиционален или виртуелен формат;
- меѓународна кореспонденција и стручна подготовка на претседателот на Собранието за учество на меѓународни настани и за средби во земјата со меѓународни претставници;
- подготовка на потсетници, извештаи, белешки и соопштенија од учества на меѓународни настани, како и годишни и мандатни извештаи од работата на Секторот;
- стручна подготовка на меѓународни средби, состаноци, конференции и семинари кога Собранието на Република Северна Македонија е домаќин или ко-организатор на настанот.

**Правна рамка за меѓународната соработка на Собранието**

- Деловник на Собранието на Република Македонија
- Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија
- Одлуки за персонален состав на делегациите и пратеничките групи за билатерална соработка

На седницата одржана на 30 септември 2020 година, Собранието донесе „Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Северна Македонија" ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 237/20). Со оваа Одлука се создаде правна рамка за постапката на

формирањето, активноста и надлежноста на делегациите на Собранието во мултилатералните меѓународни организации.

Согласно со оваа Одлука, Собранието формираше постојани делегации во следниве меѓународни организации: Парламентарното собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Интерпарламентарната унија, Парламентарната димензија на ЦЕИ, Парламентарното собрание на НАТО, ПС на Медитеранот и ПС на ПСЈИЕ. Персоналниот состав на делегациите беше избран на седницата одржана на 23 декември 2020 година ("Службен весник на Република Северна Македонија " број 310/20).

Согласно одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Северна Македонија" ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 310/20), со официјално писмо на претседателот на Собранието, се номинираат двајца пратеници од православна вероисповест во Интерпарламентарното собрание на Православието (ИПС на Православието).

Врз основа на „Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација" (Службен весник на Република Македонија број 88/04) и Одлуката за измена на Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијацијаг ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 289/20), се основа и Делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Во Собранието на Република Северна Македонија, врз основа на Правило 6 од Правилата за работа на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ) и во овој мандат е формирана Секција во Парламентарното собрание на Франкофонијата, од чии редови е избрана и делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Делегацијата на Собранието во ИПС на Православието се утврдува со официјално писмо од претседателот на Собранието упатено до претседателот на Организацијата.

Согласно со одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Северна Македонија" ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 310/20), се формираше Делегација во Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка (ПАБСЕК). Персоналниот состав на оваа делегација се утврди на седницата на Собранието на република Северна Македонија одржана на 29 јули 2021 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 173/21).

**Вкупниот број на делегации изнесува 11 (единаесет).**

На седницата одржана на 26 ноември 2020 година, Собранието донесе Одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 284/20). Во Собранието на Република Северна Македонија во овој пратенички мандат се формирани **вкупно 51 пратенички групи за соработка** со парламенти на други држави и тоа со: Исламска Република Авганистан; Австралија и Нов Зеланд; Република Австрија; Република Албанија; Република Азербејџан; Балтичките земји: Република Естонија, Република Латвија и Република Литванија; Кралството Белгија; Босна и Херцеговина; Република Бугарија; земјите од Блискиот Исток и Арапскиот залив; Сојузна Република Германија; Република Грција; Република Грузија, Кралството Данска; Индија, Република Индонезија; Државата Израел; Исламската Република Иран; Ирска, Република Исланд и Кралството Норвешка; Италија; Јапонија; Канада; Република Казахстан, Киргистанска Република, Република Таџикистан, Република Узбекистан и Туркменистан; Народна Република Кина; Република Косово; земјите од Латинска Америка и од Карибите; Големото Војводство Луксембург; Република Малта и Република Кипар; Монголија; Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска; Република Полска; Португалската Република; Романија; Руската Федерација; САД; Словачката Република; Република Словенија; Република Србија; Република Турција; Украина; Унгарија; Република Финска; Француската Република; Кралството Холандија; Република Хрватска; Црна Гора; Чешката Република; Швајцарската Конфедерација; Кралството Шведска и Кралството Шпанија.

# 6.1. Мултилатерална соработка

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Шеф на Делегацијата:** г. Дарко Каевски
**Членови:** г. Александар Николовски и г-ѓа Арта Биљали Зендели
**Заменици-членови:** г-ѓа Фаница Николовска,
г. Владо Мисајловски
и г-ѓа Артина Ќазими.

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од десет земји, а денес има 47 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото,
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност,
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество (ксенофобија, нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот крими-нал и сл.) и
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва е Парламентарното собрание на Советот на Европа, кое е еден од двата главни органи на Советот на Европа. Тоа има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и октомври), на јавни седници кои траат една работна седмица. Тоа има Постојан комитет, кој меѓу двете сесии делува во негово име, како и осум постојани комисии, како и пет политички групи. ПС на Советот на Европа има вкупно 648 членови, од кои 324 се членови, а 324 заменици на членови, 18 членови набљудувачи и извесен број членови од Палестина и Мароко со статус на партнери за демократија.

Собранието на Република Северна Македонија учествува во работата на ПС на СЕ од 1993 година кога се стекна со статус на специјален гостин, а Република Македонија е член на СЕ од 1995 година. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на СЕ ја сочинуваат 6 члена, кои на пленарните сесии располагаат со три гласа. Членовите на делегациите по правило учествуваат на пленарните сесии, а зависно од прашањата кои се разгледуваат и на седниците на комисиите.

**Активности во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година**

1. Од 24 до 28 јануари 2022 година се одржа зимската сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, во хибриден формат, односно со физичко присуство во Стразбур и на далечина. Собраниската делегација во состав г. Дарко Каевски, шеф; г. Александар Николоски и г-ѓа Арта Зендели, членови; како и г-ѓа Фаница Николоска, заменичка на шефот, на оваа сесија учествуваат онлајн. Сесијата ја следеа и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на делегацијата и г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на делегацијата.

Бирото на Парламентарното собрание на Советот на Европа, на својот состанок одржан на 28 јануари 2022 година, односно последниот ден од зимската сесија, ја потврди номинацијата на Партиската група на социјалистите, демократите и зелените, пратеничката г-ѓа Арта Биљали-Зендели да биде заменик-член на Комисијата за избор на судии во Европскиот суд за човекови права.

2. На 14 и 15 март 2022 година во Стразбур, Француска Република, се одржа вонредна сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа посветена на воената состојба во Украина, на која учествуваа г. Дарко Каевски, шеф на Делегацијата и членовите г. Александар Николоски и г-ѓа Арта Биљали-Зендели, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

3. Пратеничката Арта Биљали Зендели на 14 април 2022 година учествуваше во работата на Комисијата за избор на судии во Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) на Парламентарното собрание на Советот на Европа. Состанокот се одржа во хибриден формат и зад затворени врати и беше посветен на спроведување на постапка за избор на судии и интервјуа со кандидатите на Украина.

4. Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, која е составена од шефот на Делегацијата г. Дарко Каевски и членовите г-ѓа Арта Биљали-Зендели и г. Александар Николоски, учествуваше во работата на Вториот дел од редовната пролетна сесија на ПС на СЕ, што се одржа од 25 до 28 април 2022 година во Стразбур, Франција.

5. Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, која е составена од шефот на Делегацијата г. Дарко Каевски и членовите г-ѓа Арта Биљали-Зендели и г.Александар Николоски, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата, учествуваше во работата на Третиот дел од редовната летна сесија на ПС на СЕ, што се одржа од 20 до 24 јуни 2022 година во Стразбур, Франција. Со дел од сесијата претседаваше и шефот на македонската делегација г. Дарко Каевски, по принципот на ротирачко претседателство, кое оваа година, меѓу други шефови на делегации, припадна и на шефот на нашата делегација.

6. На четвртиот дел од Редовната есенска сесија за 2022 година, што се одржа од 10 до 12 октомври 2022 година во Стразбур, Францускaта Република, учествуваа: г. Дарко Каевски, шеф на Делегацијата, г-ѓа Арта Билали Зендели и г. Александар Николоски, членови на Делегацијата, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

7. На 24 и 25 ноември во Рејкјавик, седници одржуваат Претседателскиот комитет,

Бирото, Ад-хок Комисијата за „Четвртиот Самит за обновен, подобрен и зајакнат Совет на Европа" и Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ), кој обединува околу 60 членови на Собранието. На состанокот учествуваше г. Дарко Каевски, шеф на Делегацијата, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

8. На редовниот годишен состанок на секретари на делегации во ПС на СЕ, што се одржа на 9 декември 2022 година во Париз, Француската Република, учествуваше г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

9. На седницата на Комисијата за правни прашања и човекови права на ПССЕ, што се одржа на 11 декември 2022 година во Париз, Француската Република, улествуваше членот на Комисијата пратеникот г. Александар Николоски, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на делегацијата. На оваа седница на Комисијата г. Александар Николоски беше избран за генерален известувач за укинување на смртната казна.

OSCEPA

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

**Шеф на Делегацијата:** г. Игор Јанушев

**Членови:** г-ѓа Моника Зајкова и г. Халил Снопче

**Заменици-членови:** г. Диме Велковски, г-ѓа Гордана Силјановска Давкова и г. Берат Ајдари.

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната димензија на ОБСЕ. Во него членуваат 323 членови на парламентите од 57 држави членки на ОБСЕ, што ја покриваат географската област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

Главни задачи на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така, се стреми кон остварување на следниве цели, кои се наведени во преамбулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите-членки, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и консолидацијата на демократските институции во државите членки и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ.

Во рамките на ПС на ОБСЕ функционираат **три генерални комисии,** кои кореспондираат со трите кошнички на ОБСЕ: Генерална комисија за политички прашања и безбедност (Прва комисија); Генерална комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (Втора комисија) и Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (Трета комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Северна

Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

**Активности во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година**

1. Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ) во состав: Игор Јанушев, шеф на делегацијата, Моника Зајкова и Халил Снопче, членови на Делегацијата, учествуваа на 21-та зимска сесија, што се одржува на 24 и 25 февруари 2022 година во Виена, во хибриден формат. Настанот го следеа и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата и г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата (во придружба).

2. Пратеничката г-ѓа Моника Зајкова, член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ, учествуваше на Парламентарниот веб-дијалог на ПС на ОБСЕ на тема: „Придонесот на младите во зајакнувањето на владеењето на правото, демократијата и човековите права во областа на ОБСЕг, што се одржа на 18 февруари 2022 година, во виртуелен формат. Настанот го следеше и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на делегацијата.

3. Пратениците г. Игор Јанушев, шеф на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ), г-ѓа Моника Зајкова и г. Халил Снопче, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на делегацијата, учествува во Мисијата на ПС на ОБСЕ за набљудување на парламентарните избори и референдумот во Унгарија, што се одржуваат на 3 април 2022 година.

4. Пратениците г. Диме Велковски и г. Берат Ајдари, заменици-членови на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ), во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на делегацијата, учествуваат во Мисијата на ПС на ОБСЕ за набљудување на претседателските и предвремените парламентарни избори во Република Србија, што се одржуваат на 3 април 2022 година.

5. Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ на 9 мај 2022 година во Собранието оствариja средба со потпретседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ и специјален претставник за Југоисточна Европа, г. Азај Гулиев, кој е во посета на земјава. На средбата со претседателот на Делегацијата на Собранието на Северна Македонија во ПС на ОБСЕ, г. Игор Јанушев и членовите и заменик - членови на Делегацијата г-ѓа Моника Зајова, г. Халил Снопче, г. Диме Велковски, г-ѓа Гордана Сиљановска-Давкова и г. Берат Ајдари, потпретседателот на ПС на ОБСЕ, Гулиев, беше придружуван од н.е. Клеменс Која, шеф на мисијата на ОБСЕ во Скопје. На средбата присуствуваа и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата и г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата.

6. Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ во состав: г. Игор Јанушев, шеф на Делегацијата, г-ѓа Моника

Зајкова и г. Халил Снопче, членови на Делегацијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата учествуваше на Меѓународната конференција на ПС на ОБСЕ на тема: „Борба против корупцијата, одбрана на демократијата”, што се одржа на 27 и 28 мај 2022 година во Никозија, Кипар.

7. На 3 јуни 2022 година во Андора се одржа состанок на мрежата на младите парламентарци на ПС на ОБСЕ во организација на Генералниот Совет, односно Парламентот на Андора. На состанокот учествуваше пратеничката Моника Зајкова, член на Делегацијата во ПС на ОБСЕ, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата.

8. Министерот за надворешни работи Бујар Османи, на 27 септември 2022 година во Собранието, ги претстави приоритетите на претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година. На работен состанок со Делегацијата на Собранието во Парламентарното собрание на ОБСЕ, Османи ги презентираше рамковните приоритети, како и предизвиците кои се очекуваат при нивната имплементација, со оглед на сложените политички и безбедносни прилики со кои се соочува регионот на Организацијата. На состанокот присуствуваа: г. Игор Јанушев, Шеф на Делегацијата, членовите г-ѓа Моника Зајкова и г. Халил Сноче, и заменик-членот г. Диме Велковски, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар и г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата.

9. Пратеникот г. Халил Снопче, член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата, учествуваа во Мисијата на ПС на ОБСЕ за набљудување на парламентарните избори во Босна и Херцеговина, што се одржаа на 2 октомври 2022 година.

10. На 24 и 25 октомври 2022 година во Јордан се одржа Медитеранската конференција ОБСЕ 2022 за унапредување на безбедноста и соработката во Медитеранот преку поттикнување на дијалогот за соработка меѓу медитеранските партнери на ОБСЕ. На конференцијата учествуваше пратеничката Моника Зајкова, член на Делегацијата на Собранието во ПС на ОБСЕ, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на делегацијата.

11. Во посета на Република Северна Македонија, на 15 и 16 ноември 2022 година престојуваа г-ѓа Маргарета Седерфелд, претседател на ПС на ОБСЕ и г. Роберто Монтела, генерален секретар на ПС на ОБСЕ. Во придружба на Делегацијата за време на нивниот престој беа г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата и г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата.

12. На Есенската сесија на ПС на ОБСЕ, што се одржа од 23 до 26 ноември во Варшава, Република Полска, учестувуваа: г. Игор Јанушев, шеф, г-ѓа Моника Зајкова и г. Халил Снопче, членови, во придужба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Арта Биљали Зендели
**Членови:** г. Илија Николовски и г. Антонио Милошоски
**Заменици-членови:** г. Миле Талевски, г-ѓа Марија Петрушевска и г. Елми Азири.

ПС на НАТО има 269 делегати од 30 земји-членки на НАТО, делегати од 11 асоцијативни земји-членки, од Европскиот парламент, од 4 регионални партнери и од Медитеранските асоцијативни земји-членки, како и парламентарни набљудувачи од 8 други земји и 3 меѓупарламентарни собранија, кои, исто така, земаат учество во активностите на Собранието. Делегатите на ПС на НАТО се номинираат од националните парламенти, во согласност со нивните процедури, врз основа на партиската застапеност, така што ПС на НАТО застапува широк спектар на политички мислења.

Собранието претставува критички форум за меѓународен дијалог на парламентарци од Европа и од Северна Америка, кои дискутираат за теми од заеднички интерес.

Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консензус меѓу земјите. Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и влијание врз националните ставови и интереси, при што се тестираат и проценуваат прашањата од актуелен интерес за НАТО.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релевантни меѓународни организации.

Собранието е целосно независно од НАТО, но е врска меѓу националните парламенти на земјите-членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност, Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО имаат политички одговори на препораките и резолуциите на Собранието.

Целите на ПС на НАТО се: охрабрување на дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања; привлекува парламентарното внимание за централните безбедносни прашања за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа; пренесување колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји-членки; подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и зајакнување на трансатлантските односи.

**ПС на НАТО брои 269 члена,** има пет постојани комитети, осум поткомитети,

Интерпарламнетарен совет НАТО-Украина и Специјална група за Медитеранот.

Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на НАТО има статус на полноправен член од 27 март 2020 година (после 25 години статус на асоцијативен член кој го имаше уште од 1995 година) и брои тројца членови и тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 1 јауари 2022 година до 31 декември 2022 година**

- На специјалниот состанок на Постојаниот комитет на ПС на НАТО, што се одржа на 31 јануари 2022 година во виртуелен формат, учествуваше шефицата на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на НАТО, г-ѓа Арта Биљали-Зендели. На настанот учествуваше Секретаријатот на Делегацијата (Ана Качакова и Маријана Опашинова Шундовска).
- Парламентарното собрание на НАТО, од 21 до 23 февруари 2022 година, во Брисел, како дел од своите редовни активности, ги одржа заедничките состаноци на неговите комитети. На настанот, на кој присуствуваа делегации од земјите-членки на НАТО, Собранието на Република Северна Македонија како полноправна членка, беше претставено од Делегација во полн состав: Арта Билали-Зендели, шефица и членовите Илија Николовски и Антонијо Милошоски, во придружба на д-р Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата.
- Во заедничка организација на Парламентарното собрание на НАТО и Парламентот на Република Грција, на 10 април 2022 година во Атина, се одржа состанок на Постојаниот комитет на ова собрание. На Комитетот, во кој по функција членуваат шефовите на делегациите на земјите-членки, учествуваа 27 шефови на делегации, како и претседателите на Комитетите на ПС на НАТО. Од Собранието на Република Северна Македонија учествуваше шефот на Делегацијата, г-ѓа Арта Билали Зендели, во придружба на д-р Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата.
- На Пролетната сесија на Парламентарното собрание на НАТО, која се одржа во Вилнус, Република Литванија, од 27 до 30 мај 2022 година учествуваа членовите на Делегацијата, пратениците г. Илија Николовски (во својство на шеф на Делегација) и г. Антонијо Милошоски, во придружба на г-ѓа Блета Билали Ајети, во својство на секретар на делегација.
- Во заедничка организација на ПС на НАТО и Собранието на Република Ксоово, во Приштина од 8 до 10 октомври 2022 година се одржа 102.Рос-Рот семинар на ПС на НАТО, на кој учествуваа: г-ѓа Арта Билали Зендели, Шефица на Делегацијата на Собранието во ПС на НАТО, г. Илија Николовски, член, во придружба на секретарот на Делегацијата, г-ѓа Ана Качакова.
- Шефицата на Делегацијата на Собранието во ПС на НАТО, г-ѓа Арта Билали Зендели учествуваше на виртуелен состанок на Интерпарламентарниот совет Украина-НАТО, што се одржа на 13 септември 2022 година Состанокот го следеше и г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.
- На 68. Годишна сесија на ПС на НАТО, што од 18 до 21 ноември 2022 г. се одржа во Мадрид, Кралството Шпанија, учествуваа: шефицата на Делегацијата на Собранието на Република Северна

Македонија, г-ѓа Арта Биљали-Зендели, г. Илија Николовски, член на Делегацијата и г-ѓа Марија Петрушевска, заменик-член, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.

- На традиционалниот годишен Трансатлантски парламентарен форум, што се одржа од 5 до 7 декември 2022 година во Вашингтон, САД, учествуваа: г-ѓа Арта Биљали Зендели, шеф на Делегацијата, г. Илија Николовски и г.Антонијо Милошоски, членови, во придружба на г-ѓа Блета Билали Ајети, во својство на секретар на Делегацијата.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Талат Џафери
**Членови:** г. Диме Велковски,
г. Јован Митревски, г. Никола Мицевски,
г-ѓа Ели Панова, г. Арбер Адеми
г-ѓа Илире Даути и
г-ѓа Цветанка Иванова.

**Интерпарламентарната унија (ИПУ)** е меѓународна организација на парламентите на суверените држави. ИПУ е најстарата меѓународна организација од политички карактер, основана во 1889 година.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интер-парламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји; разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови; придонесува за заштита и унапредување на човековите права, како суштествен фактор на парламентарната демократија и развој и придонесува за подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика.

Унијата ги споделува целите на Организацијата на Обединетите нации, ги поддржува нејзините напори и остварува тесна соработка со неа. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни организации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали.

Во Интерпарламентарната унија членуваат 179 национални парламенти, а 13 меѓународни парламентарни собранија се придружни членови.

Собранието на Република Северна Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија се основа Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и шест члена.

**Активности во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година**

1. Делегација на Собранието во состав од пратениците г. Мартин Костовски, г. Бојан Стојаноски, г. Арбер Адеми и г-ѓа Илире Даути учествуваа на Осмата глобална конференција на Интерпарламентарната унија (ИПУ) за млади парламентарци, на тема: „Млади парламентарци за климатска акција", што се одржа на 15 и 16 јуни 2022 година во Шарм ел-Шеик, Египет. Во придружба на Делегацијата беше г-ѓа Билјана Огненовска, ко-секретар на Делегацијата.

2. Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во чиј состав се пратениците г-ѓа Соња Михаиловска, г-ѓа Мерита Колчи Коџаџику, г-ѓа Благица Ласовска и г. Абдула Салиу, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата, на 20 и 21 јуни 2022 година во Истанбул, Република Туркије, учествуваа на Конференцијата за миграции што се одржа во организација на Интерпарламентарната унија (ИПУ) и Парламентот на Турција.

CEI
CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Рашела Мизрахи
**Членови:** г. Кастриот Реџепи и г. Арбен Зибери
**Заменици-членови:** г. Љупчо Балковски, г-ѓа Благица Ласовска и г. Скендер Реџепи.

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 18 земји членки: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Украина и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Северна Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година. Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и генералните комитети на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја-членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до

седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија се состои од три члена и три заменици.

**Активности во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година**

1. На редовната пролетна сесија на парламентарниот комитет на ПД-ЦЕИ, која од 16 до 18 мај 2022 година се одржа во Софија, Република Бугарија, која воедно е и претседавач со ЦЕИ  оваа 2022 година, учествуваше и делегацијата на ПД-ЦЕИ од Собранието на Република Северна Македонија составена од пратениците г. Арбен Зибери и Кастриот Реџепи, во придружба на г. Глигор Стоименов, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г. Ѓорѓија Сајковски
**Членови:** г. Енес Ибраим, г. Сурија Рушиди
**Заменици-членови:** г-ѓа Марија Георгиевска, г-ѓа Иванка Василевска и г. Бедри Фазли

Парламентарното собрание на Медитеранот е меѓународна мултилатерална организација настаната како наследник на парламентарна димензија на долгодишната Конференција за соработка во Медитеранот (ЦСЦМ), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година. Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога  со консензус беше усвоен Статутот на оваа организација. Согласно со членот 6 став 1 од Статутот, “Парламентите на медитеранските крајбрежни држави и Андора, Јордан, Република Северна Македонија, Португалија и Сан Марино, по барање, се *ex officio* членови на Собранието”.

Земји-членки (28) на Парламентарно-то собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од: Албанија, Алжир, Андора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Јордан, Либан, Либија, Северна Македонија, Малта, Мавританија, Монако, Мароко, Палестина, Португалија, Романија, Србија, Словенија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција и Црна Гора. Придружни членки на ПС на Медитеранот се и Светата столица, Суверениот воен ред на Малта, а набљудувачи се: Арапската ИПУ, Медитеранската фондација, Лигата на арапски држави, Консултативниот совет на МАГРЕБ, ПАБСЕК, УНЕСКО, Светската метеоролошка организација и неколку медитерански иницијативи (EMUNI, MEDREG, PUIC, СТВТО, Унија за Медитеранот).

Парламентарното собрание на Медитеранот е форум каде парламентите од регионот работат заедно за да стигнат до заеднички цели кои водат кон создавање на најдобрите политички, социјални, економски и културна средина и услови за граѓани на земјите-членки.

ПСМ е регионална меѓународна, меѓудржавна организација, набљудувач на Генералното собрание на Обединетите нации и со специфична меѓународно правна положба. Собранието игра фундаментална улога како организација чии активности се длабоко вкоренети како комплементарна предност за работата на другите регионални и меѓународни тела, на кои им е доверена одговорноста да се поттикне безбедноста, стабилноста и мирот во Средоземното Море.

Собранието на Република Северна Македонија стана членка на оваа организација на 11 септември 2006 година, со прифаќањето на Статутот на Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот брои 6 членови, од кои тројца се членови, а тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година**

Парламентарното собрание на Медитеранот, од 9 до 10 март 2022 година, ја одржа својата 16. редовна сесија во Обединетите Арапски Емирати. На настанот, на кој присуствуваа делегации од земјите членки на Медитеранот, Собранието на Република Северна Македонија беше претставено од Делегацијата во полн состав: г. Ѓорѓија Сајкоски, шеф и членовите г. Енес Ибрахим и г. Абдула Салиу, во придружба на г-ѓа Блета Билали Ајети, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Шеф на Делегација:** г. Талат Џафери

**Членови:** г. Мартин Костовски, г. Павле Трајанов, г. Владо Мисајловски и г-ѓа Артина Ќазими

**Заменици-членови:** г. Хусни Исмаили, г. Иван Стоилковиќ, г. Петар Ристески и г-ѓа Вјолца Адеми

Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ) е основано во мај 2014 година во Букурешт, како резултат на интензивниот процес на консултации со цел за трансформирање и натамошно институционализирање на Парламентарната димензија на ПСЈИЕ. Парламентарното собрание е формирано во согласност со Повелбата за за добрососедски односи, стабилност, безбедност и соработка во ЈИЕ, потпишана во 2000 година во Букурешт, Меморандумот за разбирање за меѓупарламентарната соработка во Југоисточна Европа, потпишан во 2008 година во Софија, Заедничката изјава и Завршната декларација на 10. Конференција на претседатели на парламентите на земјите-членки на ПСЈИЕ, одржана во мај 2013 година во Охрид, во рамките на Македонското претседателство во ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ ги има зацртано следниве цели, кои

се базирани на принципите на регионалната сопственост и европската интеграција:

*Иницирање на различни форми на размена на искуства во областа на законодавството и неговото усогласување со законодавството на ЕУ, развивање и координирање на практики за интеракција со Владината димензија на ПСЈИЕ и зајакнување на дијалогот со граѓанското општество во регионот;

*Преземање на улогата на чадор за постигнување на синергија на активностите на регионалните иницијативи и другите форми на соработка во однос на економскиот и социјалниот развој, развојот на инфраструктурата и енергетиката, внатрешни работи и правда, соработка во областа на безбедноста, како и развој на човечки капитал;

*Поттикнување, следење и мониторинг на реализацијата на целите и приоритетите дефинирани од страна на ротирачкото претседателство со ПСЈИЕ и Регионалниот совет за соработка, како институционална структура за транспозиција на политички декларации и одлуки во конкретни проекти и програми;

*Интензивирање на парламентарни-те дипломатски активности и создавање на институционални врски со регионалните, европските и меѓународните организации, институции и фондациие;

Членови на Парламентарното собрание на ПСЈИЕ се парламентите на: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Косово, Македонија, Молдавија, Романија, Србија, Словенија, Турција, Хрватска и Црна Гора.

Во рамките на ПС на ПСЈИЕ функционираат три генерални комисии: Генералната комисија за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка, Генералната комисија за економија, инфраструктура и енергија и Генералната комисија за социјален развој, образование, истражување и наука, како и Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ има тенденција да стане водечка парламентарна платформа за регионот, пред сѐ заради следниве причини: принципот на регионална сопственост, целите кои вклучуваат регионална соработка и европска интеграција, членството кое опфаќа земји-членки на ЕУ, земји кандидати и потенцијални кандидати и фактот што ПСЈИЕ е една од ретките иницијативи која е целосно инклузивна, т.е. го вклучува и Косово на еднаква основа.

**Активности во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година**

1. Пратеникот Хусни Исмаили, член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ), учествуваше на Седницата на Комисијата за социјален развој, наука, култура и истражување на ПС на ПСЈИЕ, што се одржа во виртуелен формат на 5 април 2022 година. Настанот го следеа и г-ѓа Лидија Каракамчева, национален координатор во ПС ПСЈИЕ и г-ѓа Билјана Огненовска, заменик на националниот координатор.

2. Пратеникот Павле Трајанов, член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ), учествуваше на седницата на

Комисијата за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка на ПС на ПСЈИЕ, што се одржа на 12 април 2022 година во Парламентот на Република Грција во Атина, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, национален координатор.

3. ПС на ПСЈИЕ ја одржа 9. Пленарна сесија 1 и 2 јуни 2022 година во Атина, Република Грција. На сесијата учествуваше делегација од Собранието во состав: г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Северна Македонија и шеф на Делегацијата, г. Мартин Костовски, г. Павле Трајанов и г-ѓа Артина Ќазими, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, заменик-национален координатор во ПС ПСЈИЕ.

4. Пратеникот г. Мартин Костовски, член на Делегацијата на Собранието во ПС на ПСЈИЕ, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, национален координатор во ПС ПСЈИЕ, учествуваше на седницата на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ), што се одржува на 8-9 декември 2022 година во Подгорица, Црна Гора, во рамките на Црногорското претседателство со ПСЈИЕ.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE
DE LA FRANCOPHONIE

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

**Шеф на Делегацијата:** г. Абдула Салиу
**Членови на Делегацијата:** г. Ненад Коциќ
г-ѓа Бети Стаменкоска Трајкоска и
г-ѓа Сафије Садики Шаини.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Меѓународната организација на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание. Во него членуваат парламенти и собранија на држави, покраини, региони и меѓународни организации, кои имаат законодавна власт, или учествуваат во неа врз основа на уставните одредби предвидени во државите или заедниците, кои што се целосно или делумно франкофонски.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е место на дебати, предлози и размена на информации за сите прашања од заеднички интерес за членките. Ова Собрание одржува редовни врски со Конференцијата на шефови на држави и влади на земјите кои го споделуваат францускиот јазик (Самит на Франкофонијата), подготвува мислења и препораки кои имаат консултативна природа, иницира и презема активности во врска со слободата и политичките права, меѓупарламентарната соработка и развој, како и солидарноста меѓу парламентарните институции. Парламентарното собрание на Франкофонијата, исто така, ја промовира демократијата и правната држава, економската соработка, развојот на образованието и комуникациите во франкофонските простори.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата се претставени 88 парламенти, парламентарни собранија или совети на држави, покраини, региони и меѓународни организации.

Во рамките на Парламентарното собрание на Франкофонијата функционираат четири комисии: за политички прашања; за образование, комуникациии и културни прашања; за соработка и развој и за парламентарни прашања, четири регионални собранија:

Америка, Азија-Пацифик, Африка и Европа, Мрежата на жени парламентарки, Парламентарната мрежа за борба против ХИВ/СИДА, туберколоза и маларија, Парламентот на млади франкофони и др.

Собранието во Парламентарното собрание на Франкофонијата за првпат основало Секција во ПС на Франкофонијата во јануари 2001 година. Во овој парламентарен состав претседателот на Собранието на Република Северна Македонија на 13 октомври 2020 година во име на пратениците кои го користат или се служат со францускиот јазик донесе Одлука за основање на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на Франкофонијата.

Конститутивната седница на Секцијата во ПСФ во овој парламентарен состав се одржа на 13 и 14 октомври 2020 година. Секцијата брои девет членови, Бирото на Секцијата шест членови, а Делегацијата четири членови.

**Активности во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година**

1. Пратеникот Абдула Салиу во својство на претседател на Секцијата на Собранието на Република Сверна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата учествуваше на Конференцијата на претседатели на секции на Франкофонијата, регион Европа, што се одржа во Монако на 4 и 5 април 2022 година, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова во својство на секретар на Делегацијата.

2. Пратеничката Лидија Тасевска, членка на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, денеска оствари средба со високи претставници на Асоцијацијата за меѓународни односи (АРРИ), членка на Европското движење на Франција. Делегацијата беше во состав: Давид Капитан, претседател на организацијата и професор по јавно право на Универзитетот Сорбона; Ив Купен, почесен претседател на Еуродиф; Шарл Фернандез, генерал и администратор на организацијата; Франсоаз Жикел, поранешна дивизиона полициска комесарка; Доминик Кјавети, поранешна директорка за надворешни работи при францускoто МНР и Мари-Мадлен Рити, потпретседателка на Европската Унија на жени. На средбата присуствуваше и г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата на Собранието во ПСФ.

3. Пратениците г. Абдула Салиу, претседател на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата и г-ѓа Бети Стаменкоска-Трајкоска, потпретседателка на Секцијата, на 18 и 19 октомври 2022 година учествуваа на регионален семинар за етика и парламентарна деонтологија, што се одржа во Тирана, Република Албанија.

4. Претседателот на Секцијата, г. Абдула Салиу, како и членовите г-ѓа Бети Стаменкоска-Трајкоска, г. Ненад Коциќ како и г-ѓа Сафије Садики Шаини на 19.12.2022 година одржаа состанок на Секцијата со претставници од МНР, г. Пајо Авировиќ, директор на Директоратот за мултилатерални односи и личен претставник на претседателот Пендаровски во Постојаниот Совет на Франкофонијата и г. Назим Речи, од истиот Директорат во МНР во врска со преземање на конкретни активноси за одбележување на Франкофонијата во месец март 2023 година.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ПРАВОСЛАВИЕТО (ИПСП)

**Членови:** г.Миле Талевски и г-ѓа Ане Лашкоска

Интерпарламентарното Собрание на Православието (ИПСП) е меѓународна политичка организација основана во 1993 година, со седиште во Грчкиот парламент во Атина. Оваа иницијатива произлезе од Парламентот на Република Грција, а во моментов членовите на ИПСП се официјални парламентарни делегации, како и групи или одделни пратеници од триесет парламенти од целиот свет.

Целта на организацијата е да развие повеќеслојна политичка и културна соработка во насока на поттикнување на контакти и проширување на односите на доверба, разбирање на современите политички феномени и општествени трендови и истакнување на елементите на православието како позитивно влијание на меѓусебното разбирање меѓу културите. Затоа постојат два столба на кои се заснова ИПСП: од една страна одбрана на независниот парламентаризам и од друга страна ширење и консолидирање на принципите и вредностите на православната христијанска традиција. Секоја активност на ИПСП е фокусирана на оние кои страдаат.

Последното 27 годишно Генерално Собрание на ИПСП поради исклучителни околности предизвикани од пандемијата на Ковид 19 се одржа во виртуелен формат на 17 септември 2020 година. Во рамките на ова Генерално Собрание добивме покана како Собрание на Република Северна Македонија за првпат официјално да учествуваме во неговата работа со свои претставници, но и покана да делегираме постојана делегација во ИПСП. Поради тоа што сеуште немавме формирано парламентарна делегација на ИПСП поради неодамна одржаните парламентарни избори (јули 2020), немавме можност да учествуваме на ова Генерално Собрание. Токму поради тоа, врз основа на добиената покана за полноправно членство и постигнатиот општ политички консензус меѓу парламентарните политички партии, согласно “Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Северна Македонија” (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 310/20), претседателот на Собранието на Република Северна Македонија г. Талат Џафери, со официјално писмо упатено да претседателот на ИПСП г. Сергеј Гаврилов, на 22 октомври 2020 година ги номинираше пратениците г-ѓа Ане Лашкоска и г. Миле Талевски за претставници на нашето Собрание во Интерпарламентарното собрание на Православието.

**Активности во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година**

1. Во рамките на редовното пролетно заседание на Меѓународниот секретаријат и Советот на претседавачи на ИПС на Православието, што во периодот од 25 до 29 март 2022 година се одржа во Милано, Италијанска Република, учествуваше и делегација на Собранието на Република

Северна Македонија, предводена од пратеникот г. Миле Талевски, во придружба на г. Глигор Стоименов, секретар на Делегацијата.

2. На покана на Генералниот секретар на ИПС на Православието, а по повод заедничката литургија на Вселенскиот патријарх Вартоломеј со Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, на 11 и 12 јуни 2022 година во Истанбул престојуваа пратениците г. Миле Талевски и г-ѓа Ане Лашкоска, членови на Делегацијата на Собранието во ИПС на Православието, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, ко-секретар на Делегацијата.

3. Во рамките на посебните активности на Интерпарламентарното Собрание на Православието (ИПС на Православието), од 29 мај до 1 јуни 2022 година во Фиренца, Италија, се одржа презентација на италијанското издание на Монографијата „Света Софија - црквите на мудроста Господова ширум светотг. На овој настан и придружните активности учествуваше мала делегација од ИПС на Православието во која беа пратеници од Република Грција, Република Кипар, Ерменија и Република Полска. Од Собранието на Република Северна Македонија во составот на делегацијата беше пратеникот г. Миле Талевски, член во ИПС на Православието, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, ко-секретар на Делегацијата.

4. Во рамките на видео-конференцијата на Меѓународниот секретаријат при Интерпарламентарното собрание на православието (ИПСП), која се одржа на 4 октомври 2022 година во Атина, Република Грција, учествуваше пратеникот г. Миле Талевски, во својство на член на делегацијата на Собранието во ИПСП. Настанот го следеа и г. Глигор Стоименов, секретар на Делегацијата и г-ѓа Ана Качакова, ко-секретар.

5. На презентацијата на грчкото издание на Монографијата „Света Софија - црквите на мудроста Господова ширум светот", што се одржа на 21 и 22 октомври 2022 година во Солун, Република Грција, учествуваше г-ѓа Ане Лашкоска, член на Делегацијата на Собранието во ИПС на Православието, во придружба на г. Глигор Стоименов, секретар на Делегацијата.

6. Пратеникот Миле Талевски, на покана на Генералниот секретар на ИПС на Православието г. Максимос Харакопулос, од 24 до 28 ноември 2022 година беше во посета на Света Гора.

## ДЕЛЕГАЦИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ЦРНОМОРСКА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА (ПАБСЕК)

**Шеф на Делегација:** г-ѓа Лидија Тасевска

**Членови:** г-ѓа Благица Ласовска, г-ѓа Вјолца Адеми и г. Елми Азири

Парламентарното собрание на Организацијата за Црноморска економска соработка (ПАБСЕК), беше креирано како резултат на големите политички промени во доцните осумдесетти години, кога нациите на регионот на Црното Море повторно се појавија на светската сцена. Потрагата на земјите од регионот за начините на

соочувањето со предизвиците во врска со националниот развој и европската интеграција, го трасираше патот за комбинирање на нивните напори за претварање на Регионот на Црното Море во регион на стабилност, просперитет и мир. Искористувајќи ги заедничките именители како што се географската близина и заедничкото културно и историско наследство, земјите од регионот го забрзаа воспоставувањето билатерални и мултилатерални односи.

Декларацијата на Самитот за Црноморска економска соработка и изјавата од Босфор, потпишана во Истанбул, на 25 јуни 1992 година, ги дефинира основните принципи и целите на Црноморската економска соработка (БСЕЦ), со што формално се воведува нов процес на регионална соработка со учество на единаесет земји: Албанија, Ерменија, Азербејџан, Бугарија, Грузија, Грција, Република Молдавија, Романија, Руската Федерација, Турција и Украина. Србија и Црна Гора се приклучија на ПАБСЕК во 2004 година, со што станаа дванаесеттата земја-членка. Во 2006 година, откако Црна Гора ја прогласи својата независност, Република Србија стана правен наследник на поранешната држава и во БСЕК и во ПАБСЕК.

Работни јазици на Собранието се англиски, француски, руски и турски. Официјален јазик на документите и кореспонденцијата на ПАБСЕК е англискиот јазик.

Главни тела се: **Генералното собрание,** кое се состанува двапати годишно во редовна пленарна сесија (пролет и есен); **Постојан комитет,** кој се состои од претседателот на Собранието, заменици на претседателот на Собранието, претседателите на трите комисии и шефовите на националните делегации; **Биро на Собранието,** кое се состои од Претседателот и шест потпретседатели; **Комисии -** Собранието има три специјализирани комисии: **Комисијата за економски, трговски, технолошки и еколошки прашања; Комисијата за легални и политички прашања и Комисијата за култура, образование и социјални прашања**.

Меѓународниот секретаријат на ПАБСЕК е со седиште во Истанбул, Турција. Меѓународниот секретаријат е извршно и техничко тело за централна комуникациска врска меѓу парламентарните делегации на ПАБСЕК, меѓу БСЕК и неговите поврзани тела и Парламентарното собрание и меѓу ПАБСЕК и другите институции и меѓународните организации. Меѓународниот секретаријат е предводен од Генерален секретар.

Собранието на Република Северна Македонија стана полноправна членка на седницата на Генералното собрание на ПАБСЕК, што се оддржа виртеулно на 22 јуни 2021 година во организација на молдавскиот парламент-земја претседавач со ПАБСЕК.

**Активности во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година**

1. Г-ѓа Лидија Тасевска, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПАБСЕК, на 6 април 2022 година учествуваше во работата на Комисијата за правни и политички прашања на ПАБСЕК во виртуелен формат, како нејзин член. Настанот го следеа и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата и г-ѓа Блета Билали Ајети, ко-секретар.

2. Г-ѓа Вјолца Адеми, член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за црноморска економска соработка (ПАБСЕК), на 12 април 2022 година учествуваше во работата на Комисијата за економија, трговија и финансиски прашања на ПАБСЕК. Настанот беше онлајн и истиот го следеа и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата и г-ѓа Блета Билали Ајети, ко-секретар.

3. Шефицата на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата на Црноморска економска соработка (ПАБСЕК), г-ѓа Лидија Тасевска, учествуваше на 60. состанок на Комисијата за правни и политички прашања на ПАБСЕК, што се одржа на 25 октомври 2022 година во виртуелен формат. Настанот го следеше и г-ѓа Блета Биљали Ајети, ко-секретар на Делегацијата.

4. Пратеничката г-ѓа Вјолца Адеми, членка на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПАБСЕК, на 3 ноември 2022 година учествуваше во работата на Комисијата за економски, трговски и финансиски прашања на ПАБСЕК, која се одржа во виртуелен формат. Настанот го следеше и г-ѓа Блета Биљали Ајети, ко-секретар на Делегацијата.

5. Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ПАБСЕК во чиј состав се шефот на делегацијата, г-ѓа Лидија Тасевска, и членовите г-ѓа Вјолца Адеми и г-ѓа Благица Ласовска, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата, учествуваа во работата на 60. Генерално собрание на ПАБСЕК, што се одржа од 6 до 8 декември во Белград, Република Србија.

## МЕШОВИТ ПАРЛАМЕНТАРЕН КОМИТЕТ НА ЕУ И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Претседател на Делегацијата:** г-ѓа Соња Мираковска

**Потпретседатели:** г. Антонио Милошоски и г-ѓа Фисникe Бектеши-Шаќири

**Членови:** г. Бејџан Иљас, г-ѓа Жаклина Лазаревска, г-ѓа Маја Морачанин, г.Скендер Реџепи, г-ѓа Иванка Василевска, г. Никола Мицевски, г. Александар Николоски, г-ѓа Жаклина Пешевска, г. Бајрам Кадрија и г. Атнан Незири.

**Заменици-членови:** г. Мирослав Јовановиќ, г-ѓа Даниела Колева, г. Панчо Минов, г-ѓа Снежана Калеска-Ванчева, г-ѓа Благица Ласовска, г. Бојан Стојаноски, г. Јован Јаулески, г-ѓа Ане Лашкоска, г-ѓа Мерита Колчи-Коџаџику и г-ѓа Сафије Садики Шаини.

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Северна Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа член 114 од Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Северна Македонија, со Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година и Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Северна Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација. Собранието на Република Северна Македонија во Комитетот е застапено од Делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација, која има претседател, двајца потпретседтели и дванаесет члена. Делегацијата има и 12 заменици на членови.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Северна Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европска Унија - РСМ и ЕУ претставува парламентарен форум за директна билатерална соработка со Европскиот парламент каде што членовите на Собранието на Република Северна Македонија и Европскиот парламент разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Работата на ова тело овозможува ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Северна Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европска Унија е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Северна Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Северна Македонија, до Советот на Европската Унија и до Европската комисија.

МПК се состанува двапати годишно - еднаш во Собранието на Република Северна Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

**Активности во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година**

1. Пратеничката г-ѓа Сoња Мираковска, во својство на ко-претседавач со Мешовитиот парламентарен комитет – Република Северна Македонија и Европската Унија, на 24 март 2022 година оствари видео-средба со својот колега од Европскиот парламент, копретседавачот г. Андреас Шидер. Средбата се одржа во пресрет на 19.состанок на Комитетот, закажан за месец мај, како и во контекст на унапредувањето на политичкиот дијалог во Собранието во рамките на Жан Моне дијалогот, континуираната соработка и поддршка на Европскиот парламент која се рефлектира преку повеќе активности за одржување на меѓусебниот дијалог. Средбата ја следеше и г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, секретар на МПК-РСМ и ЕУ.

2. Во Собранието на Република Северна Македонија на 28 јуни 2022 година се одржа 19. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и ЕУ. Состанокот го отворија двајцата ко-претседавачи на МПК, г-ѓа Соња Мираковска и европратеникот г. Андреас Шидер. На состанокот учествуваа и европратениците г-ѓа Ирена Јовева, г-ѓа Марион Валсман и г. Владимир Билчик. Гостите од Европскиот парламент остварија

средба со претседателот на Собранието, г. Талат Џафери; генералната секретарка на Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова и со координаторите на Пратеничките групи на СДСМ - г. Јован Митревски, на ВМРО-ДПМНЕ - г. Никола Мицевски, на ДУИ - г. Арбер Адеми и на Алијансата за Албанците - г-ѓа Илире Даути. Состанокот го следеа и: секретарот на Комитетот г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска и г-ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на Комитетот.

3. Во Европскиот парламент во Стразбур, Француската Република, на 5 и 6 октомври 2022 година се одржа 20. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет – Република Северна Македонија и ЕУ, на кој учествуваше делегација од Собранието во состав: г-ѓа Соња Мираковска, претседателка на Делегацијата; г-ѓа Фиснике Бектеши-Шаќири, заменик-претседателка; членовите г-ѓа Жаклина Лазаревска, г. Никола Мицевски, г-ѓа Иванка Василевска и заменик-членките г-ѓа Снежана Калеска-Ванчева и г-ѓа Сафије Садики-Шаини, како и секретарот на Комитетот г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска и г-ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на Комитетот.

## 6.2. БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

1. Во рамките на посетата на Република Северна Македонија на г. Илир Мета, претседател на Република Албанија, на 11 јануари 2022 година се оствари средба со г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Северна Македонија. На средбата присуствуваа и членовите на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Албанија.

2. По повод именувањето на пратеникот во Израелскиот Кнесет, г. Муфид Мари, за претседател на Групата за пријателство со Република Северна Македонија, на негова иницијатива, на 31 јануари 2022 година преку платформата Zoom се одржа средба со г-ѓа Рашела Мизрахи, претседателка на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел. На средбата присуствуваа и г-ѓа Симона Франкел, амбасадорка на Државата Израел во Република Северна Македонија (резидентна во Ерусалим); г. Мачеј Качоровски, в.д. амбасадор на Република Северна Македонија во Израел, како и г-ѓа Ана Качакова и г. Дор Кадар, секретари на Пратеничките групи.

3. На 3 февруари 2022 година г. Ненад Коциќ, претседател на Групата за соработка со парламентот на Чешката Република оствари средба со Н. Е. Јарослав Лудва, новоименуваниот амбасадор на Чешката Република во Република Северна Македонија. На средбата присуствуваше и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Групата.

4. Во врска со состојбата на украинската граница, Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Украина на 16 февруари 2022 година даде изјава која беше објавена на официјалната веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија. Со Изјавата Пратеничката група вја потврдува недвосмислената поддршка за суверенитетот и територијалниот интегритет на Украина во нејзините меѓународно признати граници, изразува солидарност со пријателскиот украински народ и ги подржува дипломатските напори за деескалација на состојбата”.

5. На 25 февруари 2022 година, во рамките на посетата на Република Северна Македонија, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, оствари средба со министерот за надворешни работи на Република Србија, г. Никола Селаковиќ. На средбата присуствуваше и г. Иван Стоиљковиќ, претседател на Пратеничката група на собранието за соработка со Парламентот на Република Србија и г. Глигор Стоименов, секретар на Групата.

6. Во рамките на посетата на Република Северна Македонија на Делегацијата на Комисија за надворешна политика на Државниот збор на Република Словенија, предводена од претседателката г-ѓа Моника Грегорчич, на 28 февруари 2022 година се одржа заедничка средба на Комисијата за надворешна политика, на која присуствуваше и г. Александар Велјановски, претседател на ПГ на Собранието за сосработка со Парламентот на Република Словенија и г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, секретар на Групата.

7. Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери и собраниска делегација составена од пратениците: г. Бејџан Илјаз, г-ѓа Бети Стаменкоска-Трајкоска и г. Изет Меџити, членови на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Косово, на 4 и 5 март 2022 година престојуваа во официјална посета на Република Косово, на покана од Глаук Коњуфца, претседател на Собранието на Република Косово. Во составот на Делегацијата беше и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Групата.

8. На 30 март 2022 година Клубот на пратенички на Собранието, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Пратеничката група на Собранието за соработка со парламентите на Република Казахстан, Киргистанска Република, Република Таџикистан, Република Узбекистан и Турменистан, одржаа средба со пратенички од Парламентот на Република Таџикистан во рамки на студиска посета посветена на размена на добри практики за вклучување на родовата перспектива и зајакнување на улогата на жените во Парламентот на Северна Македонија.

9. Во работна посета на Република Северна Македонија, на 13 април 2022 година престојуваше г. Роберто Фико, Претседател на Домот на пратеници на Италијанската Република. На средбата со претседателот на Собранието, г. Талат Џафери, присуствуваше и претседателот на Пратеничката група на Собранието со Парламентот на Италија, г. Елми Азири, како и секретарот на Групата, г-ѓа Ана Качакова.

10. На 14 април 2022 година претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, оствари средба со Н.Е. г. Богдан Ауреску, министер за надворешни работи на Романија, кој престојува во официјална посета на Република Северна Македонија. На средбата присуствуваше и претседателот на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Романија, г. Панчо Минов, како и г-ѓа Блета Билали Ајети, секретар на Групата.

11. На 3 мај 2022 година претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, оствари средба со Н.Е. г. Аурелиус Ландсбергис, министер за надворешни работи на Република Литванија, кој престојува во официјална посета на Република Северна Македонија. На средбата присуствуваше и претседателката на Пратеничката група на Собранието за соработка со парламентите на Балтичките земји, г-ѓа Моника Зајкова, како и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Групата.

12. Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Украина, г. Јован Митрески, на 6 јуни 2022 година оствари онлајн средба со копретседавачот на Групата за меѓупарламентарни односи со Република Северна Македонија во Врховната Рада на Украина, г. Валериј Зуб и членови на Групата. На средбата присуствуваше и г-ѓа Арта Биљали Зендели, член на Пратеничката група, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Пратеничката група.

13. Членови на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска на 15 јули 2022 година во Собранието остварија средба со пратениците од Британскиот парламент г. Алекс Собел и г. Стефен Доути, во рамки на нивната посета на Скопје. На средбата присуствуваа: г. Кастриот Реџепи, претседател на Групата, г-ѓа Гордана Силјановска Давкова,

г-ѓа Санела Шкриељ и г-ѓа Марија Ангелова, членови на Групата и г-ѓа Ана Качакова, секретар на Групата.

14. Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Украина, г. Јован Митрески, на 29 септември 2022 година оствари средба со Н.Е. г-ѓа Лариса Дир, амбасадорка на Украина во Република Северна Македонија. На средбата присуствуваше и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Пратеничката група.

15. На 12 октомври 2022 година во официјална посета на Република Северна Македонија престојуваше претседателката на Националниот совет на Швајцарскиот парламент, г-ѓа Ирене Келин. На средбата со претседателот на Собранието, г. Талат Џафери присуствуваше и претседателот на Пратеничката група за соработка на Собранието со парламентот на Швајцарската конфедерација, г. Берат Ајдари, како и г. Агим Сулејмани, во својство на секретар на Групата.

16. На покана на претседателката на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Република Хрватска, г-ѓа Благица Ласовска, на 17 октомври 2022 година во Клубот на пратеници се одржа работен ручек на членовите на Групата со Амбасадорката на Република Хрватска во Република Северна Македонија, г-ѓа Нивес Тигањ. На настанот присуствуваше членот на Групата г.Ѓорѓија Сајкоски, како и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Групата.

17. На 24 октомври 2022 година во официјална посета на Република Северна Македонија престојуваше претседателката на Домот на пратениците на Парламентот на Чешката Република, г-ѓа Маркета Пекарова-Адамова. На средбата со претседателот на Собранието, г. Талат Џафери присустувуаше и претседателот на Пратеничката група за соработка на Собранието со парламентот на Чешката Република, г. Ненад Коциќ, како и г. Глигор Стоименов, во својство на секретар на Групата.

18. Членовите на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија, на 2 ноември 2022 година беа домаќини на делегација предводена од државната министерка за Европа на покраината Хесен, Сојузна Република Германија, г-ѓа Луција Путрих. На средбата присуствуваа пратениците: г. Антонијо Милошоски, претседател на Групата, г-ѓа Снежана Калеска-Ванчева, г-ѓа Жаклина Лазаревска, г. Никола Мицевски, г-ѓа Маја Морачанин, г. Бастри Бајрами, членови на Групата, како и г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, секретар на Групата.

19. За време на работната посета на г. Хаки Абази, претседател на Комисијата за надворешни работи на Собранието на Република Косово, на 23 ноември 2022 година беше организиран работен ручек со претседателот и членовите на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Косово. На настанот присуствуваа пратениците: Африм Гаши, претседател и Бети Стаменкоска Трајкоска, Боби Мојсоски, Изет Меџити и Фадил Зендели, членови, како и г-ѓа Марија Стефанова, во својство на секретар на Групата.

20. Претседателот на Собранието, г.Талат Џафери, на 24 ноември 2022 година беше домаќин на изложбата за сеќавање на жртвите од Гладоморот во Украина „Украина се сеќава, светот признава", на која присуствуваа украинската амбасадорка во земјава, г-ѓа Лариса Дир,

претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Украина, г. Јован Митрески, како и други членови на Групата и пратеници.

21. Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, на 7 декември 2022 година се сретна со министерот за надворешни работи на Република Бугарија, г. Николај Милков, кој престојуваше во посета на Република Северна Македонија. На средбата присуствуваше и г-ѓа Љубица Спасова, член на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Република Бугарија и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Групата.

22. На 7 декември 2022 година претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери претседаваше со Првиот состанок на Интерпартиската парламентарна група за поддршка на Кримската платформа во својство на претседател на Групата. Во составот на Групата е и пратеникот г. Јован Митрески, претседател на ПГ на Собранието за соработка со Парламентот на Украина. На средбата присуствуваше и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на ПГ на Собранието за соработка со Парламентот на Украина.

23. Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери на 12 декември 2022 година оствари средба со претседателот на Собранието на Република Косово, г. Глаук Коњуфца, кој престојуваше во возвратна посета на земјава. На средбата присуствуваше и претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Косово, г.Африм Гаши, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Пратеничката група.

# 6.3.ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

**Европски парламент/Европска Унија**

1. Пратеничката г-ѓа Соња Мираковска, во својство на ко-претседавач со Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европската Унија, на 24 март 2022 година оствари видео-средба со својот колега од Европскиот парламент, копретседавачот г. Андреас Шидер. Средбата се одржа во пресрет на 19.состанок на Комитетот, зака+жан за месец мај, како и во контекст на унапредувањето на политичкиот дијалог во Собранието во рамките на Жан Моне дијалогот, континуираната соработка и поддршка на Европскиот парламент која се рефлектира преку повеќе активности за одржување на меѓусебниот дијалог. Средбата ја следеше и г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, секретар на МПК-РСМ и ЕУ.

2. Во Собранието на Република Северна Македонија на 28 јуни 2022 година се одржа 19. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и ЕУ. Состанокот го отворија двајцата копретседавачи на МПК, г-ѓа Соња Мираковска и европратеникот г. Андреас Шидер. На состанокот учествуваа и европратениците г-ѓа Ирена Јовева, г-ѓа Марион Валсман и г. Владимир Билчик. Гостите од Европскиот парламент остварија средба со претседателот на Собранието, г. Талат Џафери; генералната секретарка на Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова и со координаторите на Пратеничките групи на СДСМ - г.Јован Митревски, на ВМРО-ДПМНЕ - г. Никола Мицевски, на ДУИ - г. Арбер Адеми и на Алијансата за Албанците – г-ѓа Илире Даути. Состанокот го следеа и: секретарот на Комитетот г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска и г-ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на Комитетот.

3. Во Европскиот парламент во Стразбур, Француската Република, на 5 и 6 октомври 2022 година се одржа 20. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет – Република Северна Македонија и ЕУ, на кој учествуваше делегација од Собранието во состав: г-ѓа Соња Мираковска, претседателка на Делегацијата; г-ѓа Фиснике Бектеши-Шаќири, заменик-претседателка; членовите г-ѓа Жаклина Лазаревска, г. Никола Мицевски, г-ѓа Иванка Василевска и заменик-членките г-ѓа Снежана Калеска-Ванчева и г-ѓа Сафије Садики-Шаини, како и секретарот на Комитетот г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска и г-ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на Комитетот.

**Проект на Собранието со Шведскиот Риксдаг**

Управувачката група на Собранието на Република Северна Македонија е во состав: г. Фадил Зендели, претседавач со Групата, членови г. Мартин Костовски, г-ѓа Маја Морачанин, г-ѓа Гордана Силјановска-Давкова, г. Ѓоргија Сајкоски, г. Александар Вељановски, г. Арбер Адеми, г-ѓа Арта Билали Зендели, г-ѓа Арбана Пашоли, г-ѓа Сафије Садики Шаини, г.Халил Снопче и г. Борислав Крмов.

Секретаријатот на Управувачката група го сочинуваат г-ѓа Лидија Каракамчева, координатор и г-ѓа Марија Стефанова, заменик-координатор.

**Активности во периодот 1 јануари - 31 декември 2022 година**

1. Од 20 до 23 февруари 2022 година во посета на Република Северна Македонија престојуваше Делегација на Управувачката група за демократски развој на шведскиот Риксдаг. Делегацијата се сретна со претседателот на Собранието, г. Талат Џафери, со македонскиот дел од Управувачката група и со претседателот на Република Северна Македонија.

На состаноците учествуваа пратениците: г. Фадил Зендели потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија и претседавач на Управувачката група, потоа г. Мартин Костовски, г. Халил Снопче, г-ѓа Маја Морачанин, г-ѓа Гордана Силјановска - Давкова, г. Александар Велјановски, г-ѓа Арбана Пашоли, како и Снежана Калеска Ванчева, како и Секретаријатот на Управувачката група - г-ѓа Лидија Каракамчева, координатор и г-ѓа Марија Стефанова, заменик-координатор.

2. Делегација на Собранието на Република Северна Македонија, дел од Управувачката група за соработка за демократски развој со Шведскиот парламент, во состав г.Фадил Зендели, претседател и членовите г-ѓа Маја Морачанин, г.Мартин Костовски, г.Александар Велјановски, г-ѓа Гордана Силјановска-Давкова, г-ѓа Арбана Пашоли, г.Халил Снопче, г-ѓа Снежана Калеска-Ванчева и г-ѓа Дафина Стојаноска, на 5 и 6 мај 2022 година престојуваше во дводневна студиска посета на Шведскиот парламент во рамките на воспоставената соработка за демократски развој меѓу двата законодавни дома. Од Службата на Собранието, во составот на Делегацијата беа и Секретаријатот на Управувачката група: г-ѓа Лидија Каракамчева, координатор на Проектот и г-ѓа Марија Стефанова, заменик-координатор.

Управувачката група, г-ѓа Лидија Каракамчева и г-ѓа Марија Стефанова, заменик-координатор.

**<u>Ад-хок активности</u>**

1. Заменик-генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија, г. Бојан Василевски, на 10 октомври 2022 година оствари средба со амбасадорот на Индија, Н.Е. Санџај Рана, на која присуствуваше и г-ѓа Лидија Каракамчева, помошник раководител на Секторот за меѓународна соработка.

2. Пратеникот Диме Велковски учествуваше на 23. Парламентарен разузнавачко-безбедносен форум, што се одржа од 5 до 7 декември 2022 година, во Сенатот на САД во Вашингтон.

# 7.ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО

## 7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби




## 7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари

Интерпартиската парламентарна група за поддршка на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија го одбележи Меѓународниот ден на Ромите - 08 Април. - Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери **(7 април 2022)**

Твининг програма: „Зајакнување на функциите на буџетското планирање, извршување и внатрешна контрола", кој се спроведува во соработка со Министерството за финансии на Кралството Холандија, Република Хрватска, Република Бугарија и Република Латвија **(18 април 2022)**

Централна прослава за Одбележување на 7 Мај - Денот на македонската полиција. Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери **(7 мај 2022)**

Свечена академија по повод Одбележувањето на јубилејот 60 години постоење на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП) Обраќање на потпретседателот на Собранието, Горан Мисовски **(12 мај 2022)**

18 Конференција на Парламентарни комисии за европски интеграции / прашања на државите учеснички во Процесот на стабилизација и асоцијација на Југоисточна Европа - КОСАП (Охрид) **(од 3 до 5 јуни 2022)**

| |
|---|
| Свечено отворање на Преспа форум. Обраќање на претседателот Талат Џафери **(16 јуни 2022)** |
| Тркалезна маса „Отворен регионален фонд - Промоција на интеграција во ЕУ" **(17 јуни 2022)** |
| 19-тиот Состанок на Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација (Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европската унија) **(од 27 до 29 јуни 2022)** |
| Комеморативна седница на Комитетот за односи меѓу заедниците за одбележување на 11 јули - Ден за сеќавање на геноцидот во Сребреница **(7 јули 2022)** |
| Свечено отворање на Балкански фестивал на народни песни и игри - Охрид. Обраќање на потпретседателот на Собранието, Горан Мисовски **(7 јули 2022)** |
| Обраќање на Н.Е. Урсула фон дер Лајен, претседател на Европската комисија, пред Собранието на Република Северна Македонија **(14 јули 2022)** |
| Свечено отворање на 52 републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови" - Битола. Обраќање на потпретседателот на Собранието, Горан Мисовски **(26 јули 2022)** |
| Одбележување на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката. |
| Шеста конференција на телата за еднаквост од Југо-источна Европа во организација на Комисија за спречување и заштита од дискриминација, со поддршка на мисијата на ОБСЕ во Скопје. Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери **(6 септември 2022)** |
| Прием по повод 8 Септември - Ден на независноста на Република Северна Македонија. Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери **(7 септември 2022)** |
| Обраќање на Н.Е. Серџо Матарела, претседател на Италијанска Република, пред пратениците на Собранието на Република Северна Македонија **(9 септември 2022)** |
| Сесија во рамките на проектите „Социјални права на ранливи категории" и „Агенда 2030" при германското Друштво на меѓународна соработка (ГИЗ). Воведно обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери **(22 септември 2022)** |
| Потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Собранието на Република Северна Македонија и Амбасадата на Француската република во Република Северна Македонија **(26 септември 2022)** |
| Обраќање на Н.Е. Ирене Келин, претседател на Националниот совет на Федералниот парламент на Швајцарската конфедерација, пред пратениците на Собранието на Република Северна Македонија **(13 октомври 2022)** |
| Интерпартиска парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во РС Македонија заедно со Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата во Собранието на Република Северна Македонија, на тема: „Влијание на социјалната дискриминација врз животот на ЛГБТИ, Ромите, можности за соработка и подобрувања" **(14 октомври 2022)** |
| Две средби на работната група за учество во Дијалогот „Жан Моне". **(8 ноември 2022 и 26 декември 2022)** |
| Свечено отворање на изложбата „Украина се сеќава - светот признава". Изложбата беше во Кристална сала и траеше **од 24 септември до 6 декември 2022**. |
| Обраќање на Н.Е. Франк Валтер Штајнмајер, претседател на Сојузна Република Германија пред Пратениците на Собранието на Република Северна Македонија. **(29 ноември 2022)** |
| Инаугуративна седница на Интерпартиска парламентарна група за поддршка на Кримската платформа **(7 декември 2022)** |
| Годишно обраќање на Н.Е. Стево Пендаровски, претседател на Република Северна Македонија, пред пратениците на Собранието на Република Северна Македонија **(22 декември 2022)** |
| Потпишување на поединечен Колективен договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - **(29 декември 2022)** |

# 7.3. Свечени изјави

| |
|---|
| Свечена изјава на **г. Димитар Ковачевски,** претседател на Владата на Република Северна Македонија **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Славјанка Петровска**, министер за одбрана **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Оливер Спасовски**, министер за внатрешни работи **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Никола Тупанчевски**, министер за правда **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Артан Груби**, министер за политички систем и односи меѓу заедниците **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Бујар Османи**, министер за надворешни работи **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Фатмир Бесими**, министер за финансии **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Крешник Бектеши,** министер за економија **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Љупчо Николовски**, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Беким Сали**, министер за здравство **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Јетон Шаќири,** министер за образование и наука **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава **г-ѓа Јована Тренчевска**, министер за труд и социјална политика **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Горан Милевски**, министер за локална самоуправа **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Бисера Костадиновска Стојчевска**, министер за култура **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Адмирим Алити**, министер за информатичко општество и администрација **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Благој Бочварски,** министер за транспорт и врски **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Насер Нуредини**, министер за животна средина и просторно планирање **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Бојан Маричиќ,** министер без ресор **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Славица Грковска,** министер без ресор **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Фатмир Бетиќи,** министер без ресор **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Џемаил Чупи,** министер без ресор **(16 јануари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Башким Хасани**, заменик министер за одбрана **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Назим Буши**, заменик министер за внатрешни работи **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Агим Нухиу**, заменик министер за правда **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Џабир Доко**, заменик министер за политички систем и односи меѓу заедниците **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Фатмире Исаки**, заменик министер за надворешни работи **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Филип Николоски**, заменик министер за финансии **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Зоран Маневски,** заменик министер за економија **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Абдулшуќур Абедини**, заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство **(10 февруари 2022)** |

| |
|---|
| Свечена изјава на **г. Владимир Рендевски**, заменик министер за здравство **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Лулзим Алиу**, заменик министер за образование и наука **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Енвер Хусејин**, заменик министер за труд и социјална политика **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Зоран Димитровски**, заменик министер за локална самоуправа **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Даим Лучи**, заменик министер за култура **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Александар Бајдевски**, заменик министер за информатичко општество и администрација **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Беким Реџепи**, заменик министер за транспорт и врски **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Христина Оџаклиеска**, заменик министер за животна средина и просторно планирање **(10 февруари 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Влатко Георгиевски,** член на Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија **(7 март 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Мирјана Радевска Стефкова,** член на Судскиот совет на Република Северна Македонија **(9 септември 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Зоран Герасимовски,** член на Судскиот совет на Република Северна Македонија **(9 септември 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Ивица Николовски,** член на Судскиот совет на Република Северна Македонија **(9 септември 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Фатмир Скендер**, судија на Уставен суд на Република Северна Македонија **(28 октомври 2022)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Татјана Васиќ Бозаџиева**, судија на Уставен суд на Република Северна Македонија **(28 октомври 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Ристо Пенов**, министер за локална самоуправа на Република Северна Македонија **(28 октомври 2022)** |
| Свечена изјава на **г. Хусни Исмаили**, потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија **(28 октомври 2022)** |

## 7.4. Доделување државни награди

Доделување на Државна награда **„Гоце Делчев" - (4 мај 2022)**

- **Добитник на Државната награда:**
- **Проф. д-р Мишо Докмановиќ**

Доделување на Државна награда **„8 Септември" - (8 септември 2022)**

- **Добитници на Државната награда:**
- **Чедо Николовски**, награда за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план
- **г. Атанас Костовски;**
- **г. Зоран Карановиќ;**
- **г. Стојан Андриевски;**
- **г. Ацо Јорданов.**

Доделување на Државна награда **„11 Октомври" - (11 октомври 2022)**

- **Добитници на Државната награда:**
- **проф. д-р Методи Чепреганов**, невропсихијатар, за животно дело во областа на

науката;
- **г-ѓа Линдита Ахмети,** поетеса, за животно дело во областа на културата и уметноста;
- **г. Томислав Османли**, писател, за животно дело во областа на културата и уметноста;
- **г. Мицко Јанкуловски,** ликовен уметник, за животно дело во областа на културата и уметноста.

Доделувања на Државна награда **„22 Ноември" - (22 ноември 2022)**
- **Добитници на наградата:**
- **Проф Д-р Зеќирија Незири,** албанолог

Доделување на Државната награда **„Свети Климент Охридски" - (8 декември 2021)**
- **Добитници на наградата се:**

**Во областа на воспитанието и образованието**
- **проф. д-р Африм Османи, универзитетски професор**

**Во областа на културата и уметноста**
- **академик Влада Урошевиќ, писател**
- **г. Исмет Рамиќевиќ, ликовен уметник.**

**Во областа на здравството**
- **проф. д-р Сашко Јовев, кардиохирург**

Доделување на Државната **награда „Мето Јовановски" - (10 декември 2021)**
- **Добитници на наградата се:**
- **г. Денис Јанкуловски,**
- **г-ѓа Ленче Здравкин**

Доделување на Државна награда **„Мито Хаџивасилев Јасмин" - (21 декември 2021)**
- **Добитници на наградата се:**
- **г. Александар Трајковски,** публицист;
- **г-ѓа Лаура Папранику Бејтула,** новинар;

# 8. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

## 8.1.Канцеларии за контакти на пратениците Со граѓаните во изборните единици

Со Законот за Собрание е уредено и предвидено функционирањето на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ.

Целта на овие канцеларии е да се овозможи на граѓаните да имаат директна комуникација со своите пратеници, да разменуваат информации, да даваат предлози и сугестии за одредени прашања и полесно да ги искажат проблемите и да најдат заеднички решенија (да учествуваат во изнаоѓањето решенија) за истите.

Одделението за поддршка на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ од јануари до декември 2022 година имаше отворено вкупно 52 канцеларии во следиве општини:
Аеродром, Битола, Богданци, Велес, Виница, Василево, Гостивар, Гевгелија, Гази Баба, Делчево, Дебар, Демир Хисар, Ѓорче Петров, Кисела Вода, Кавадарци, Кичево, Кратово, Карпош, Кочани, Маврово и Ростуше, Неготино, Охрид, Пласница, Прилеп, Петровец, Радовиш, Ресен, Струмица, Свети Николе,Тетово,Теарце, Чаир, Штип и Шуто Оризари.

**Реализирани работни задачи и преземени активности во 2022 година**

“Мобилен парламентарен караван”

Во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), НДИ со поддршката на агенција за односи со јавност и маркетинг “Њу Момент” и во соработка со Собранието на Република Северна Македонија е спроведена промотивна активност која придонесе за подобрување на перцепцијата меѓу граѓаните во насока на поголема отвореност на Собранието и близина до нив.

Промотивната активност се одвиваше во форма на мобилен караван, кампања чии главни цели беа да се претстави Собранието како отворена, одговорна и транспарентна институција како и да го доближи до оние граѓани што не се во можност физички да ја посетат зградата на Собранието во Скопје.

Со организирање на предложениот караван, ПСП, институционалните и граѓанските партнери го направија Собранието „мобилно”, што значи дека граѓаните имаа можност одблизу да се запознаат со неговите клучни карактеристики и улоги.

Дел од останатите цели на караванот беа:

- едукативни: и возрасните, младите и децата слушнаа информации за законодавните, надзорните и другите процеси,
- промотивни: канцелариите за контакт на пратениците беа локации за средбите од каравper и на тој начин тие станаа повидливи за граѓаните,
- информативни: посетителите на караванот беа запознаени со иницијативите за транспарентност на „Програмата за парламентарна поддршка" како што се новата веб-страница на Собранието, ТВ-студиото и Собранискиот канал итн.
- зголемена видливост: караванот, исто така, ќе биде можност за натамошно промовирање на Програмата за парламентарна поддршка, како клучен поддржувач во зајакнувањето на транспарентноста и надзорните улоги на Собранието.

Промотивната активност се состоеше од три елементи:
1. „Мобилен парламентарен караван" во 13 градови,
2. Главен настан во Скопје и
3. Содржини за дигитална промоција

Предложениот слоган/главна порака на „Мобилниот парламентарен караван" беше "Собрание за граѓаните - отворено и одговорно."

Главна компонента на кампањата беше караванот низ 13 градови, беа посетени сите кои имаа канцеларии каде граѓаните можат да се поврзат со пратениците.

Во однос на главниот настан во Скопје, тој се одржа во "Жена парк" наспроти Собранието.

Со цел да се зголеми видливоста на „Мобилниот парламентарен караван", содржината поврзана во неговите активности ќе се создава и одделува претежно преку каналите на социјалните медиуми на „Програмата за парламентарна поддршка."

Спроведувањето на кампањата започна на ден 25 октомври и заврши на 9 ноември 2022 година. Беа посетени градовите: Штип, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Радовиш, Кочани, Велес, Прилеп, Битола, Охрид, Дебар, Гостивар и Скопје.

За имплементација на оваа активност:

- ПСП/НДИ ги покри целосно финансиските трошоци за реализација на активноста (набавка на брендирано возило, набавка на печатени промотивни материјали, набавка на мобилен инвентар за настаните, ангажман на надворешни лица);
- "Њу Момент" работеше на комплетна реализација на настанот во однос на логистика и човечки ресурси (планирање, организација, набавка, поставување на мобилниот инвентар на настаните, ангажман на модератор, промотивни активности за настаните).

Собранието контрибуираше со човечки ресурси (одделение за поддршка на канцеларии за комуникација со граѓани, асистенти од канцелариите, одделение за едукација и комуникација - ПИ, сектор за јавно информирање) како и пратениците од градовите кои беа посетени од караванот.

**Организирани обуки на одделението за поддршка на канцелариите за контакти на пратениците за поддршка и за јакнење на капацитетите на асисентитете во канцелариите на пратениците**

1.Онлајн работилница на тема: „Зајакнување на капацитетите на асистентите во канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните"
- за асистентите во канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните - софтверска платформа Zoom
24 - 25 јануари 2022 година

Во периодот од јануари до декември 2022 година во канцелариите за остварување контакти на пратеници со граѓани во ИЕ реализирани се:

**8473** посети во канцелариите за остварување контакти на пратеници со граѓани во ИЕ,
**4847** новорегистрирани случаи (без оглед дали се решени или сѐ уште отворени),
**1485** на решени случаи,
**126** поднесени пратенички прашања и
**30** граѓански иницијативи покренати во Собранието на Република Северна Македонија.

Во 2021 година председателот на Собранието на Република Северна Македонија даде согласност за обезбедување финансиски средства со буџетот за 2022 година за ангажирање до 75 лица од 1 јануари 2022 до 31 декември 2022 година, во бруто-износ од 10.000 денари, месечен надоместок за извршена работа.

Собранието во континуитет се подготовува и презема чекори во соработка со единиците за локалната самоуправа, ЗЕЛС и со Владата на Република Северна Македонија заради обезбедување просторни услови, за отворање и на преостанатите канцеларии, во согласност со закон.

## 8.2. Електронска комуникација

Службата и пратениците на Собранието на Република Северна Македонија во секојдневната работа во законодавниот процес го користат системот на е-Парламент кој е интегриран со веб-страницата, која покрај на македонски и албански јазик има и англиска и француска јазична верзија.

Оваа година се стави во употреба нова верзија на е-Парламентот базирана на најнови технологии, која овозможи целосно компјутеризиран и дигитален принцип на функционирање и работа без хартија.




Новиот систем за говорење и гласање во сала Македонија се поврза со е-Парламентот. Секоја делегатска единица сега прикажува агенда на седницата, тековен говорник, пријава за збор, процедурални забелешки, реплика и контра-реплика, гласање по точките од дневниот ред, гласање со допир на екранот и прилагодување на менито на јазикот на пратеникот.

Исто така, беше модернизирана и редизајнирана веб-страницата на Собранието (www.sobranie.mk), која даде логичка поврзаност на содржините, лесна навигација, напредно пребарување, интеграција со социјалните мрежи, унапреден видео-стриминг и друго а ја зголеми транспарентноста и отчетноста пред граѓаните и воедно им овозможи полесен пристап до голем број информации за работата на Собранието.

На веб-страницата можат да се најдат сите материјали кои биле или се во собраниска процедура, увид во која фаза од законодавната постапка се наоѓаат, извештаите поврзани со нив, видео-записи од пленарните седници и извештаи од седниците на работните тела.




Преку календарот достапна е агендата за дневните активностите во Собранието: закажани пленарни седници, седници на работни тела, средби, прес-конференции, други настани, како и планирани следни активности.

Тековно, на веб-страницата се објавуваат соопштенија од посети, настани и одржани официјални средби во Собранието, но и од меѓународна активност на пратениците, истите редовно се објавуваат на социјалните мрежи преку официјалните профили на Собранието - Facebook, Twitter, Youtube, Flickr.

Веб-страницата нуди информации за надлежноста и палатата на Собранието, стратешкиот план, Кодексот, Законот за Собранието, за пратениците, Уставот, Деловникот и законодавната постапка.

Достапни се информации за собранискoто раководство, биографии на пратениците и нивните активности во Делегациите, Пратеничките групи за соработка со другите земји, Комитетот за односи меѓу заедниците, Советите, Клубот на пратенички, како и Интерпартискати парламентарни групи за правата на лицата со посебни способности, за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија, за правата на ЛГБТИ лицата.






Со цел да се зголеми отчетноста и финансиската транспарентност пред граѓаните, се објавени информации за Буџетот на Собранието, Годишниот план за јавни набавки, јавни набавки, завршни сметки и ревизорски извештаи, огласи, како и останати публикации.

Податоците за Канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во изборните единици, се достапни на веб-страницата. Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, граѓаните своите барања можат да ги достават електронски до Собранието.

Сите граѓани што сакаат да ја разгледаат зградата, Собранието организира Отворен ден, а граѓаните имаат можност да се пријават електронски преку следниов линк: http://poseti.sobranie.mk/.



## 8.3.Собраниски ТВ канал

1. Директни преноси од пленарните седници во Собранието на Република Северна Македонија

2. Директни преноси од Комисијата за финансирање и буџет
 -ребаланс на буџетот за 2022 г.

2.а Директни преноси од Комисијата за финансирање и буџет-
 - усвојување на буџетот за 2023 г.

3. Снимки од работата на собраниските тела

4. Снимки од настани одржани во Собранието на Република Северна Македонија
 - Доделување на државни награди во Собранието на Република Северна Македонија
 - Едукативни содржини доставени од Собранието на Република Северна Македонија

5. Месечни прегледи за искористено програмско време на Собранискиот канал

На Собранискиот канал програмата се емитува од 10.00 до 22.00 ч.

Терминот за емитување се пролонгира, само доколку во Собранието се одржува седница што трае и по 22.00 ч.

**1. Емитувани директни преноси**

Директни преноси од пленарните седници

| Месец | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| јануари | 3 | 795 |
| февруари | 5 | 1.357 |
| март | 24 | 2.330 |
| април | 22 | 1.219 |
| мај | 13 | 2.629 |
| јуни | 7 | 1.551 |
| јули | 15 | 2.606 |
| август | / | / |
| септември | 6 | 787 |
| октомври | 9 | 787 |
| ноември | 10 | 1.217 |
| декември | 11 | 1.817 |
| **Вкупно** | **125** | **17.095 минути** |

## 2. Директни преноси од Комисијата за финансирање и буџет

Ребаланс на буџетот за 2022 г.

| Месец | број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| јуни | 7 | 2.250 |
| јули | 2 | 399 |
| **Вкупно** | **9** | **2.649 минути** |

## 2.а Директни преноси од Комисијата за финансирање и буџет

Усвојување буџет за 2023 г.

| Месец | број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| ноември | 4 | 1.135 |
| декември | 5 | 1.938 |
| **Вкупно** | **9** | **3.073 минути** |

## 3. Емитувани снимки од седниците на собраниските тела

| **Собраниски работни тела** | **бр.на заседанија** | **време во мин.** |
|---|---|---|
| Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците | 30 | 4.300 |
| Комисија за финансирање и буџет | 30 | 1.782 |
| Комисија за здравство | 3 | 121 |
| Комисија за труд и социјална политика | 7 | 971 |
| Комисија за надворешна политика | 11 | 546 |
| Комисија за култура | 2 | 26 |
| Комисија за транспорт,врски и екологија | 4 | 398 |
| Комисија за земјоделство,шумарство и водостопанство | 4 | 315 |
| Комисија за одбрана и безбедност | 18 | 1.513 |
| Комисија за економски прашања | 14 | 1.401 |
| Комисија за европски прашања | 32 | 3.222 |
| Комисија за образование,наука и спорт | 5 | 376 |
| Комисија за прашања на изборите и именувањата | 24 | 4.034 |

| | | |
|---|---|---|
| Комисија за локална самоуправа | / | / |
| Комисија за делов. и мандатно имунитетни прашања | 2 | 11 |
| Комисија за еднакви можности на жените и мажите | 3 | 175 |
| Национален совет за евроинтеграции | 3 | 310 |
| Законодавно-правна комисија | 82 | 1.887 |
| Комитет за односи меѓу заедниците | 5 | 284 |
| Буџетски совет на Собрание на РСМ | 5 | 42 |
| Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите | 2 | 32 |

**3.Емитувани снимки од седниците на собраниските тела**

| **Собраниски работни тела** | **бр.на заседанија** | **време во мин.** |
|---|---|---|
| Клуб на пратенички | 1 | 173 |
| Агенција за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и на Агенцијата за разузнавање | 4 | 22 |
| Клубот на млади пратеници | | |
| ИПГГ за правата на лицата со хендикеп | | |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните | | |
| Интерпартиска парламентарна група за поддршка на правата на Ромите | | |
| **Вкупен број на заседанија на собраниските комисии** | **291** | **21.941 мин.** |

**4. Снимки од настани одржани во Собрание на РСМ**

**Април**

28.4.2022- Изјава на претседателот на Собранието на РСМ Т.Џафери по средбата со претседателот на Врховната рада на Украина
**тр. 1.40 мин**.

---

**Мај**

4.5.2022 - Доделување на Државна награда "Гоце Делчев"
**трае - 17 мин**
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Јуни**

28.6.2022 – Мешовит парламентарен комитет-19- РСМ - ЕУ – снимка
**тр. 171 мин.**
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Јули**

9.07.2022 г.- Емитуван е прилог од посетата на Талат Џафери на Р. Италија
Потпишување на договор за меѓупарламентарна соработка тр.6 мин.
Прилогот е емитуван трипати.
**Вкупно -18 мин.**
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Август**

Директен пренос од Пелинце - Обраќање на Претседателот на Собрание на РСМ Талат Џафери.
**тр. 59 мин**.
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Септември**

7.9.2022 - Обраќање на претседателот на Собранието на РСМ Талат Џафери по повод Денот на државноста 8 Септември – снимка - емитувано на 7 и 8.9.2022
**тр. 6 мин.**
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
8.9.2022 - Доделување на Државната награда "8 Септември" - снимка
**тр. 21 мин.**
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------.
15.9.2022 - Емитуван воведен дел од дебатата на Клубот за младински прашања и политики - снимка
**тр.12 мин.**
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
22.9.2022 - Улогата на парламентите во имплементација на агенда - 2030 - снимка
**тр. 50.15 мин.**

**Вкупно – 39 мин.**
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Октомври**

11.10.2022 Доделување на државната награда "11 Октомври"
**тр. 29 мин.**
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
11.10.2022 - Концерт 30 години АРМ - пренос/ на барање на МТВ -
**тр. 70 мин.**
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Декември**

1.12.2022 – Петта пленарна сесија - Национална конвенција за ЕУ во РСМ
**тр. 298 мин**.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

7.12.2022 – Прв состанок на интерпартиската парламентарна група за поддршка на Кримската платформа
**тр. 24 мин**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

8.12.2022 – Доделување на државната награда ”Св.Климент Охридски”
**тр. 26 мин**

**Вкупно – 5ч. 48 мин.**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5. Месечени прегледи за искористеното програмско време :**

| месец | Собраниски активности | Настани одржани во Собрание на РСМ | Едукативни содржини- Собрание на РСМ | МТВ преноси | Мтв архива |
|---|---|---|---|---|---|
| **јануари** | 17 ч. 46 мин | | | | 356 ч.14 мин |
| **февруари** | 55 ч. 45 мин | | | | 280 ч. 42 мин. |
| **март** | 83 ч. 53 мин. | | | | 288 ч. 07 мин. |
| **април** | 61 ч. | 02 мин. | | | 298 ч. 58 мин. |
| **мај** | 78 ч. 45 мин. | 17мин. | | | 292 ч. 58 мин |
| **јуни** | 86 ч 32 мин. | 2 ч. 51 мин. | | | 270 ч. 37 мин. |
| **јули** | 65 ч. 36 мин | 18 мин. | | | 306 ч. 06 мин. |
| **август** | | 59 мин. | 1 ч. 27 мин | | 369 ч. 33 мин |
| **септември** | 93 ч. 53 мин. | 1 ч. 29 мин. | 1 ч. 45 мин. | | 262 ч. 47 мин. |
| **октомври** | 36 ч. 13 мин. | 29 мин. | 1 ч. 41 мин. | 1 ч.10 м. | 332 ч. 47 мин |
| **ноември** | 57 ч 06 мин. | | 1 ч. 44 мин. | | 313 ч.10 мин. |
| **декември** | 95 ч. 03 мин | 5 ч. 48 мин | 1 ч. 27 мин | | 269 ч. 42 мин |
| **Вк. време** | **731 ч. 32 мин.** | **11ч. 56 мин.** | **8 ч. 21 мин.** | **1ч.10 мин.** | **3.656 ч. 41 мин.** |

Од 3 август 2022 годсина на програмата на Собраниски канал се емитуваат едукативни видеоматеријали на македонски и на албански јазик. Збирното времетраење е 1 минута.

Едукативните видео содржини се изработени и доставени од Собранието на Република Северна Македонија.

Поради скромните ресурси за производство на сопствена програма, како од страна на ЈРП-МРТ, така и на Собранието на Република Северна Македонија, програмската шема е базирана на собраниските активности а преостанатиот дел од времето Јавниот сервис го надополнува со архивски материјали.

## 8.4. Средства за јавно информирање

За следење на активностите на Собранието, вкупно се акредитирани 676 претставници на средствата за јавно информирање, кои електронски или лично поднеле барање за акредитација до Секторот за односи со јавноста. До сите акредитирани медиуми, редовно, по електронска пошта, се испраќаат материјали од активностите на Собранието.

| НАЗИВ | број на акредитирани лица |
|---|---|
| **ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА** | |
| **ТЕЛЕВИЗИИ** | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 12 |
| МТВ | 50 |
| МРТ - 2 | 9 |
| ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА АЛБАНСКИ, СРПСКИ, БОСАНСКИ, РОМСКИ, ВЛАШКИ И ТУРСКИ ЈАЗИК | 14 |
| ЧЕТВРТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА ТУРСКИ, ВЛАШКИ, РОМСКИ БОСАНСКИ И СРПСКИ ЈАЗИК | 10 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 36 |
| ТЕЛМА | 33 |
| АЛ САТ | 33 |
| СИТЕЛ | 63 |
| ТВ АЛФА | 26 |
| ТВ СОНЦЕ | 9 |
| 24 ВЕСТИ | 51 |
| АЛЈАЗЕЕРА БАЛКАНС | 5 |
| ТВ 21М | 15 |
| ТВ КЛАН | 15 |
| **РАДИЈА** | |
| МТВ - МАКЕДОНСКО РАДИО | 15 |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 16 |
| РАДИО МОФ | 2 |
| **ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ** | |
| **ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ** | |
| ВЕЧЕР | 11 |
| КОХА | 4 |
| ЛАЈМ | 4 |
| НЕЗАВИСЕН ВЕСНИК | 6 |
| **ИНТЕРНЕТ МЕДИУМИ** | |
| СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.МК | 20 |
| РЕПУБЛИКА | 10 |
| А1 ОН | 9 |
| МКД.МК | 4 |
| САКАМ ДА КАЖАМ | 4 |
| ФРОНТЛИНЕ.МК | 2 |
| ИНФОМАКС | 6 |

| | |
|---|---|
| ПЛУСИНФО | 8 |
| НАРОДЕН ГЛАС | 1 |
| ПОРТАЛБ | 3 |
| ЦИВИЛ | 4 |
| 360 СТЕПЕНИ | 16 |
| НОВА ТВ.МК | 5 |
| ТАЈМБАЛКАН.КОМ | 1 |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 6 |
| ЦЕНТАР.МК | 4 |
| ИНДЕКС.МК | 4 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | |
| МИА-агенција | 51 |
| РОМА ПРЕС | 3 |
| ЗДРУЖЕНИЕ- ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО СКУП - МАКЕДОНИЈА | 6 |
| СЛОБОДНИ НОВИНАРИ | 1 |
| БИРН | 4 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 2 |
| ANADOLU AGENCY | 8 |
| СТ- ГРУПАЦИЈА | 1 |
| РТК - LIVE | 2 |
| ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА | 17 |
| ЕУРОБАЛКАН | 2 |
| ДОЈЧЕ ВЕЛЕ | 1 |
| МЕТА | 4 |
| ФОКУС | 8 |
| ГЛАС НА АМЕРИКА | 1 |

Секторот редовно ја ажурира веб-страницата на Собранието - www.sobranie.mk, објавувајќи ги собраниските активности, соопштенија, најави за средби, прес-конференции и други разни материјали за потребите на Собранието, како: Годишен извештај, „Мојот пратеник", завршни сметки, МПК билтен, ЕУ весник, огласи, банери, публикации, акти, проекти, активности на Парламентарниот институт, итн., и тоа на македонски, албански и англиски јазик.

Исто така, Секторот врши прибирање информации, електронска обработка на податоци и ажурирање на податоците во врска со биографиите на пратениците, составот на делегации, совети, пратенички групи, работни тела и Клуб на пратенички.

По електронски пат, Секторот ги информира медиумските куќи за собраниските актуелности.

Секторот ги најавува и проследува официјалните и работните средби во Собранието и потоа известува за истите преку веб-страницата. Воедно, ги преработува и Извештаите од седниците на работните тела и ги објавува на веб-локацијата.

Дневната агенда и сите собраниски активности Секторот ги објавува и на социјалните мрежи *Facebook* и *Twitter*, а видео-материјали на *Youtube*, со цел подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста.

На крајот од работниот ден, Секторот подготвува и испраќа бесплатен електронски весник за сите дневни активности на Собранието до пријавените и заинтересирани корисници.

# 9. ПОДДРШКА НА НЕВЛАДИНИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА СОБРАНИЕТО

# 9.1. Активности на НДИ и Собранието на Република Северна Македонија

## АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИОТ ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ СО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2022 година

Во функција на изготвување на Извештајот за работата на Собранието за периодот од 1 јануари до 31 декември, во продолжение ви ги проследуваме податоците за активностите чија реализација беше поддржана од страна на Националниот демократски институт (НДИ). Покрај излистаните активности, би сакале да нагласиме дека НДИ и во изминатата година обезбедуваше редовна советодавна и консултативна поддршка на пратениците и пратеничките, како и стручната служба на Собранието во остварувањето на нивната законодавна, надзорна и претставничка улога.

Во продолжение е прегледот на активности даден по области:

### *ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА (ПСП)*
### *(НДИ, ИДСЦС, ЦУП)*
### ПСП управувачки совет

Во 2022 година одржани се 4 состаноци на Управувачки совет за имплементација на Програмата за парламентарна поддршка (24 јануари, 29 јуни, 29 октомври и 7 декември) на кои се дискутираше за имплементација на предвидените активности и донесени се одлуки за истите при што е одобрен и план за јавни набавки од финансиски придонес на Програмата за парламентарна поддршка за 2022 година. За таа цел на 12 април 2021 година извршен е трансфер на средства од НДИ кон Собрание од финансискиот придонес во износ од 442.690 CHF во согласност со Договорот за финансиски придонес. На барање на Управувачкиот совет и со согласност на донаторот реалоцирани се средства од заштеди (110.000 CHF) со цел набавка на систем за видео надзор во согласност со стратешката цел Безбеден Парламент.



На 05 октомври 2022 година во Маврово е одржана работилница со ПСП Управувачкиот совет со цел идентификување на приоритетите на Собранието и утврдување на ПСП проектни активности за 2023 година, а во насока на поддршка на реализацијата на Стратешки план на Собранието.

ПСП Управувачкиот совет учествуваше во фокус група дискусија со цел тестирање на дел од предлог индикаторите на Интерпарламентарната унија (ИПУ) за демократски законодавци. Како резултат на ова пилот тесирање кое го спроведоа дваесетина парламенти од светот, ИПУ во јуни 2022 година ја финализираше и објави методологијата за самоевалуација на парламентите. За учеството на Собранието на Република Северна Македонија во пилот тестирањето ИПУ објави признание и благодарност.

**Политички дијалог**



На 3 март 2022 одржана е работилница од серијата *Планински разговори* на тема „Независна безбедносна служба на Собранието на Република Северна Македонија”. По дискусиите од страна на претседателот на Собранието, координаторите на сите пратенички групи, како и претседателот на Владата и министрите за внатрешни работи и правда постигната е согласност меѓу Собранието и Владата за продолжување со активности во насока на реформирање и постигнување статус на независна безбедносна служба на Собранието на Република Северна Македонија. Во согласност со донесените заклучоци на работилницата формирана е работна група која работи на оваа реформа.




Во насока на поддршка на започнатата реформа ПСП организираше работна посета на Бундестаг во Берлин, Сојузна Република Германија за ПСП Управувачкиот совет и вклучената стручна служба во периодот 16-19 мај 2022 година. За време на работната посета делегацијата имаше можност да се сретне со свои колеги и службеници и запознае со праксите на Бундестаг во неколку области како (1) надзорни механизми што ги применува Бундестаг на Федерланата влада и Судот на ревизори; (2) Бундестаг полиција, нејзини надлежности, безбедносни мерки, протоколи и релации со федералната полиција; (3) ТВ студија во Бундестаг и парламентарно емитување на веб страницата; (4) улогата на националните парламенти во ЕУ интеграцијата. Покрај тематската размена на искуства ПСП управувачкиот совет имаше неколку можности за парламентарна дипломатија и билатерални средби со претседателката на Бундестаг, пратеници од групата за пријателство со земјите од Југоисточна Европа како и специјалниот владин пратеник за земјите од Западен Балкан. Делегацијата, исто така, присуствуваше на пленарна седница на Бундестаг и беше поздравена од претседателката на Бундестаг и канцеларот на сојузната Влада.

**Советодавен комитет**



На 10.11.2022 беше одржан четвриот годишен состанок на Советодавниот комитет во Попова кула во Демир Капија. Темата на овогодинешниот состанок беше “Зајакнување на парламентарната независност преку интегритет и надзор” каде што се дискутираше на прашања поврзани со парламентарниот интегритет, надзорните механизми и етички принципи во работењето на парламентите.

На состанокот земаа учество претставници од парламентите на Германија и Естонија, додека од страна на Собранието на Република Северна Македонија, присутни беа потпретседателите на Собранието, координаторите на пратеничките групи, како и заменик генералниот секретар на Собранието. Воведно обраќање имаше претседателот на Собранието, г. Талат Џафери, а состанокот беше модериран од страна на амбасадорката на Швајцарија, Н.Е. Вероник Улман.

Претставниците од партнерските парламенти na Германија и Естонија на проектот имаа свои обраќања и водеа продуктивна дискусија во која ги споделија искуствата во врска со обезбедување на парламентарен интегритет, надзор и етика во нивните законодавни домови. Во однос на досегашните постигнувања во партнерските законодавни домови беа наведени повеќе клучни препораки во оваа насока, меѓу кои и тоа дека обезбедувањето на јасен кодекс на однесување кој ги одразува етичките очекувања на граѓаните е клучно за парламентите да го зајакнат својот интегритет и да ја подобрат довербата на граѓаните во институциите.

**Човечки ресурси и организациски развој**

Во рамки на Програмата за парламентарна поддршка ангажиран е специјалист за јавни набавки кој секојдневно работи заедно со собраниските служби и ги поддржува во процесите на јавни набавки. Покрај него, ангажиран е и дополнителен консултант за јавни набавки кој обезбедува експертиза за покомплексните процеси.

Во текот на 2022 година ПСП продолжи со финансирањето на платите на службениците во Парламентарната буџетска канцеларија, кое ќе продолжи се до спроведување на процесот за редовно вработување на службеници во ова одделение од страна на Собранието во 2023 година.

Во април 2022 година во рамки на ПСП ангажирани се 2 ИТ специјалисти – ИТ инженери за поддршка на процесите на дигитализација во Собранието на Република Северна Македонија кои секојдневно работат заедно со собраниските службеници и ги поддржуваат во процесите на дигитализација.

Во 2022 година беа мапирани потребите на службата за подобро управување со човечките ресурси во инклузивен процес со вработените кои работат на оваа област, по што се започна со изработка на интерни акти за уредување на дел од процесите. Во период јули - август се одржаа повеќе состаноци со одделението за управување со човечки ресурси со цел запознавање со

новите вработени во единицата и утврдување на областите за надградување и личен развој на тимот.

Во таа насока, во рамките на Програмата за парламентарна поддршка, на 30 ноември 2022 година во хотелот "Холидеј Ин" во Скопје, ПСП преку ЦУП одржа и еднодневна работилница во поширок состав, со членовите на работната група за унапредување на системот за развој на човечки ресурси и организациски развој во Собранието на Пепублика Северна Македонија. На работилницата се идентификуваа предизвиците во областа на управувањето и развојот на човечките ресурси и се дефинираа приоритетни обуки и процеси кои треба да се регулираат:

- Управување со отсуства на вработените
- Стандарди и критериуми за управување со перформансите на вработените
- Стандарди и критериуми за унапредување на вработените
- Процедури за следење на работата на организациските единици
- Индивидуални планови за развој на вработените
- Мерење на задоволството од работата и ангажманот на вработените
- Обуки за планирање на човечките ресурси
- Обуки за меки вештини



По барање на Собранието, а во насока на јакнење на капацитетите на службениците за важноста и симболиката на протоколот, во рамки на ПСП програмата беше организирана и дводневна обука во декември 2022 година на тема: "Обука по деловен и дипломатски протокол и етикеција наменета за вработените кои работат во оваа област". Обуката беше испорачана од страна на локален консултант по етикеција и протокол, сертифициран од Школата за протокол од Вашингтон идел од Академијата за протокол,

За време на обуката беа опфатени следните теми:

- Правила на пресеанс и начини за справување со сивите зони во пресеансот
- Културните разлики во дипломатскиот протокол и избегнување на недоразбирања
- Трендови во интерниот и екстерниот протокол на ЕУ

- Функционални и церемонијални задачи на протоколот
- Организација на настани
- Дипломатска преписка
- Правилно користење на знамиња и титулирање
- Меѓународни конвенции кои го регулираат протоколот



**Стипендиска програма за собраниската служба**



ПСП преку Швајцарската стипендиска програма го поддржа академскиот и професионалниот развој на парламентарната служба, се во насока на постигнување на крајната цел - зголемување на квалитетот на работата на Собарнието. Во 2022 беа доделени вкупно 10 стипендии. Од 2018 година кога оваа стипендкиска програма за првпат беше промовирана, до 2022, доделени се вкупно 33 стипендии, додека подржани се 27 вработени.

Во септември 2022, амбасадорката на Швајцарија во Република Македонија, Н.Е. Вероник Улман Марти ги пречека стипендистите во својот дом, каде заедно со генералниот секретар на

Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова, им се обратија и ги поздравија нивните напори и амбиции за професионално усовршување.

**КАФ - Заедничка рамка за управување со квалитет**
**(CAF - Common Assessment Framework)**

Со цел континуирано подобрување на работата и перформансот на Собраниската служба, а врз основа на доброто искуство во спроведување на Планот за подобрување од вториот циклус на КАФ моделот (2019 – 2020), Собранието на РСМ побара да биде спроведен следен, трет, циклус на имплементација на моделот. Во рамки на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), во октомври 2022 година Центарот за управување со промени (ЦУП), повторно го започна процесот за имплементација на КАФ моделот за управување со квалитет во работењето на собраниската служба и идентификување на областите за подобрување.

Целта на оваа европска алатка за Заедничката рамка за проценка (КАФ) е да биде катализатор на целосен процес на подобрување во рамките на организацијата и истата има пет главни цели:

- да ја запознае јавната администрација со културата на одличност и принципите на целокупно управување со квалитет;
- да ги води институциите постепено по целосно усогласен демингов циклус “планирање-спроведување - проверка - дејствување”;
- да го олесни самооценувањето на организацијата со цел да се добие подобра претстава за нужните активности за подобрување;
- да има улога на мост меѓу различните модели што се користат во управувањето со квалитетот и во јавниот и во приватниот сектор;
- да го олесни учењето меѓу организациите од јавниот сектор.

Новата работната група за КАФ (20 службеници) беше формирана во октомври 2022 година и истата, во месец ноември, на дводневна обука беше обучена за важноста од спроведување на овој европски модел за неговите принципи и предности; за начинот на само-проценка и воспоставување „дијагноза” на сите 9 аспекти или критериуми и 28 пот-критериуми, со што ќе се идентификуваат силните страни на институцијата, областите за подобрување и преку консензус ќе се предложат конкретни мерки за подобрување на состојбите. Во декември беа одржани и првите работилници за критериум 3. Луѓе и критериум 4. Партнерства и ресурси. Во 2023 година ќе се продолжи со реализација на сите планирани работилници по сите критериумите на КАФ, по што ќе се организира и работилницата за приоретизација и избор на најприоритетните мерки за реализација во наредниот двегодишен период.

Спроведувањето, за третпат, на овој модел за управување со квалитет во работењето и континуирано подобрување на работата и резултатите на службата е предвидено и во Стратешкиот план на Собранието 2023-2027, како дел од стратешка цел 6 - Ефикасна служба, точка 6.6. Спроведување на заедничка рамка за оценка во Собранието (КАФ).

**Посета на генералните секретари од Националното собрание и Националниот совет на Словенија во Собранието и размена на искуства**



Во периодот од 30 август до 2 септември 2022 година ПСП организираше посета во Скопје и размена на искуства за генералните секретари од Националното собрание и Националниот совет на Словенија. Покрај нивното учество на Форумот на генерални секретари за парламентите од западен Балкан, тие, исто така, имаа можност да ги споделат своите искуства со колегите од Собранието на Република Северна Македонија во врска со напредните пракси на словенечкиот парламент, особено во делот на организацијата на работата и седниците на Парламентот, како и потребата од воведување на иновативен пристап за едукација на учениците и младите за парламентарната демократија и улогата на парламентите.

**Јавни набавки од финансискиот придонес**

Во текот на 2022 година од финансискиот придонес во рамки на Програмата за парламентарна поддршка успешно се склучени 5 договори за јавни набавки во согласност со Планот за јавни набавки од финансискиот придонес и притоа се набавени: (1) Информатичка опрема - 7 PC и 3 колор принтери, (2) Одржување и лиценци за софтвер за превод - TRADOS, (3) Опрема за Собраниското ТВ студио, (4) Консултантски услуги за имплементирање на стандарт ИСО 27001, (5) Ви-фи – корпоративна мрежа.

**<u>Информатичка опрема- 7 PC и 3 колор принтери</u>**

Оваа постапка беше завршена со склучени договори на 25.5.2022 и 26.5.2022 година. Постапката беше поделена на два дела. Едниот дел вклучува набавка на мултифункциски колор печатачи, а додека вториот дел од набавката се персонални комјутери кои беа идентификувани како потреба за функционирањето на Софтверот за материјално кадрово и финансово работење во Секторот за финансиски прашања( ERP)

Процесот на набавка на горенаведената опрема е успешно завршен и истите се дистрибуирани за употреба до собраниските служби.

**<u>Одржување и лиценци за софтвер за превод-TRADOS</u>**

Предметот на набавката опфаќа обнова на 16 лиценци за превод традос, во времетраење од 2 години, кој овозможува индивидуални лиценци за 16 корисници и системски лиценци за база на преводи, кои треба да го олеснат и забрзаат преводот на документи од македонски, албански, француски или англиски јазик.

Процесот на набавка е успешно завршен и лиценците се дистрибуирани за употреба до собраниските служби.

**Опрема за Собраниското ТВ студио**

Постапката беше објавена на 22 март 2022 година. Во процесот на технички дијалог и поставувањето на прашања на економските оператори, дојде до изменувања и дополнувања на тендерската документација. Постапката беше објавена на 7.7.2022 година и беа добиена две понуди. Договорот со избраниот економски оператор беше склучен на 26.12.2022 година. Краен рок за испорака и функционално Тв студио е 26 мај 2023 година.



**Консултантски услуги за имплементирање на стандарт ИСО 27001,**

Со воведување на ИСО 27001 стандардот, ќе се воспостават стандардизирани постапки и процедури за управување со безбедност на информациите и опремата. Спроведувањето на договорот и исплатата на договорот е во текот на 2023 година.

**Ви-фи – корпоративна мрежа.**

Целта на оваа набавка е да обезбеди целосно покривање на вифи мрежа/интернет пристап до неограничен број на мобилни уреди и со квалитетен прием низ зградата на Собранието.

**Обуки за јавни набавки**




Во рамки на Програмата за парламентарна поддршка ангажираниот специјалист за јавни набавки одржа обука на 25 јули 2022 година со цел јакнење на капацитетите на собраниските служби во знаењата и предизвизите во јавните набавки. Теми на обуката: ”Правна рамка за јавни набавки во Република Северна Македонија, институционална рамка, општи правила за јавните набавки, видови постапки, посебни начини за спроведување на постапката”, огласи и известувања, спроведување на постапката, Е-алатки.

Во рамките на Програмата за парламентарна поддршка, организирана е обука на вработените во Службата на Собранието на тема: „СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАБАВКА ОД МАЛА ВРЕДНОСТ Е-ПАЗАР v.s. ОГЛАС ЗА ЈАВНА НАБАВКА”.

Место на одржување на обуката беше Парламентарниот институт во Собранието на ден 5 декември 2022 година. Предавачи на обуката беа Марија Јовановска и Горан Давидовски од Бирото за јавни набавки.

**Поддршка на развојот на Парламентарната буџетска канцеларија**



Во функција на ефикасно спроведување на ex-ante и ex-post анализа на буџетот, како и унапредување на фискалниот надзор на законодавниот дом, ПСП, во текот на годината даде натамошен придонес во развојот на Парламентарната буџетска канцеларија (ПБК) преку повеќе активности.

***Стратешко планирање на ПБК 2021-23 и Годишен Акциски план за 2023***





ПСП и оваа година спроведе работилница за Стратешко планирање за вработените во ПБК, која ги утврди главните правци и насоки зе натамошен развој на посебната организациска единица. Беа потврдени главните цели дефинирани за овој период (2021-23): I - ПБК придонесува за зајакнување на парламентарниот надзор и јакнење на буџетската транспарентност и отчетност; II - Зголемување на видливоста за улогата и функцијата на ПБК во Собранието и другите релевантни институции; II I- Континуирано надградување (професионално доусовршување) и јакнење на капацитетите (квалитетот и опсежноста на продуктите).

На работилницата која траеше 3 дена (21-23 септември) беше донесен и годишен акциски план за 2022-23 година. Двата документи беа разгледани и одобрени од Управувачкиот совет на ПБК на 14 декември 2022. На работилницата поддржана од ПСП се спроведе и обука за тимска работа, преку потврдување на заедничките вредности и заложби на вработените во ПБК, заокружување на внатрешните акти кои подетално ја уредуваат организацијата на работата на канцеларијата, како и утврдување на приоритетните аспекти за натамошен развој и промоција на услугите на ПБК во Собранието.

***Професионален развој на вработените во ПБК и техничка поддршка***

Преку ПСП, вработените во ПБК имаа уникатна можност за натамошно професионално надградување, како преку стипендирање на студиски програми за мастер и докторски студии од

областа, така и за посета на сертифицирани курсеви и релевантни обуки за стручно доусовршување на нивните знаења и вештини.

Вработените во ПБК добија напредна обука за буџетски анализи и разменија искуства за новитетите од новиот Закон за буџет со експерти од областа. ПБК се стекна со нови знаења и вештини за поддршка за законодавниот надзор и контрола, пост-законодавен надзор, како и за теми јавен долг, фискална стратегија и сл. ПСП поддржа активности на ПБК поврзани со проактивни истражувања и анализи, вклучително и презентации на поважните продукти пред пратениците.

ПСП обезбеди поддршка за ПБК и преку набавка на софтверски алатки, како и потребен канцелариски материјал со цел поефикасно извршување на работните задачи и обврски.





***Јавен оглас за вработувања во ПБК***

Управувачкиот совет на ПБК, на седница одржана на 14 декември во организација на ПСП, информираше за планот за распишување на јавен оглас за трајно вработување на службеници во ПБК во текот на декември, а беше договорено ПСП да го следи процесот на селекција.

**Реформа на системот на етика кој го регулира однесувањето на пратениците на Собранието на Република Северна Македонија**

Во февруари 2022 година во соработка со Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, како и претставници од сите парламентарни групи во Собранието, беше одржана работилница во Кавадарци за финализирање на текстот на новиот Кодекс и Упатството за негова примена. На работилницата се работеше на инкорпорирање на забелешките на ОДИХР, а воедно се дискутираа и најсоодветните решенија за воспоставување на механизмите за примена на кодексот. На оваа работилница беше договорено да се финализира процесот и документите да се пуштат во процедура на усвојување.

Состанокот на Советодавниот одбор што се одржа на 10 ноември 2022 година беше фокусиран на „Зајакнување на парламентарната независност преку интегритет и надзор". Со состанокот копретседаваа швајцарската амбасадорка Хулман и претседателот Џафери. Состанокот беше искористен за споделување на германските и естонските искуства во однос на правилата за етика и интегритет и нивното спроведување во пракса. Членовите од Бундестагот, Јан Фалбуш и Риигикогу Тина Рунтал го споделија своето искуство, развиените практики, но и некои од предизвиците со кои се соочуваат овие парламенти поврзани со интегритетот, етиката и механизмите за надзор на нивните парламенти. Јан Фелбуш имаше можност да го разгледа нацрт-кодексот и насоките развиени во рамките на проектот и подвлече дека двата документи ги исполнуваат стандардите за интегритет и го охрабри Собранието да продолжи со напорите за реформа на етичките правила. Учесниците од Собранието (потпретседателите Мисовски и Исмаили, координаторите на ПГ на СДСМ Јован Митрески и ВМРО-ДПМНЕ Никола Мицевски, заменик-координаторот Сурија Рашиди) ги споделија своите ставови за клучните предизвици за спроведување на правилата за етика и надзор. (за повеќе информации видете во делот за Советодавен комитет.



**Собраниски календар**



Програмата за поддршка на Парламентот организираше работилница на тема: *"Организација на работата на Собранието (парламентарен календар)"* на 30 август 2022 година како поддршка на Собранието да донесе информирана одлука за воспоставување и функционалност на собраниски календар.

Д-р Душан Штрус, генерален секретар на Националниот совет на Словенија, го претстави словенечкиот модел на календар, кој се состои од годишна програма за работа, временски распоред за следните два месеца и временски распоред за секоја сесија.



Штепан Печачек и Мартин Кута од Чешкиот парламентарен институт презентираа преглед на процесот на формирање, структурата, содржината и пристапноста на календарите во парламентите на Чешка (Poslanecká sněmovna), Естонија (Riigikogu), Германија (Bundestag), Словачка (Národná rada), Шведска (Riksdag) и Собранието на Северна Македонија. Согласно со

анализираните искуства, дадени се и препораки кои може да бидат релевантни за воспоставувањето правила за парламентарно работење и парламентарна агенда во Република Северна Македонија.

На работилницата учествуваа 24 учесници, меѓу кои потпретседателот на Собранието, генералниот секретар, координатори/заменици координатори на пратенички групи и претставници од соодветните сектори. Учесниците се согласија за потребата воспоставувањето на календарот да биде приоритет во работата на Собранието.

**Собраниски надзор и јакнење на капацитетите на пратениците за разгледување на закони и дебата.**

За поддршка на надзорната улога на Собранието, ПСП соработуваше со Собранието за два настани/работилници дизајнирани да ги унапредат вештините и механизмите за на Собранието во вршењето на оваа улога. Во месец април (11-12 април), ПСП во координација со програмата за Демократско партнерство на Конгресот (HDP), организираше настан насловен како „Независно собрание: предизвици и можности за парламентарен надзорг. Овој настан се фокусираше на предизвиците и придобивките на Собранието во спроведувањето ефективен институционален надзор, а со цел да ги поттикне пратениците да иницираат поредовни надзорни активности. На настанот учествуваа 47 лица (пратеници и служба), како и претставници од САД, ЕУ и DCAF, кои ги споделија најдобрите практики во надзорот и пост-законодавниот надзор. За време на настанот ПСП презентираше информации за парламентарниот надзор во периодот 2010-2022 година, како и информации за клучните предизвици со кои се соочува Собранието во однос на надзорот. Базирано на овие податоци, пратениците дисктуриаа за клучните сегменти за подобрување на надзорната улога, кои вклулуваат: ревизија на институтот за пратенички прашања, односно да се обезбеди тие да се случуваат почесто и да се воведат тематски седници; подобро да се регулираат јавните дебати; да се воспостави собраниски календар; пратениците почесто да го користат институтот за теренски посети; да се обезбеди меѓупартиски консензус во врска со списокот на сведоци за надзорните расправи; да прецизираат одредени аспекти во Деловникот за надзорна расправа, за да не се дозволи произволно толкување на одредбите; да се разгледа воведувањето на задолжителни надзорни расправи на годишно ниво; да обезбеди редовно и точно информирање на јавноста за надзорните расправи преку обезбедување директен пренос на јавните и надзорните расправи; важно е по расправите да се донесат заклучоци, но и да се обезбеди следење на нивното спроведување. Согласно со презентациите и дискусиите на настанот ПСП подготви листа на препораки за подобрување на надзорната улога на Собранието, кои беа дистрибуирани до сите 120 пратеници.

Во овој период, ПСП го интегрираше и својот извештај за индексот за квалитет на дебата (DQI) во својот директен парламентарен ангажман за квалитетна дебата. На 30 мај 2022 година ПСП организираше обука за 12 пратеници за квалитена собраниска дебата во Едукативниот центар на Парламентарниот институт. Беше претставена програмата на ПИ за дебата „Имам став", по што следеше предавање за важноста на политичкиот дијалог за развојот на парламентарната

демократија (обезбедено од проф. Ненад Марковиќ) и вештините и техниките за јавно говорење (обезбедено од проф. Марко Кртолица).

**Учество на јавноста во легислативниот процес**

Интерпартиските парламентарни групи (ИППГ) во рамки на Собранието на Република Северна Македонија одржаа средби и брифинзи со национални институции, граѓански организации, експертска јавност како и со меѓународната заедница во областите во кои што делуваат: младински политики, лица со попреченост, животна средина, родова еднаквост, правата на ЛГБТИ лицата и инклузија на Ромите. Овие брифинзи имаа за цел да ги информираат пратениците и пратеничките коишто членуваат во некоја од ИППГ да бидат запознаени со закони во подготовка (Закон за социјално претприемништво - Клуб на пратенички 12 март), имплементација на Стратегија за инклузија на Ромите (12 април - ИППГ за правата на Ромите), Закон за матична евиденција и пристап до здравствените услуги (23 јуни - ИППГ за правата на ЛГБТИ лицата), Закон за младинско учество и пристап до мерки за вработување (12 септември - Клуб за младински политики) додека пак инклузивен акциски план подготви ИППГ за животна средина во соработка со повеќе граѓански организации и приоритетизираше закони од важност за животната средина. На тој начин покрај исполнување на сопствената законодавна функција, членовите на овие ИППГ делумно ја остваруваат и надзорната односно контролна функција за увид во работата и исполнителноста на институциите од извршната власт.

**Дигитализирање на учеството на граѓанските организации во легислативниот процес**

Финализирана е јавната набавка од страна на НДИ наменета за Собранието за изработка на софтвер ‘’Регистер на граѓански организации’’ којшто ќе биде подготвен и предаден за употреба на Собранието во текот на 2023 година.

**Партнерство за отворена власт**

Покрај поддршката во креирањето и имплементирањето на активностите предвидени во Акцискиот план на Собранието кон заложбите на Партнерството за отворена власт (ПОВ), ПСП активно го набљудува и нивото и темпото на исполнување на заложбите. Така, во линија со оваа активност, беа подготвени извештаи од набљудување, кои го покрија период на имплементација на вториот акциски план на Собранието кон заложбите на ПОВ (2021-2023). Извештаите покажаа дека, од вкупно три заложби, две се значително завршени додека една е ограничено завршена. Додека остварени се четири достивнувања, три се значително завршени достигнувања и три се ограничено завршени достигнувања и едно незапочнато достигнување

Во прилог на новиот акциски план ПСП планира редовни консултации со Собраниските служби како поддршка кон развојот на новиот Собраниски Акционен план на Партнерството за Отворена Власт. Поддршката на Собранието во креирањето на новиот Акционен план за ПОВ, помага да се обезбеди пристап на граѓаните до работата на Собранието.

Од овој период на набљудување на напредокот на исполнување на акцискиот план, можат да се извлечат неколку препораки: а) Потребно е унапредување на подгрупите, во насока на поголема поголема инклузивност, за спроведување на секое начело на ПОВ и нивно редовно ангажирање и консултирање; б) Соработката со релевантни претставници на секторот, е клучна за успешно креирање и спроведување на Акцискиот план; в) Максималното вклучување ГО во создавање, спроведување и известување за напредок на Акцискиот план е значаен предуслов за успешно исполнување на заложбите; г) Политичката волја за поттикнување и спроведување на реформите е клучен фактор за успешно спроведување на Акцискиот план; д) Задржување и унапредување на формата на спроведување на Акциските планови; ѓ) Собранието треба да има поголема сопственост на процесот на имплементација на Акцискиот план.

Собрание во Акцискиот план за Партнерството за Отворена Власт ги идентификува следните заложби за 2021-2022:

1. Собранието за граѓаните со отворен договор и отворено опоравување од КОВИД 19 пандемијата.

1.1 Изработка на онлајн портал за отворени податоци за полесен пристап до информации за граѓаните кој што треба да овозможи онлајн пристап до податочни сетови од законодавната власт со цел да има подобрен пристап и пребарување од јавноста.

1.2 Платформа за предлози и иницијативи од граѓаните до законодавната власт и регистар на граѓански организации каде што граѓаните ќе имаат онлајн пристап за доставување на идеи до нивните претставници и системски присташ на граѓанските организации за придонес во законодавниот процес.

1.3 Дигитална безбедност преку дигитални потписи за пратеници и собраниска служба - Заложбата се предлага за обезбедување и користење на дигитални токени за дигитални потписи за пратениците и собраниската служба.

2. Подобрена ИКТ инфраструктура.

2.1 Изработка на нова веб страница на Собранието за подобро информирање на граѓаните.

2.2 Целосно функционален Собраниски ТВ канал - со што се предлага реформирање на собранискиот тв канал и да се зголеми гледаноста на Собранискиот ТВ канал, преку дефинирана програмска шема со модерна опрема и обучени луѓе.

2.3 Изработка на Софтверско решение за следење на законодавниот процес од јавноста - која предвидува надградба на Е-парламент системот преку изработка на софтверско решение за следење на законодавниот процес од страна на граѓаните.

2.4 Отворање на Е-архива софтверот за пребарување од јавноста - се предлага со цел базата да се направи достапна за јавноста и граѓаните да можат да ги користат документите кои се дел од базата на Е-архива.

2.5. Набавка на камери со пропратна опрема за интернет пренос на седници - заложбата се предлага за вршење на интернет пренос од седниците на работните тела на Собранието.

3. Учество на граѓани/отворен парламент.

3.1 Изработка на репортажи и запознавање на јавноста со промовирање на работењето на канцелариите за контакт со граѓаните - заложбата се предлага за изработка на промотивни репортажи од шестте изборни единици за асистентите и канцелариите за контакт на пратениците со граѓаните.

3.2 Спроведување на активности за промоција на партнерството за отворена власт - Заложбата се предлага за спроведување на активности за промоција на Партнерството за отворена власт.

3.3 Набавка на софтверско решение за овозможување на превод од говор на текст - Заложбата се предлага за набавка на софтверско решение за овозможување на превод од говор на текст.

**Парламентарно емитување - Собраниско ТВ Студио**

ПСП за во текот на 2022 година го водеше процесот на соработка со Собранието на РСМ и своите партнерски организации и институции, домашни и меѓународни експерти во финализирањето на техничките спецификации за опремување на Собраниското ТВ Студио. Поради обемноста и комплексонста на набавката Собрание со ПСП одржи и втор технички дијалог со заинтересираните добавувачи во 2022 година. Како исход на техничкиот дијалог техничките спецификации за опремување на Собраниското ТВ Студио се обновени и подобрени. Набавката е објавена прво во март 2022 година, но со натамошни дополнувања истата е повторно објавена во јули 2022 и договор склучен на 26 декември 2022 година со планирана испорака во 2023 година:

Ново опременото Собраниско ТВ студио треба да обезбеди:

- Дигитализирано парламентарно емитување со подобрен сигнал;
- Опремено Собраниско ТВ студио и придонес кон подобрена контролна просторија;
- Интернет парламентарно емитување интегрирано со надградена веб-страница на Собранието, пребарувања на видеа по различни критериуми, итн.;
- Обезбедување повеќе видео преноси истовремено;
- Предвидливо емитување со дефинирана програмска шема и
- Подобрени парламентарни продукциски капацитети.

Набавката на опремата за ТВ студио го следи процесот за реформа на Собранискиот канал, кој опфаќаше претходно донесени измени и дополнувања на Законот за Собранието во делот на

надлежностите на Советот на Собранискиот канал и начинот на работата и емитувањето на програмата. Обезбедувањето на техничката опрема претставува вовед севкупниот процес кој претпоставува и ангажирање на 7 лица за управување со опремата заедно со неопходните барања од законот за програмските документи кои треба да ги подготви секторот и да ги одобри Советот на Собранискиот канал. ПСП, исто така, има подготвено опис за работни места и одговорности за планирани седум вработени во Собранискoто ТВ студио. Ангажирањето на седумте вработени треба да се совпадне со времето на испорака на опремата.

### Нова веб-страница (интернетска страница) на Собрание на РСМ

ПСП во текот на 2022 постојано даваше поддршка како дел од соработката со Собранието на РСМ во целосната реализација и спроведување на планираните функционалности на новата веб-страница на Собранието. Новата веб-страница на Собранието како продукт беше официјално операционализирана и промовирана во мај 2022 година, при што беше поврзана со новите модули на Е-парламент системот и новиот портал за отворени податоци, адресирањето на активностите продолжува и понатаму. Новата веб-страница е функционална на македонски, албански, англиски и француски јазик и претставува скалабилен веб портал за Собранието интегриран со позадински системи преку безбедни веб-сервиси кои што обезбедуваат:

- Поедноставен, почист интерфејс;
- Напредно пребарување, говори, гласање, збогатени информации;
- Следење на законодавниот процес во реално време преку е-парламент системот;
- Обезбедување повеќе видеопреноси истовремено;
- Подобрена комуникација со јавноста и соработка со граѓанскиот сектор;
- Следејќи ги најдобрите примери на другите напредни парламенти и
- Интеграција со Е-парламент системот и порталот за отворени податоци.

### Е-парламент систем - надградба

ПСП во текот на 2022 година придонесе во соработка со Собранието на РСМ и своите партнерски организации и институции, домашни и меѓународни експерти во операционализација на новите функционалности на надградбата на системот за е-парламент. Надградениот е-парламент систем на Собранието беше постепено операционализиран од почетокот на 2022 при што беше поврзан со новата веб-страница на Собранието и новиот портал за отворени податоци. Надградениот е-парламент систем обезбедува:

- Овозможување интерфејси за полесен пренос на податоци и интеграција со други системи;
- Интеграција со веб-страницата на собранието и порталот за отворени податоци;
- Можност за управување со дигитални сесии (пленарни седници и седници на работни тела);
- Целосни функционалности за следење на законодавниот процес за пратеници и служба и
- Модул за далечинско работење

**Камери и пропратна опрема за интернет пренос**

ПСП во текот на 2022 година набави камери за пренос на сендици од комисии и од пленарната сала на интернет, процесот на инстлација и поврзување на истите ќе биде завршен во 2023 година. Камерите треба да обезбедат следење на седниците на Собранието на веб-порталот на Собранието и на социјалните медиуми кога ќе заврши процесот на нивна инсталација. Камерите и пропратната опрема е дел од Акцискиот план на Отворено Собрание.

**Ви-фи – корпоративна мрежа**

ПСП во текот на 2022 обезбеди експертиза и  целосна анализа на постоечката корпоративна вифи мрежа во зградата на Собранието и обезбеди документ којшто ќе придонесе во обезбедувањето на целосно покривање на ви-фи корпоративна мрежа со интернет пристап на службите и пратениците низ зградата на Собранието. Спроведувањето на договорот ќе заврши во 2023 година. Анализата беше основа во спремањето на техничките спецификации за опремата. Со ова Собранието ќе се здобие со оптимално покривање на просториите со мрежата. Огласот за јавна набавка е објавен на 16 декември 2022 година.

**Дигитална трансформација и отворени податоци**

ПСП и во 2022 продолжи со активности во делот на дигиталната трансформација на Собранието преку користење на меѓународна експертиза како и ангажирање на национални надворешни експерти преку ЦУП за унапредување на процесите за управување и работа во Собраниската служба, како и нивна модернизација преку сè поголема дигитализација. Во однос на дигитализацијата на работата на Собранието, ПСП учествува во редизајнирањето на процесите за нивно автоматизирање, комуникација со граѓаните преку веб-страницата на Собранието и Собранискиот ТВ канал, како и идентификување на сите потреби во ИКТ сферата преку изработка на ИКТ стратегија за Собранието.

За потребите на Собранието на Република Северна Македонија, ПСП преку ЦУП започна процес за подготвување на ИКТ стратегијата и организираше работилница за таа цел. ИКТ стратегијата треба да биде изработена во текот на следните неколку месеци низ работилници, состаноци и фокус групи со засегнати страни. Истата ќе биде изработена согласно стратешкиот план на Собранието, ќе биде развојна и ќе ги следи светските трендови во процесите на дигитализација



со цел поголема ефикасност како и достапност на информации за граѓаните.

## Портал за отворени податоци

ПСП проектот работеше активно на делот на отворени податоци на Собранието на РСМ со креирање на податочни сетови, креирање на каталог на отворени податоци како и на порталот на отворени податоци. ПСП во текот на 2022 година обезбедуваше поддршка преку процесот на соработка со Собранието на РСМ и своите партнерски организации и институции, домашни и меѓународни експерти во операционализацијата и промовирањето на Порталот за отворени податоци. ПСП преку обезбедувањето на каталог на 22 податочни сетови од Собрането. Отворените податоци во машински читливи формати може слободно да се користат и дистрибуираат. Во текот на 2022 година беше промовиран и порталот за отворени податоци со поддршка од ПСП. До крај на 2022 година Собрание има обезбедено 13 активни податочни сетови од планираните 22 кои се достапни на сите граѓани со цел да се подобри транспарентноста и отчетноста на институцијата, а во понатамошна соработка со Собранието ќе се развијат и потенцијално дополнителни податочни сетови кои што ќе бидат споделувани преку новиот Собраниски портал за отворени податоци.

Порталот за отворени податоци овозможува:

- Собраниски информации во машински читлив формат достапни за сите граѓани (седници, говори, гласања, итн).
- Интеграција со Е-парламент системот и веб-страницата на Собранието.

## Подобрување на комуникација со јавноста, перцепција на граѓаните




Графикон 1 Каква е улогата на Собранието во политичкиот живот во Северна Македонија? (%)

Програмата за парламентарна поддршка со цел да го информира Собранието за перцпецијата на јавноста за неговата работа, секоја година спроведува истражување на јавното мислење. Истражувањето се фокусира на теми околу тоа колку пратениците ги застапуваат интересите на граѓаните, степенот на доверба, колку Собранието има контрола врз извршната власт, која е генералната перцепција за работата на Собранието како и како отвореноста и транспрентноста во неговата работа. Со текот на годините, граѓаните се повеќе се согласни со тоа дека Собранието игра значителна улога во политичкиот живот на државата, што укажува на важноста и потребата за унапредување и зајакнување на работата на Собранието.



Во однос на напорите поврзани со јавното информирање и комуникациите, ПСП во 2022 г. Постигна низа успеси во соработка со Собранието, Њу Момент и Пикаса аналитикс.

***Њу Момент***

***ПСП Кампања „Независно Собрание - за претставничко и одговорно владеење"***

Под слоганот „Независно Собрание - за претставничко и одговорно владеење" во текот на април 2022 годинабеше активна медиумска кампања преку која граѓаните имаа можност да се информираат за тоа колку е важно Собранието на Република Северна Македонија да биде независно. Видео спотот се осврна на поделбата на државната власт, независноста на собранискиот буџет и служба како и надзор на извршната власт. Видеото се емитува на Собрнаискиот канал и на македонски може да се погледне на следниот линк и на албански на следниот линк.

*Соработка со Парламентарен институт за изготвување на информативно-едукативни материјали*

Њу Момент во соработка со Парламентарниот институт го изработија дизајнот за сет на 13 едукативно-информативни материјали за Институтот кои примарно ќе ги користат материјалите за време на турите низ Собранието со посетители како и за потребите на мобилниот парламентарен караван. Материјалите за кои дизајнот беше изработен од страна на Њу Момент вклучува брошура за сегашниот пратенички состав, брошура за посетители, седум едукативно-информативни материјали за различните аспекти од работата на Собранието, флаери за промоција на обиколките на Собранието, А2 интерактивни постери на теми прилагодени за младите итн.

***Комуникациска стратегија на Собрание***

Од текот на месец мај и јуни во Едукативниот центар на Парламентарниот институт, се одржаа четири работилници на четири иницијални теми (1) Анализа на состојбите; (2) Идентификување на потребите; (3) Идеи и предлог активности за реализација во насока на подобрување на јавното информирање и (4) Предлог комуникациска стратегија (работилница на која се разгледаа продуцираните материјали од претходните три работилници и валидација на подготвениот материјал). На работилниците присуствуваа претставници од Секторите за јавно информирање, Секторот собраниски канал, Кабинетите на Претседателот и Генералниот секретар или пак сите што вие сметате дека треба да учествуваат. Службениците од Собрание и претставници од НДИ учествуваа во работата и дискусијата на работилниците, а претставници од Њу Момент беа модератори на работилниците и задолжени за пишување и креирање на документот.

***ПСП Мобилен парламентарен караван***

Собранието во соработка и со поддршка на ПСП ја реализираше кампањата „**Мобилен парламентарен караван** – Собрание за граѓаните", која се реализираше од 25 октомври до 11 ноември 2022 година, во рамките на проектот „Програма за парламентарна поддршка", со средства на НДИ. Целта на кампањата беше да го доближи Собранието до граѓаните кои не се во можност да го посетат законодавниот дом. Преку оваа кампања, пратениците и вработените во Собранието поминаа над 3.000 километри низ земјава и остварија средби со граѓаните во 13 градови. Вкупно 49 пратеници активно се вклучија во кампањата. Вработени од Парламентарниот институт беа дел од караванот и ги споделуваа со граѓаните и учениците своите знаења за работата на Собранието, историјата на парламентаризмот, законодавната постапка и други теми поврзани со работата на институцијата. Од настаните дел од кампањата Мобилен Парламент беа продуцирани фотографски и видеозаписи од кои се изработи промотивно-едукативна видеорепортажа (согласно со Стратешкиот план на Собрание 1.1. Зајакнување на претставничката функција) титлувана на македонски и на албански јазик која се емитува на Собранискиот канал. Видео записот на македонски и на албански јазик е достапен на следниот линк. Процедурата за донирање на патничкото комбе кое беше дел од промотивната активност беше завршена при што сопственоста на истото сега е на Собрание.

***Пикаса Аналитика***

Пикаса е медиумска платформа за аналитика која ПСП ја ангажираше за поддршка на Собранието во следењето на медиумите и за научно мерење на влијанието и присуството на Собрание во традиционалните и дигиталните медиуми, како и социјалните мрежи. Во декември, Пикаса одржа серија на презентации на тримесечниот извештај (септември-ноември) за Собрание пред претставници од пратеничките групи на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ и Алијанса за албанците, како и претставници од собраниската служба и претседателството на Собранието. За време на презентациите од Пикаса ги презентираа клучните наоди како и увидените трендови и дискутираа за истите.

Во периодот 6-8 мај 2022 година во Маврово, ПСП организираше обука и работилница за учесниците на Претседателскиот центар за политичко образование на тема “Парламентарна демократија”. На оваа обука потпретседателот Мисовски и генералниот секретар Иванова ги запознаа учесниците со поставеноста на трите власти во политичкиот систем на Република Северна Македонија, надлежностите на Собранието како и неговата улога. Во продолжение координаторите и претставниците на пратеничките групи Јован Митрески, Никола Мицевски, Арбер Адеми и Артина Ќазими преку панел дискусија со учесниците дискутираа за претставничката улога на пратениците и комуникацијата со граѓаните.

### Квалитет на дебата




ПСП дополнително го информира Собранието за културата на дебатирање на пратениците во нашето Собрание. Анализата на дебатата го мери степенот на аргументираност на говорот (колку аргументи има во секоја дискусија); степенот на почит на говорникот кон другите пратеници и нивните аргументи; степенот на отвореност за прифаќање на туѓите аргументи и менување на сопствените ставови поради поквалитетни аргументи изнесени во расправата и можноста пратениците непречено да ги изнесат своите ставови. Во 2022 година, пред јавноста беа презентирани два полугодишни извештаи. Извештајот за периодот  август - декември 2021 година и за периодот  јануари - јуни 2022 година. Извештаите на ПСП за квалитетот на дебатата застапуваат зголемување на квалитетот на дебатата и нивото на аргументираност на говорите на пратениците во Собранието, со цел подобрување на законодавниот процес. Со таа цел извештајот нуди препораки и достапни алатки кои им стојат на располагање на пратениците за постигнување на повисоко ниво на квалитет на дебата.

### Дополнителна финансиска поддршка

Во рамките на ПСП покрај спроведените активности во соработка со Собранието, како и јавните набавки кои се реализираат од ПСП финансискиот придонес Програмата, исто така, даде поддршка за реализација на следниве активности и набавка на стоки и услуги:

- Ангажирање на професори и одржување на курсеви за знаковен јазик за почетно и напредно ниво за пратеници и службеници во периодот ноември 2022 - февруари 2023 година.
- Учество на собраниска делегација предводена од Генералниот секретар учествуваше на Годишната конференција на Меѓународниот форум на центрите на посетители во парламентите, која се одржа од 20 до 23 ноември 2022 година во парламентот на Израел во Ерусалим, на тема: „Кон пост-Ковид новата нормалност: Трансформирање на парламентот во простор за учење за демократијата”.

- Набавка на стриминг камери со пропратна опрема за интернет пренос на седници (од пленарната и од други сали за работа) и донација на истите на Собранието. Целта на донацијата треба да овозможи напредни, ефикасни и дигитализирани услуги за пристап на јавноста во работата на Собранието и освен преку Собранискиот ТВ канал да се обезбедува пристап и преку директен пренос на интернет во салите каде што се одржуваат седниците на Собранието. Набавена се вкупно 15 камери, 9 компјутери и 2 лаптопи и друга соодветна опрема.
- Набавка и донација на ново патничко возило комбе Опел виваро (8+1) со вкупна на Собранието. Целта на донацијата е поддршка на дејност од јавен интерес, односно поддршка на фунционирањето на Собранието.

## *ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗАКОНОДАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН*

### Форум на генералните секретари

Форум на генералните секретари на парламентите од Југоисточна Европа се одржа во Скопје од 31 август до 2 септември 2022 година. Овој регионален форум е дел од Иницијативата на НДИ за зајакнување на законодавството во Југоисточна Европа, финансирана од Националната фондација за демократија, која им помага на парламентите во регионот да го зајакнат својот капацитет за законодавство, надзор и застапување. Намерата е да се подобри соработката и компаративното учење во регионот и да им се обезбеди на парламентите важен ресурс за справување со слични организациски и законодавни предизвици во зајакнувањето на нивната законодавна, надзорна и претставничка улога. На Форумот присуствуваа генералните секретари на парламентите на Северна Македонија, г-ѓа Цветанка Иванова, како и генералните секретари на парламентите на Словенија, Босна и Херцеговина, Косово, заменик генералната секретарка на парламентот на Црна Гора и на Албанија, Босна и Херцеговина и Косово и заменик генералната секретарка на парламентот на Црна Гора и претставници од службата на парламентите на Албанија и Србија.

Главна тема на форумот беа важноста и различните модалитети на парламентарна автономија, воспоставување и развој на парламентарните институти, како и актуелните достигнувања, најдобри пракси и предизвици кои ги имаат парламентите во регионот. Форумот даде одлична можност да се разменат овие перспективи, но и да се создадат неформални мостови меѓу генералните секретари од регионалните парламенти. Собранието на Северна Македонија го претставуваа генералниот секретар Цветанка Иванова и заменик генералниот секретар Мики Милковски како и повеќе други претставници од собраниската служба.

На крајот на Форумот беше искористена можност за билатерална размена на искуства во врска со развој и унапредување на истражувачката служба/парламентарните институти меѓу делегациите од Собранието на Република Северна Македонија и Парламентот од Албанија, како и во врска со правната рамка за работа на парламентите (Закон за Собрание и Деловник за работа) меѓу делегациите од Собранието на Република Северна Македонија и Парламентот од Црна Гора.

**Форум на истражувачи од парламентите од Југоисточна Европа**

Овој регионален настан како дел од Иницијативата за законодавно зајакнување, финансиран од Националниот фонд за демократија, беше одржан во Колашин, Црна Гора, од 5 до 7 октомври, 2022 година. Форумот во еден неформален амбиент ги собра претставниците на истражувачките одделенија (парламентарни институти) од парламентите од регионот да разговараат за трендовите во парламентарните барања за истражувања; новите практики за визуелизација на податоците и употребата на новите технологии; последните промени во проширувањата и реструктуирањето на одделенијата за истражувања во парламентите од регионот (основања на Парламентарни институти со истражувачки одделенија), итн. Овој форум претставуваше можност да се оживее дискусијата за користење на регионалната истражувачка база на податоци од парламентите. Собранието на СРМ беше претставено преку Илија Милчевски и Ивана Арсовска Трајановиќ од Парламентарниот институт.

**Парламентарна транспарентност - Градење на доверба кон парламентите**

Овој регионален настан како дел од Иницијативата за законодавно зајакнување, финансиран од Националниот фонд за демократија, беше одржан од 20 до 22 јуни 2022 година во Загреб, Хрватска. Пратеници и претставници од службите од парламентите на Албанија, Босна-Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Хрватска имаа можност да разговараат и да ги споделуваат неодамнешните искуства во нивните парламенти во врска со транспарентноста на законодавните тела, градењето на доверба кон парламентите и парламентрните процеси, учеството и примената на начелата од ПОВ процесите за отворени парламенти како и предизвиците со кои се соочуваат јавноста и медиумите во нивната комуникација со законодавните тела. Собранието на СРМ беше претставено преку пратениците, Игор Здравковски, Диме Велковски, Фисникe Бектеши и од службата Александра Мицоска Митевска.

***СИДА: УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ПРЕКУ ПОЛИТИЧКО УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ***

На 25 март 2022 година беше одржан состанок помеѓу НДИ, Хелсиншкиот комитет за човекови права и пратеничките Гордана Силјановска Давкова, претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Благица Ласовска, заменик координаторка на Клубот на пратенички и Снежана Калеска Ванчева. Состанокот беше закажан со цел презентирање на законодавната иницијатива на Хелсиншкиот комитет за човекови права за воведување на терминот „сексуална изнуда" како посебно кривично дело и/или квалификација во Кривичниот законик. Хелсиншкиот комитет, исто така, ги информираше пратеничките дека биле во комуникација со Министерството за правда во однос на испитување на можноста за измени на Кривичниот законик, како и со Државната комисија за спречување корупција, во однос на Законот за спречување корупција и конфликт на интереси, имајќи предвид дека сексуалната изнуда претставува форма на корупција.

На 13 јули 2022 година, претставници од НДИ и од ЛАГ Агро Лидер, остварија средба со 15 претставнички на Клубот на пратенички со цел да се претстави законодавната иницијатива за воведување на терминот политички мобинг во Законот за спречување вознемирување на работното место, која е изработена во рамки на проектот Women Lead за унапредување на родовата еднаквост преку политичкото учество на жените кој се спроведува со поддршка на Шведската агенција за меѓународна развојна поддршка (Сида).

На 5 октомври 2022 година, здружението ЛАГ Агро Лидер претстави документ за јавни политики за измени на Законот за заштита од вознемирување на работното место, на којшто настан свои излагања имаа и пратеничките Лолита Ристова, Благица Ласовска и Арбана Пашоли, како и претставници од Министерството за труд и социјална политика, локалната самоуправа и правни експерти. Дополнително, девет други пратеници го проследија овој форум и учествуваа со свои забелешки.

На 20 октомври 2022 година, здружението Хелсиншки комитет за човекови права организираше презентација на документ за јавни политики на темата сексуална изнуда и воведување на овој поим во Кривичниот законик. Настанот го проследија шест пратенички кои што ја изразија својата поддршка за овие измени.

**Регионална програма за Југоисточна Европа: зголемување на изборниот интегритет**

На 24 февруари 2022 година, НДИ ја дистрибуираше публикацијата „Изборниот систем на Република Северна Македонија: Како да се обезбеди рамноправна и фер застапеност во Собранието?". Публикацијата беше доставена до сите пратенички и пратеници, на македонски и на албански јазик. Дополнителни примероци беа доставени до кабинетот на претседателот на Собранието и до собраниската служба.

**Регионална програма за Југоисточна Европа<br>за интегритет во политичките партии**

**Поддршка на интерпартиската парламентарна група за заштита на природата и борба против загадувањето и климатските промени**

На 29 март 2022 година, НДИ организираше состанок меѓу пратениците од Интерпартиската парламентарна група за заштита на природата и борба против загадувањето и климатските промени (накратко: Зелената група), и претставници на граѓанските организации кои работат во областите на заштита на животната средина и обновливи извори на енергија. Главните теми за дискусија се однесуваа на нелегалната сеча на дрва, загадувањето на воздухот и нелегалното градење (дивоградбите).



На 21 април 2022 година, НДИ, заедно со граѓанската организација Еко-свест, организираше теренска посета за пратениците од Зелената група во Националниот парк Маврово, по повод Денот на планетата Земја. На теренската посета присуствуваа и претставници од граѓанските организации О2 иницијатива, Македонското еколошко друштво и Фармахем. Пратениците остварија средби со директорот и дел од вработените во НП Маврово, дискутирајќи за потребата од репрогласување на Маврово за национален парк, како и за предизвиците поврзани со нелегалните градби и изградбата на малите хидроцентрали. Пратениците се сретнаа и со претставници на неколку месни заедници од општината Маврово Ростуше, со кои разговараа за штетните влијанија на дел од инфраструктурните проекти врз нивното живеење.

На 16 мај 2022, НДИ ја поддржа Зелената група да изработи стратешки план на активности, преку кој ќе се дефинираат целите и приоритетите на групата во однос на промена на постоечкото законодавство, предлагање на нови законски решенија, како и одржување надзорни расправи и теренски посети. На стратешкото планирање присуствуваа и четири граѓански организации: Еко-свест, Фронт 21/42, Биди зелен (Go Green) и Македонското еколошко друштво. Пред одржувањето на средбата, тимот на НДИ подготви прашалник за граѓанските организации, со цел да го олесни процесот на систематизирање на предлог активностите. Врз основа на предлозите и дискусиите, пратениците подготвија план со краткорочни, среднорочни и долгорочни цели.



На 8 јуни 2022, НДИ ја поддржа Зелената група во организација на средба со претставници од меѓународната донаторска заедница која се одржа во Собранието на Република Северна Македонија. Пратениците од Зелената ргупа ја искористија можноста да го претстават Стратешкиот план на Зелената група кој вклучува препораки од граѓанскиот сектор, а беше развиен со поддршка од НДИ. Претставниците од меѓународната заедница се заблагодарија за плодната дискусија во однос на приоритетите зацртани од пратениците од Зелената група и предложија додавање на приоритети како што се Фондот за заштита на животната средина, фокусирање на климатските промени како и обезбедувањето со храна, со оглед на тоа што Северна Македонија е земјоделска земја.

## 9.2. Активности на Вестминстер фондација за демократија во Собранието на Република Северна Македонија

**ВОВЕД**

Фондацијата за демократија на Вестминстер и Собранието на Република Северна Македонија, со поддршка на Британската амбасада во Скопје и во 2022 година ја продолжија соработката започната во 2017 година.

Фондацијата продолжи да соработува со Собранието врз база на Меморандумот за разбирање потпишан од страна на претседателот на Собранието, г. Талат Џафери; Британската амбасадорка во Скопје, г-ѓа Рејчел Галовеј и директоротот на ВФД за Западен Балкан г. Емил Атанасовски на 14 декември 2018 година. Соработката во овој период беше во рамки на програмата “Иницијатива за демократија за Западен Балкан” поддржана од Британската Влада.

Целта на активностите во 2022 година беше зајакнување на вршењето на надзорната улога на Собранието. Беше остварена соработка со Собраниските комисии и служба и јакнење на Парламентарната буџетска канцеларија (ПБО). Поддршката на Собранието беше насочена и во насока на адресирање на проблемите на младите како маргинализирана група, преку давање на поддршка на Клубот за младински прашања и политики.

**АКТИВНОСТИ**

**I. ПОДДРШКА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ПАРЛАМЕНТАРНАТА БУЏЕТСКА КАНЦЕЛАРИЈА (ПБК) ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Во текот на 2022 година ВФД непосредно работеше и ја помагаше работата на Парламентарната буџетска канцеларија (ПБК) во периодот јануари - март 2022 година, додека во останатиот период улогата беше вмрежувачка и насочена кој јакнење на меѓународната соработка на ПБК. Во фокус на активностите беше јакнење на соработката на ПБК со други канцеларии од ваков вид во регионот и соработка со клучните партнери НДИ и Швајцарската амбасада во Република Северна Македонија за ефикасен трансфер на канцеларијата под нова поддршка и доследно исполнување на програмските активности.

Како дел од овој процес во текот на 2022 година беа реализирани серија на активности:

## 1. СОСТАНОЦИ НА УПРАВУВАЧКИОТ ОДБОР НА ПБК

Управувачкиот одбор за воспоставување на Парламентарна буџетска канцеларија, продолжи со својата работа од претходната година, преку која ги дискутираше, разгледуваше и насочуваше клучните аспекти и носеше одлуки за процесот. Во оваа година, Управувачкиот одбор ја одржа својата последна средба со која успешно ја заврши својата работа.

Управувачкиот одбор го прошири својот состав, при што во неговата работа се вклучија претставници на НДИ и на Швајцарската амбасада и го одржа својот последен 10 состанок на 25 март 2022 година во просториите на Собранието на Република Северна Македонија. На состанокот беше разгледана и усвоена Одлуката за реализација на поддршката и унапредувањето на развојот на Парламентарната буџетска канцеларија (ПБК) во Собранието на Република Северна Македонија.

Одлуката беше потпишана и усвоена од страна на сите присутни членови на Управувачкиот одбор, со што ВФД ја заврши својата директна поддршка на ПБК на Собранието на Република Северна Македонија, додека за претстојниот период поддршката ја презема НДИ, преку Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), со што овој Управувачки одбор престана да постои. Понатаму, ПБК продолжува со работа во склоп на ПСП.

Од страна на Претседателот на Собранието г. Талат Џафери и останатите присутни на Управниот одбор беше изразена благодарност до ВФД за досегашната поддршка и за иницијативата за формирањето на канцеларијата. Со тоа што канцеларијата веќе е добро препознаена и почитувана од пратениците, се оправда нејзината улога, како клучна алка во службата на Собранието.

## 2. ПОДГОТОВКА НА ИНФОРМАТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ И АНАЛИЗИ ОД СТРАНА НА ПБК

Фондацијата за демократија на Вестминстер обезбеди директна поддршка на ПБК во првиот квартал (јануари - март) 2022 година, по што канцеларијата беше успешно преземена од страна на Собранието на РСМ, а поддржана преку Програмата за парламентарна поддршка на Швајцарската амбасада водена од НДИ. Оваа трансформација на поддршка беше можна благодарение на успешната координација со Собранието на РСМ и добрата соработка со НДИ. Директната поддршка од ВФД кон ПБК финализираше со донација на целокупната опрема набавена за канцеларијата од нејзиното формирање.

Согласно со Годишната програма за работа на Парламентарната буџетска канцеларија во првиот квартал од 2022 година беа изработувани материјали и проактивни анализи, како што се редовни месечни и квартални брифови за мароекономски показатели и за фискалните тенденции, како и брифови од извештаи на релевантни меѓународни финансиски организации. Во однос на анализите на барање на пратеници, во првиот квартал од 2022 година, ПБК подготви 8 специфични анализи кои пратениците ги користеа во својата работа, како анализи кои се однесуваа на мерки кои владата ги носи за справување со КОВИД кризата и со енергетската криза.

### 3. Билатерална соработка со Парламентарната буџетска канцеларија на Црна Гора

На 27 до 29 јуни 2022, Парламентарната буџетска канцеларија на Собранието на РСМ оствари посета на Собранието на Црна Гора. Посетата беше предводена од заменик генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија г. Милковски Мики. Целта на посетата беше презентирање на заедничка анализа на парламентарните буџетски канцеларии од двата парламенти за странските директни инвестиции (СДИ) и надворешно - трговската размена меѓу Република Северна Македонија и Црна Гора за период од 2019-2022 година. Покрај презентацијата на анализата пред црногорските пратеници од Комисијата за финансирање и буџет, беше остварена и средба со генералниот секретар на црногорското Собрание г. Александар Клариќ. На средбата се дискутираше за продолжување и продлабочување на соработката меѓу двете канцеларии и редовна објава на вакви и слични анализи во иднина, поради големиот интерес и едукативниот пристап за пратениците.

Покрај оваа студиска посета, анализата беше презентирана и пред македонските пратеници, членови и заменици-членови на Комисијата за финансирање и буџет во февруари 2022 година. Презентацијата беше проследена со голем интерес во Собранието на Република Северна Македонија, додека претставниците од Црна Гора присуствуваа онлајн, поради во тој момент рестриктивните мерки и ризикот од ширење на корона вирусот.

### 4. Лансирање на веб страница на ПБК

Во 2022 година започна со работа веб-страницата на Парламентарната буџетска канцеларија, на која заинтересираните лица можат да се информираат за најновите активности на канцеларијата. Оваа веб-страница е дел од веб-страницата на Собранието на Република Северна Македонија, а до неа може да се пристапи и преку врската: https://pbk.sobranie.mk/. Веб-страницата беше изработена со поддршка на ВФД со цел материјалите кои ги изработува ПБК да бидат достапни и за јавноста.

## II. ПОДДРШКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ ВО СОБРАНИЕТО НА РСМ

Во текот на 2022, ВФД соработуваше со Комисијата за финансирање и буџет и во рамките на поддршката, беше организирана дводневна работилница за членовите и замениците на членовите на Комисијата за финансирање и буџет, како и за дел од вработените во службата на Собранието на РСМ. Темата на работилницата беше „Предизвиците и можностите за Собранието кои ќе произлезат од имплементацијата (донесувањето) на новиот Закон за буџети“. Работилницата се одржа од 28 февруари до 1 март 2022 година во Маврово. На работилницата се дискутираше за потреба од носење на нов Закон за буџети, како и новините што се предвидени во новиот закон и предизвиците со кои се соочува Собранието на РСМ при имплементирање на новиот Закон за буџети. Работилницата беше особено корисна за сите присутни пратеници, за доближување на нивните ставови и истото беше потврдено од неколку пратеници за време на комисиската расправа.

## III. ПОДДРШКА НА ПАРЛАМЕНТАРЕН КЛУБ ЗА МЛАДИНСКИ ПРАШАЊА И ПОЛИТИКИ

Клубот за младински прашања и политики во 2022 година беше посветен на остварување средби со младите на локално ниво, дефинирање и реализација на годишна програма за работа и воспоставување меѓународна соработка. Клубот оваа година, со поддршка од Фондацијата за демократија на Вестминстер одржа: 4 посети на младински центри, средби со млади и средби со градоначалници на локално ниво, 2 јавни дискусии за политики за млади (попис и ученичко учество), оствари студиска посета на Клубот за млади пратеници во Парламентот на Република Албанија, организираше координација на институциите кои работат во областа на младински политики, организираше средба со младински организации и активисти кои работат на правата на лицата со попреченост, формираше работна група за регулирање на средношколското организирање и одржа 2 работни координации за програмско планирање.

### 1. Стратешко планирање на Клубот за младински прашања и политики

Во јануари 2022 година ВФД го поддржа процесот на планирање на годишна програма за работа на парламентарниот Клуб за младински прашања и политики. Средбата се одржа на 27 и 28 јануари во Велес. На оваа средба, членовите на клубот избраа нов претседавач согласно со правилникот за ротациско претседавање на клубот – пратеничката Моника Зајкова, која ја презема оваа позиција од пратеникот Јован Јаулески кој ја вршеше оваа улога во 2020-2021 година. На работната средбата пратениците ги утврдија приоритетите за работа во 2022 година и ја дефинираа Програмата за работа на Клубот за младински прашања и политики за 2022 година. На средбата присуствуваа пратениците: Јован Јаулески, Моника Зајкова, Артина Ќазими, Бојан Стојановски, Дарко Каевски, Сафије Садики Шаини и Марија Петрушевска.

### 2. Теренски посети и средби со млади и локални самоуправи во 4 (четири) локални самоуправи - Куманово, Гостивар, Босилово, Струмица

Пратеничкиот Клуб за младински прашања и политики во рамки на својата годишна програма за работа за 2022 година, предвиде нова активност со цел доближување со потребите и проблемите на младите и увид во степенот на имплементација на Законот за младинско учество и младински политики на локално ниво, преку спроведување на теренски посети на локални ниво, средби со млади и средби со градоначалници и претставници на локалната самоуправа. Во рамки на соработката со ВФД и програмата за работа, успешно беше пилотиран овој модел на консултација со младите и локалните самоуправи преку локални посети. Беа реализирани вакви средби во 4 (четири) локални самоуправи на кои присуствува 10 пратеници од Клубот.

**Теренска посета на младински центар и локалната самоуправа во Куманово**

Контактот со младите на локално ниво и средбите со локалната самоуправа и граѓанските организации, претставува еден од приоритетите во планот за работа на Клубот. Првата теренска посета се одржа на 25 февруари 2022 година, во Куманово. Пратеничките Сафије Садики Шаини и Фисника Бектиши Шаќири го посетија младинскиот центар МултиКулти

каде разговараа со младите за нивните перцепции и предноста од имањето младински центар во нивната заедница. Оваа посета овозможи пратениците да се сретнат со млади и организации кои работат со ранливи групи како Центар за интеркултурен дијалог Куманово, ДРОМ – Куманово и Инклузива. Пратеничките остварија средба со градоначалникот на Куманово, Максим Димитриевски со кого разговараа за локалните младински политики и предизвиците во нивната имплементација.

**Теренска посета на Клубот за младински прашања и политики во Општина Гостивар**

Втората теренска посета на Клубот беше организирана во Гостивар на 31 март 2022. Пратениците Јован Јаулески, Артина Ќазими и Марија Петрушевска се сретнаа со градоначалникот на Гостивар, Арбен Таравари. Пратениците ги посетија и во младинскиот ресурсен хаб ICan и во Youth Community Centre, со кои се запознаа со добри модели на простори за млади, а со младите од Гостивар разговараа за можностите во градот, нивните проекти, менталното здравје и активизмот.

**Теренска посета на Клубот за младински прашања и политики во Општина Струмица**

Моника Зајкова, Дарко Каевски, Марија Петрушевска, Марија Кочовска и Јован Јаулески, за време на посетата во Струмичкиот регион на 7 октомври 2023, се сретнаа со градоначалникот на Струмица, Коста Костадинов, кој беше еден од членовите на Клубот за младински прашања и политики при неговиот пратенички мандат. На средбата пратениците имаа можност да слушнат повеќе за локалните политики за унапредување на животот на младите во регионот, но и за предизвикот со „одлив на мозоци" со кој Струмица и околните општини се соочуваат.

**Теренска поста на Клубот за младински прашања и политики во Општина Босилово**

Младинскиот центар во Босилово, отворен во текот на 2022 година, беше една од локациите на која пратениците од Клубот за младински прашања и политики направија теренска посета на 7 октомври 2022. Во просториите на локалниот младински центар пратениците Марија Петрушевска и Јован Јаулески се сретнаа со млади луѓе од Општина Босилово и градоначалникот Ристо Манчев. Начинот на кој се имплементира Законот за младинско учество и младински политики, предизвиците со кои се соочуваат младите во оваа рурална општина, но и добрите практики кои општината ги воспоставува за да им помогне на младите, беа на дневниот ред на дискусијата во оваа општина.

3. **Јавна дебата во Собранието посветена на младите и податоците од пописот на население 2021**

Трендовите кои се забележуваат кај младите како посебна социо-демографска група и причините за овие состојби кај младите беа во фокусот на јавната дебата која Клубот за младински прашања и политики ја одржа во Собранието на 18 април 2022. На дебатата се дискутираше за наодите од пописот и подобрување на младинските можности врз база на

постоечки податоци и трендовите забележани преку податоците од пописот на населението. Еден од заклучоците на оваа јавна дебата беше потребата од креирање на посебна анализа за младинските состојби која Клубот ќе ја користи во својата работа и креирање на политики.

4. **Средба на Клубот за младински прашања и политики со млади со попреченост**

Целта на средбата на младите пратеници со млади лица со попреченост и граѓански организации кои работат во оваа област, одржана на 20 април 2022, беше пратениците директно да разговараат со овие млади и да се запознаат со предизвиците кои ги имаат на секојдневно, како и да се информираат за начините на кои може да се застапуваат за интересите на оваа група. Во таа насока, девет пратеници (Моника Зајкова, Дарко Каевски, Фисникe Бектиши Шаќири, Сафије Садики Шаини, Марија Кочовска, Марија Петрушевска, Бојан Стојаноски и Јован Јаулески како членови на клубот и пратеничката Ангелинка Петрова како дел од групата која изучува знаковен јазик во Собранието), како и претставници од Парламентарниот институт разговараа со петнаесет млади лица со попреченост, на теми поврзани со пристап до образование на младите со попреченост, здравствена заштита и социјална заштита и пристап до институциите. Како резултат беше изработена листа на препораки за подобрување на јавни политики во насока на поголема еднаквост на лицата со попреченост.

5. **Меѓу-секторска координативна средба на институции кои работат на младински прашања**

Клубот за младински прашања и политики со поддршка на ВФД организираше координативна средба на институциите кои работат на политики за млади во Собранието, која се случи на 4 јули 2022. На средбата се обратија пратениците Моника Зајкова и Јован Јаулески. Присутни беа претставници на Агенцијата за млади и спорт, Владата на РСМ, Министерство за труд и социјална политика, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Заедницата на единиците на локалните самоуправи и претставници на повеќе младински организации. Ова беше прва средба од ваков тип, која овозможи информирање и координација меѓу институциите и простор за фидбек од граѓанските организации кога се во прашање младинските политики. Присутните на средбата истакнаа дека вакви координации треба да преминат во пракса и препорачаа Клубот за младински прашања и политики да продолжи да организира вакви координативни средби, затоа што се исклучиво корисна можност за олеснување на работата на институциите и нивно информирање за политиките кои ја засегаат нивната работа.

6. **Студиска посета на Клубот за младински прашања и политики во парламентот на Република Албанија**

На 5-7 септември 2022 се одржа студиска посета на Клубот за младински прашања и политики при Собранието на Република Северна Македонија на новоформираниот пратенички Клуб за млади при Собранието на Република Албанија. Пратениците Моника Зајкова, Јован Јаулески, Марија Петрушевска, Сафије Садики Шаини и Мухамет Кадриов учествуваа на оваа студиска посета. Покрај можноста да ги пренесат своите искуства од успешното работење и

активности на пратеничкиот Клуб за младински прашања и политики во Северна Македонија кон колегите во Албанија, пратениците се запознаа и со главните предизвици на младите во Албанија. За време на студиската посета, пратениците разменија искуства со нивните колеги пратеници, се сретнаа со градоначалникот на Тирана, Ерион Велиај, државната министерка за соработка со парламентот, Елиса Спиропали, министерката за млади, Бора Музхаќи, тимот на Регионалната канцеларија за младинска соработка (РИКО) и канцеларијата на Фондот за соработка на Западен Балкан. Пратениците имаа свои обраќања на дискусијата организирана во Албанскиот парламент, а во текот на работните средби разговараа и со британскиот амбасадор во Албанија Аластаир Кинг - Смит и неговата заменичка Миа Мазроук, како и македонскиот амбасадор во Албанија - Данчо Марковски.

**7. Работна средба за планирање и координација Клубот за младински прашања и политики**

Работната средба за планирање и координација на Клубот за младински прашања и политики за периодот октомври 2022 - јануари 2023 се одржа на 8 октомври 2022 година. Присутни беа пратениците: Моника Зајкова, Дарко Каевски, Марија Петрушевска, Марија Кочовска и Јован Јаулески. На работната средба пратениците дискутираа за моменталната состојба со имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики, земајќи ги предвид искуствата од општините кои дотогаш ги имаа посетено, како и за нивната улога во унапредувањето на имплементацијата на овој закон. Во планирањето на активностите кои следат, пратениците договорија чекори за организирање на јавна дебата во Собранието посветена на законското регулирање на средношколското организирање и учество, со цел да се отвори прашањето преку широки консултации и вклучување на сите засегнати страни.

**8. Јавна дебата во Собранието за Средношколско организирање и учество**

Клубот за младински прашања и политики на 20 октомври 2022 организираше јавна дебата посветена на законското уредување за средношколското организирање и учество. Клубот за младински прашања и политики, со поддршка на ВФД и во соработка со Сојузот на Средношколци и Институтот за добро управување и Евро-Атлантска перспектива (ИДУЕП) организираше дебата која вклучи повеќе од 70 претставници на младите, младинските организации и образовните институции во Собранието и обезбеди дискусија на оваа тема. Дебатата беше организирана во координација со комисијата за образование, наука и спорт. Настанот го отворија пратениците Моника Зајкова, Јован Јаулески и Жаклина Лазаревска. Присутните имаа можност да ги споделат своите ставови и препораки, а средбата заврши со препораки за отворање на консултативен процес за доставување на конкретни предлози за новото законско решение и формирање на работна група во Собранието која ќе го изработи предлог-законскиот текст. Јавната дебата резултираше со два заклучоци, дека е важно законски да се гарантира правото на ученичко организирање на средношколците и дека ќе се формира работна група од пратеници која ќе ги разгледа добиените предлог-законски решенија и ќе креира препораки за законско уредување на прашањето.

9. **Работна група за регулирање на средношколското организирање и учество**

Како заклучок од јавната дебата за средношколското организирање и учество, се формираше работна група на пратеници која ги разгледува пристигнатите предлози за законско уредување на оваа тема. Во работната група се приклучија пратеници од Клубот за младински прашања и политики и пратеници од Комисијата за образование, наука и спорт. Работната група ја одржа својата прва средба на 27 декември 2022, на која го разгледа пристигнатиот предлог – закон за средношколско организирање како и коментарите добиени при консултациите отворени од Клубот за младински прашања и политики на оваа тема. Пратениците заклучија дека ќе бидат разгледани документите и ќе се продолжи со работа од следната година.

# 9.3. Активности на DCAF во Собранието на Република Северна Македонија

DCAF
a centre for security, development and the rule of law

**Општо за Програмата и Проектот**:

ДЦАФ им помага на земјите-партнери во изготвувањето и унапредувањето на легислативата, подобрување на капацитетите на институциите и развој на политиките и практиките за подобрување на управувањето и отчетноста на нивниот безбедносен сектор, преку инклузивни и партиципативни реформи засновани на меѓународни норми и согласно со начелата на: непристрасност, локална одговорност/сопственост, инклузивно учество и родова еднаквост.

ДЦАФ и Собранието го започнаа стратешкото партнерство со потпишување на Меморандум за разбирање на **3 мај 2018** година за спроведување на Проектот „***Развивање на парламентарен и независен надзор***г, како дел од пошироката „***Програма за реформи во разузнавачкиот сектор во Република Северна Македонија 2017-2021 година***г реализирана од страна на ДЦАФ.

Оттогаш се постигнати забележителни позитивни резултати, а Проектот обезбеди навремена поддршка за почетната фаза од тоа што ќе прерасне во подолготраен реформски процес за демократско управување со разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија. Ова на директен и решителен начин придонесува за изградба на нужните механизми за отчетност, поврзани со напредокот на преговорите за членство во ЕУ.

Врз основа на резултатите и продолжувањето на реформските приоритети од страна на Собранието, со финансиска и стратешката поддршка од Швајцарија, Шведска, Холандија и Европската Унија, почнувајќи од 1 април 2021 година, ДЦАФ ја иницираше нова фаза и ја започна ***Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија***. Програмата ќе има продолжена временска рамка за имплементација со две фази на интервенција: 2021-2023 (фаза II) и 2024-26 (фаза III). Во таа насока ДЦАФ и Собранието на **19 ноември 2021 година** го потпишаа **вториот Меморандум за соработка** кој ја регулира соработката во втората и третата фаза за реализација на Проектот ***„Поддршка за развојот на парламентарниот надзор над безбедноста и разузнавањето во Република Северна Македонија***г.

**Активности реализирани во периодот од 1 јануари 2022 до 31 декември 2022 година**

ДЦАФ со Собранието на Република Северна Македонија, како партнерска институција во реализација на Проектот *„Поддршка за развојот на парламентарниот надзор над безбедноста и разузнавањето во Република Северна Македонија"*, најтесно соработува со менџментот на собранието, пратениците и вработените во стручната Собраниска служба предоминантно од:

- Комисијата за одбрана и безбедност,
- Комисијата за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност (АНБ) и Агенцијата за разузнавање (АР) и
- Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите.

Во 2022 година покрај редовната подршка на Собранието, реализирани се и тринаесет специјализирани настани кои се претставени во табеларниот преглед подолу и имаа за цел зголемување на свеста и релевантната експертиза за парламентарниот надзор над безбедноста и разузнавањето.

**АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ 2022 ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2022**

| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни од Собранието |
|---|---|---|---|
| 1. | Работилница „Концептуализација и контури на упатството/правилата за работа во Заштитената соба и динамика на работа" 21.1.2022, Скопје | Дефинирање на пристап и поставување на контурите и опфатот на правилата за работење за безбедно и ефективно користење на заштитената соба и заштитениот работен простор. Дефинирање на натамошна динамика на работа. | 4 претставници од Парл. служба |
| 2. | Работилница „Анализа на имплементацијата и одредбите од Законот за следење на комуникациите и Законот за оперативно техничка агенција и дискусија за подобрување на законодавството во безбедносниот сектор" 3 и 4.02.2022, Велес | Поттикнување на дебата и размислувања за изнаоѓање на соодветен пристап и решенија за таканаречените имплементациски пречки кои ја прават легислативата неефикасна и неефективна во одреден дел. Пристапот во работилницата беше комбиниран вклучувајќи теоретичари од академската фела, практичари од безбедносно разузнавачкиот сегмент и пратеници и Служба од Собранието. | 10 пратеници и 4 претставници од Парл. служба |
| 3. | Работилница „Безбедносни оперативни процедури за употреба на Заштитената соба во Собранието - аспект Физичка безбедност" 18.2.2022, Скопје | Да се дефинира делот од безбедносни оперативни процедури кој се однесува на физичката безбедност, во координација со службата за собраниско обезбедување од МВР, експертите од ДБКИ и надлежните лица од Собраниската служба, одредени од Собранието. | 4 претставници од Парл. Служба, 1 претставик од Парл. обезбедување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Регионален семинар за собраниски службеници за управување со сајбер безбедноста.<br>15 и 16.3.2022, Тирана, Албанија | Семинар за вработените во парламентарните служби од земјите на Западен Балкан за запознавање и стекнување на знаења за најновите случувања и предизвици во управувањето со сајбер безбедноста и да научат за можните политички и законодавни решенија. Целта на семинарот беше учесниците да се здобијат со знаење за да можат да ги советуваат членовите на парламентот за прашања поврзани со сајбер безбедноста.<br>** Овој семинар беше организиран од регионалниот проект на ДЦАФ „Добро владеење во сајбер безбедноста во Западен Балкан”* | 3 претсавници од Парл. служба |
| 5. | Работилница бр.2 „Безбедносни оперативни процедури за употреба на Заштитената соба во Собранието - аспект Физичка безбедност”<br>18.3.2022, Скопје | Да се дефинира и оформи делот од безбедносни оперативни процедури кој се однесува на физичката безбедност, во координација со службата за собраниско обезбедување од МВР, експертите од ДБКИ и надлежните лица од Собраниската служба, одредени од Собранието. | 4 претставници од Парл. Служба, 1 претставик од Парл. обезбедување |
| 6. | Работилница бр. 3 „Безбедносни оперативни процедури за употреба на Заштитената соба во Собранието - аспект Физичка безбедност”<br>26.3.2022, Скопје | Да се дефинира и оформи делот од безбедносни оперативни процедури кој се однесува на физичката безбедност, во координација со службата за собраниско обезбедување од МВР, експертите од ДБКИ и надлежните лица од Собраниската служба, одредени од Собранието. | 4 претставници од Парл. Служба, 1 претставик од Парл. обезбедување |
| 7. | Работилница „Анализа на имплементацијата и одредбите од Законот за Агенцијата за национална безбедност и Законот за координација на безбеднсосно разузнавачката заедница и дискусија за подобрување на законодавството во безбедносниот и разузнавачкиот сектор”<br>15.4.2022, Скопје | Работилницата беше организирана со теоретски и практичен критички пристап кон Законот за Агенцијата за национална безбедност и Законот за координација на безбеднсосно разузнавачката заедница и нивната практична примена.<br>Работилницата имаше за цел да поттикне дискусија и размислувања за изнаоѓање на соодветен пристап за подобрени легислативни решенија во безбедносно-разузнавачката сфера. | 10 пратеници и 3 претставници од Парл. служба |
| 8. | Работилница „Безбедносни оперативни процедури за употреба на Заштитената соба во Собранието”<br>29.4.2022, Скопје | Презентација на подготвениот облик на Безбедосните оперативни процедури (БезОП), дискусија и финално дефинираање на нацртот на БезОП, кој треба да ги опфати сите релевантни аспекти од безбедноста за заштитената соба и заштитениот работен простор.<br>Крајната цел на целокупниот процес, составен од повеќе активности, е да се оптимизираат, изработат, официјализираат и одобрат БезОП за акредитација, ефективно користење, функционирањето и одржување на Заштитената соба. | 4 претставници од Парл. Служба, 1 претставик од Парл. обезбедување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | “Тркалезната маса за парламентарен надзор над безбедноста и разузнавањето” 19-22.6.2022, Женева, Швајцарија | Дискусија преку обука за важноста и релевантноста на улогата на Парламентот во процесот на демократизација на безбедносниот сектор, главните предизвици поврзани со ефективен парламентарен надзор и размена на гледишта и најдобри практики за зајакнување на транспаретноста и ефективноста над и разузнавачкиот надзор. | 16 пратеници и 5 припадници на Парл. служба |
| 10. | Работилница „Родово сензитивен парламентарен надзор” 30.09.2022, Скопје | Целта на родовата обука со наслов „Родово сензитивен парламентарен надзор” беше да се зголеми разбирањето за улогата, неопходноста и важноста од вклучувањето на родовите аспекти во разузнавањето и безбедноста со акцент на интеграцијата на родовата компонента во парламентарниот надзор. | 10 пратеници и 11 припадници на Парл. служба |
| 11. | Годишна конференција за “Реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија” 19.10.2022, Скопје | Целта на конференцијата беше создавање на можност за размена на искуства за безбедносните и разузнавачките реформи, преку интерактивна панел дискусија за приоритетите и чекорите што треба да се преземат кон поодговорен безбедносен и разузнавачки сектор. | 15 пратеници и 7 припадници на Парл. служба |
| 12. | Практична работилница “Технички аспекти на следењето на комуникациите и имплементација на Заедничките минимални стандарди (ЗМС) за спроведување контролни и надзорни посети во безбедносните и разузнавачките институции” 14-15.11.2022, Маврово | Целта беше подигање на свеста за опасноста од инвазивните средства и софтвери, опсегот на нивното влијание врз човековите слободи и права и да се нагласи важноста од надзорот и контролата врз таквите средства, кога тие се употребувани од страна на безбедносно-разузнавачките институции. Адресирање на практичните предизвици при иницирање, организација, спроведување и известување за надзорните посети, со цел подобрување на процедурите, правилата и легислативата и праксата во тој сегмент. | 14 пратеници и 3 припадници на Парл. служба |
| 13. | Работилница со повеќе засегнати страни на тема „Развивање стандарди за известување во разузнавачки и безбедносни служби и надзорни институции” 27.12.2022, Скопје | Прва од сет на работилници која имаше цел да ја пополни празнината во разбирањето на барањата за известување и неговата важност за да го направи разузнавачкиот и безбедносниот сектор потранспарентен и поодговорен. Учесниците од повеќе институции разговараа и ги разгледуваа стандардите и законските барања за тоа како најефективно да го изготват и структурираат нивното известување, како да известуваат за јавноста, како да ги презентираат квантитативните и квалитативните податоци во извештаите и со тоа да го направат известувањето поконзистентно во овој сектор со цел да се создаде поголема јавна свест и транспарентност за нивните активности за надзор и контрола. | Планирани и поканети беа 5 припадници на Парл. служба, но поради итни работни обврски не присуствуваа на настанот. |

**Идни предизвици:**

- Континуитет на надзорниот процес;
- Подобрување на квалитетот на парламентарниот и независен надзор;
- Создавање на услови за Советот за граѓански надор да може да функционира во полн капацитет;
- Ангажирање на двајцата експерти за поддршка на Комисијата за надзор над мерките на следење накомуникациите;
- Избор на понудувач за заштитената соба;
- Изградба на заштитената соба, акредитација, обука и употреба на истата и
- Давање совети, експертиза, продукти на знаење и поддршка на наздорните комисии од страна на ДЦАФ.

# 10. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 10.1.ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следниве нивоа:*

1. *генерален секретар;*
2. *заменик на генералниот секретар;*
3. *собраниски државни советници;*
4. *сектори и*
5. *одделенија.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Северна Македонија раководи генералниот секретар* ***г-ѓа Цветанка Иванова.***

*Генералниот секретар има тројца заменици и тоа,* ***Неџбедин Ибраими, Мики Милковски и Бојан Василевски.***

*Со Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието на Република Северна Македонија донесен на 29 јануари 2021 година и согласноста за негова примена од 1 февруари 2021 година, во Службата се утврдени еден кабинет, 15 сектори, 49 одделенија во рамките на секторите и кабинетот, една посебна организациона единица - Парламентарен институт и две посебни организациони единици како одделенија.*

Собраниските државни советници вршат најсложени работи и задачи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот систем, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието во чиј состав се формирани три одделенија, се грижи за извршување на стручни, аналитички и советодавни работи за остварување на надлежностите на претседателот на Собранието, како и за подготовка и реализација на тековните и меѓународните активности и јавни настапи.

Секторот за поддршка на генералниот секретар на Собранието е составен од пет одделенија. Во Секторот за поддршка на генералниот секретар на Собранието се извршуваат работите за поддршка на работата на генералниот секретар; нормативно-правни работи; поддршка на работата на пратеничките групи; организирање на работата за остварување контакти на пратениците со граѓаните; протоколарните работи за претседателот и потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и замениците.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија во негов состав, подготвува и дава стручна помош во подготвувањето на текстови на предлог на закони и други акти и на амандмани кои ги предлагаат пратениците; врши правно-техничко уредување на текстовите на предлог на законите за трето читање; врши номотехничко уредување на текстовите на законите и другите акти на Собранието за објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија"; јазична редакција, лекторирање, коректура и срамнување на законите и другите акти на Собранието; се грижи за објавувањето на законите и другите акти донесени од Собранието во "Службен весник на Република Северна Македонија" и врши други нормативно-правни работи што произлегуваат од законодавната надлежност на Собранието.

Секторот за седници на Собранието е составен од три одделенија. Во Секторот за седници на Собранието се извршуваат работи за подготовка и организирање на седниците на Собранието; изготвување на Решение за свикување на седници на Собранието; изготвување на покани за присуство на седниците на Собранието; изготвување на записници од седниците на Собранието; работи поврзани со пратеничките прашања; врши дактилографски работи; изготвува писмен текст од аудиозаписи од седниците (стенографски белешки); изготвува писма со кои претседателот на Собранието доставува предлози на закони, акти и други материјали до сите пратеници во електронска форма, како и други материјали во пишана форма; изготвува писма што претседателот на Собранието предлозите на законите и другите општи акти и материјали ги доставува до претседателот на Републиката, Владата, пратениците, работните тела на Собранието и другите субјекти; како и работни задачи поврзани со е-парламент и е-влада.

Секторот за работни тела на Собранието е составен од осум одделенија. Во Секторот за работни тела се извршуваат работи за подготовка и реализација на седниците на Комисијата за уставни прашања, Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела; дава стручна и советодавна поддршка и ги координира седниците на Комисијата за уставни прашања, Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела; ги организира седниците и дава поддршка на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците. Во рамките на одделенијата се врши планирање на седниците на комисиите; подготвување на материјали за седниците, покани, сценарија за предлози на закони и други материјали; се подготвуваат извештаи од прво читање на предлог на законите; сценарија за водење претрес и гласање по поднесени амандамани; подготвување амандмани на работно тело; подготвување дополнет предлог на закони од второ читање и на други предлог акти; подготвување предлог-одлуки, мислења; подготвување извештаи и заклучоци по други материјали што се доставуваат до Собранието согласно со надлежностите на комисиите; подготвува записници и се вршат други работи потребни за реализирање на надлежностите на комисиите; како и внесување на е-парламент на сите материјали кои се поврзани со седниците на комисиите.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите со двете одделенија во негов состав извршуваат стручни и советодавни работи за: организирање, координирање и реализација на седниците, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер на Советот; изготвување на документи и обезбедување работни материјали за потребите на Советот; следење на процесот на евроинтеграциите; изготвување на приоритетите на Собранието и информации за реализирани активности на Собранието во процесот на евроинтеграциите; изготвување на анализи и информации за национални стратешки документи и документи на Европската Унија; следење на усвојувањето на законодавството на Европската Унија од годишните ревизии на НПАА; на пратениците преку ЕУ Центарот им обезбедува пристап до информации за прашања од Европската Унија; остварување на редовна соработка во процесот на интеграција во Европската Унија и обезбедува јавност во работата на Советот.

Секторот за меѓународна соработка е составен од две одделенија. Во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат работите за организирање и координирање на меѓународните активности на претседателот на Собранието, постојаните делегации во меѓународните парламентарни собранија и на генералниот секретар; подготвување на информации и други материјали од областа на меѓународните активности на Собранието; подготвување на стручен и информативен материјал за потребите на пратениците за билатералните средби со претставници на парламенти на други држави; подготвување потсетници, извештаи, анализи и други информативни материјали за потребите на пратеничките групи на Собранието за соработка со парламенти на одделни држави; организирање на службените патувања за билатералната и мултилатералната соработка на Собранието; учествува во организирање на други службени патувања за пратениците и Службата и учествува во организирање на настани во државата.

Во рамките на трите одделенија во Секторот за административни работи се извршуваат административни работи: прием и заверка на пошта, архивирање и чување на материјали; испраќање на материјали; се доставува поштата и пратките преку курирска служба надвор и во зградата на Собранието; се вршат работи поврзани со е-парламент и е-Влада; врши подготовка за испраќање на покани и материјали за свечени приеми и прослави; доставува материјали во салата за одржување на седници на Собранието за време на одржување на седници; до носителите на јавни функции доставува одлуки за избор, именување и разрешување; изготвува статистички информации; врши секретарски работи за потребите на потпретседателите на Собранието, координаторите на пратеничките групи, генералниот секретар и замениците на генералниот секретар; врши статистичка обработка на различни податоци по барање на пратениците, пратеничките групи и Службата; прибира, чува, обработува и дава на користење документациони податоци и материјали од работата на Собранието; документациониот фонд и стенографските белешки од седниците на Собранието и работните тела; обработува фактографска документација по одделни прашања и проблеми за потребите на Службата; води селекција и евиденција во влезен картон и електронска обработка на документациониот материјал; обезбедува пристап за барателите од Службата и надворешни корисници преку интеранетот и веб-страницата на Собранието; средува и обработува материјали од седниците на Собранието; обработува стенографски белешки од седниците на Собранието со опис и попис согласно со нормативите на Архивот на Република Северна Македонија што се предаваат на трајно чување во Архивот; обработува, средува и чува оригинали на закони, одлуки и други акти за секоја измината година.

Во Секторот за преведување и толкување формирани се четири одделенија, во кој се извршуваат работи на толкување (устен превод) и писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик; јазична редакција и срамнување на материјали преведени од македонски на албански јазик; јазична редакција на текстови на акти преведени од македонски на албански јазик за објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија"; како и устен и писмен превод од македонски на албански јазик на странски јазици и обратно за потребите на Собранието.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и во него се извршуваат работи на планирање, развој и имплементација на информатичкиот систем; овозможува непречено функционирање на информатичкиот систем; се грижи за безбедност на информатичкиот систем; овозможува непречено функционирање на софтверските апликативни решенија во употреба во Собранието; веб-страницата на Собранието; сметките на Собранието на социјалните мрежи и базите на податоци; врши планирање, развој и имплементација на системите за електронско гласање и говорење; овозможува функционирање на аудио и видеоопремата во текот на одржувањето на седниците на работните тела и седниците на Собранието.

Секторот за односи со јавноста е составен од две одделенија. Во Секторот за односи со јавноста се извршуваат работи за информирње на јавноста и остварување комуникација со медиумите во врска со работата на Собранието;  објавување на собраниските активности, соопштенија, материјали и информации од јавен интерес на веб-страницата на Собранието; најавување и известување за официјалните средби и други настани во насока на транспарентно Собрание на веб-страницата; промовирање на собраниските активности на социјалните медиуми; обезбедување непосредна комуникација со медиумите; врши акредитација на новинари; учество во одржувањето на прес-конференции и брифинзи за медиумите како и електронско информирање на истите за собраниските актуелности/активности.

Во Секторот за поддршка на Советот на Собранискиот канал во чии рамки се наоѓаат две одделенија, се извршуваат работите на планирање, подготовка и реализација на преноси на седниците на Собранието, работните тела и други тела на Собранието и други настани организирани од Собранието.

Секторот за финансиски прашања е составен од три одделенија и во него се извршуваат работи од областа на финансиското управување и контрола; следење на целосното и навремено прибирање на приходите; навременото плаќање на расходите во согласност со процедурите за преземање на обврски и извршување на плаќања; следење на усогласеноста на извршувањето на буџетот во целост или за одделни буџетски ставки; буџетското и финансиското известување; координирање при подготовката на стратешкиот план на Собранието и предлог-буџетот за наредната година и повеќегодишните проекции поврзани со буџетот; подготвување на Предлогот за изменување и дополнување на буџетот; координира при следење на ефективноста на буџетската контрола што ја спроведуваат раководителите при управувањето со сопствениот дел од буџетот, при што обезбедува дали: одобрените буџети не се надминати; пренамените меѓу буџетските ставки се вршат согласно со целите и/или намената и буџетските ставки се извршуваат во годината за која се планирани; воспоставува ревизорска трага, односно документиран тек на финансиските и други трансакции од нивниот почеток до крај; координира спроведување контрола на ревизорската трага воспоставена од раководителите во субјектот; изготвување Годишен финансиски извештај согласно со закон; пресметка и исплата на платите; благајничко работење; водењето деловни книги предвидени согласно со закон; усогласувањето на средствата и изворите на средствата; водење на евиденција на основни средства и изготвувањето на завршните сметки на Собранието; прием, евидентирање и издавање на материјали од магацинот.

Секторот за јавни набавки е составен од две одделенија. Во Секторот за јавни набавки се извршуваат работи на следењето и примената на законите, подзаконските акти и други прописи од областа на јавните набавки; планирање, реализирање и контролирање на набавките на стоки, услуги и работи за потребите на Собранието за тековната година, а согласно со одобрените средства во буџетот на Собранието; спроведување на јавните набавки; изготвување на акти од областа на јавните набавки; водењето на евиденции за постапките за јавни набавки и други евиденции; комплетирање и средување на документациите за извршените набавки и формирање на досиеја; подготвување и давање на известувања, информации и извештаи до Бирото за јавни набавки; истражување на пазарот; давање на стручна и техничка помош на комисиите за јавни набавки.

Во Секторот за техички работи во чии рамки се формирани две одделенија се извршуваат работи за тековно и инвестиционо одржување на објектот на Собранието; подготовка и реализација на проекти за тековно инвестициони зафати во објектот; тековно одржување на системите (инсталации и опрема) за греење, ладење, ПП заштита, громобранска инсталација, фиксна телефонија, ентериерно уредување на сали и кабинети; по потреба учествува во организирање на свечености и други средби и активности во Собранието; се грижи за одржување на културното наследство согласно со етнолошката традиција; врши фотокопирање и умножување на материјали за потребите на Собранието, работните тела и Службата.

Секторот за управување со човечки ресурси е составен од две одделенија. Во Секторот за управување со човечки ресурси се вршат работите од делокругот на планирање и екипирање на човечките ресурси преку постапки за вработување со јавен оглас; унапредување со интерен оглас; мобилност; права и обврски од работен однос на вработените, пратениците и именувани лица; координација на процесот за оценување; проценка и анализа на потребите од обука; планирање на обуки; испорака и евалуација на обуките; согледување на вредноста и квалитетот на реализираните обуки; грижа за мотивација на вработените; следење и унапредување на дисциплината на вработените и водење на постапки за дисциплинска и материјална одговорност; внесување и ажурирање на податоци за вработените во електронскиот систем за човечки ресурси и води евиденција за присуство и отсуство на вработени.

Посебната организациона единица-Парламентарен институт ја сочинуваат два сектора, во рамките на кои се формирани по две одделенија. Оваа организациона единица врши истражувања и изработува

анализи за потребите на пратениците, работните тела, советите и пратеничките групи; изработува билатерални истражувања и регионални студии со парламентите од земјите од регионот и Европската Унија; разменува информации со ЕЦПРД, ИПУ, ИФЛА, ИЦА, Форумот на центрите за посетители на парламентите и други парламенти и предлага на генералниот секретар кореспондент или заменик кореспондент во Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД) од вработените во Парламентарниот институти обезбедува информации за парламентарни и други меѓународни организации; планира, организира и спроведува специјализирани обуки; семинари и работилници за пратениците, вработените во Службата на Собранието; практикантите во Собранието; асистентите во канцелариите за комуникација со граѓаните и надворешните соработници на пратеничките групи; организира и спроведува воведна сесија за новоизбрани пратеници брифинзи (кратки презентации); користи законодавна база на податоци (е-архива); управува со библиотека и софтвер за е-библиотека и набавува книжен фонд; спроведува програма за практиканти во Собранието; организира и спроведува специфична комуникација со јавноста; планира и спроведува буџетска потпрограма за Парламентарниот институт.

Посебната организациона единица-Одделението-Парламентарна буџетска канцеларија (ПБК) врши финансиски и буџетски анализи за обезбедување информации на пратениците и работните тела, собраниските комисии во врска со вршење на пратеничкиот мандат и за потребите на Собранието заради унапредување на парламентарниот финансиски надзор. Финансиските анализи кои опфаќаат информативни материјали, брифинзи и кратки студии поврзани со: буџетот; изменување и дополнување на Буџетот и завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија; годишниот и други финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија, како и на останатите независни тела, основани од Собранието; врши анализи од областа на фискалната и монетарната политика; изработува сопствени финансиски пресметки и основни финансиски проценки на предлог политики, како и проценки на трошоци и користи (cost-benefit) на предлог-законите поднесени од пратеник/пратеници; ја следи работата на Комисијата за финансирање и буџет, како и на останатите работни тела во Собранието; по сопствена иницијатива изработува анализи и статистички макроекономски прегледи за движењето на основните макроекономски индикатори како што се: движењето на БДП, стапката на инфлација, странски директни инвестиции, платен биланс надворешно трговска размена, монетарни движења, јавен долг, пазар на работна сила и друго; по потреба, организира брифинзи (кратки известувања), семинари и работилници, во областа на фискалната политика, а се поврзани со финансискиот и буџетски надзор; врши размена на информации со други парламенти и со останатите органи на државната управа, како и меѓународни финансиски институции.

Посебната организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија ги врши работите кои се однесуваат на: процена на усогласеност на работењето на Собранието во согласност со законите, подзаконските, интерните акти и договори; темелна процена на функционирањето на системот за внатрешна контрола; оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на генералниот секретар за намалување на факторите за ризик; проверка на точноста, комплетноста и законитоста на сметководствената евиденција и финасиските извештаи на Собранието; давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури на Собранието; извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и следење на нивното спроведување; изготвување на извештаи од извршените ревизии; следење на спроведување на мерките преземени од генералниот секретар врз основа на препораките дадени во ревизорските извештаи; изготвување на годишен извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешна ревизија и други работи од областа на внатрешната ревизија

| *Назив на секторот* | вкупен број на вработени во сектори | Државни службеници | | | работници кои не се државни службеници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | рако-водни | стручни | помошно Стручни | |
| *Генерален секретар и заменици на генерален секретар* | **1+3** | | | | |
| *Собраниски државни советници* | **2** | *2* | *-* | *-* | *-* |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | **6** | *3* | *3* | *-* | *-* |
| *Сектор за поддршка на генералниот секретар на Собранието* | **25** | *3* | *17* | *3* | *2* |
| *Законодавно - правен сектор* | **8** | *1* | *7* | *-* | *-* |
| *Сектор за седници на Собранието* | **9** | *2* | *6* | *1* | *-* |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | **36** | *7* | *27* | *2* | *-* |
| *Сектор за односи со јавноста* | **4** | *2* | *2* | *-* | *-* |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | **10** | *4* | *5* | *1* | *-* |
| *Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции* | **6** | *2* | *4* | *-* | *-* |
| *Сектор за информатички и комуникациски технологии* | **13** | *2* | *3* | *8* | *-* |
| *Сектор за финансиски прашања* | **13** | *3* | *6* | *4* | *-* |
| *Сектор за преведување и толкување* | **22** | *2* | *17* | *3* | *-* |
| *Сектор за административни работи* | **35** | *1* | *8* | *13* | *13* |
| *Сектор за поддршка на Советот на Собраниски канал* | **5** | *3* | *2* | *-* | *-* |
| *Сектор за јавни набавки* | **6** | *1* | *4* | *-* | *1* |
| *Сектор за технички работи* | **25** | *1* | *3* | *7* | *14* |
| *Сектор за управување со човечки ресурси* | **4** | *-* | *4* | *-* | *-* |
| *Посебна организациона единица - Парламентарен институт* | **20** | *6* | *14* | *-* | *-* |
| *Посебна организациона единица - Одделение парламентарна буџетска канцеларија (ПБК)* | **-** | *-* | *-* | *-* | *-* |
| *Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија* | **3** | *1* | *2* | *-* | *-* |
| ***ВКУПНО:*** | ***256*** | ***46*** | ***134*** | ***42*** | ***30*** |

Со измените и дополнувањата на Законот за Собранието на Република Македонија, Службата ја сочинуваат собраниски службеници и лица вработени во Службата кои вршат помошно-технички работи. Собраниските службеници се лица со статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и општите прописи за работните односи, освен ако со овој закон не е поинаку уредено. Лицата вработени во Службата кои вршат помошно-технички

работи немаат статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и прописите за работни односи.

Во Службата, заклучно со 31 декември 2022 година има 222 собраниски службеници и 30 лица вработени кои вршат помошно-технички работи (помошно-технички лица) или вкупно 252 вработени во работен однос на неопределено време. Со Службата раководи генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија, кој има заменици.

Генералниот секретар формира Совет на собраниска служба како негово советодавно тело, кое изготвува функционална анализа; предлага акт за внатрешна организација и акт за систематизација на работните места во Службата, изготвени врз основа на функционалната анализа; предлага пополнување на работни места во Службата преку интерен и јавен оглас; му помага на генералниот секретар во врска со функционирањето и координирањето на Службата и врши други работи.

Службата има 46 раководни собраниски службеници, 134 стручни собраниски службеници, 42 помошно-стручни собраниски службеници и 30 лица вработени кои вршат помошно-технички работи (помошно-технички лица).

Покрај оваа професионална служба согласно со Законот за Собранието, на секои пет пратеници, организирани во пратеничка група, предвидено е да има еден надворешен соработник - асистент во пратеничката група.

Собранието презема активности за зајакнување на собраниската служба како основа за спроведување на другите реформски процеси и активности околу кадровско екипирање, систем за мотивација на вработените, институционална реорганизација и зајакнување на административните капацитети преку систем на генерички и специјализирани обуки.

Собранието како носител на законодавната власт и орган којшто врши политичка контрола на извршната власт овие уставни овластувања може да ги врши само во услови на постоење на негова финансиска и административна независност.

Со измените и дополнувањата на Законот за Собранието на Република Македонија се постигна делумна административна самостојност на Службата на Собранието што се изрази преку: донесување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места од генералниот секретар на Собранието на предлог на Советот на собраниска служба и истите се применуваат по добиена согласност од претседателот на Собранието; Годишниот план за вработување, за кој финансиска согласност дава Буџетскиот совет на Собранието и Постапките за пополнување на работно место во Службата кои се вршат преку спроведување на постапка за: вработување, преку објавување на јавен оглас; унапредување преку објавување на интерен оглас и мобилност, преку распоредување или преземање, се спроведуваат по претходно добиена

согласност за обезбедени финансиски средства од претседателот на Собранието, во рамките на обезбедените средства во Буџетот за Собранието и Годишниот план за вработување.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Собранието на Република Северна Македонија се создаде законски основ за независна, професионална и ефикасна собраниска служба заснована врз начело на законитост, начело на еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност, начело на стручност и компетентност, начело на управување со ефектот на вработените, начело на сервисна ориентираност, начело на професионална етика, непристрасност и објективност, начело на одговорност, начело на спречување судир на интереси и начело на економично користење на средства.

***Реализирани обуки во 2022 година***

Континуираната едукација е една од најважните компоненти за развој на капацитетите на човечките ресурси во државната служба. Само високостручна, професионална и одговорна служба може да одговори на предизвиците на новото време.

Согласно со законот за административни службеници, административните службеници имаат право и должност стручно да се оспособуваат и усовршуваат. Со цел да се обезбеди потребниот квалитет на Службата, Собранието има воспоставен механизам на едукација како предуслов за професионалниот развој во звањата и постојаност во Службата. Притоа, се следени примерите и позитивните искуства на другите парламенти и нивна соодветна примена. Во извештајниот период се остварени значајни меѓународни проектни и програмски активности, обуки, семинари, студиски престои со непосредно и активно учество на Службата. Истовремено, се водеше сметка за обука на Службата во сите сегменти, вклучително и за усовршување на странски јазици и информатичка надградба на знаењата.

Во таа насока е подготовката на годишна програма за обука на административните службеници во Службата на Собранието во која се содржани активностите кои им помогаат на вработените да го развијат својот потенцијал, да ги подобрат своите вештини и знаења, како и да добијат поголемо задоволство од својата работа. Професионалниот развој на стручните потенцијали е компонента на системот за управување со работен ефект, стратегијата за кариерен развој и задржување на стручните кадри со кои располага Службата на Собранието. Обуката на трите категории државни службеници е потребна за градење на расположливите човечки потенцијали, надградба и проширување на нивните знаења, вештини и стручност. Програмите за обука на државните службеници во Службата на Собранието се подготвени врз основа на наведените потреби за обука на вработените кои произлегуваат од програмите и проектите разработени за реализација на годишните цели и приоритети на Собранието. Процесот на обука во Службата на Собранието се одвиваше континуирано врз принципите на транспарентност, фер и еднаква основа.

***Јануари***

1. Онлајн работилница за развој на предлог механизми за координација меѓу институциите, во рамки на проектот за развој на партнерства насочени кон остварување на Целите за одржлив развој вSDGs Partnerships – Leave No One Behindr, во организација на Конект, поддржан од Германската агенција за меѓународна соработка (GIZ), 27 и 28 јануари 2022;
2. Онлајн обука на тема: “Позитивно организациско однесување - Фактори кои влијаат во работата“, во организација на УНОПС - Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија, 21 јануари 2022;

***Февруари***

3. Онлајн конференција: Поддршка на процесот за спроведување и следење на Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023, во организација на ФООМ, МИОА, ЦГК и Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ), 23 февруари 2022;
4. Онлајн обука на тема: „Управување со време (Time Management)”, во организација на УНОПС-Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија, 11 февруари 2022;
5. Онлајн обука на тема: „Алатки за управување со стрес на работа”, во организација на УНОПС-Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија, 25 февруари 2022;

***Март***

6. Визионерски работилници, Скопски плански регион, во рамки на проектот: „Поддршка за развој на Северна Македонија 2022-2042, Национална развојна Стратегија - Фаза 2”, во организација на УНДП, 18 март 2022;
7. Регионална конференција на HUGEN мрежата, во организација на Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD), 15 и 16 март 2022;
8. Обука на тема: „Пост-легислативна контрола во Северна Македонија”, во организација на Центарот за европски безбедносни студии - Холандија и Институтот за демократија „Societas civilis”, 15-18 март 2022;
9. Онлајн обука на тема: „Користење на аналитика во работни процеси”, во организација на УНОПС- Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија, 18 март 2022;
10. Обука за користење на МАКСТАТ базата, во организација на Парламентарен институт на Собрание на Република Северна Македонија, 23 март 2022;
11. ЕЦПРД вебинар на тема: „Погодни за брзо менување на ИТ средина - Како да се вклучи персоналот”, во организација на Парламентот на Израел, 28 март 2022;
12. ЕЦПРД обука преку Zoom вебинар на теми: „Презентација на Кнесетот на Израел со нивниот веб-сајт, Дигитализација, Презентација на Белгиски Парламент, Естонски Парламент ИТ сервиси, AI стратегија, 28 март 2022;
13. Работилница: „IEXCEL–Наставна програма за изборно лидерство”, во организација на ДИК и Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), 29 март 2022;

***Април***

14. Онлајн обука на тема: „Како да се застапуваш себеси на работа? (Advocacy at work)", во организација на УНОПС-Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија, 1 април 2022;
15. Работилница: „Собранието и партнерството за отворена власт - Како до поголема вклученост во имплементацијата на Акцискиот план", во организација на НДИ Македонија, 7-9 април 2022;
16. Панел дискусија со наслов: „Мониторинг на владеењето на правото за земјите- членки на ЕУ и кандидатите - премостување", во организација на Институт за европски политики (ЕПИ), 13 април 2022;
17. Онлајн обука на тема: „Персонални алатки за безбедносно користење на интернетот" во организација на УНОПС-Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија, 15 април 2022;

***Мај***

18. Онлајн обука: „Дигитален маркетинг" во организација на Академија Браинстер –Скопје, 21 септември 2021 – 15 мај 2022;
19. Студиска посета на Бундестагот во Берлин, Германија, 16-19 мај 2022;
20. „International open data Conference" во организација на УСАИД, 18-20 мај 2022;
21. Обука на тема: „Зајакнување на улогата на администрацијата на Собранието во процесот на вршење на нивната активност како поддршка на пратениците во процесот на донесување на законите", УНОПС - Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија, 19 и 20 мај 2022;
22. Онлајн конференција: „Parliamentary involvement in the implementation of the national recovery and resilience plans" во организација на ЕЦПРД, 22 мај 2022;
23. Вебинар: „TRANSFORMING PARLIAMENTS II-Cloud-Implementing a solution based on a cloud environment", во организација на ИПУ, 23 мај 2022;
24. Работилница: „Подготовка на комуникациска стратегија на Собранието", во рамките на Програмата за парламентарна поддршка во соработка со НДИ и агенцијата „Њу момент", 27 мај 2022;
25. Обука: „Важноста на парламентарната дебата за квалитетно законодавство, граѓанско претставување и парламентарен надзор" во организација на Институт за демократија и НДИ, 30 мај 2022;

***Јуни***

26. Работилница: „Улогата на Собранието во следење, разгледување и анализирање на остварувањето на човековите права" во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 2-4 јуни 2022;
27. Обука: „Поттикнување на женското лидерство и женското учество во политиката и демократијата" во организација на Фондацијата на Конрад Аденауер и Центарот за европски студии Вилфред Мартенс од Брисел, 13 јуни 2022;

28. Онлајн форум за демократски работилници во организација на Австрискиот парламент во соработка со ИДМ (IDM-Institute for the Danube Region and Central Europe), поддржано од Фондацијата ЕРСТЕ (ERSTE Stiftung), 14 јуни 2022;
29. Воведна сесија за новите вработени во Службата на Собранието на Република Северна Македонија, во организација на Парламентарен институт на Собрание на Република Северна Македонија, 15 и 16 јуни 2022;
30. Обука на тема: „Јавна набавка од почеток до крај-подготовка, спроведување на постапка и поднесување на понуда” во организација на АСТ, 16 јуни 2022;
31. Регионална обука на тема: „Воспоставување на инклузивен надзор на безбедноста во Албанија, Косово и Северна Македонија: Национална динамика и регионални предизвици” во организација на Центарот за европски безбедносни студии (ЦЕБС) – Холандија, Институтот за политички студии (ИПС)-Албанија, Косовски институт за политичко истражување и развој (КИПИР) и Институт за демократија „Societas Civilis”-Скопје (ИДСЦС), 15-17 јуни 2022;
32. Обука за обучувачи во организација на Центар за безбедносни студии - Холандија (CESS), 20-22 јуни 2022;
33. Еукативен настан за лицата со попречен слух и говор во организација на Парламентарен институт на Собрание на Република Северна Македонија, 22 јуни 2022;
34. Работилница за отворени податоци во организација на Фондација Метаморфозис во соработка со МИОА, 23 и 24 јуни 2022;
35. Zoom вебинар TRANSFORMING PARLIAMENTS II-Law-making work - Digital solutions for supporting the legislative process, во организација на ИПУ, 30 јуни 2022;
36. Тркалезна маса за парламентарен надзор врз безбедноста и разузнавањето, во организација на DCAF, јуни 2022;

***Јули***

37. Напредна работилница за вработените во Собранието за родово-сензитивна проверка на законодавството, во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 7-9 јули 2022;
38. Работилница за подготовка на стратегија за јавни комуникации на Собранието во соработка со НДИ и агенцијата „Њу момент”, јуни-јули 2022;
39. Обука на тема: „Правна рамка за јавни набавки во Република Северна Македонија, Институционална рамка, Општи правила за јавните набавки, Видови постапки, Посебни начини за спроведување на постапката, огласи и известувања, Спроведување на постапката, Е-алатки” во организација на НДИ, 25 јули 2022;

***Август***

40. Работилница: Организација на работата на Собранието (парламентарен календар), во организација на Програмата за парламентарна поддршка и НДИ, 30 август 2022;
41. Форум на генерални секретари на Западен Балкан во организација на Програмата за парламентарна поддршка и НДИ, 31 август-1 септември 2022;

***Септември***

42. Регионална работилница: Анализа на парламентарната работа на полето на европската интеграција на Западен Балкан во организација на Гиз-Регионален проект за промоција на ЕУ интеграцијата, 19-22 септември 2022;
43. Дебатна анкета: Изборниот систем и реформите во изборниот процес во Северна Македонија, во организација на Институтот за европска политика, 20 септември 2022;
44. Регионална обука за Албанија, Косово и Северна Македонија: „Национална динамика и регионални предизвици" во рамки на проектот DECOS на Министерството за надворешни работи на Холандија, 21-24 септември 2022;
45. Студиска посета на Универзитетот во Виена, Австрија, во рамки на Швајцарската стипендиска програма, 19-26 септември 2022;
46. Обука на тема: "Тренинг за тренери (ТОТ)" во организација на Centre for European Security Studies (CESS), 26-28 септември 2022;
47. Регионален тренинг „Воспоставување на инклузивен надзор над безбедносниот сектор во Албанија, Косово и Северна Македонија: национална динамика и регионални предизвици" во организација на Центар за европски безбедносни студии-Холандија, 21-23 септември 2022;
48. Модул Финансиско известување во јавниот сектор, тема: "Подготвување на финансиски извештаи, во рамки на Обуката за сертифицирање на сметководители во јавен сектор (PACT)", во организација на Министерство за финансии на Република Северна Македонија и Центар за развој на финансии (CEF) Словенија, 23 септември 2022;
49. Обука на тема: "Инкорпорирање на родовата димензија во реформата на разузнавачкиот и безбедносниот сектор, Родово сензитивен парламентарен надзор", во организација на DCAF Geneva Centre for Security Sector Governance, 30 септември 2022;

***Октомври***

50. PSP planning retreat, уро 202202023 I Prodoc 2023-2027, во организација на НДИ, 3-7 октомври 2022;
51. Регионална работилница за парламентарни истражувачи, во организација на Национален Демократски Институт (НДИ), 5-7 октомври 2022;
52. Онлајн обука: Подготвување на финансиски извештаи, во рамки на Обуката за сертифицирање на сметководители во јавен сектор (PACT), во организација на Министерство за финансии на Република Северна Македонија и Центар за развој на финансии (CEF) Словенија, 7 октомври 2022;
53. Учество на Тркалезна маса на тема: „Стандарди за интегритет во јавниот сектор, според Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата (членови 7, 8 и 10)", во организација на Министерството за правда со поддршка на УНДП, 12 октомври 2022;
54. Обука „Практична примена на Законот за јавните набавки и најчести пропусти при спроведување на постапките" во организација на Академик, 13 октомври 2022;

55. Подготвување на финансиски извештаи, во рамки на Обуката за сертифицирање на сметководители во јавен сектор (PACT) во организација на Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Центар за развој на финансии (CEF) Словенија, 14 октомври 2022;
56. Извештај за парични текови, во рамки на Обуката за сертифицирање на сметководители во јавен сектор (PACT), во организација на Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Центар за развој на финансии (CEF) Словенија, 14 октомври 2022;
57. Парламентарен надзор над безбедносните служби, во организација на Центар за европски безбедносни студии - Холандија, 17-20 октомври 2022;
58. Обука за сертифицирање на сметководители во јавен сектор (PACT) на тема : „МССЈС Финансиско сметководство на готовинска основа", во организација на Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Центар за развој на финансии (CEF) Словенија, 21 октомври 2022;
59. Follow up состанок на претставници на парламентите од Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија за промоција на дијалог меѓу парламентите и новинарските организации во Западен Балкан, на покана од Здружението на новинари на Северна Македонија, 20-22 октомври 2022;
60. Transforming Parliaments webinar - Open Data in Parliaments, во организација на ИПУ, 24 октомври 2022;
61. Известување и обелоденување за финансиските резултати и финансиската состојба, во рамки на Обуката за сертифицирање на сметководители во јавен сектор (PACT) во организација на Министерство за финансии на Република Северна Македонија и Центар за развој на финансии (CEF) Словенија, 27 октомври 2022;

***Ноември***

62. Обука за сертифицирање на сметководители во јавен сектор (PACT) на тема: „Консолидирање на финансиски извештаи" во организација на Министерство за финансии на Република Северна Македонија и Центар за развој на финансии (CEF) Словенија, 3 ноември 2022;
63. Ефективна и инклузивна комуникација со граѓаните во процесот на Европска интеграција на Република Северна Македонија во организација на УНОПС, Нордиска поддршка за прогресот на Северна Македонија, 3 и 4 ноември 2022;
64. Консолидирање, интерпретирање и анализа на извештаите во јавниот сектор, во организација на Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Центар за развој на финансии (CEF) Словенија, 4 ноември 2022;
65. Обука за подготовка на состанокот за Билатерален скрининг за Кластер 1 област Функционирање на демократски институции во организација на Секретаријатот за европски прашања во рамки на Проектот Поддршка за подготовка на Билатерален скрининг за избрани области во рамки на Кластерот 1-Темели, 8 ноември 2022;
66. Security Day-Потполна заштита со најновите решенија на Palo Alto Networks во организација на Co.Next, 9 ноември 2022;

67. Работилница: „Примена на модулите за финансиско, материјално и кадрово работење” во организација на Програмата за парламентарна поддршка, 9-11 ноември 2022;
68. Повторување на материјалот за модулот Финансиско известување во јавниот сектор, во организација на Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Центар за развој на финансии (CEF) Словенија, 11 ноември 2022;
69. Практична работилница: „Технички аспекти на следењето на комуникациите и имплементација на заедничките минимални стандарди за спроведување контролни и надзорни посети во безбедносните и разузнавачките институции”, во организација на DCAF - Geneva Centre for Security Sector Governance, 14-15 ноември 2022;
70. Работилница на тема: „Вовед во процесот на самопроценка според Зедничката рамка за проценка (ЗРП) на Собранието на Република Северна Македонија” во организација на Центар за управување со промени (ЦУП), 14-15 ноември 2022;
71. Годишна конференција на Меѓународниот форум на центрите на посетители во парламентите на тема: „Кон пост-Ковид новата нормалност: Трансформирање на парламентот во катче за учење за демократијата”, во организација на парламентот на Израел, 20-23 ноември 2022;
72. Курс за знаковен јазик во организација на Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија, 23, 28 и 30 ноември 2022;

***Декември***

73. Работилница „Ефективни и инклузивни комуникации со граѓаните во процесот на европската интеграција на Република Северна Македонијаг во организација на програмата за Нордиска поддршка, 3 и 4 декември 2022;
74. Обука на тема: „Спроведување на набавка од мала вредност е-Пазар v.s. Оглас за јавна набавка” во организација на НДИ, 5 декември 2022;
75. Онлајн форум за демократските работилници во организација на Австрискиот парламент, 7 декември 2022;
76. Работилница за изработка на ИТ стратегија на Собранието во организација на Центарот за управување со промени, 12 декември 2022;
77. Дебата „Зелени јавни набавки: Состојба, поттикнување на примената и намалување на ризиците од корупција” во организација на Центар за граѓански комуникации, 12 декември 2022;
78. Меѓународна конференција: „Кревање на завесата: справување со политички дезинформации преку зголемена институционална транспарентност” во организација на Институтот за комуникациски студии (ИКС) и амбасадата на Велика Британија, 13 декември 2022;
79. Обука: „Деловна етикеција и дипломатски протокол” во организација на Академија за протокол на Македонија, 13 и 14 декември 2022;
80. Презентација на спроведено истражување во организација на НДИ, 19 декември 2022;

81. 36 парламентарна практикантска програма (36 Parliamentary Internship Programme) во организација на PRIDE (Parliamentary Research and Training Institut for Democracies) на Парламентот на Индија, 21 ноември до 16 декември 2022 и
82. Обука за деловно шминкање во организација на Академија за протокол на Македонија, 26 декември 2022;

Покрај специјализираните обуки, реализирани се генерички обуки, со цел стекнување на знаења и вештини за развој на секоја општа компетенција, предвидена во Рамката на општи работни компетенции за административните службеници во рамките на Годишната програма за генерички обуки на административните службеници на Министерството за информатичко општество и администрација. Генеричките обуки беа реализирани преку електронскиот систем за управување со учење (СУУ/LMS) на следниве теми:

- Решавање на проблеми;
- Учење и развој;
- Комуникациски вештини;
- Постигнување резултати;
- Работење со други;
- Стратегии и иновации;
- Ориентираност кон клиенти;
- Управување и развој;
- Менаџирање на промени;
- Креирање и дефинирање на политики;
- Евалуација на програми и политики;
- Еднаквост и недискриминација;
- Проценка на влијанието на регулативата и
- Менторство.

# 10.2.ПОСЕБНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ

## 10.2.1 Одделение за внатрешна ревизија

### ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му даде, независно, разумно, објективно уверување и совет, да придонесе за подобрување на работењето на субјектот, како и за зголемување на ефективноста на системот на внатрешна контрола во истиот.

Улогата на внатрешната ревизија е да даде поддршка на раководителот на субјектот од јавниот сектор за остварување на целите на субјектот преку:

а) изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик, како и извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови:

б) проценка на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, проценка и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на:

- усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори;
- веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации;
- безбедноста на имотот и информациите и
- извршувањето на задачите и остварувањето на целите:

в) давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури и

г) мониторинг на спроведувањето на мерките преземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

### *ВКУПЕН БРОЈ НА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ СОГЛАСНО СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2021 ГОДИНА*

Одделението за внатрешна ревизија постапува согласно со Стратешкиот и Годишниот план за внатрешна ревизија, кој го донесува раководителот на Одделението за внатрешна ревизија а го одобрува генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија, согласно со законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Согласно со годишниот план за внатрешна ревизија за 2022 година, беа планирани следниве ревизии и тоа:

1. Ревизија на системот на внатрешна контрола при изготвување на Предлог-буџетското барање на Собранието на Република Северна Македонија;
2. Ревизија на системот на внатрешни контроли во процесот при спроведување на Пописот на средствата, обврските и побарувањата;
3. Ревизија на системот на внатрешни контроли при спроведување/реализација на Акционен План 2021-2023-Партнерство за отворен парламент на Собранието на Република Северна Македонија и
4. Следење на препораките од ревизорските извештаи изготвени согласно со Годишниот план за извршување на ревизијата за 2021 година на Собранието на Република Северна Македонија.

***ИЗВРШУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА***

**1. Ревизија на системот на внатрешна контрола при Изготвување на предлог буџетското барање на Собранието на Република Северна Македонија**

Ова ревизија е спроведена согласно со Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2022 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при изготвување на Предлог буџетското барање на Собранието на Република Северна Македонија.

За ова ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организациските единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во ревидираниот процес.

**2. Ревизија на системот на внатрешни контроли во процесот при спроведување на Пописот на средствата, обврските и побарувањата**

Ова ревизија е спроведена согласно со Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2022 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при спроведување на Пописот на средствата , обврските и побарувањата.

За ова ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организациските единици на Службата на Собранието кои беа опфатени со извршената ревизија.

3. **Ревизија на системот на внатрешни контроли при спроведување/реализација на Акционен План 2021-2023-Партнерство за отворен парламент на Собранието на Република Северна Македонија**

Оваа ревизија е составен дел на Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2022 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при спроведување/реализација на Акционен План 2021-2023-Партнерство за отворен парламент на Собранието на Република Северна Македонија.

За оваа ревизија е изготвен Ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организациските единици на Службата на Собранието кои беа опфатени со извршената ревизија.

4. **Следење на препораките од ревизорските извештаи изготвени согласно со Годишниот план за извршување на ревизијата за 2021 година на Собранието на Република Северна Македонија**

Ова ревизија е составен дел на Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2022 година.

Со ревизијата е опфатено следењето на препораките од ревизорските извештаи реализирани согласно со Годишниот план за внатрешна ревизија за 2021 година.

За спроведената ревизија е изготвен Ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија.

Целта на ревизијата беше да се информира раководството на Собранието на Република Северна Македонија за бројот на спроведени/неспроведени препораки дадени во ревизорските извештаи изготвени во претходната година од Одделението за внатрешна ревизија во Службата на Собранието на Република Северна Македонија.

## 10.2.2 Одделение – Парламентарна буџетска канцеларија

Како новоформирана единица, Парламентарната буџетска канцеларија го има статусот на посебна организација во рамки на Собранието на Република Северна Македонија. Идејата за формирање на Парламентарната буџетска канцеларија е резултат на заложбите и препораките од учесниците на конференцијата одржана во Вилтон Парк, Велика Британија, во февруари 2018 година. Формирањето на Парламентарна буџетска канцеларија е една од главните препораки на Извештајот за процена на практиките за финансиски надзор во Собранието на Република Северна Македонија.

Постапувајќи по Извештајот, во декември 2018 година беше потпишан меморандум за разбирање меѓу Собранието, Британската амбасада и Фондацијата за демократија на Вестминстер. Беше формиран Управувачки одбор што учествуваше на работна посета на буџетските канцеларии на парламентите на Шкотска и на Србија. Во септември 2019 година, Управувачкиот одбор донесе Одлука за воспоставување Парламентарна буџетска канцеларија во рамките на Собранието на Република Северна Македонија.

Како одделение, Парламентарната буџетска канцеларија во рамки на Службата на Собранието, има регулиран статус согласно член 42-а од Законот за Собранието на Република Македонија. Според законот, одделението претставува аналитички центар што служи за унапредување на парламентарниот надзор преку изготвување стручни економски, финансиски и буџетски анализи за потребите на пратениците и работните тела.

Во анализите на одделението се опфатени едукативно информативни материјали, кратки информации, компаративни и опширни анализи поврзани со: буџетски документи, ревизорски извештаи, како и извештаи на независни тела кои се основани од Собранието и се под парламентарен надзор. Дополнително, Парламентарната буџетска канцеларија врши анализи од областа на фискалната и монетарната политика, периодични извештаи за извршување на буџетот и макроекономската состојба во државата и регионот, како и финансиски пресметки на одредени теми од интерес на пратеници.

Парламентарната буџетска канцеларија ја следи работата на Комисијата за финансирање и буџети, Комисијата за економски прашања и на точки на пленарни седници од финансиско економски теми и врз основа на собраните информации, организира работилници и презентации на проактивни материјали, поврзани со парламентарниот надзор на Собранието. Мисијата на Парламентарната буџетска канцеларија е да се зајакне уставно утврдената законодавна и надзорна улога на Собранието на Република Северна Македонија преку обезбедување навремени,

непристрасни, објективни анализи, достапни на законодавната власт. Во исполнување на годишниот план на активности и следејќи ги поставените стратешки цели, Парламентарната буџетска канцеларија се води на принципите на стручност, објективност, кредибилност и транспарентност.

**ДОСТИГНУВАЊА 2020 - 2022**

- 118 спроведени анализи по барања на пратеници;
- 34 проактивни материјали;
  (21 периодични извештаи, 7 кратки информации, 6 тематски анализи)
- 14 организирани презентации на продукти пред пратеници;
- 11 различни обуки за проширување на капацитетите на вработените;
- 1 остварена билатерална соработка со Парламентарна буџетска канцеларија на Црна Гора;
- Активна соработка и професионално услужување на вкупно 58 пратеници и
- Извори на информации од буџетски документи и извештаи од домашни и меѓународни финансиски институции, национални и регионални стратешки документи од органи кои се од интерес за унапредување на работата и улогата на Собранието.

**ПЕРСПЕКТИВИ 2023 * 2025**

- Отпочнување со анализи за проценка на влијание на регулатива (Regulative impact analysis) и Пост анализа на легислатива (Post legislative analysis) со цел овозможување на дополнителни информации за парламентарниот состав во делокругот на надлежностите;
- Автоматизирано собирање и обработка на бази на податоци од институции во насока на забрзување и поедноставување на процес на изработка на анализи и истражувања за унапредување на парламентарниот надзор во Собранието;
- Создавање на модел за пресметки и предвидување на селектирани показатели за националната економија и фискалниот систем во државата, во насока на ставање нов акцент на пристапот на анализирање на актуелности на макроекономски и фискален план и
- Зацврстување на соработката со домашни релевантни институции и вмрежување со меѓународни финансиски институции со цел за поопсежно истражување и пласирање на повеќе информации до пратеници, се преку селектирање на теми од круцијално значење.

## 10.2.3 Парламентарен институт

**Собранието за сите**

Од 27 мај годинава, Собранието, по пауза од повеќе од две години поради рестрикциите за физичка посета, повторно ги отвори своите врати за посетители. До 27 мај сите активности беа спроведени преку софтверска платформа за онлајн колаборација. Со цел успешно организирање на активностите, Парламентарниот институт изврши прилагодување на едукативните програми во насока на виртуелно спроведување на истите. Во текот на 2022 година беа одржани вкупно **37 едукативни семинари и работилници** наменети за ученици од основно и средно образование, студенти на универзитетите и наставници во основно и во средно образование. Бројот на одржани едукативни настани во 2022 година е за 32% повеќе од претходната година и рекордно постигнување во однос на една календарска година. Од вкупно 37 едукативни настани, 19 се одржаа онлајн, додека 18 со физичко присуство на учесниците во Собранието. Со цел да им го пренесат на учесниците своето практично искуство во извршувањето на пратеничката функција, во 77 наврати, 47 различни пратеници од сите пратенички групи се вклучија во рамките на едукативните активности организирани од Парламентарниот институт. Со тоа, повеќе од 39% од пратениците во актуелниот пратенички состав учествувале на едукативните семинари и работилници наменети за јавноста, а во однос на претходната година имаме зголемување за десет пратеници. Во однос на пропорционалната застапеност на пратениците на едукативните активности, 25 пратеници се дел од политичките партии кои се на власт, додека 22 се од партиите во опозиција.

На едукативните активности организирани во 2022 година учествуваа **вкупно 1.271 учесници**, од кои 718 онлајн, додека 553 со физичко присуство во Собранието. Вкупниот број на учесници е за околу 13% поголем во однос на претходната година со што делумно е исполнето планираното зголемување предвидено во Стратешкиот план на Парламентарниот институт (зголемување за 20% на бројот на учесници во однос на претходната година)[12]. Делумното исполнување на планираните постигнувања се должи на поголемиот број на учесници од предвиденото во 2021 година (1.120 наспроти планираните 1.000 учесници). Сепак, бројот на учесници на едукативните активности во 2022 година претставува рекордно постигнување, односно најголем број на учесници досега во рамките на една календарска година.

[12] Во рамките на точката 2.1 Отвореност на Собранието кон јавноста од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023.

**Графикон 1. Приказ на бројот на учесници на едукативните работилници организирани од**



**ПИ во периодот 2015-2022 година**

| 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 130 | 177 | 257 | 344 | 966 | 690 | 1.120 | 1.271 |

Парламентарниот институт од 2015 година организира и реализира едукативни семинари и работилници наменети за ученици од основно и од средно образование, студенти на универзитетите и наставници во основно и во средно образование. Хронолошкиот преглед на воведувањето и реализирањето на различните активности е претставено во графиконот број 2.

**Графикон 2. Приказ на воведувањето и реализирањето на различните едукативни активности**




Од 2015 година па наваму на различните типови на едукативни активности во организација на Институтот учествувале вкупно **4.955 учесници**. Најмногу учесници имало на едукативната активност наменета за средношколци „Имам став!" (2.248), а потоа следуваат активностите „Детски парламентг за ученици од основно (800), едукативниот семинар „Демократијата и Собранието" за средношколци (725) и интерактивниот семинар за студенти (644). Целосниот приказ на учесници на едукативните активности по години и по тип на активност е претставен во графиконот број 3.

Графикон 3. Приказ на учесници на едукативните активности по години и по тип на активност




Во 2022 година, Парламентарниот институт организираше две едукативни работилници **„Детски парламент”,** наменети за ученици од основните училишта. Првата работилница беше организирана онлајн на 4 март и на неа учествуваа вкупно **75 учесници од 15 основни училишта**, додека втората со физичко присуство во Собранието на 18 ноември (по повод Светскиот ден на детето), со **77 учесници од 15 основни училишта**. Целта на оваа активност е преку симулација на законодавната постапка да се приближи работата на Собранието до младите, да се придонесе за развој на демократска свест и култура на толеранција, како и да се поттикнат младите за општествена и политичка критичност и вклученост. На работилниците **учество земаа и седум пратеници од различни пратенички групи** во Собранието, при што учениците имаа несекојдневна можност да разговараат со пратениците и да им поставуваат прашања.

Активноста „Детски парламент” се реализира од 2018 година и на досега одржаните десет настани од ваков тип учествувале вкупно 800 учесници.

| 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Не се одржува | | | 181 | 147 | 152 | 168 | 152 |

Во 2022 година, Парламентарниот институт продолжи со организација и на останатите едукативни активности наменети за различни целни групи. Продолжи реализацијата на едукативната активност „Имам став!”, наменета за ученици од средно образование. **„Имам**

**став!”** претставува симулација на процесот на разгледување предлог-закон во рамките на Собранието. Активноста ги стимулира учесниците да развиваат сопствени ставови во врска со политички теми и истите да ги бранат со аргументи пред останатите учесници, со цел изнаоѓање на решение кое ќе биде прифатено од мнозинството на учесници. Истата е подготвена по примерот на едукативната активност „My Point of View”, организирана од страна на Сојузниот парламент на Швајцарската Конфедерација. Секој циклус на **„Имам став!”** има компетититвен карактер, при што училиштата се натпреваруваат меѓусебно симулирајќи пленарна расправа на Собранието. Дебатите ги оценува жири комисија во која се вклучени и пратеници. Најдобро оценетите три училишта се пласираат во финалниот настан каде се соочуваат едни против други, при што жири комисијата избира победник на тековната сезона. Победниците се закитуваат со пехар доделен од претседателот на Собранието.

Работилниците во рамките на **„Имам став!”** се реализираа во два циклуса, првиот во периодот од март до мај, додека вториот во текот на октомври и ноември. Во рамките на првиот циклус, кој се реализираше виртуелно од 15 март до 8 април се одржаа **12 работилници и на нив учествуваа 303 учесници од 12 средни училишта**. Финалниот настан се одржа на 11 мај со физичко присуство на учесниците во Собранието, а победници на ова издание на „Имам став!” беа учениците од „Васил Антевски - Дрен” од Скопје. Во насока на вмрежување и соработка преку размена на искуства и најдобри практики, на една од работилниците присуствуваа колеги од Албанскиот парламент кои го следеа настанот. Вториот циклус на „Имам став!” се реализира од 18 октомври до 11 ноември и во рамките на истиот беа организирани **десет работилници на кои учествуваа 372 учесници од десет средни училишта од државата**. Финалниот настан се одржа на 30 ноември, а победници во овој циклус на „Имам став!” беа учениците од „Јане Сандански” од Штип. Вкупно 36 различни пратеници од различни пратенички групи во 52 наврати земаа учество на активноста во 2022 година и беа дел од жири комисиите на **„Имам став!”.**

Земајќи ги предвид препораките од учесниците од претходната година, пред почетокот на оваа сезона, Парламентарниот институт пристапи кон ревизија на темите за дискусија во рамките на активноста. Во таа насока, на 26 јануари одржа виртуелна тркалезна маса на која учествуваа ученици и наставници кои беа дел од активноста во 2021 година. За време на оваа тркалезна маса, секој учесник имаше можност да предложи нови теми за дискусија, а потоа сите учесници водеа дискусија во однос на предлозите. Резултат од овој процес беше воведувањето на три комплетно нови теми за дискусија и ревизија на една од постоечките, додека две теми беа исфрлени од употреба. На овој начин се дојде до бројката од осум теми за дискусија кои им беа понудени на учесниците во „Имам став!” во 2022 година.

Едукативната активност „Имам став!” е воведена во 2019 година и на истата досега учествувале 2.248 учесници.

| 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Не се одржува | | | | 630 | 368 | 575 | 675 |

Дополнително, **за учениците од средно образование** беа организирани и спроведени **три еднодневни едукативни семинари**, насловени **„Демократијата и Собранието”**, на кои учествуваа **вкупно 170 учесници**. Првите два беа спроведени виртуелно, додека третиот се реализираше со физичко присуство на учесниците во Собранието. На првиот вебинар, кој се одржа на 18 февруари, учествуваа 90 учесници од 14 средни училишта од 12 различни градови во државата, додека на вториот, одржан на 15 април, учество земаа 54 учесници од седум средни училишта од седум различни градови. Последниот семинар, кој се одржа на 15 септември во Собранието беше искористен и за одбележување на Меѓународниот ден на демократијата - 15 септември. На истиот учество земаа 26 учесници од 5 средни училишта од 4 различни градови во државата. **Шест пратеници** се вклучија на семинарите и им пренесоа на учесниците практично искуство во однос на темите опфатени на вебинарите. Низ теоретски предавања, видео проекции и работилници, учениците ги утврдија и проширија своите знаења за демократијата, историски развој на парламентаризмот во Македонија, за принципот на поделба на власта, за местото и улогата на Собранието во политичкиот систем на Републиката, за изборот на народните претставници, за постапката на донесување закони во Собранието и други слични теми. Оваа активност е воведена во 2015 година и на истата досега учествувале вкупно 725 учесници.

| 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 63 | 88 | 105 | 89 | 60 | 53 | 97 | 170 |

За студенти беа спроведени **четири семинари** со работен наслов **„Парламентот (Собранието) како основна институција на парламентарното право”**, два виртуелно на 11 март и 6 мај, а два со физичко присуство на учесниците на 13 октомври и 7 декември, на кои учествуваа вкупно **149 учесници од седум различни универзитети**. На семинарите се вклучија и **шест пратеници** од различни пратенички групи во Собранието, кои на студентите им го пренесоа своето практично искуство во извршувањето на пратеничката функција. Студентите беа запознати со правилата по кои се одвива парламентарниот живот и дејноста на пратениците во Собранието, постапката за донесување на законите, парламентарната демократија и нејзиниот историски развој. Ваквиот тип на семинари се реализираат од 2017 година и на истите досега учествувале 644 учесници.

| 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Не се одржува | | 52 | 74 | 98 | 57 | 214 | 149 |

Со одржување на **една работилница** со физичко присуство во Собранието во текот на 2022 година, Парламентарниот институт продолжи со реализација на едукативната активност наменета за **наставници од средните училишта** во државата. Работилницата се одржа на 5 октомври и на истата учествуваа вкупно **25 наставници од средни училишта од 11 населени места во државата**. Работилницата беше искористена и за одбележување на 5 октомври - Светскиот ден на наставниците. Во рамките на работилницата беа вклучени и четири пратеници во Собранието од различни пратенички групи, членови на Комисијата за образование, наука и

спорт. Фокусот на работилницата беше ставен на оние аспекти на наставната програма поврзани со работата и улогата на Собранието во системот на поделба на власта, со акцент на нивната практична примена. Целта на оваа едукативна активност е да се разменат искуства во однос на успешното менторирање на учениците за улогата на Собранието во системот на поделба на власта и концептот на граѓанско општество, со што младата популација ќе се поттикне и подготви за општествена и политичка критичност и вклученост.

Со одржување на работилница насловена „Собранието и граѓанското образование", Парламентарниот институт започна со реализација на едукативна активност со која се опфаќа **нова целна група - наставници од основните училишта**[13]. Во текот на 2022 година се одржаа две работилници од овој тип. На првата работилница, која се одржа виртуелно на 10 и 11 февруари, учествуваа вкупно **108 наставници од 90 училишта** од целата држава. На втората работилница која се одржа на 30 септември во Собранието учество земаа вкупно **102 наставници од основни училишта од 35 населени места** од државата. На втората работилница учествуваа и **четири пратеници** во Собранието од различни пратенички групи, членови на Комисијата за образование, наука и спорт. На овој начин на наставниците им беше овозможено да дискутираат со пратениците за новите наставни програми во образованието и за статусот и местото на Граѓанското образование во образовниот процес. Овој тип на работилници се наменети за наставници од основните училишта, кои во рамките на наставните предмети предаваат содржини поврзани со управувањето со општеството, активното граѓанство и власта во Република Северна Македонија. Фокусот на работилницата беше ставен на оние аспекти на наставната програма по граѓанско образование поврзани со работата и улогата на Собранието во системот на поделба на власта, со акцент на нивната практична примена.

Работилници наменети за наставници за првпат се реализираа во 2019 година. На ваквиот тип на работилници досега учествувале вкупно 282 наставници во основно или во средно образование.

| 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Не се одржува | | | | 31 | 60 | 66 | 125 |

1.1 Во насока на промовирање на култура на отвореност на законодавниот дом, Парламентарниот институт спроведува **организирани тури на зградата на Собранието** за сите заинтересирани граѓани. **Бројот на организирани обиколки и бројот на учесници во 2022 година претставуваат рекордни постигнувања**, односно најголем број на обиколки и учесници досега во рамките на една календарска година. Брзото прилагодување на активностите наменети за јавноста по завршувањето на рестрикциите за физичка посета на Собранието и огромниот број на обиколки спроведени по повторното отворање на законодавниот дом, претставува силен

[13] Реализирани таргетите од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023 (воведена најмалку една нова едукативна активност наменета за одредена целна група и вклучена најмалку една нова целна група опфатена со едукативните активности на ПИ).

сигнал за заложбите на Парламентарниот институт за промовирање на култура на отвореност на законодавната власт.

Со оглед на рестрикциите за физичка посета на законодавниот дом, до 27 мај Парламентарниот институт ги реализираше организираните обиколки на зградата на законодавниот дом виртуелно со помош на професионални водичи и софтверска програма за виртуелна тура. По завршувањето на рестрикциите, организираните обиколки повторно се реализираа со физичко присуство на учесниците во зградата на Собранието. Преку овие тури, кои се со времетраење од еден час, граѓаните имаат несекојдневна можност да ја разгледаат зградата на Собранието и да видат каде работат пратениците. Посетите се реализираа за време на отворените денови - секој петок (термини на секој час од 9 до 15 часот) или во дополнителните термини од вторник до четврток од 9 до 10 часот.

Во 2022 година, **8.242 граѓани** беа дел од **220 организирани обиколки на Собранието**. Вкупниот број на учесници претставува рекордно постигнување во една календарска година и е скоро двојно повеќе во однос на планираната вредност во Стратешкиот план на Парламентарниот институт[14]. Бројот на организирани обиколки е, исто така, рекордно постигнување во една календарска година и претставува зголемување за 30% во однос на претходната година.

Парламентарниот институт ги реализира организираните обиколки на зградата на Собранието во ваков формат од 2015 година. Во овој период, вкупно **42.990 лица** биле дел од вкупно 1.049 организирани тури на законодавниот дом. Во просек, нешто **повеќе од 5.000 граѓани годишно го посетуваат Собранието** преку организираните обиколки.

**Графикон 4. Приказ на бројот на посетители на Собранието во периодот 2015-2022**




---

[14] Во рамките на точката 2.1 Отвореност на Собранието кон јавноста од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023.

**Во однос на типот на терминот за обиколка,** 4.788 учесници имало на обиколките со физичко присуство на учесниците, 2.147 на онлајн турите, додека 1.307 биле за време на обиколките кои се одржуваат во склоп на едукативните семинари/вебинари.

**Табела 1. Преглед на учесници на обиколките според тип на термин за посета во 2021 година**

| тип на термин за посета | број на обиколки | број на учесници |
|---|---|---|
| обиколки со физичко присуство на посетителите | **133** | **4.788** |
| онлајн тури | **49** | **2.147** |
| организирани обиколки во склоп на едукативните семинари/вебинари | **38** | **1.307** |
| **вкупно** | **220** | **8.242** |

**Во однос на целните групи опфатени со обиколките**, најголемиот број на учесници (5.305 или скоро две третини од вкупниот број) биле ученици и наставници од основните училишта. Голем удел во вкупниот број на учесници имаат и учениците и наставниците од средните училишта (2.351). Во насока на вклученост и информирање на сите категории на граѓани, **125 лица со одреден тип на хендикеп** беа вклучени во **десет организирани обиколки** на зградата на Собранието.

**Табела 2. Преглед на учесници на Собранието според тип на учесници во 2022 година**

| тип на учесници | број на обиколки | број на посетители |
|---|---|---|
| ученици и наставници од основни училишта | **120** | **5.305** |
| ученици и наставници од средни училишта | **61** | **2.138** |
| студенти | **11** | **326** |
| деца и наставници од предучилишна возразст | **3** | **87** |
| гости на пратеници и странски делегации | **18** | **251** |
| групи на членови на граѓански организации | **5** | **100** |
| останати | **2** | **35** |
| **вкупно** | **220** | **8.242** |

**Во однос на јазикот на кој се реализирале обиколките,** најголемиот број од турите биле на македонски јазик (164 тури или 74,55% од вкупниот број), 25 тури биле на албански (11,36%), 17 тури биле на македонски јазик со обезбебеден превод на албански (7,72%), 12 тури на англиски (5,45%), додека две тури биле на македонски со вклучено толкување на знаковен јазик (0,9%

**Табела 3. Преглед на број на обиколки во 2022 година според јазик на реализирање на обиколката**

| тип на термин за посета | број на обиколки |
|---|---|
| на македонски јазик | **164** |
| на македонски јазик со превод на албански јазик | **17** |
| на албански јазик | **25** |
| на англиски јазик | **12** |
| на македонски јазик со толкување на знаковен јазик | **2** |
| **вкупно** | **220** |

**Во однос на периодот од годината**, најмногу учесници на обиколките се забележани во месеците март (1.549), декември (1.520) и октомври (1.306), додека најмалку учесници имало во месеците август (25) и јули (46)[15].

| Месец: | број на обиколки: | број на посетители: |
|---|---|---|
| Јануари | 2 | 78 |
| Февруари | 14 | 513 |
| Март | 36 | 1.549 |
| Април | 15 | 445 |
| Мај | 16 | 543 |
| Јуни | 19 | 495 |
| Јули | 2 | 46 |
| Август | 2 | 25 |
| Септември | 20 | 753 |
| Октомври | 34 | 1.306 |
| Ноември | 23 | 966 |
| Декември | 37 | 1.520 |
| ВКУПНО | 220 | 8.242 |

**Табела 4: Приказ на бројот на посетители на Собранието во 2022 година по месеци**

[15] Малиот број на посетители е карактеристичен за летните месеци поради годишните одмори и летниот распуст на учениците

**Во однос на регионалната застапеност на посетителите**, во 2022 година во Собранието имало посетители од 52 различни населени места во државата, од кои 27 различни градови и 25 различни рурални средини. Нешто помалку од половина од учесниците на турите биле од градот Скопје (43,46%), додека 56,54% од посетителите биле од останатите населени места во државата. 5.506 учесници или 79% од вкупните посетители доаѓаат од градовите, додека 1.462 учесници или 21% од вкупниот број биле од руралните средини.

1.2 Во текот на годината беше спроведена континуирана **подготовка, печатење и дистрибуција на материјалите на Парламентарниот институт**. Беше извршен еден опсежен процес на ревизија и редизајн на поголемиот дел од едукативно-информативните материјали на Парламентарниот институт, при што истите добија сосема нов изглед. Дополнително, во насока на подобра промоција на своите активности и приближување на своите услуги до јавноста, беше подготвен флаер за информирање на јавноста и промоција на организираните обиколки на Собранието и шест флаери за информирање на различните целни групи за едукативните активности на Парламентарниот институт. Новите материјали беа изработени на македонски и на албански јазик, а се планирани да се печатат и да се дистрибуираат во текот на 2023 година. Исто така, беа изработени и комплетно нови седум едукативни материјали на теми поврзани со работата и функционирањето на Собранието – информативни постери Б2 формат.[16]

Во 2022 година беа **испечатени вкупно 6.340 информативни и промотивни материјали кои беа дистрибуирани** до соодветните целни групи. Во споредба со претходната година се бележи скоро двојно зголемување во однос на испечатените материјали, што се должи на повторното отворање на Собранието за посетители и зголемените можности за дистрибуција на подготвените материјали.

1.3 Во насока на подобро промовирање на одбележувањето на значајниот датум 11 август: Јубилеј – 30 години од донесувањето на Законот за химната на Република Македонија, беше изработен, испечатен и дистрибуиран **едукативен инфографик со интересни информации поврзани со химната**. Материјалот беше подготвен на македонски и на албански јазик, а беа испечатени 150 примероци. Дополнително, во рамките на подготовките за учество на Годишната конференција на Меѓународниот форум на посетители беше изработен промотивен постер за постигнувањата на Парламентарниот институт во однос на работата со јавноста во периодот од 2015 до 2022 година. Согласно намената, материјалот беше изработен на англиски јазик и испечатен и дистрибуиран во 100 примероци.

1.4 Цртежите и пораките на учениците од Детскиот парламент одржан во ноември беа искористени за изработка на **календар за 2023 година**, кој беше испечатен во **400 примероци** и дистрибуиран во насока на промоција на Парламентарниот институт и законодавната власт.

1.5 На почетокот на годината беа финализирани двата документи: **Годишен план за едукација и специфична комуникација со јавноста за 2022 година** и **Годишен план за спроведување обуки од Парламентарниот институт за 2022 година**. На седницата на Управувачкиот совет од 8 февруари 2022 година, беа предложени и усвоени двата плана, со што се постави основата за спроведување на активностите за едукација и информирање на граѓаните, како и на пратениците,

[16] Реализиран таргетот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023 (подготвени најмалку два нови промотивни, информативни и едукативни материјали на ПИ наменети за јавноста).

вработените во Службата на Собранието, надворешните соработници на пратеничките групи и асистентите во канцелариите за комуникација со граѓаните.

1.6 Во текот на 2022 година беа **спроведени 88,13% од активностите од Годишниот план за едукација и специфична комуникација со јавноста за 2022 година**, со што во голема мера се постигна предвидената вредност во Стратешкиот план за најмалку 90% спроведеност на активностите од Годишниот план за специфична комуникација со јавноста[17].

1.7 Согласно со утврдената потреба дека е посоодветно да се водат плановите и да се организираат и реализираат активностите наменети за јавноста согласно со учебната година (од септември тековната година до јуни следната година), а не во однос на календарската година, во август 2022 година се пристапи кон подготовка на **Годишниот план за едукација и специфична комуникација со јавноста за учебната 2022-23 година**. Оваа пракса се планира да се задржи во иднина.

1.8 Парламентарниот институт даде активен придонес во реализацијата на **кампањата „Мобилен парламентарен караван – Собрание за граѓаните"**, која се реализираше од 25 октомври до 11 ноември, во рамките на проектот „Програма за парламентарна поддршка". Целта на кампањата беше да го доближи Собранието до граѓаните кои не се во можност да го посетат законодавниот дом. Преку оваа кампања, пратениците и вработените во Собранието поминаа над 3.000 километри низ земјава и остварија средби со граѓаните во 13 градови. Вкупно 49 пратеници активно се вклучија во кампањата. **Шест вработени од Парламентарниот институт беа дел од караванот** и ги споделуваа со граѓаните своите знаења за работата на Собранието, историјата на парламентаризмот, законодавната постапка и други теми поврзани со работата на институцијата.

**1.9** Во функција на вклученост и информираност на јавноста, Парламентарниот институт даде придонес во координација на **Партнерството за отворена власт на Собранието** и **Акцискиот план 2021-2023** година. Во врска со тоа беа поднесени **годишни извештаи** за спроведување на акцискиот план, беше организирана **работилница** во Струга во април 2022 година со работните подгрупи во службата на Собранието и беше организиран **состанокот** на работните подгрупи за проверка на статусот на спроведување на Акцискиот план на Собранието кон целите на Партнерството за отворена власт 2021-2023, кој се одржа на 12 октомври во Едукативниот центар на Парламентарниот институт. Состанокот го водеше генералниот секретар на Собранието, а на него учествуваа 30 членови на трите подгрупи од Службата на Собранието. Врз основа на водената дискусија се разменија информации за секоја активност, се најави подготовката на годишниот извештај за спроведувањето на Акцискиот план 2021-2023 и беше презентиран минатогодишниот независен Мониторинг извештај за спроведувањето.

1.10 Во однос на **искористеноста на материјалните средства, електронска и информатичка инфраструктура**, степенот на искористеност на капацитетот на **Едукативниот центар** за 2022 година изнесува **45,42%**[18], што е за околу 15% помалку од претходната година. Сепак, треба да се има во предвид дека намалувањето се должи на значително помалиот број на онлајн настани по

---

[17] Во рамките на точката 2.1 Отвореност на Собранието кон јавноста од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023

[18] Комплетната листа на искористеност во однос на тип на настани и времетраење на истите е дадена во прилог на овој Извештај.

завршувањето на рестрикциите за чии потреби се користеше Едукативниот центар. Во споредба со постигнувањата пред пандемијата, кога искористеноста на Едукативниот центар се движела меѓу 20 и 30%, искористеноста на капацитетот во скоро половина од времето претставувало значително постигнување. Искористеноста капацитетот на Едукативниот центар претставува убедливо највисоко постигнување во една календарска година. Најголема била искористеноста во текот на месеците февруари (196 часови) и септември (174,5 часови), додека најмала во месеците август (11 часови) и ноември (14 часови).

1.11 Согласно со Годишниот план, Парламентарниот институт пристапи кон организирање и спроведување **активности за одбележување на поводи и значајни датуми**. Во текот на 2022 година беа одбележани следниве поводи и значајни датуми:

- 14 февруари: Јубилеј – 30 години од донесувањето на Законот за одбрана – прв закон донесен со двотретинско мнозинство - одбележано преку **активности на социјалните мрежи**;
- 30 јуни: Меѓународниот ден ден на парламентаризмот - одбележано преку **активности на социјалните мрежи**;
- 11 август: Јубилеј – 30 години од донесувањето на Законот за химната на Република Македонија – изработен **едукативен инфографик** со интересни информации поврзани со химната;
- 12 август: Меѓународен ден на младите – одбележано преку **активности на социјалните мрежи**;
- 15 септември: Меѓународен ден на демократијата – **организиран едукативен семинар** во Собранието за ученици од средните училишта;
- 23 септември: Меѓународен ден на знаковните јазици – **организиран едукативен настан** во Собранието во соработка со Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Северна Македонија;
- 5 октомври: Светскиот ден на наставниците – **организирана работилница** во Собранието со наставници од средно образование;
- 20 ноември: Светски ден на детето – **организирана работилница** Детски парламент во Собранието за ученици од основни училишта.

1.12 Парламентарниот институт организираше **хибриден настан по повод одбележување на 23 април - Светскиот ден на книгата и авторското право**. На настанот беа присутни 20 учесници меѓу кои и пратеници, соработници од библиотеките, други институции и организации, вработени во Службата на Собранието, а исто така беше овозможено и онлајн вклучување на учесници од пет основни училишта од Републиката. Во рамките на настанот беше презентирана пораката од УНЕСКО и националната порака напишана од професор д-р Анастасија Ѓурчинова. Во главниот дел од настанот, најактивните читатели од основните училишта имаа можност да ги упатат своите лични пораки по повод Светскиот ден на книгата и авторското право. Дополнително, пред присутните се обратија раководителот на Парламентарниот институт и директорката на НУБ „Св. Климент Охридски", а на најактивните корисници на библиотечните услуги во Собранието за 2022 година им беа доделени благодарници.

1.13 Парламентарниот институт, во соработка со Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Северна Македонија, организираше **едукативен настан по повод одбележување на 23 септември – Меѓународниот ден на знаковните јазици** на тема: „Предизвиците при спроведувањето на Законот за употреба на знаковниот јазик". На настанот присуствуваа пратеници членови на Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со попреченост (ИППГ) и на Комисијата за труд и социјална политика, претставници од сите Здруженија на глуви и наглуви од целата држава, ученици од ДУЦОР „Партенија Зографски„, како и претставници од неколку НВО кои се занимаваат со инклузија на лицата со попреченост. Целта на настанот беше приближување на работата на Собранието до ранливите категории на граѓани.

1.14 Дополнително, Парламентарниот институт на 22 јуни организираше и реализира **едукативен настан** со претставници од Националниот сојуз на глуви и наглуви во Република Северна Македонија, Младинското здружение за глуви и наглуви „Млад знак" и Младинскиот образовен форум МОФ. Едукативниот настан се спроведе најпрво со обиколка на зградата на Собранието, потоа кратко предавање за надлежностите и фунционирањето на законодавниот дом, како и средба на учесниците со пратеници кои беа дел од курсевите за основни познавања на знаковниот јазик за пратеници и вработени во Службата на Собранието.

1.15 Во контекст на зголемување на капацитетите на Собранието за вклученост и информираност на сите категории граѓани, Парламентарниот институт започна со **организирање на курсеви за основни познавања на знаковниот јазик за пратеници и вработени** во Службата на Собранието. Курсевите се реализираа во периодот од февруари до април, преку одржување на 24 часа, при што секој час беше во времетраење од 90 минути. Шест пратеници и шест вработени го завршија курсот и се стекнаа со диплома за основни познавања на знаковниот јазик. Целта на оваа активност беше вработените и пратениците да се стекнат со основни познавања на знаковниот јазик за да може да им се излезе во пресрет на овие граѓани при нивното доаѓање во законодавниот дом, за време на организираните тури или во рамките на активностите организирани од Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со хендикеп во Собранието.

Земајќи ја во предвид успешноста и интересот за одржаните обуки, во ноември Парламентарниот институт пристапи кон повторно организирање на курсевите за познавања на знаковниот јазик за пратеници и вработени во Службата на Собранието, и тоа во две групи: 1) напредно ниво (продолжение на претходната обука за пратеници и вработени кои беа дел од претходниот циклус на курсеви); и 2) основно ниво (за пратеници и вработени кои се почетници). Овие курсеви е планирано да траат до март 2023 година.

1.16 Во насока на зголемување на отвореноста и приближување на својата работа до младата популација, од 17 јануари Парламентарниот институт е активен и на **социјалната мрежа YouTube**, а профилот е достапен преку корисничкото име Parlamentaren Institut.

1.17 Во извештајниот период, Парламентарниот институт продолжи со воспоставената пракса за **известување за своите настани** преку електронски алатки. По реализација на секој настан, информации за истиот се објавуваат на официјалните страни на Институтот на социјалните мрежи,

како и на интернетската страна на Собранието преку банерот на Парламентарен институт, во табот Активности.[19]

1.18 Во контекст на промовирање на отвореноста, транспарентноста и отчетноста, Парламентарниот институт континуирано во текот на годината **ги објавуваше истражувачките работи подготвени по сопствена иницијатива од 2022 година** на интернетската страница на Собранието. Истите се достапни на следниот линк: https://www.sobranie.mk/aktivnosti-na-parlamentarniot-institut-ns_article-istrazuvacki-raboti-po-sopstvena-inicijativa-na-parlamentarniot-institut-2022-godina.nspx [20]

## 2. Информативен законодавен дом

2.1 Парламентарниот институт во извештајниот период обезбеди **навремени, објективни и непристрасни услуги по барање на пратениците и другите баратели и по сопствена иницијатива**. Во 2022 година беа поднесени **77 барања** за истражувачки работи и во споредба со 2021 година (73 барања), бројот на поднесени барања бележи **благ пораст**.

2.2 Од вкупно 77 доставени барања, 72 барања се поставени од пратеници, додека 5 барања се поставени од други корисници на услугите на Парламентраниот институт (генерален секретар). Реализираните 72 барања за истражувачки работи се поднесени од вкупно **32 различни пратеници или 26.67% од вкупниот број на пратеници**. Барањата од пратениците во најголем дел се поврзани со прашања од агендата на Собранието. По изминатиот период од 30 дена на ексклузивно право на користење на истражувачка работа изработена од ПИ на барање на корисник на услугите на ПИ, истражувачките работи им се споделуваат на сите пратеници во Собранието.

Дополнителните статистики од аспект на полова структура, етничка и политичка припадност на пратениците подносители на барања за истражувачки работи се дадени во Табела бр. 2 од овој годишен извештај.

**Табела 2. Статистика на истражувања по барање на пратеници**

| Вкупен број примени и одговорени барања за истражување од пратеници | | | | | Вкупен број пратеници кои поднеле барање за истражување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 72[21] | | | | | 32 | | | | |
| **Полова структура** | број на барања од пратенички | | број на барања од пратеници | | **Полова структура** | пратенички | | пратеници | |
| | 32 | 44,44% | 40 | 55,55% | | 17 | 53,12% | 15 | 46,87% |

[19] Реализиран таргетот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023 (најмалку 80% од активностите на ПИ наменети за јавноста да бидат ставени на социјалните мрежи).

[20] Реализирани точки 1.3.1 и 1.3.2 од Стратешкиот План на Парламентарниот институт (јавност на уредувачки акти и услугите и продуктите на ПИ)

[21] Вкупно има 77 барања за истражувачки работи, од кои 5 се доставени од генералната секретарка на Собранието на Република Северна Македонија

| Етничка припадност | број на барања од пратеници Македонци | | број на барања од пратеници Албанци | | Етничка припадност | пратеници Македонци | | пратеници Албанци | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 54[22] | 75% | 18 | 25% | | 24[23] | 75 | 8 | 25% |
| Политичка припадност | број на барања од владејачко мнозинство | | број на барања од опозиција | | Политичка припадност | владејачко мнозинство | | опозиција | |
| | 46 | 63,88% | 26 | 36,11% | | 19 | 59,37% | 13 | 40,62% |

2.3 По сопствена иницијатива Парламентарниот институт изработи **21 истражувачка работа**[24]. Со истражувачките работи по сопствена иницијатива се анализираат актуелни теми и теми кои се поврзани со предлог законите кои се во собраниска процедура

2.4 Дополнително во извештајниот период одговорени се **110 прашалници** во рамки на ЕЦПРД, ИПУ и други организации и парламенти.

2.5 **Согласно со Годишниот план за обуки за 2022 година**, во текот на годината беа реализирани две обуки за пратеници, седум обуки за вработените во Службата и една обука за асистентите во канцелариите за комуникација на пратениците со граѓаните. Во текот на 2022 година беа **спроведени 66,66% од активностите од Годишниот план за обуки на Парламентарниот институт за 2022 година**, со што делумно е постигната предвидената вредност во Стратешкиот план за најмалку 90% спроведеност на активностите од Годишниот план за обуки[25].

2.6 Во насока на зајакнување на капацитетите на Службата на Собранието, Парламентарниот институт во текот на 2022 година организираше и реализираше **седум обуки наменети за вработените во Службата,** на коишто учествуваа вкупно **132 учесници**. Бројот на учесници на обуките наменети за вработените во Службата е за два и пол пати поголем од минатогодишниот (50 учесници во 2021 година).

**Табела 3. Преглед на работилници за службата на Собранието**

| тема | место | датум | учесници |
|---|---|---|---|
| 1. Курсеви за основни познавања на знаковниот јазик за пратеници и вработени во Службата на Собранието | Скопје | 1 февруари до 10 мај 2022 година | 6 |
| 2. Обука за користење на МАК СТАТ базите | Скопје | 23 март 2022 година | 10 |
| 3. Собранието и партнерството за отворена власт - како до поголема вклученост во имплементацијата на Акцискиот план 2021-2023 | Струга | 7 до 9 април 2022 година | 41 |

[22] Едно барање е доставено од пратеник Босанец
[23] Едно барање е доставено од пратеник Босанец
[24] Истражувачките работи по сопствена иницијатива се јавно достапни на веб страната на Собранието на следниот линк https://www.sobranie.mk/aktivnosti-na-parlamentarniot-institut-ns_article-istrazuvacki-raboti-po-sopstvena-inicijativa-na-parlamentarniot-institut-2022-godina.nspx
[25] Во рамките на точката 1.2 Едукација и информирање на пратениците и другите целни групи во Собранието од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. Воведна сесија за новите вработени во Службата на Собранието | Скопје | 15 до 16 јуни 2022 година | 15 |
| 5. Примена на модулите за финансиско, материјално и кадрово работење | Струга | 9 до 11 ноември 2022 година | 30 |
| 6. Курсеви за познавања на знаковниот јазик за пратеници и вработени во Службата на Собранието – основно и напредно ниво | Скопје | 23 ноември 2022 година – во тек | 18 |
| 7. Обука по деловен и дипломатски протокол и етикеција | Скопје | 13 до 14 декември 2022 година | 12 |

2.7 Во насока на олеснување на процесот на воведување во работните задачи и запознавање со институцијата во која ќе работат, Парламентарниот институт разви програма и започна со реализација на нова активност - **Воведна сесија за новите вработени во Службата на Собранието**. Воведната сесија за новите вработени во Службата на Собранието се реализираше во вид на дводневна работилница на 15 и 16 јуни 2022 година во Едукативниот центар на Парламентарниот институт и на истата учествуваа 15 вработени. Целта на Воведната сесија е да им даде можност на новите вработени директно од Службата на Собранието да добијат информации и искуства за организацијата и функционирањето на Собранието и да се запознаваат со делокругот на работа на организациските единици во Службата на Собранието. Презентери на сеисиите беа претставници од сите сектори од Службата на Собранието. На сесиите секој презентер преку кратка презентација на својата организациска единица, со учесниците сподели практични и корисни информации од делокругот на работата на организационата единица со кои ќе им се помогне на новите вработени полесно да го поминат процесот на воведување во работата во Собранието. Планирано е во иднина да се организира Воведна сесија за нови вработени најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто доколку во одреден момент има вработување на поголем број на нови вработени во Службата.

2.8 Парламентерниот институт, во соработка со вработените од Одделението за поддршка на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните, организираше и спроведе **онлајн работилница** на тема: „Зајакнување на капацитетите на асистентите во канцелариите за комуникација на пратениците со граѓаните", наменета за **асистентите во канцелариите за комуникација на пратениците со граѓаните**. Работилницата се одржа на 24 и 25 јануари 2022 година, виртуелно со користење на софтверската платформа за онлајн колаборација Zoom и на истата учествуваа 26 асистенти. Учесниците преку модерирана дискусија, поставување на прашања и разгледување на примери од праксата, имаа можност да разјаснат дел од своите дилеми поврзани со нивната работа како асистенти во канцелариите за комуникација на пратениците со граѓаните.

2.9 Во функција на промовирање на своите услуги и активности, Парламентарниот институт вршеше континуирана **подготовка, печатење и дистрибуција на своите промотивни материјали**. Преку полиците поставени на повеќе места во зградата на Собранието, на пратениците, вработените во Службата и останатите корисници им се достапни различните материјали подготвени од страна на Институтот (истражувачки работи, едукативно-информативни и промотивни материјали и слично).

2.10 Со цел успешна подготовка за реализација на волонтерска работа во Парламентарниот институт, во декември беше подготвена **Програма за спроведување на волонтерска работа во Парламентарниот институт**. Целта на волонтерската работа е да им овозможи на младите образовани луѓе да се стекнат со одредени практични знаења и вештини, односно да имаат можност наученото да го применат во пракса и да се стекнат со одредено работно искуство. Волонтерската работа е планирано да се реализира во 2023 година.

2.11 По спроведена постапка за јавна набавка на дневни и неделни весници на 3 ноември 2021 година е склучен Договор со Друштво за дистрибуција, трговија и услуги Колпортер ДОО Скопје, согласно со кој Собранието ги добива следните **весници и списанија** (истиот, по спроведена постапка е продолжен со истите количини за до крајот на 2022 година и за 2023):

1. Нова Македонија - 17 броја
2. Вечер - 17 броја
3. Слободен печат - 18 броја
4. Lajm - 7 броја
5. Koha - 8 броја
6. Фокус (неделно) - 17 броја
7. Економија и Бизнис (месечно) - 2 броја
8. Лице в Лице (периодично) - 12 броја

2.12 Собранието е претплатено и добива 10 примероци печатено издание на „**Службен весник**". За потребите на пратениците и за Службата на Собранието, Парламентарниот институт се има претплатено и на три **бази на податоци** – Службен весник на Република Северна Македонија, Академика и Праксис. На електронската база на податоци на „Службен весник" се претплатени 49 корисници до 10 февруари 2023 година, 26 корисници до 14 август 2023 година.

2.13 **Библиотечниот фонд** е унифициран и достапен за пратениците и другите корисници. **Читалницата на библиотеката на Парламентарниот институт** е отворена и достапна за сите корисници каде може да се пристапи кон базите на податоци, читање на дневниот печат, да се користат книгите, да се поднесе барање и слично. Во системот **е-библиотека** се обработени, евидентирани и внесени **12.510 книги**, истите локациски се распределени во витрини во просториите на Парламентарен институт и по ходниците на зградата на Собранието. Во просториите на Собраниското студио се **селектирани, евидентирани, спакувани со соодветни наслови и ознаки 4.230 книги дупликати**. Во дел од празните витрини се **сместени и евидентирани 2.497 книги дупликати**. Во салата „Борис Трајковски" се **наредени и евидентирани 2.585 книги дупликати и 1.471 книга наредени и систематизирани** за да бидат внесени во текот на 2023 година во системот е-Библиотека и распоредени во соодветни витрини, а согласно со областите. Во просториите на Собраниското депо се преостанати дупликати кои дополнително ќе бидат редени во салата „Борис Трајковски" и во празните витрини.

Во просториите на Собраниското студио се систематизирани за обработка 955 книги добиени од Министерството за образование и наука. Во салата „Борис Трајковски" се наредени/изложени 6.295 книги.

**Електронскиот каталог** се пристапува преку страницата: <http://biblioteka.sobranie.mk/General/Books.aspx>, каде секој корисник може да пристапи со неговото коирсничко име и лозинка со која и се пристапува во системот е-парламент.

2.14 Од библиотеката во текот на 2022 година се **изнајмени 68 наслови** од кои наслови 21 книги беа изнајмени од страна на пратеници.

2.15 Во текот на 2022 година се изработени **десет тематски истражувања** од библиотечниот фонд со кој располага библиотеката и тоа:

- Гоце Делчев;
- Војна и мир;
- Туризам;
- Петре М. Андреевски;
- Илинден;
- Енергија;
- Меѓународно јавно право;
- Потрошувачи и потрошувачка;
- Македонска култура;
- Медиуми.

Тематските истражувања се достапни на рмс системот на Парламетарен институт, во читалницата на истражувачката библиотека како и по полиците низ Собранието заедно со другите материјали на Парламентарниот институт.

3.Современ парламентарен институт

3.1 Во текот на 2022 вработените во Парламентарниот институт учествуваа на вкупно 54 настани во земјата и во странство кои се поврзани со нивната работа и тоа на: **пет семинари, десет работилници, 23 обуки, три конференции, една презентација, шест курсеви, две панел дискусии, два форуми и две студиски посети.**[26] Поради пандемијата, дел од овие настани се одржаа виртуелно.

3.2 **Двајца вработени** во Парламентарниот институт беа дел од делегацијата предводена од генералниот секретар, која учествуваше на **Годишната конференција на Меѓународниот форум на центрите на посетители во парламентите**, која се одржа од 20 до 23 ноември 2022 година во парламентот на Израел во Ерусалим, на тема: „Кон пост-Ковид новата нормалност: Трансформирање на парламентот во катче за учење за демократијата (Towards a Post-Covid New Normal: Transforming Parliament into a Learning Space for Democracy)". Во рамките на конференцијата, раководителот на Одделението за едукација и комуникација имаше **презентација на едукативната активност „Имам став!", како пример за успешна практика која би можела да се организира во другите парламенти**. Дополнително, Парламентарниот институт даде свој придонес и кон организацијата на конференцијата преку учество на еден вработен во организацискиот одбор. Целта на активноста беше вработените, преку форумот, да разменат искуства и да соберат информации кои ќе бидат од огромно значење за

[26] Комплетната листа на настани е дадена во прилог на овој Извештај.

Парламентарниот институт во насока на подобро планирање и организација на идните едукативни активности спроведени од страна на Одделението за едукација и комуникација на Институтот. Раководителот на Одделението за едукација и комуникација беше избран во Управувачкиот одбор на Форумот и беше поднесена кандидатура за организација на следната годишна конференција во Собранието.

3.3 Во текот на 2022 година, вработени во Парламентарниот институт учествуваа на **два состаноци во рамките на Форумот за демократски работилници**, организиран од Австрискиот парламент во соработка со партнерската организација ИДМ (IDM - Institute for the Dunabe Region and Central Europe), а поддржан од Фондацијата ЕРСТЕ (ERSTE Stiftung).

Во врска со мможноста за организацијата на програма за граѓанско образование за ученици од основно училиште иницијално развиена од Австрискиот парламент, Демократски работилници, разговорите се во тек за моделот кој би се применил во Собранието.

3.4 Во рамките на **билатерална соработка на Парламентарниот институт со парламентите во регионот**, а во насока на вмрежување и соработка преку размена на искуства и најдобри практики, на работилницата во рамките на едукативната активност „Имам став!" која се одржа на 18 март, учество земаа колеги од Албанскиот парламент кои го следеа настанот и имаа можност во живо да се запознаат со организацијата и реализацијата на активноста.

3.5 Во контекст на исполнување на стратешката цел за соработка и вмрежување, Парламентарниот институт во текот на октомври 2022 година го достави до другите парламенти во регионот **Планот за воспоставување на Регионална мрежа на едукативните центри/центрите за посетители во парламентите на земјите од регионот**. Воспоставувањето на Регионалната мрежа е планирано за 2023 година.

3.6 Шест вработени ја користат можноста за стипендирање за професионално усовршување и тоа тројца вработени на последипломски, двајца на докторски студии и една вработена на специјализирана обука[27].

3.7 Во насока на **мерење на степенот на задоволство на корисниците на услугите** на Парламентарниот институт, се врши **евалуација на едукативните настани** по завршувањето на истите, при што се изработуваат **Анализа од евалуацијата и Извештај со заклучоци и препораки**, кои се земаат во предвид при изработката на Годишниот план и при ревизијата на програмите на едукативните настани.

3.8 Во извештајниот период, продолжи соработката на Парламентарниот институт **во рамки на Меѓународната Федерација и Асоцијација на Библиотеки ИФЛА, Меѓународниот Совет за Архиви (ИЦА), Меѓународниот форум за парламентарни центри за посетители, Глобалниот административен форум за пристапност на парламентите и Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД)**.

[27] Со запишување на двајца вработени во 2021 година, реализиран е таргетот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023 (вклученост на најмалку двајца нови вработени од ПИ во Швајцарската програма за стипендирање).

## 4. Дигитален парламент

4.1 Парламентарниот институт располага за софтверски платформи за неколку работни процеси: Е-архива, Е-библиотека и PMC, е-системите за регистрација на граѓани, едукативен квиз, виртуелна тура, Е-семинари и Е-обуки. Сите системи беа предмет на превентивно оддржување. Преку овие услуги се врши квалитетно и навремено одржување на апликативните решенија и базите на податоци на информацискиот систем. Од податоците кои се обработуваа за дигитализација се документите од законодавната архива, со мандатите по 2016 година, индексирање и дигитализација на преостанатиот библиотечен фонд, дигитализација на податочни сетови во порталот за отворени податоци, интеграција меѓу различни софтверски решенија итн.

# 10.3.СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

Собранието на Република Северна Македонија има имплементирано два меѓународни системи за управување со квалитет: ИСО стандард 9001-2015 и КАФ моделот.

## ИСО СТАНДАРД 9001-2015

Во извештајниот период, согласно со барањата на ИСО 9001:2015 стандардот, беше реализирана внатрешна проверка (интерен аудит) на Системот за управување со квалитет во Собранието. Проверката беше спроведена од внатрешните проверувачи (интерни аудитори) во Собранието и беше изготвен Извештај од спроведена внатрешна проверка.

Во ноември 2022 година од страна на акредитирано сертификационо тело беше спроведена Прва надворешна проверка (екстерен аудит) на Системот за управување со квалитет во Собранието, со цел да се утврди исполнувањето на барањата на меѓународниот стандард ИСО 9001:2015. Надворешната проверка беше успешно реализирана за што од сертификационото тело беше доставен Извештај од надворешна проверка, во кој се наведува дека не се констатирани неусогласености во Системот за управување со квалитет.

Согласно со барањата на стандардот во декември 2022 година беше спроведена Анкета за мерење на задоволството на пратениците и вработените во службата на Собранието, за што беа подготвени посебни прашалници и истите дистрибуирани до пратениците и вработените со посебен допис за спроведување на анкетата. По спроведената анкета беа изготвени одделни Извештаи од мерење на задоволството на пратеници и вработени во службата на Собранието.

Врз основа на целосно исполнување на барањата на Меѓународниот стандард за управување со квалитет ИСО 9001:2015, Системот за управување со квалитет на Собранието е сертифициран со Сертификат за управување со квалитет со важност до 6 декември 2024 година.

## КАФ МОДЕЛ

Во 2022 година, Собранието на Република Северна Македонија продолжи со реализација на еден од стратешките приоритети утврдени во Стратегијата на Собранието 2020 - 2022, мерка **4.3.3 комплетирање на системите за управување со квалитет**, имплементирање на стандарди на квалитет според моделот на Заедничката рамка за проценка КАФ или Common Assessmennt Framework (CAF).

Овој стандард е резултат на соработката помеѓу министрите на земјите-членки на Европската Унија задолжени за подобрување на административните капацитети, инспириран е од Моделот на Европската фондација за одличност во управување со квалитетот. На овој начин и Собранието се приклучува кон иницијативите и стандардите на Европската Унија за модернизација на јавните служби.

Целта на овој процес е постојано унапредување на работата на Собранието преку проценка на работењето во кој се идентификуваат подеднакво успесите и напредокот, но и слабостите кои треба да се надминат. Врз основа на оваа проценка во која активно се вклучени вработените во собраниската служба се бараат начини како да се подобри ефективноста и ефикасноста во работењето на собраниската служба и воопшто Собранието.

КАФ активностите во Собранието продолжија да се спроведуваат и во 2022 година.

Согласно СО Планот за подобрување на состојбите врз основа на Извештајот за КАФ и утврдените рокови, секоја активност редовно се ажурира и се евидентира нејзината имплементација. Во 2022 година изготвен е Извештај за реализација на КАФ мерките за периодот ноември 2021 година - април 2022 година.

Со Решение од генералниот секретар на Собрание на Република Северна Македонија бр.02-4279/1 од 18 октомври 2022 година формирана е новата работна група за Заедничката рамка за проценка со што Собранието ја почна третата по ред периодичната самопроценка на сопственото работење врз основа на европските стандарди за одличност во работењето, а согласно заедничка рамка за проценка (КАФ).

На 14 и 15 ноември 2022 година се одржа обука за Работната група - Вовед во процесот на самопроценка според Заедничката рамка за проценка (КАФ) на Собрание на Република Северна Македонија.

На 1 и 23 декември 2022 година се одржани уште две работилници: за критериум 3 - Луѓе и Критериум 4 - Партнерство и ресурси.

КАФ моделот се спроведува со поддршка на Центарот за управување со промени ЦУП, во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), финансирана од Швајцарската амбасада, а имплементирана од НДИ, ЦУП и ИДСЦС.

## 10.4. Податоци од стручно-административен карактер

### Преведување

*Писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*




*Устен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*



*Превод и толкување на странски јазици*




*Лекторирање на материјали*



***Преглед на заведени акти во Деловодникот на Писарницата и Архивата***




***Преглед на испратени акти и пратки од Писарницата и Архивата***



*Изготвени стенограми во дактилобиро*




*Експедирани материјали*



***ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ***

**Вкупно измножени: А4 формат: 127.468 копии**

**А3 формат: 285.214 копии**

**А4 формат фотокопирани: 642.504 копии**



# 11. ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| ред. број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од - до) |
| **1.** | **Триесетта седница**[28] | **01.04.2022**<br>**05.04.2022** | **-петок**<br>**-вторник** | **14,00-14,20**<br>**13,14-13,15** |
| **2.** | **Триесет и четврта седница** | **06.04.2022** | **-среда** | **12,55-13,02** |
| **3.** | **Триесет и деветта седница** | **01.06.2022**<br>**27.06.2022** | **-среда**<br>**-понеделник** | **15,50-17,30**<br>**15,15-15,20** |
| **4.** | **Четириесет и прва седница** | **05.04.2022** | **-вторник** | **13,15-13,18** |
| **5.** | **Четириесет и трета седница** | **06.04.2022** | **-среда** | **13,02-13,05** |
| **6.** | **Четириесет и петта седница** | **09.03.2022**<br>**16.03.2022** | **-среда**<br>**-среда** | **16,10-19,15**<br>**16,28-16,31** |
| **7.** | **Четириесет и седма седница** | **23.03.2022**<br>**05.04.2022**<br>**27.06.2022** | **-среда**<br>**-вторник**<br>**-понеделник** | **13,10-14,55**<br>**13,18-13,20**<br>**15,20-15,30** |
| **8.** | **Педесетта седница** | **09.03.2022**<br>**10.03.2022**<br>**16.03.2022**<br>**23.03.2022**<br>**05.04.2022**<br>**26.07.2022**<br>**27.07.2022** | **-среда**<br>**-четврток**<br>**-среда**<br>**-среда**<br>**-вторник**<br>**-вторник**<br>**-среда** | **16,25-18,00**<br>**12,55-17,55**<br>**16,31-16,41**<br>**16,55-17,40**<br>**13,20-13,22**<br>**12,20-13,25**<br>**12,50-13,05** |
| **9.** | **Педесет и прва седница** | **15.03.2022**<br>**16.03.2022**<br>**03.11.2022**<br>**21.11.2022** | **-вторник**<br>**-среда**<br>**-четврток**<br>**-понеделник** | **15,05-15,35**<br>**16,41-16,46**<br>**15,35-15,40**<br>**12,25-12,50** |
| **10.** | **Педесет и четврта седница** | **15.03.2022**<br>**16.03.2022**<br>**24.03.2022**<br>**31.03.2022**<br>**01.04.2022**<br>**05.04.2022**<br>**30.05.2022**<br>**31.05.2022**<br>**01.06.2022**<br>**27.06.2022** | **-вторник**<br>**-среда**<br>**-четврток**<br>**-четврток**<br>**-петок**<br>**-вторник**<br>**-понеделник**<br>**-вторник**<br>**-среда**<br>**-понеделник** | **14,45-15,05**<br>**16,46-17,00**<br>**12,40-13,05**<br>**12,30-17,50**<br>**11,10-11,40**<br>**13,23-13,25**<br>**12,10-14,00**<br>**13,10-17,50**<br>**12,25-15,50**<br>**14,50-14,55** |
| **11.** | **Педесет и седма седница** | **24.03.2022**<br>**30.03.2022**<br>**05.04.2022**<br>**13.04.2022**<br>**05.05.2022**<br>**06.05.2022**<br>**26.07.2022**<br>**27.07.2022**<br>**21.11.2022** | **-четврток**<br>**-среда**<br>**-вторник**<br>**-среда**<br>**-четврток**<br>**-петок**<br>**-вторник**<br>**-среда**<br>**-понеделник** | **13,05-14,05**<br>**12,35-13,55**<br>**13,35-13,40**<br>**12,20-16,00**<br>**12,30-16,40**<br>**11,20-12,50**<br>**12,20-13,25**<br>**13,05-13,35**<br>**12,20-12,25** |
| **12.** | Шеесетта седница | 15.01.2022<br>16.01.2022 | -сабота<br>-недела | 11,20-18,15<br>12,30-23,35 |
| **13.** | Шеесет и прва седница | 26.01.2022<br>24.03.2022<br>05.04.2022 | -среда<br>-четврток<br>-вторник | 11,50-12,30<br>14,05-14,25<br>13,25-13,27 |

---

[28] болдираните седници се започнати во 2021 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **14.** | Шеесет и втора седница | 10.02.2022<br>21.02.2022<br>22.02.2022<br>23.02.2022<br>05.04.2022 | -четврток<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-вторник | 11,50-21,30<br>13,00-18,10<br>12,35-18,05<br>12,20-17,20<br>13,27-13,29 |
| **15.** | Шеесет и трета седница | 16.02.2022 | -среда | 13,20-20,10 |
| **16.** | Шеесет и четврта седница | 01.03.2022<br>02.03.2022<br>03.03.2022<br>24.03.2022<br>05.04.2022<br>06.04.2022<br>19.04.2022<br>30.05.2022<br>31.05.2022 | -вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-четврток<br>-вторник<br>-среда<br>-вторник<br>-понеделник<br>-вторник | 12,10-22,45<br>11,35-19,50<br>11,20-13,20<br>14,25-17,55<br>13,29-13,32<br>13,05-14,45<br>14,40-14,45<br>15,20-17,55<br>11,15-12,40 |
| **17.** | Шеесет и петта седница | 03.03.2022 | -четврток | 16,10-19,15 |
| **18.** | Шеесет и шеста седница | 15.03.2022<br>16.03.2022<br>01.04.2022<br>05.04.2022 | -вторник<br>-среда<br>-петок<br>-вторник | 12,05-13,00<br>16,10-16,28<br>12,50-14,00<br>13,32-13,35 |
| **19.** | Шеесет и седма седница | 11.03.2022 | -петок | 16,25-23,40 |
| **20.** | Шеесет и осма седница | 05.04.2022<br>06.04.2022<br>12.04.2022<br>19.04.2022 | -вторник<br>-среда<br>-вторник<br>-вторник | 11,45-13,14<br>14,45-16,10<br>12,20-17,05<br>14,35-14,40 |
| **21.** | Шеесет и деветта седница | 19.04.2022<br>04.05.2022<br>27.06.2022<br>20.10.2022 | -вторник<br>-среда<br>-понеделник<br>-четврток | 11,55-14,35<br>12,30-17,20<br>14.55-15,00<br>12,55-15,00 |
| **22.** | Седумдесетта седница | 28.04.2022 | -четврток | 11,20-17,50 |
| **23.** | Седумдесет и прва седница | 10.05.2022<br>11.05.2022<br>12.05.2022<br>23.05.2022<br>25.05.2022<br>27.06.2022<br>25.07.2022<br>27.07.2022<br>29.07.2022<br>28.10.2022 | -вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-среда<br>-понеделник<br>-понеделник<br>-среда<br>-петок<br>-петок | 12,35-19,00<br>12,50-19,30<br>12,20-17,15<br>12,00-15,55<br>12,00-22,50<br>15,10-15,15<br>13,05-15,25<br>14,35-15,10<br>13,00-13,35<br>13,45-13,50 |
| **24.** | Седумдесет и втора седница п*п* | 26.05.2022 | -четврток | 11,15-18,00 |
| **25.** | Седумдесет и трета седница | 07.06.2022<br>27.06.2022<br>03.11.2022<br>18.11.2022 | -вторник<br>-понеделник<br>-четврток<br>-петок | 11,55-03,00<br>15,00-15,10<br>15,40-16,15<br>13,25-13,40 |
| **26.** | Седумдесет и четврта седница | 08.06.2022<br>28.12.2022 | -среда<br>-среда | 11,45-12,30<br>13,50-13,55 |
| **27.** | Седумдесет и петта седница | 27.06.2022<br>29.06.2022<br>19.07.2022 | -понеделник<br>-среда<br>-вторник | 12,10-14,50<br>20,05-20,20<br>16,05-16,25 |
| **28.** | Седумдесет и шеста седница | 29.06.2022 | -среда | 11,20-18,05 |
| **29.** | Седумдесет и седма седница | 30.06.2022 | -четврток | 11,10-23,30 |
| **30.** | Седумдесет и осма седница | 11.07.2022<br>12.07.2022<br>13.07.2022<br>16.07.2022<br>19.07.2022 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-сабота<br>-вторник | 12,05-17,45<br>12,20-17,10<br>11,25-17,40<br>14,25-14,30<br>13,50-14,25 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **31.** | Седумдесет и деветта седница | 19.07.2022<br>22.07.2022<br>27.07.2022<br>02.11.2022<br>03.11.2022<br>17.11.2022<br>18.11.2022 | -вторник<br>-петок<br>-среда<br>-среда<br>-четврток<br>-четврток<br>-петок | 12,05-13,50<br>12,10-12,20<br>14,35-15,10<br>14,20-15,40<br>12,55-13,00<br>13,00-17,10<br>13,40-13,45 |
| **32.** | Осумдесетта седница | 14.07.2022 | -четврток | 13,05-13,35 |
| **33.** | Осумдесет и прва седница | 14.07.2022<br>15.07.2022<br>16.07.2022 | -четврток<br>-петок<br>-сабота | 14,50-18,05<br>13,05-22,05<br>11,40-13,20 |
| **34.** | Осумдесет и втора седница | 27.07.2022<br>29.07.2022<br>03.11.2022 | -среда<br>-петок<br>-четврток | 12,20-12,50<br>13,40-13,55<br>14,05-14,10 |
| **35.** | Осумдесет и трета седница п*п* | 28.07.2022 | -четврток | 11,25-17,45 |
| **36.** | Осумдесет и четврта седница | 14.09.2022<br>15.09.2022<br>20.10.2022<br>28.12.2022 | -среда<br>-четврток<br>-четврток<br>-среда | 12,15-16,50<br>12,20-13,05<br>12,40-12,55<br>14,00-14,20 |
| **37.** | Осумдесет и петта седница | 09.09.2022 | -петок | 12,05-12,30 |
| **38.** | Осумдесет и шеста седница | 22.09.2022<br>30.09.2022 | -четврток<br>-петок | 11,55-12,20<br>14,10-17,05 |
| **39.** | Осумдесет и седма седница *п*п | 29.09.2022 | -четврток | 11,55-17,05 |
| **40.** | Осумдесет и осма седница | 17.10.2022<br>18.10.2022<br>19.10.2022<br>25.10.2022<br>26.10.2022<br>28.10.2022<br>01.11.2022<br>02.11.2022<br>03.11.2022<br>15.11.2022 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-вторник<br>-среда<br>-петок<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-вторник | 16,25-18,30<br>14,30-22,10<br>11,05-21,25<br>13,10-17,00<br>12,10-16,50<br>11,10-12,35<br>12,50-18,10<br>12,20-12,50<br>13,00-13,25<br>16,00-17,50 |
| **41.** | Осумдесет и девета седница | 13.10.2022 | -четврток | 12,15-12,25 |
| **42.** | Деведесетта седница *п*п | 27.10.2022 | -четврток | 11,30-17,55 |
| **43.** | Деведесет и прва седница | 16.11.2022<br>18.11.2022 | -среда<br>-петок | 13,25-17,55<br>13,45-14,30 |
| **44.** | Деведесет и втора седница | 14.11.2022<br>15.11.2022 | -понеделник<br>-вторник | 11,35-12,00<br>12,20-15,55 |
| **45.** | Деведесет и трета седница п*п* | 24.11.2022 | -четврток | 11,25-17,15 |
| **46.** | Деведесет и четврта седница | 29.11.2022 | -вторник | 14,10-14,30 |
| **47.** | Деведесет и петта | 13.12.2022<br>16.12.2022<br>23.12.2022 | -вторник<br>-петок<br>-петок | 12,35-14,30<br>14,20-15,30<br>16,45-17,00 |
| **48.** | Деведесет и шеста | 22.12.2022 | -четврток | 11,20-11,45 |
| **49.** | Деведесет и седма | 19.12.2022<br>20.12.2022<br>21.12.2022<br>22.12.2022<br>23.12.2022<br>27.12.2022 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-вторник | 11,55-17,10<br>12,15-18,00<br>12,20-18,00<br>12,15-17,45<br>11,05-16,45<br>13,05-13,10 |
| **50.** | Деведесет и осма п*п* | 29.12.2022 | -четврток | 11,30-18,00 |

# Прилог 2

## Усвоени дневни редови на седниците

**Шеесетта седница** **15.1.2022 година (сабота)**

1. Избор на Влада на Република Северна Македонија.

**Шеесет и прва седница** **26.1.2022 година (среда)**

1. Верификација на мандат на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија;
2. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ);
3. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;
4. Предлог за именување член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (Материјалот е повлечен)
5. Предлог на одлука за давање согласност на Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година;
6. Предлог на одлука за давање на согласност на Финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година;
7. **Финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2022 година.**[29]

**Шеесет и втора седница** **10.2.2022 година (четврток)**

1. Предлог за именување на заменици министри во Владата на Република Северна Македонија;
2. Предлог на закон за ратификација на Договорот за соработка во туризмот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово;
3. Предлог на закон за изменување на Законот за Царинската тарифа, по скратена постапка;
4. Предлог на закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Северна Македонија за денационализација, по скратена постапка;
5. Предлог на закон за изменување на Законот за платниот промет, по скратена постапка;
6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка;
7. **Предлог на закон за изменување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка; (Поднесен од: Петар Ристески, Зоранчо Јованчев, Силвана Ангелевска, Олга Лозановска, Ане Лашкоска, Златко Пенков)**
8. **Предлог на декларација за борба против корупцијата како стратешки приоритет на државата и државните политики;**

[29] Болдираните точки се незавршени точки од дневен ред

9. **Предлог на закон за регулирање на статус на бесправно изградени објекти - I читање;**
10. Предлог на закон за инспекциски надзор во животната средина (*) - I читање;
11. Предлог на закон за вршење сметководствени работи (*) - I читање.

**Шеесет и трета седница 16.2.2022 година (среда)**

1. Предлог на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија.

**Шеесет и четврта седница 1.3.2022 година (вторник)**

1. Предлог на одлука за разрешување член на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија;
2. Предлог на закон за дополнување на Законот за Јавното обвинителство, по скратена постапка;
3. Предлог на закон за дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, по скратена постапка;
4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка;
5. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина - II читање;
6. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи - II читање;
7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција - II читање;
8. Предлог на закон за изменување на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки (*), по скратена постапка;
9. Предлогот на закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (*) - I читање;
10. Барање за давање на автентично толкување на член 15 став (2), а во врска со став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација (*); (Поднесен од: Маја Морачанин)
11. **Предлог на декларација по повод 150 годишнината од раѓањето на Гоце Делчев. (Поднесен од: Ѓорѓија Сајкоски, Дафина Стојаноска, Рашела Мизрахи, Ели Панова, Антонијо Милошоски, Ане Лашкоска, Петар Ристески, Ангелинка Петкова, Лидија Петкоска, Благица Ласовска, Никола Мицевски, Јадранка Поцкова, Олга Лозановска, Даниела Христова, Мирче Аџиоски, Александар Велјановски, Дајанчо Ефтимов, Миле Лефков, Силвана Ангелевска, Велика Стојкова - Серафимовска, Љупчо Пренџов, Бојан Стојаноски, Игор Здравковски, Тони Јаревски, Златко Пенков, Жаклина Пешевска, Драган Ковачки, Јован Јаулески, Бети Стаменкоска Трајкоска, Зоранчо Јованчев, Стојан Миланов, Владо Мисајловски, Иванка Василевска, Грација Бакрачевска)**

**Шеесет и петта седница 3.3.2022 година (четврток)**

1. Предлог на декларација за осуда на воените напади кои го загрозуваат територијалниот интегритет и суверенитет на Украина, по скратена постапка. (Поднесен од: Моника Зајкова, Маја Морачанин)

**Шеесет и шеста седница 15.3.2022 година (вторник)**

1. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателог, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија;
2. Предлог на закон за изменување на Законот за Собранието на Република Македонија, по скратена постапка;
3. Предлог на закон за платежни услуги и платни системи (*), по скратена постапка;
4. **Предлог на закон за изменување на Законот за квалитетот на земјоделските производи, по скратена постапка;**
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка;
6. Предлог на закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам* - I читање.

**Шеесет и седма седница 11.3.2022 година (петок)**

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка;
2. Предлог на закон за дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка;

**Шеесет и осма седница 5.4.2022 година (вторник)**

1. Предлог на одлука за давање согласност на општиот акт на Народниот правобранител;
2. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија;
3. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави;
4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;
5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за утврдување на составотна Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ);
6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ);

7. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;
8. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за Црноморска економска соработка (ПАБСЕК);
9. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот;
10. Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ);
11. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Гоце Делчев";
12. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за безбедносните мерки за заштита на класифицирани информации;
13. Предлог на закон за ратификација на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за меѓународен развој на САД за банкарски гаранции за земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија;
14. Предлог на закон за ратификација на Техничкиот аранжман помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Врховната Команда на сојузничките сили за Европа за воздушно патролирање над Република Северна Македонија;
15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државен пазарен инспекторат;
16. Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за јавни претпријатија
17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва
18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција (*);
19. Предлог на закон за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка;
20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, по скратена постапка;
21. Предлог на автентично толкување на член 11 став (3) од Законот за буџетите;
22. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост;**
23. Барање за давање на автентично толкување на член 43 ставови (2) и (3) од Законот за вработените во јавниот сектор;
24. Барање за давање на автентично толкување на став 6 член 6 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

**Шеесет и деветта седница 19.4.2022 година (вторник)**

1. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за взаемно признавање на одобренија за овластен економски оператор - безбедност и сигурност (ОЕОС);
2. **Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на ветеринарството, безбедноста на храна и на добиточна храна и фитосанитарна област во Западен Балкан;**
3. Предлог на одлука за давање согласност на општиот акт на Народниот правобранител;
4. Предлог на закон за инспекциски надзор во животната средина (*);
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини (*);
6. Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за установите;
7. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка;
8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка;
9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка;
10. Финансиски план за изменување на Финансискиот план на ЈРП македонска радио телевизија за 2022 година.

**Седумдесетта седница 28.4.2022 година (четврток)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Седумдесет и прва седница 10.5.2022 година (вторник)**

1. **Годишен извештај на Народниот правобранител за степенот на обезбедувањето, почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2021;**
2. **Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2021 година;**
3. **Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2021 година;**
4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, по скратена постапка;
5. **Интерпелација за работата на претседателката на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, г-ѓа Соња Мираковска, поднесена од пратениците Ели Панова, Дафина Стојаноска, Рашела Мизрахи, Игор Здравковски, Дајанчо Ефтимов, Силвана Ангелевска, Лидија Петкоска, Благица Ласовска, Никола Мицевски, Јадранка Поцкова, Златко Пенков, Олга Лозановска, Бети Стаменкоска Трајкоска, Александар Велјановски, Бојан Стојаноски, Здравко Трајанов, Љупчо Пренџов, Петар Ристески, Зоран Коцевски, Миле Лефков, Мирче Аџиоски, Бране Петрушевски, Зоранчо Јованчев, Ане Лашкоска и Антонијо Милошоски;**
6. Предлог на закон за дополнување на Законот за животната средина - II читање;
7. **Годишен извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2021 година;**

8. **Предлог на закон за изменување на Законот за работните односи;**
9. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка;**
10. **Информација за пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година;**
11. Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА”, во Босна и Херцеговина;
12. Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „ЕУТМ РЦА” во Централноафриканската Република;
13. Дополнет предлог на закон за финансиска стабилност (*);
14. Дополнет предлог на закон за вршење сметководствени работи (*);
15. Дополнет предлог на закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*)
16. Предлог на закон за изменување на Законот за финансиските друштва;
17. Предлог на закон за изменување на Законот за фондот за осигурување на депозити;
18. Предлог на закон за изменување на Законот за лизинг;
19. Предлог на закон за изменување на Законот за меница;
20. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка;**
21. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија;**
22. Предлог за кандидат за потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија;
23. **Предлог на одлука за одобрување на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2021 година;**
24. **Предлог на одлука за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година;**
25. **Предлог на одлука за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година**
26. **Предлог на одлука за давање согласност на Годишната програма за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година;**
27. **Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2021 година;**
28. **Годишен извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година;**
29. **Годишен извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2021 година;**
30. **Годишен извештај на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2021 година;**
31. **Годишен извештај за работењето на Оперативно-техничката агенција за 2021 година;**

32. **Годишен извештај за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2021 година;**
33. **Годишен извештај за работата на Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите во 2021 година;**
34. Барање за давање на автентично толкување на член 244 ставови (1) и (3) од Законот за кривичната постапка;
35. Барање за давање на автентично толкување на членовите 50, 51 и 61 од Законот за семејството;
36. Барање за давање на автентично толкување на член 150 став (1) од Законот за работните односи;
37. Барање за давање на автентично толкување на член 134 од Законот за работните односи;
38. Барање за давање на автентично толкување на член 114 од Законот за општа управна постапка;
39. Барање за давање на автентично толкување на член 85 став 1 од Закон за административни службеници и член 2 од Закон за минимална плата во Република Северна Македонија;
40. Барање за давање на автентично толкување на член 38 од Законот за локална самоуправа;
41. Барање за давање на автентично толкување на член 19 став (3) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување;
42. Барање за давање на автенично толкување на член 62 став 12 од Законот за градежно земјиште;
43. Барање за давање автентично толкување на член 106 став (1) од Законот за општата управна постапка, поднесено од пратениците Фадил Зендели и Бастри Бајрами;
44. Барање за давање на автентично толкување на член 44 став (5) од Законот за локалната самоуправа, а во врска со член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси;
45. Барање за давање на автентично толкување на член 134 став (6), а во врска со ставовите (3), (4), (5) и (7) од Законот за работните односи;
46. Барање за давање на автентично толкување на член 104 од Законот за работните односи;
47. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи.**

**Седумдесет и втора седница 26.5.2022 година (четврток)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања

**Седумдесет и трета седница 7.6.2022 година (вторник)**

1. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина;
2. Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ“, во Република Либан;
3. Предлог на закон за ратификација на изменувањето и дополнувањето на Анекс 4 на Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА 2006), утврдувајќи го Протоколот кој се однесува на дефиниција на поимот „производи

со потекло" и методите на административна соработка наведени во член 14 ставови 1 и 3 согласно Одлуката на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија бр.1/2021 усвоена на 21 јуни 2021 година за укинување и замена на Одлука бр.3/2013 и Одлука 3/2015 на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија;

4. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри;**
5. **Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за договорите за избор на надлежен суд;**
6. **Предлог на закон за изменување на Законот за платите на судиите, по скратена постапка;**
7. **Предлог на закон за изменување на Законот за платите на членовите на Судскиот совет на Република Македонија, по скратена постапка;**
8. **Предлог на закон за изменување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка**;
9. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Регионалниот проект за цврст отпад, по скратена постапка;
10. Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на ТЕН-Т проектот за автопат од Скопје до границата со Косово, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност, по скратена постапка;
12. **Предлог на закон за изменување на Законот за средното образование.**

**Седумдесет и петта седница 27.6.2022 година (понеделник)**

1. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 иречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението;
2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, по скратена постапка;
3. Предлог на закон за дополнување на Законот за работните односи(*), по скратена постапка.

**Седумдесет и шеста седница 29.6.2022 година (среда)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања

**Седумдесет и седма седница 30.6.2022 година (четврток)**

1. Интерпелација за работата на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери.

**Седумдесет и осма седница 11.7.2022 година (понеделник)**

1. Дополнет предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

**Седумдесет и деветта седница 19.7.2022 година (вторник)**

1. **Предлог на закон за ратификација на Договорот за партнерство помеѓу Република Северна Македонија, претставена од Министерството за локална самоуправа како партнер и Република Косово, претставена од Министерството за администрација на локална самоуправа како партнер - лидер за управување со грант Договорот за техничка помош 2019/410-322, под програмата ИПА Северна Македонија - Косово 2014/2020;**
2. **Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за статусот на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија и Безбедносните сили на Република Косово за време на нивното привремено стационирање на териториите на горенаведените држави;**
3. **Предлог на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за основање Културно -информативни центри во Белград и во Скопје;**
4. Предлог на закон за изменување на законот за детективската дејност;
5. Предлог на закон за изменување на Законот за гранична контрола;
6. Предлог на закон за изменување на Законот за оружјето;
7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир;
8. Дополнет предлог на закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета;
9. Предлог на закон за заштита на потрошувачите (*), по скратена постапка;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, по скратена постапка;
11. **Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ - Скопје во услови на енергетска криза, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка;**
12. Предлог на закон за дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка;
13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување, по скратена постапка;
14. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година;
15. **Предлог Кодекс за престанување на важење на Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Македонија;**
16. Предлог на закон за финансиската инспекција во јавниот сектор;
17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола;
